# МИНЧО ФОТЕВ

**и**
**националноослободителното движење**
**на македонскиот народ**
**од егејскиот дел на Македонија**
**(1941-1949)**


## Д-р Михајло Миноски

# Миншо Фотев

и
националноослободителното движење
на македонскиот народ
од егејскиот дел на Македонија
(1941-1949)

Puвlished ву:

Risto Stefov Puвlications
rstefov@hotmail.com

Toronto, Canada

All rights reserved. No part of this вook may вe reproduced or transmitted in any form or ву any means, electronic or mechanical, including photocopying, recording or ву any information storage and retrieval system without written consent from the author, except for the inclusion of вrief and documented quotations in a review.

Copyright © 2017 ву Dr. Mihailo Minoski & Risto Stefov

e-вook edition

******

March 3, 2017

******

## СОДРЖИНА

Предговор ........................................................................................6
Дел I ...........................................................................................................8
ЖИВОТОТ И РЕВОЛУЦИОНЕРНАТА ДЕЈНОСТ НА МИНЧО ФОТЕВ ........................................................................................................8
Дел II ...........................................................................................................22
НОД НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ОД ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА (1941-1949) ..................................................22
Аспирациите на Бугарија, врховизмот и бугарската пропаганда во Егејскиот дел на Македонија (1941-1944) ..........................23
Пробугарското политичко движење во западниот и централниот дел на Егејска Македонија ..................................................26
Колаборационистичките движења во егејскиот дел на Македонија ..........................................................................................31
Оружените терористички формации на грчките антимакедонски легални и тајни организации..................................................31
Влашкиот легион...................................................................................32
Појавата и дејствувањето на вооружените чети на пробугарското комитаџиско движење ........................................32
НОД од егејскиот дел на Македонија (1941-1944) .....................44
Партизанското движење во Костурско ........................................46
Советувањето во Нестрам ..............................................................49
Основањето и дејноста на Словеномакедонскиот народноослободителен фронт (СНОФ) ......................................59
Информативната блокада на КП на Грција ...............................71
Македонскиот баталјон “Гоче” во составот на ЕЛАС ...............76
Преминувањето на баталјонот “Гоче” на територијата на ДФ Македонија ........................................................................................80
Положбата на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија под власта на повоениот грчки монархистички режим ..................................................................................................81
Формирањето на Првата ударна бригада на Македонија под Грција и Политичката комисија..................................................83
Народноослободителен фронт (НОФ) на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија..................................................86
НОФ и Анкетната комисија на ООН во Солун ........................113
Завршните активности во спроведувањето на Спогодбата за обединување ......................................................................................114
Првиот конгрес на АФЖ од егејскиот дел на Македонија ......120

Фракционерството и поделбите во раководството на НОФ ....122
Состанокот на Активот на НОФ.............................................125
Кризата на НОФ ......................................................................126
Првиот конгрес на НОФ од еѓејскиот дел на Македонија, 13 јануари 1948 година ...............................................................128
Помошните единици и вооружените групи "слободни стрелци" во Костурско и Леринско ...................................................130
Реактивирање на поделбите во раководството на НОФ..........131
Пленум на Централниот совет на НОФ ..................................132
Генезата на поделбите и соперништвото на политичките струи за превласт во НОФ и НОД..................................................135
Вториот конгрес на НОФ .......................................................139
Надворешните односи на НОД, од егејскиот дел на Македонија ..................................................................................................148
Мерките на КП на Грција за инструментализирање на организацијата на НОФ за антијугословенската политика......149
Основањето на Комунистичката организација во егејскиот дел на Македонија (КОЕМ) ........................................................150
Поразот на ДАГ.......................................................................154
Репресиите на раководителите на македонските национални организации на НОФ, НОМС и АФЖ....................................155
Шестиот пленум на ЦК на КПГ, за македонското прашање ...159
Македонските револуционери во албанските и советските затвори и концентрационите логори.......................................160
Дејствувањето на организацијата и опонентските групи против НОФ и НОД, на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија ..............................................................................162
Расформирањето на македонските национални организаци: НОФ, НОМС и АФЖ...............................................................163
Организацијата "Илинден" ....................................................165
Заклучок...............................................................................166
Дел III ..................................................................................168
ПРИЛОЗИ (Составени од Минчо Фотев) ...............................168
ПРИЛОГ БР. 1 .....................................................................168
Список на загинати раководители и активисти на НОФ, НОМС и АФЖ (1945-1949)................................................................168
ПРИЛОГ БР. 2 .....................................................................182
Односот на КП на Грција спрема македонското националноослободително движење, односно спрема македонскиот национално прашање .......................................182

ПРИЛОГ БР. 3 ..........................................................................202
Забелешки на книгата: “Народноослободителниот фронт и другите организации на Македонците од Егејска Македонија (1945-1949)” од Ристо Кирјазовски ..........................................202
ЗА МИХАИЛО МИНОСКИ.......................................................................241
ЗА МИНЧО ФОТЕВ ..................................................................................242
КРАТЕНКИ...............................................................................................243

## Предговор

За оружената борба на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во периодот на антифашистичката и Граѓанската војна во Грција свои сведоштва, погледи, оценки и полемички прилози објавија повеќемина од раководителите и учесниците во македонското националноослободително движење (Паскал Митревски, Вангел Ајановски-Оче, Михајло Керамитчиев, Павле Раковски, Наум Пејов, Андреја Чипов) и подоцнежните научни работници-историчари (д-р Ристо Кирјазовски и Тодор Симовски) и публицисти (Христо Андоновски), како и други историчари (д-р Стојан Киселиновски, Ташко Мамуровски и др.). Сите тие, врз основа на релевантни факти, ја претставија автентичноста и големината на оружената борба на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија. Меѓутоа, изнесоа поделени погледи, ставови и оценки, особено за фундаменталното прашање за крајната цел на оружената борба: националната рамноправност со грчкиот народ во демократски уредена Грција, едните, а за другите националното ослободување, македонската државност во егејскиот дел на Македонија и обединувањето на Македонија, и на македонскиот народ.

Минчо Фотев беше еден од водечките личности на НОД (СНОФ и НОФ) на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија. Тој за време на својот живот - од повеќе разлози - не објавил свое сведоштво, ниту други прилози со свои видувања за оружената борба во која учествувал од самиот почеток па се до нејзиниот крај - поразот на ДАГ. Оставил авторизирани машинописни материјали со релевантни податоци, ставови и оценки за учеството на Македонците во војната за одбрана на Грција по агресијата од фашистичка Италија, за капитулацијата на Грција и поделбата на егејскиот дел на Македонија од окупаторските сили, за бугарската пропаганда и создавањето и дејствувањето на пробугарското комитаџиско движење и, пред се, за македонското националноослободително движење од егејскиот дел на Македонија, од 1941 до 1949 година.

Бев почестен на довербата од семејството Фотеви што материјалите од Минчо Фотев во нивната семејна архива ми ги доверија за обработка и за објавување, според мое наоѓање. Се работи за два авторизирани текста на Фотев пишувани во различни периоди. Првиот го носи насловот “За контрачетниците - комитациите”, завршен во месец април 1969 година, а вториот е насловен како “Развојниот пат на Народноослободителниот Фронт (НОФ) од егејскиот дел на Македонија”, напишан во месец ноември 1986 година.

Оваа публикација е со намена да се претстави револуционерот Минчо Фотев, неговото учество во НОД и неговото сведоштво за оружената борба на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија, во периодот на антифашистичката и Граѓанската војна во Грција, за односот на КПГ спрема македонското национално движење и нејзината политика спрема македонското национално прашање, за позицијата на КП на Југославија и улогата на партиското и државното раководство на НР Македонија, исклучително врз основа на неговите материјали, во обем што истите го овозможија.

Подруги претензии нема.

Во публикацијава се претставени факти и ставови на Фотев за отворените прашања за кои постојат спротивставени гледања. Тој дава подруга оценка за улогата на многумина од раководителите и учесници во движењето. Верувам дека ќе побуди интерес кај научната и кај пошироката јавност.

Публикацијава е поделена на три дела: I - Животот и револуционерното дело на Минчо Фотев, II - НОД на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија, 1941-1949 година и III - Прилози.

Со појавувањето на оваа публикација од печат, извесно е дека годинава ќе има своевиден придонес кон одбележувањето на шеесетгодишнината од егзодусот на Македонците од егејскиот дел на Македонија.

Дел I

## ЖИВОТОТ И РЕВОЛУЦИОНЕРНАТА ДЕЈНОСТ НА МИНЧО ФОТЕВ

Минчо Фотев, според една недатирана “Кратка автобиографија”, (Кратка автобиографија на Минчо Фотев (машинопис - латиница, б.м. - б.д.), Семејна архива-Фотеви (натаму: СА-Фотеви), 4-5.) потекнувал од револуционерно семејство кое континуирано и активно учествувало во македонското револуционерно ослободително движење од времето на Илинденското востание. Во Илинденското востание се бореле и ги положиле своите животи за успех на ослободителнoто дело неговиот дедо, брат и стрико. Во НОД (во егејскиот дел на Македонија) од 1941 до 1949 година, активно учествувало целото семејство. Неговиот татко бил борец во единиците на ЕЛАС, братот бил првоборец од 1941 година, загинал како партизански офицер во 1944 година. Во НОД активно учествувале неговата мајка и двете негови сестри. Во 1946 година мајка му била уапсена од грчките власти, и поради учеството во НОД била осудена од воениот суд на 8 години строг затвор. Во затворот по свирепото измачување тешко се разболела. Од затвор е пуштена 1954 год., и истата година починала.

***

Минчо Фотев се родил на 30 септември 1922 година во гр. Хрупишта, Костурско, егејскиот дел на Македонија, во “работничко револуционерно семејство”. Во 1938 година како ученик - гимназијалец стапил во редовите на Сојузот на комунистичката младина на Грција, со што започнала неговата организирана револуционерна активност. Грчката полиција набргу ја разоткрила неговата комунистичка активност. Во септември 1939 година, бил уапсен и осуден на шест месеци затвор. По издржувањето на затворската казна само по неколку месеци, за истото дело, одново бил уапсен и осуден во октомври 1940 година на нови шест месеци затвор. Двете казни ги издржал во Костурскиот затвор.

По капитулацијата на Грција и по воспоставувањето на италијанската окупаторска власт во западниот дел на Егејска Македонија, Фотев стапил во движењето на отпорот, во април 1941 година.

Како докажан, особено активен, млад револуционер на 10 мај 1941 година, бил примен за член на Комунистичката партија на Грција. Зарегистриран како опасен комунист бил следен од окупторските власти. Во јуни 1941 година, пред да биде уапсен, Фотев преминал во строга илегалност и целосно се посветил на организирањето и раководењето со младинското антифашистичко движење во Костурско, во својство на член на Секретаријатот на Општинскиот комитет на Сојузот на комунистичката младина на гр. Хрупишта и член на Секретаријатот на Околискиот комитет на ЕПОН во Костурската околија. Есента истата година започнале подготовките за започнување на оружената борба. Како еден од организаторите Минчо Фотев непосредно учествувал при формирањето на првиот партизански одред на ЕЛАС во Костурско и неговото исфрлување на планината Грамос. Одредот бил формиран од борци од гр. Хрупишта, на 7 декември 1942 година. Тој лично стапил во одредот кој дејствувал во составот на ЕЛАС, како член на неговиот штаб. (М. Фотев, За контрачетниците, 33.)

Фотев активно учествувал во реализирањето на политичката пропагандна дејност за придобивање на Македонците од пробугарското комитаџиско движење, формирано за борба против македонското НОД, и тие кои биле заврбувани од бугарската пропаганда или биле присилно вооружени од окупаторот. На 12 март 1943 година со Паскал Митревски (П. Митревски од с. Чука, Костурско. Роден во 1912 година. Учесник во НОД на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија, во грчкото движење на отпорот и во Граѓанската војна на Грција. Раководел со борбата против пробугарското комитаџиско движење, бил секретар на ОК на СНОФ за Костурско, член на Обласниот комитет на КПГ за Македонија и Тракија, секретар на Главниот одбор на НОФ и претседател на централниот совет на НОФ, министер во Привремената демократска влада на Грција - претставник на НОФ. По поразот

на ДАГ и повлекувањето на нејзините единици на територијата на Албанија, бил обвинет од раководството на КП на Грција како “Титов агент” и уапсен од безбедносните служби на КПГ; на 7 октомври спроведен во затворот “Бурели”, од 13 октомври во Централниот затвор во Тирана, на 14 декември со советски брод спроведен во Одеса, а оттаму во истражен затвор во Москва, од јануари 1950 до 19 април 1952 година. Во Москва бил осуден на 25 години, затворската казна ја издржувал во логор на северниот дел на СССР. По ослободувањето од логор во 1956 год., дошол во НР Македонија и останал до крајот на животот. Заземал високи функции; бил судија на Уставниот суд, а бил и негов претседател. Починал во Скопје, на 10 ноември 1978 година.) и Периклис (Периклис бил секретар на ОК на КПГ за Костурско.) успеале со разговори и убедувања, вооружените селани од македонското село Старичани да го предадат оружјето на македонските партизани предводени од Глигор Ќосев од гр. Хрупишта. (М. Фотев, За контрачетниците, 51.)

Како дежурен офицер во штабот на одредот Фотев на 14 март 1943 год., во с. Ланга, Костурско го прифатил членот на ПК КПГ и егејскиот дел од Македонија и Тракија Лазо Трповски, (Л. Трповски од с. Д’мбени, Костурско. Роден 1900 година. Во СССР завршил висока политичка школа. Во 1935 година се вратил во егејскиот дел на Македонија, бил член на КПГ и припадник на ВМРО (Об.). Поради револуционерната дејност бил уапсен и интерниран на островот Акронавплија, од јануари 1939 до јуни 1941 година. Стапил во движењето на отпорот, бил член инструктор на КПГ за егејскиот дел на Македонија. Бил убиен од вооружени припадници на грчката организација ПАО кај с. Имере, Кожанско, на 11 април 1943 година.) кој пристигнал во својство на инструктор, придружуван од секретарот на Околискиот комитет на КПГ за Костурско, Периклис. (На истото место, 34.) Минчо Фотев учествувал на советувањето на воено-политичкиот актив на Костурско со раководители и претставници на антифашистичките НО организации на КПГ, ЕАМ, ОКНЕ, ЕА и ЕЛАС, одржано на 21 март 1943 година во с. Нестрам, Костурско. На советувањето била разгледана севкупната положба и биле усвоени мерките за натамошното дејствување: за засилување на оружената борба во

Костурско; бројното зголемување на партизанските одреди и нивното оспособување за акции од пошироки размери; потребата за афирмирање од страна на КПГ и другите грчки антифашистички организации и учеството на македонскиот народ во борбата против фашистичките окупатори, во противставувањето на бугарската пропаганда и на дејствувањето на пробугарското комитаџиско движење.(На истото место, 33-34.) Од 2 до 4 април 1943 година, како штабен офицер Фотев го придружувал Лазо Трповски на патот од с. Нестрам до с. Чарчишта, Костурско, оттаму до гратчето Цотиљ, Анаселичко, на закажаната средба со членот на секретаријатот на ПК КПГ за егејскиот дел од Македонија и Тракија, Керасидис Симос и други военополитички и партиски раководители. По безбедното пристигнување на Трповски (и Стратос Кендрос (Стратос Кедрос од Лерин, соработник и личен пријател на Трповски кој ги прифатил во с. Чарчишта и им се придружил на патот за Цитољ. (М. Фотев, За контрачетниците, 37).) во Цотиљ, Фотев се вратил во штабот на Одредот во с. Нестрам, Костурско. (На истото место, 37.)

Фотев заземал високи раководни должности во XXVIII полк на ЕЛАС, од партиски секретар и политички комесар на чета до началник на одделение на Штабот на полкот, и во тоа својство извршувал иследничка должност. (М. Фотев, За контрачетниците, 11.) Во почетокот на октомври веќе бил заменик началник на контраизвестителната служба во Штабот на истиот полк на ЕЛАС. (Минчо Фотев, Забелешки на книгата “Народноослободителниот фронт и другите организации на Македонците од Егејска Македонија (1945-1949)”, од Ристо Кирјазовски, машинопис (СА-Фотеви), 15.) Лично тој учествувал во 83 борбени акции против окупаторските сили. (Како што самиот соопштува бил ранет и добил контузија (Кратка биографија, 1).) Во 1944 година, при формирањето на Македонскиот баталјон, Фотев зазел должност на политички комесар на чета. Во тоа својство тој со првиот вод на III чета на баталјонот, на 3 септември 1944 година, учествувал во преземањето на гр. Костур. (М. Фотев, За контрачетниците, 57.)

Во септември 1944 година раководството на КПГ донело одлука за расформирање на македонските единици како

посебни единици во составот на ЕЛАС, што претставувало акт за непризнавање на македонскиот народ и македонското национално прашање. Македонските борци кои го одбиле расформирањето во октомври со вооружувањето преминале на територијата на вардарскиот дел од Македонија. Тука преминал и Минчо Фотев. Од борците од егејскиот дел на Македонија, во Битола била формирана првата бригада именувана како “Прва македонска ударна бригада” (Првата македонска (Егејска) ударна бригада била формирана на 18 ноември 1944 година и учествувала во чистењето на теренот во Полог од балистичките оружени групи.) чиј командант бил Илија Димовски (И. Димовски-Гоче од с. Статица, Леринско. Роден 1905 година. Со револуционерна дејност се пројавил пред војната, бил член на КП на Грција. Во 1941 год. формирал самостојна македонска комунистичка организација, со сопствена македонска национална платформа. Учествувал во оруженото НО движење; бил командант на партизанскиот одред “Вичо” (од 28 февруари 1943 година), политичкиот комесар, потоа и командант на Леринско-костурскиот баталјон, командант на македонската Леринско-костурска бригада (од 12 октомври 1944 год.), командант на Првата Егејска ударна бригада (од 18 ноември 1944 год.), командант на македонските партизански единици на пл. Вичо (септ. 1946 год.), како и командант на баталјон на ДАГ (1947 год.), Бил член на Главниот одбор на НОФ. Починал во Скопје, на 26 јули 1961 година.) - Гоче. (Фотев секогаш пишува Гоче.) Фотев бил поставен за секретар на СКОЈ и член на партискиот комитет. (М. Фотев, За контрачетниците, 2.)

По расформирањето на бригадата, (На 2 април 1945 година, со одлука на Главниот штаб на НОВ и ПОМ.) со одлука на ЦК КПМ во април 1945 година, Минчо Фотев бил распореден во Штабот на дивизијата на КНОЈ во Скопје, во чин капетан со функција политички комесар. Веќе во мај ЦК на КПМ формирал од водечките личности на македонското движење од егејскиот дел на Македонија Организационо раководство за да организира националноослободително движење за создавање на национална револуционерна организација “Народен ослободителен фронт” во тој дел на Македонија за да раководи со организацијата. Фотев бил повлечен од армијата и бил избран во Организационото тело. Во него влегле: Паскал

Митревски, со функција на политички секретар и членовите: Ѓорги Урдов - Џоџо, (Ѓорги Урдов-Џоџо од Воден, роден 1914 година. Македонски револуционер. Бил член на КП на Грција, учесник во грчкото движење на отпорот и во НОД на македонскиот народ во егејскиот дел на Македонија од 1941 година. Во 1942 год., бил организационен секретар на Обласниот комитет на КПГ за Македонија и Тракија. Политички комесар на македонскиот воденски баталјон (од јуни 1944), член на Раководното тепо за формирање и раководење со НОФ (од април 1945), член на Штабот на ДАГ за централниот и западниот егејски дел на Македонија (од ноември 1947). Загинал во Пиерија, Олимп, на 21 јуни 1947 година.) Михајло Керамитчиев, (Михајло Керамитчиев од с. Габреш, Костурско. Роден 1915 година. Учесник во НОД на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија. Бил член на КП на Грција од 1935 година. За револуционерна дејност бил уапсен во 1939 год., во Костур. Затворска казна издржувал до мај 1940 година. Учествувал во војната на Грција со фашистичка Италија (од октомври 1940 год.). Бил уапсен за комунистичка дејност и интерниран на островот Кафалоња. Во 1943 годи. стапил во НОД, бил командант на резервна единица на СНОФ. Во 1944 год. бил избран за пратеник на ПЕЕА за Костурска околија. Во ДАГ се здобил со чин полковник. Бил политички комесар на Првата македонска ударна (Егејска) бригада (од ноември 1944 год.), член на Раководното тело за формирање и раководење на НОФ на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија (од мај 1945 год.) бил секретар на Координативното биро на НОФ (од 20 мај 1947 год.), претседател на Централниот совет на НОФ (од 13 јануари до 8 август 1948 год.), во август преминал во НР Македонија, бил активен во политичкиот живот. Починал во Скопје, на 31 мај 1981 година.) Атанас Коровешовски, (А. Коровешовски од с. Смрдеш, Костурско. Учесник во НОД на македонскиот народ во егејскиот дел на Македонија. Бил командир на македонскиот одред “Лазо Трповски” во составот на ЕЛАС (од октомври 1943 год.), командант на баталјон на Првата македонска ударна (Егејска) бригада, поручник на ЈНА, член на Секретаријатот на Главниот одбор на НОФ. Загинал во борба кај с. Корнишор, Еницевардарско, на 3 септември 1945 година.) Павле Раковски (П. Раковски од с. Долно Клештина. Роден на 23 мај 1913

година. Револуционер комунист, учесник во НОД на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија, еден од раководителите на НОФ. По поразот на ДАГ во Граѓанската војна на Грција и нивното довлекување на територијата на Албанија бил уапсен од нејзините безбелносни служби на 7 октомври 1949 и спроведен во затворот "Бурели". Од 13 октомври бил во Централниот затвор во Тирана, а на 14 декември со советски брод, со другите раководители на НОФ, НОМС и АФЖ бил префрлен во Одеса оттаму во Москва во Централниот истражен  затвор. Таму бил под истрага од јануари 1950 до 19 април 1952 год., кога бил осуден на 10 години затворска казна и бил спроведен во логорот во Сибир. По ослободувањето од логор во 1956 год., дошол во НР Македонија. Починал во Скопје, 1990 година.) и Минчо Фотев кој бил избран и како политички секретар на Главниот одбор на НОМС од егејскиот дел на Македонија. Партиското и Организационото раководство постапувало по директивите на ЦК КПМ, и било под непосредна контрола на лице задолжено за тоа. Таа должност ја извршувале: Никола Минчев, Димитар Алексиевски и Цветко Узуновски. (На истото место.)

Пред крајот на мај 1945 година, членовите на Организационото раководство, меѓу кои и Фотев, добиле директива да заминат во егејскиот дел на Македонија, да организираат масовно националноослободително движење на македонскиот народ, за создавање на НОФ, НОМС и АФЖ со окружни, општински и месни организации. Минчо Фотев во својство на политички секретар раководел со организирањето, масовизирањето и зацврстувањето на НОМС во егејскиот дел на Македонија.

Во почетокот на 1946 година, на барање од ЦК на КПМ, Фотев пристигнал во НРМ. Од јануари до јуни редовно ја посетувал и ја завршил Партиската школа на ЦК на КПМ во Скопје. (На истото место.) По завршувањето на школото се вратил во егејскиот дел на Македонија. Фотев, како секретар на младината во Егејската бригада, по функција бил делегиран во составот на осумчлената делегација на НОМС од егејскиот дел на Македонија да учествува на Вториот конгрес на народната младина на НР Македонија. Потоа е избран за член на делегацијата на НОФ од егејскиот дел на Македонија на Првиот

конгрес на НОФ на НР Македонија, на 2 август 1946 година. (М. Фотев, За контрачетниците, 3-4.) Но, тој бил спречен да учествува на конгресот поради тоа што целокупниот состав на Егејскатата бригада, заедно со нејзиниот штаб чиј член бил, се префрлил во западниот дел од Вардарска Македонија за операции против балистичките формации.

Организираното политичко дејствување на македонските национални организации од егејскиот дел на Македонија: НОФ, НОМС и АФЖ, биле оневозможувани од грчкиот монархистички режим и паравоените формации со жестоки прогони на активистите преку терор и насилство македонскиот народ. Во таква ситуација Раководството одлучило да организира оружена одбрана и прераснување на отпорот во масовно оружено но македонско националноослободително движење по примерот на НОД во вардарскиот дел на Македонија за време на Втората светска војна. Организационото раководство се преименувало во Главен одбор на НОФ. Главниот одбор на состанокот одржан на 7 јули 1946 година, на членовите им ги распределил должностите. Минчо Фотев бил непосредно одговорен за формирање и исфрлување на партизанските едицици во подрачјето на планините Вичо и Грамос. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 17.) За кусо време на тоа подрачје биле формирани два партизански одреда кои во октомври 1946 година со вкупно 930 борци (М. Фотев, За контрачетниците, 2.) изврувале борбени дејства.

Самостојниот развој на МНОД од егејскиот дел на Македонија бил запрен со одлука на ЦК на КПЈ за негово ставање под раководство на КПГ. Централните комитети на двете партии се договориле за начинот присоединувањето на НОФ кон КПГ, а за тоа биле задолжени Централниот комитет на КПМ и Владата на НРМ. Пред крајот на октомври раководните лица: Паскал Митревски, Илија Димовски-Гоче и Минче Фотев биле повикани да допатуваат во Скопје. Лазар Колишевски лично им ја соопштил спогодбата постигната во Белград помеѓу ЦК на КПГ и ЦК на КПЈ, со која било предвидено НОД на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија да се обедини со грчкото движење во единствено антимонархистичко

движење во Грција под раководство на КПГ. Во Спогодбата за обединување било предвидено Паскал Митревски да биде кооптиран во Секретаријатот на Покраинскиот комитет на КПГ, Ѓорѓи Урдов-Џоџо за член на Покраинскиот штаб на ДАГ, Минчо Фотев во Претседателството на Покраинскиот одбор на младинската организација на КПГ од егејскиот дел на Македонија и Тракија - ЕПОН. (На истото место, 3.) Од Лазар Колишевски добиле директива веднаш да заминат во егејскиот дел на Македонија, да ги информираат останатите членови на раководството на НОД за спроведување на истата. На 19 октомври, заминале на пат за егејскиот дел на Македонија преку Албанија. Пристигнале во Корча. На 20 октомври, Фотев заминал во Костурско да го информира окружното раководство на НОФ, за Спогодбата со КПГ и за спроведување на истата. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 22.) Во средината на ноември Минчо Фотев со група македонски борци престојувал во с. Врник на територијата на Албанија, населено само со Македонци. Тука на 16 ноември со Ламбро Чолаков, Герман Дамовски-Стариот, Јани Пировски и група македонски борци ги прифатиле високите раководители на НОФ и ДАГ: Паскал Митревски - политички секретар на НОФ и Никос Теохаропуљос-Скотидис, помошник на командантот на ГШ на ДАГ и оттаму, преку селата Бесвина и Руља, ги придружувале до планината Вичо. (На истото место, 23.)

Минчо Фотев учествувал на состанокот на претставниците од НОФ, КП на Грција и ДАГ, одржан на 21 ноември 1946 година, на народниот собир со жителите во с. Бапчор и членовите на окружните раководства на НОФ, НОМС и АФЖ од Леринско и Костурско, како и на состанокот на Главниот одбор на НОФ, одржан во селото на 22 ноември, посветен на спроведувањето на Спогодбата со КПГ за обединување на македонските партизански одреди со единиците на ДАГ. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 23.) Пред крајот на ноември Минчо Фотев придружуван од Мичо Коровешовски (М. Коровешовски од с. Смрдеш, Костурско. Учесник во НОД на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија. Бил десетар во Првата македонска (Егејска) ударна бригада, купир на Главниот одбор на НОФ, командир на вод на ДАГ. Загинал во 1947 година.) (во својство на негов курир) се упатиле во реонот на планината

Пајак каде пристигнале во почетокот на 1947 година. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 25-26.) На 7 јануари во с. Баровица се одржал состанок со Окружниот одбор на НОФ за состојбите во округот и проблемите на НОФ, НОМС и АФЖ, за затегнатите односи со организациите на КПГ и со грчкото партизанско движење во централниот егејски дел на Македонија поради непријателското однесување на командантот на грчките партизански единици, капетанот Панос. (На истото место, 26.) На 8 јануари Фотев на планината Пајак имал средби со капетанот Панос, Лефтерос, Ставрос и други грчки воени и политички раководители за средување на односите и за спроведување на Спогодбата за обединување. (На истото место.) Учествувал и на заедничкиот состанок на претставниците на НОФ со претставниците на КПГ и на ДАГ, посветен на обединувањето на македонските партизански одреди во реонот на Пајак Планина со ДАГ, одржан во с. Купа, Гуменциско. Со решенијата донесени на состанокот завршило практичното спроведување. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 28.) Во Штабот на партизанските единици Фотев останал до крајот на јануари 1947 година, во очекување со Паскал Митревски да отпатуваат во Солун. Таму на средбата во ПК на КПГ требало да се договорат за операционализацијата на одредбите од Спогодбата НОФ-КПГ, за соработка на македонските организации на НОФ, НОМС и АФЖ со КПГ и другите масовни организации под нејзино раководство, како и за другите отворени прашања. Откако претставникот на КПГ категорично одбил да им обезбеди врска за заминување на планираната средба во Солун и инсистирал Паскал Митревски да отпатува сам, преку претставништвото на КПГ во Југославија, на негово застапување Паскал ја прифатил таквата солуција, како единствена можност. (На истото место, 29-30.) На крајот од јануари Минчо Фотев заминал во централниот егејски дел на Македонија да раководи со активностите на окружната организација на НОФ за Енице-Вардар и Гуменице. (На истото место, 29.)

По долгото отсуство на секретарот на ГО на НОФ, кон крајот на март 1947 година, Фотев од претставникот на КПГ Панос побарал врска со ПК на ЕПОН, во својство на член според Спогодбата на НОФ-КПГ за обединување. И по повтореното

барање претставникот на КПГ го опструирал. Во таква ситуација, во почетокот на април, придружуван од куририот Мичо Коровешовски и личниот курир на Паскал Митревски, Ѓорѓи Рачев, заминал во слободната територија на пл. Вичо. На пат за планината Вичо во с. Кронцелево и Долно Родово имал средби со секретарот на Окружниот одбор на НОФ за Воденскиот округ Вангел Ајановски, (В. Ајановски-Оче од Воден, роден на 5 февруари 1909 година. Револуционер, учесник во работничкото движење на Грција од 1928 година. Бил член на ОКНЕ и на КП на Грција, секретар на реонски комитет на КПГ во Воден (1941), заменик политички комесар на Првата македонска (Егејска) ударна бригада, бил секретар на Окружниот комитет на НОФ за Воденско (од април 1947 год.), организационен секретар на Главниот одбор на НОФ за Македонија. Починал во Скопје, 1990 година.) со раководителот на НОМС Петре Шорев-Фидан и со членовите на окружното раководство на НОФ: Ристо Букувала-Жуков, Ѓорѓи Манчов и др., со кои биле разменети информации за воено-политичката ситуација во окрузите Воденско и Еницевардарско, за активностите на организациите на НОФ, НОМС и АФЖ и односите со КПГ, ЕПОН и ДАГ. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 31.) По пристигнувањето на слободната територија на планината Вичо во с. Прекопана преку секретарот на селската организација на НОФ се поврзал со членот на Окружниот одбор Герман Димовски-Стариот. Во с. Смрдеш, Костурско имал средби со секретарот на Окружниот одбор Ламбро Чолаков и со другите окружни раководители: Крсто Мангов, (К. Мангов од с. Д’мбени, Костурско. Бил борец во ЕЛАС, учесник во НОД на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија, бил заменик на политичкиот секретар на баталјон на Првата македонска (Егејска) ударна бригада, секретар на Окружниот одбор на НОФ за Костурско, член на Извршниот комитет на Централниот совет на НОФ, претставник на Привремената демократска влада на Грција за локална народна власт. Загинал на 11 август 1949 година во с. Брезница, Костурско.) Јани Пировски, (Ј. Пировски од с. Косинец, Костурско. Бил борец во ЕЛАС, учесник во НОД на македонскиот народ во егејскиот дел на Македонија; секретар на СКОЈ на баталјон на Правата македонска (Егејска) ударна бригада, член на Окружниот одбор на НОФ за Костурско и

секретар на НОМС за Костурско, член на Околискиот комитет на КПГ за Костурско, помошник на политичкиот комесар на бригада на ДАГ. Загинал во февруари 1949 година во борбата за град Лерин.) Никола Панов, Трајко Супелов, Панајот Караца, Хрисанти Цанзовска на кои била разгледана положбата во Костурско и активностите на НОФ. (На истото место, 32.) Од 15 до 18 мај 1947 год., Фотев патувал со делегацијата на Костурскиот округ на НОФ на закажаниот состанок на Активот на НОФ на Кајмакчалан во месноста "Мишови колиби" близу грчко-југословенската граница. Во својство на член на Главниот одбор на НОФ и секретар на НОМС остро протестирал кај Михајло Керамитчиев кој свикал одржување на состанок на Активот на НОФ, во отсуство на секретарот Паскал Митревски и без консултирање на другите членови на Главниот одбор на НОФ. (На истото место, 34.) Истапил во одбрана на Паскал Митревски по искажаните невистини од страна на претставникот на КПГ Георгиос Еретријадис-Петрис за долгото задржување во Југославија со цел за негово отстранување од функцијата секретар на ГО на НОФ и од секаква функција. (Фотев: "Јас, другар Петрис, знам и тоа многу добро затоа што лично бев сведок дека Паскал Митревски замина за Солун преку Југославија по инсистирање на Еврипидис Капетанос-Панос (член на ПК на КПГ), а не за тоа што Вие го обвинувате." (На истото место, стр. 35).) На состанокот на активот на НОФ одржан на 20 мај, Фотев не бил избран во новото раководно тело на НОФ именувано како Координативно биро, а бил задржан во секретаријатот на Покраинскиот комитет на ЕПОН за егејскиот дел на Македонија и Тракија. (На истото место, 36.) По одлуката на Координативното биро за расформирање на НОМС, фотев бил отстранет од ПК на ЕПОН. (На истото место, 37-38)

На Вториот конгрес на НОФ одржан на 25 март 1949 година, Фотев бил избран за член на Извршниот комитет на Централниот совет на НОФ. (На истото место, 55.) Од Извршниот комитет бил избран за претседател на Главниот одбор на НОМС, одговорен за обновување на младинската организација, како и да раководи со окружните организации на НОФ во Костурско и Леринско. (На истото место, 57.) Од 3 април 1949 година, бил поставен за помошник политички

комесар во Главниот штаб на ДАГ. (На истото место, 59.) По резолуцијата на ИБ и промената на односите на КПГ со КПЈ и ставот спрема македонското национално прашање Минчо Фотев со другите водечки раководители на НОФ бил под силен притисок од раководството на КПГ за инструментализирање на македонската организација и за негово вклучување во пропагандата против Југославија и против партиското и државното раководство на НР Македонија. За тоа се ангажирал лично генералниот секретар на ЦК на КПГ Никос Захаријадис. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 62-63.)

Минчо Фотев како офицер на единиците на ДАГ, под команда на генерал-полковникот Георгиос Протопапас-Кикицас, учествувал во борбите на Грамос. По поразот на ДАГ со единиците кои преминале на територијата на Албанија, на 29 август 1949 година, со другите македонски офицери и борци на ДАГ се нашол во логор. (На истото место, 67.) На 9 септември бил присутен на состанокот со воениот кадар на ДАГ свикан од воениот министер на ДАГ и член на претседателството на ЦК на КПГ Мичос Вландас, на кој го соопштил заклучокот на ЦК на КПГ дека Југославија и организацијата НОФ, како нејзина агентура, биле главните виновници за поразот на ДАГ. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 67-68.) Веднаш потоа, на 30 септември раководството на КПГ донело решение за апсење на раководителите на НОФ меѓу кои и Минчо Фотев - претседател на Главниот одбор на НОМС и член на Извршниот комитет на Централниот совет на НОФ. На 7 октомври 1949 година, со другите уапсени раководители на македонската организација бил спроведен во албанскиот затвор “Бурели”, а на 13 октомври во Централниот затвор во Тирана. На 14 декември биле спроведени во пристаништето во Драч и со советски товарен брод биле префрлени во СССР, во пристаништето Одеса. По пристигнувањето во Одеса, на 25 декември советската полиција го спровела во Москва. Таму на 1 јануари 1950 год., бил преземен од припадниците на Министерството за безбедност на СССР и бил спроведен во истражниот затвор “Љубљанка”. (На истото место, 68-69.) Во Московскиот истражен затвор бил задржан до 19 април 1952 година кога бил осуден на 10 години затвор и спроведен во концентрациониот логор во Варкута, на крајниот север на СССР. (На истото место, 72.)

Во 1956 година, по нормализирањето на односите меѓу КП на СССР и КПЈ, Минчо Фотев и другите раководители на НОД од егејскиот дел на Македонија биле ослободени и репатрирани во НР Македонија.

По пристигнувањето во НРМ, Фотев во Скопје се школувал на Вишата управна школа. По завршувањето на школото бил назначен за советник во Републичкиот секретаријат за општа управа, а по неговото укинување во 1965 година продолжил да работи во Секретаријатот за правосудство и организација на управата. Починал во Скопје на 28 мај 1987 година.

За придонесот во НОД на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија шест пати бил одликуван. (На истото место.)

# Дел II

## НОД НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ОД ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА (1941-1949)

### Учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во одбраната на Грција од фашистичките агресорски сили (1940-1941)

На 28 октомври 1940 година италијанските армиски сили на територијата на Албанија, без знаење на Германија, започнале инвазија на Грција. (На 7 април 1939 год., италијанската војска извршила инвазија и ја окупирала Албанија, на 12 април било официјализирано нејзиното присоединување кон Италија. Во Албанија биле стационирани силни армиски единици за проектираната инвазија и окупација на Грција.) Бугарија се воздржала од влегување во војна против Грција, официјално останувала на декларираната неутралност. (По предупредувањето од Турција со закана за воена интервенција против Бугарија. Таа позиција Бугарија ја задржала до февруари 1941 година кога Владата на Богдан Филов постигнала и потпишала договор со владата на Турција за ненапаѓање.

Македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија, неочекувано за владата на Бугарија и врховистите, зела масовно учество во одбранбената војна на Грција и покрај денацинализаторската и асимилаторската политика на грчката држава, особено за време на владеењето на диктаторскиот режим на генералот Јоанис Метаксас. (Метаксас со мандат од кралот Георгиос II формирал влада во април 1936 год., а веќе на 4 август воспоставил диктатура. Починал во јануари 1941 година.) По еден месец жестоки борби, со воздушна поддршка од Велика Британија, (Првите борбени дејствија британските воздухопловни сили против италијанската флота ги извршиле на 11 ноември 1940 година.) италијанските армиски единици биле потиснати преку граничната линија спрема Албанија, каде продолжиле воените дејствија. Во составот на грчката војска околу 20.000 Македонци се бореле против италијанските и германцките воени сили, (Германскиот напад на Грција бил потврден уште на 13 декември 1940 година со директивата на

Адолф Хитлер за подготовки за спроведување на операцијата “Марита”. Во декември, претходницата на германските сили била стационирана во Бугарија да ја подготви инвазијата на Грција. Стационирањето на британските армиски ефективи од 58.000 војници и борбени авиони во Грција во февруари 1941 година, ја забрзало операционализацијата на планот “Марита”. По брзата окупација на Југославија, во април 1941 година, германските сили извршиле инвазија на Грција.) од 28 октомври 1940 до 15 април 1941 година. (М. Фотев, За контрачетниците, 3.)

Капитулацијата на Грција, окупацијата и поделбата на егејскиот дел на Македонија од страна на фашистичките држави: Германија, Италија и Бугарија, 1941 година

По капитулацијата на Грција (На 20 април 1941 година.) Германија на сојузничка Бугарија и ги отстапила да ги запоседне и анектира Западна Тракија и источниот егејски дел на Македонија со Кавала, согласно со договорот Бугарија да добие излез на Егејското Море, постигнат при нејзиното пристапување во Тројниот пакт. (На 1 март 1941 година, Бугарија го потпишала актот за пристапување во Пактот.) По влегувањето на војската таму била воспоставена бугарска власт, Германија го задржала централниот, а Италија го окупирала западниот егејски дел на Македонија. На дел од Епир и од западниот егејски дел од Македонија (регионот Пинд-Грамос со побројно влашко население) Италија во договор со владата на Романија, а со содејство на романската амбасада во Атина, прогласила создавање на слободно Кнежевство Пинд. (М. Фотев, За контрачетниците, 12.)

Во германската и италијанската окупирана зона била организирана грчка квислиншка власт.

**Аспирациите на Бугарија, врховизмот и бугарската пропаганда во Егејскиот дел на Македонија (1941-1944)**

Владата на фашистичка Бугарија не се откажувала од претензиите на целиот егејски дел на Македонија. Ја засилила големобугарската пропаганда со активирање на

“врховистичките агенти” (Фотев: “Бугарската влада преку врховистите, како и за време на Илинденското востание 1903 година, така и во периодот на народно-ослободителната борба т.е. во времето на Втората светска војна 1940-1945 година, со сите можни фашистички средства, со организирана и интензивна великобугарска пропаганда, со закани, насилства и жесток терор, во соработка со германско-италијанската окупаторска власт се обидуваше и упорно настојуваше да организира во Егејска Македонија пробугарско контрареволуцонерно движење”. (М. Фотев, За контрачетниците (машинопис), Скопје, 1969, 1.) во германската италијанската окупирана зона за подготвување на терен за издејствување на согласност за проширување на бугарската власт на целата територија во егејскиот дел на Македонија. Таа сакала тоа да го постигне со создавање на пробугарско движење, па затоа ги активирала “своите платеници - врховистичките агенти” (На истото место, 2.) на теренот и од редот на македонската емиграција во Бугарија, организирани и раководени од бугарската разузнавачка служба.

Организираните акции во егејскиот дел на Македонија ги започнале пред почетокот на Втората светска војна на Балканот. Во 1939 год., по италијанската окупација на Албанија, дејствувањето на моќниот бугарски разузнавачкоизвестителен центар во Тирана, Албанија било пренасочено спрема Грција во егејскиот дел на Македонија. Во пропагандната и разузнавачка дејност на петте пункта; два во Тирана, Корча, Билиште и во крајграничното село Врбник (населено само со македонско население), биле ангажирани заврбувани тамошни Македонци кои преку тајни канали се инфилтрирале во егејскиот дел на Македонија, каде била создадена мрежа на бугарска агентура.” (На истото место, 2-3.)

Врховистичките агенти освен разузнавачко-известителната извршувале и друга активност во службата на бугарскиот фашистички режим. Непосредно пред нападот на италијанските и германските армиски сили на Грција, на теренот ја засилиле антигрчката пропаганда за попречување на мобилизацијата на Македонците во грчката војска. Со нивното одвраќање да учествуваат во одбраната на грчката држава, Бугарија пред

фашистичка Италија демонстрирала своја лојалност, дека дава свој придонес за заедничката кауза. Вистинската намера и била преку пропаганда да покаже дека Бугарија го контролира “македонобугарското” население очекувајќи да биде призната како единствен претендент за владеењето со егејскиот дел на Македонија по ликвидирањето на грчката држава.

Софија сакала да ја искористи трагичната положба на македонскиот народ, подложен на економско упропастување и денационализација со систематски прогони и жестоки терори од страна на грчкиот монархистички режим. При таква состојба, со силна пропаганда сакале да создадат убедување кај македонскиот народ за ослободителна мисија на Бугарија; окупацијата и воспоставувањето на бугарската власт да се претстави како ослободителна и соединувачка. Тоа требало да го одработат врховистите (Фотев: “Врховистичките агенти користејќи ја тешката општествено политичка, економска и национална положба на Македонците во Егејска Македонија (национално угнетување, забраната да се говори на мајчиниот јазик, суровата економска експлоатација, политичките прогонства, полициските репресии и малтретирањето на македонските патриоти) што систематски и плански ги спроведуваше грчката држава за да го асимилираат или физички да го истребат македонското население, настојуваа со засилена пропаганда да ја бојкотираат мобилизацијата на Македонците и нивното учество во војната против италијанските и германските агресори”. (М. Фотев, За контрачетниците, 3.) пристигнати од Бугарија со тие од теренот од егејскиот дел на Македонија, под непосредно раководство на бугарската државна агентура.

Со ангажирањето на големи средства и специјализирани кадри, бугарската пропаганда успеала да придобие приврзаници и подржувачи. Сепак, за време на војната со Италија, бугарската агентура и врховистичката пропаганда успеале да заврбуваат и да дезертираат од грчката армија околу 250 Македонци. (М.Фотев, За контрачетниците, 4.) Сите тие дезертери италијанските власти од Албанија преку Италија и ги предале Бугарија. (Италијанските воени власти “ги концентрирале во Корча, а оттаму преку Елбасан и Ферари, ги префрлија во

Италија во гр. Парма. На барање од Бугарската амбасада во Рим сите тие Македонци дезертери биле предавани на бугарските власти и преку Риека ги префрлиле во Софија". (М. Фотев, За контрачетниците, 4.) Нив во Бугарија им биле дадени бугарски униформи и биле упатени во единиците на бугарската војска на фронтот.

**Пробугарското политичко движење во западниот и централниот дел на Егејска Македонија**

По капитулацијата на Грција и окупацијата на егејскиот дел на Македонија во април 1941 година, Бугарија го добила источниот дел и таму воспоставила своја власт. Во другите два дела (централниот и западниот) под окупација на сојузничките сили на Германија и Италија, организирала легална дејност за создавање пробугарски комитети и организации, за организирање пробугарско политичко движење. За тоа биле ангажирани Македонците во Бугарија по потекло од егејскиот дел на Македонија кои се приопштиле кон бугарската нација и се декларирале како Бугари.

Во западниот дел на Егејска Македонија под окупација на Италија првите пропагандисти на бугаризмот: Андон Калчев, (Роден во с. Жужулце, Костурско.) Спиро Василев, (Роден во с. Загоричани, Костурско.) Лазар Киселинчев, (Роден во с. Косинец, Костурско.) Васил Стумбов, (Роден во с. Блаца, Костурско.) Кирјазо Шкуртов, (Роден во с. Старичени, Костурско.) Томе Бакрачев (Роден во с. Вишени, Костурско.) и др., допатувале од Софија уште во почетокот на мај 1941 година во мисија да основаат пробугарски организации, со крајна цел создавање масовно пробугарско движење. (М. Фотев, За Контрачетниците, 4.) За да се засили позицијата на бугарската пропаганда во јули 1941 година владина делегација од Софија, во придружба на претставници на германската Врховна команда во Грција, ги посетила затворите и логорите со политички затвореници Македонци. На нејзино барање "сите тие биле ослободени (Непосредно пред почетокот на војната со Италија, грчките власти извршиле нови апсења на Македонци, комунисти и антифашисти, со обвинение дека биле "антигрчки елементи, бугарофили", по што во грчките затвори и логори

имало повеќе од 2.000 македонски патриоти, комунисти и други антифашисти. (М. Фотев за контрачетниците, 6.) за да се вклчат во ширењето на бугарската пропаганда за придобивање на македонското население за бугарската кауза”. (Меѓутоа, големото мнозинство од нив биле македонски патриоти. Антифашисти и комунисти. Така од концентрациониот логор “Акронавплион” биле ослободени: Лазо Трповски, Андреа Чипов, Анастас Караџа, Зисо Делевски, Трпе Калимановски и други “раководители на КП на Грција” (М. Фотев, За контрачетниците, 6.)

Организирањето на бугарската пропаганда се вршело со одобрување и ефективна поддршка од италијанските воено-окупаторски власти. Пропагандна дејност била организирана во Костурско, Леринско и Воденско. Во Леринско и Костурско бил формиран врховистички “Македонобугарски комитет” со месни (градски и селски) комитети, а во Воденско пробугарска организација “Охрана”. (М. Фотев, За контрачетниците, 4.) Месните комитети ги формирале тамошните бугарски агенти и соработници на италијанските и германските воено-окупаторски власти: Христо Руков, (Од с. Косинец.) Васил Маниолов, (Од с. Старичани.) Паскал и Васил Јанакиеви, (Од с. Манјак.) Пандо Макриев, (Од с. Четирок.) Паскал Калимановски, (Од. с. Добролишта.) Кузе Глигоров, (Од с. Желево.) Филе Беќаров, (Од с.Желево.) Минела Гелев, (Од гр. Лерин, адвокат.) Мино Јани, (Од с. Сетомо.) Ристо Насковски, (Од с. Езерец.) Лука Дамјанов (Од с. Дреновени.) и др. (М. Фотев, За контрачетниците, 4.) Сите тие биле познати соработници на грчката полиција на диктаторскиот режим на Метаксас, соработници на германските и италијанските воено-окупаторски власти и бугарски агенти. (На истото место.) Настапувале како дејци на бугаризмот во Македонија. (За тоа Фотев пишуваше: “Спиро Василев - бугарски емисар, еден од протагонистите на Осовинскиот македоно-бугарски комитет во Костурско за сите тие гореспоменати бугарски агенти и соработници на германско-италијанските окупатори јавно се произнесе дека се знаменосци на бугарштината во Егејска Македонија”. (М. Фотев, За Контрачетниците, 4).) Во почетокот приврзаници придобивале од редовите на своите роднини. Нивен главен интерес бил да придобијат преживеани учесници

од Илинденското востание и од семејствата на загинатите илинденци. Презеле организирана пропагандна дејност Македонија да ја претставаат како бугарска земја; Македонците како Бугари, Илинденското востание бугарско, Илинденскопреображенско востание. Себе си се претставувале како револуционери продолжувачи на големото бугарско ослободително дело на Македонија. Пропагирале дека со победата на Германија, Италија и Бугарија во војната на Балканот настапил историскиот момент и повикувале на создавање масовно силно македонобугарско движење за "слободна и целокупна Македонија обединета со Бугарија". (На истото место, 4.) Бугарската влада за засилување на своите позиции и за поефикасно дејствување во спроведувањето на пропагандата, во летото 1941 година, со одобрување од Германија и со согласност од квислиншката влада на Грција, во Солун отворила репрезантативен Бугарски клуб со многуброен персонал. Со иста цел владата на Бугарија во градот отворила и неколку други бугарски институции: црква, (Со богослужба на бугарски јазик.) основно училиште, (Училиштето за време на окупацијата 1941-1944 год., го посетувале околу 250 ученици, наставата била изведувана на бугарски јазик. (На истото место, 8).) интернат и болница. (На истото место, 7.)

Клубот официјално го претставувал Шанев од Кукуш како номинален претседател, за да ги придобие со давање погодности, да се зачленат што поголем број Македонци, во прв ред студенти и средношколци. На сите зачленети им се овозможувало како Бугари да студираат во Бугарија со средства од државата, а учениците во бутарските средни училишта во Македонија под бугарска власт. (Во периодот на окупацијата од 1941-1944 година од Костурско, Леринско и Воденско во гимназијата во Битола се школувале околу 150 ученици и ученички, со средства од бугарски добротворни друштва, раководени од комитети составени од Македонци лојални на бугарската окупаторска власт; Петро Аспровски од с. Ошчима, Ламбро Богоев од с. Коломнати и др. Тие подоцна "по формирањето на Првата Егејска ударна бригада стапија во нејзините редови". (На истото место, 8).)

Бугарскиот клуб во Солун бил главен разузнавачко-известителен и пропаганден центар, раководен од генералот Жилков, офицер за врска при германската команда во градот. Со разузнавачко-известителната и пропагандната дејност непосредно раководел Митков, мајор на Бугарската армија. (На истото место, 7.) За активно следење на внатрешните состојби, посебно за раководењето со бугарската пропаганда, во согласност со германската Главна команда во Солун, клубот разместил бугарски офицери при германските воени команди во Лерин и Воден. На таа должност биле упатени: Андон Калчев, Младенов и Георги Димчев. (На истото место, 8.)

"Осовинскиот македонобугарски комитет" и организацијата " Охрана" со интензивната пропаганда на осуда на антимакедонската политика на грчките влади, жестоките прогони и теророт од грчката полиција и жандармеријата и со ветувањата за заштита од Бугарија, успеале да придобијат приврзаници и да формираат месни комитети во градовите Костур, Лерин, Воден и во повеќе села: Добриништа, Четирок, Тиквени, Манјак, Изглеби, Косинец, Жупаништа, Старичени, Габреш, Поздивишта, Кономлади, Загоричани, Прокопана, Горенци, Желино, Герман, Баница, Ексисо, Желиник, Мокрени, Шиштено, Черешница, Бомбоки, Сетомо и други, околу 40 села. (На истото место, 9.) Комитетите биле задолжени за бугаризација на македонското население. Дејствувале според утврдена програма:

1. Да создаваат месни организации за организирање на масовно пробугарско движење;

2. Да бараат од окупаторските (германски и италијански) власти отворање на училишта со настава на бугарски јазик;

3. Да бараат во црквите да се воведе бугарскиот јазик во богослужба;

4. Да ги провалуваат и разбиваат комунистичките и другите антифашистички организации. (На истото место, 9.)

5. За придобивање на приврзаници во селата кои најмногу страдале од грчкиот терор и насилства. со учество на Македонци предавници, соработници на грчката полиција, преземале акции за нивно ликвидирање.

Во 1941 година Осовинскиот комитет го организирал и извршил убиството на озлогласениот Никола Дајлаки, познат како капетан Лаки. (На истото место, 9-11.)

Најсилна пропаганда воделе против македонското револуционерно националноослободително движење предводено од македонските комунисти и грчкото движење на отпорот на ЕАМ-ЕЛАС. Со развојот и масовизирањето на македонското НОД нивната пропагандна дејност добила жесток антикомунистички и, пред се, антимакедонски карактер. Одржувале постојана непосредна соработка и содејствувале со Гестапо и италијанските карабинери, со грчката квислиншка власт; со грчката полиција, жандармеријата и агентурата, Предводени од офицери на италијанските и германските военоокупаторски сили, припадниците на пробугарските комитети, активно учествувале во казнените акции во населените места и жестоки прогони на комунистите и активистите на македонското националноослободително движење (НОД) во егејскиот дел на Македонија за негово разбивање и ликвидирање. (За тоа Фотев пишува: "Како што беше установено, членовите на тие злосторнички комитети солидно беа платени од бугарската влада и од германските и италијанските окупатори како надоместок односно награда за нивните услоги". (На истото место, 11.)) Притоа не се работело само за лоуалноста на Бугарија. Во прашање било остварувањето на максималистичките аспирации на Бугарија. На дело да им се покаже и докаже на сојузничките сили на Германија и Италија дека во нивните армиски сили содејствувало бугарското движење кое се борело за соединување на егејскиот дел на Македонија со бугарската држава. (М. Фотев, За контрачетниците, 11.)

Македонските комунисти со својата дејност ја разобличиле бугарската пропаганда. Претставувајќи ги завојувачките цели на Бугарија ("Тие намери на бугарските агенти не им успеаја.

На Македонците, благодрение на комунистите, им беше јасно какви беа бугарските намери. Беа свесни и немаа никакви илузии за нивната судбина, што ги очекуваше по окупирањето на земјата од германските, италијанските и бугарските фашисти. Им беше јасно дека едното ропство ќе го заменат со друго, уште потешко и помрачно”. (М. Фотев, За контрачетниците, 3.)) успеале да го ограничат, но не и да го спречат нејзиното дејствување.

**Колаборационистичките движења во егејскиот дел на Македонија**

Со развојот на грчкото комунистичко-антифашистичко движење и НОД на македонскиот народ од Егејскиот дел на Македонија, италијанските и германските воено-окупаторски власти, по проценката дека грчката квислиншка власт не била во состојба ефикасно да се пресмета, ги активирале монархистичките и антимакедонските грчки организации на ПАО и ЕКА, влашките колаборационисти и бугарската агентура за создавање вооружени формации на содејство за нивно разбивање и ликвидирање.

Колаборационистичките движења со своето појавување и дејствување требало да ги засилат спротивностите помеѓу Македонците, Грците и Власите, внатрешните поделби и заострување на идеолошките конфронтирања за меѓусебно истребување. (На истото место, 14.)

**Оружените терористички формации на грчките антимакедонски легални и тајни организации**

Грчките организации ИВЕ (Заштита на Северна Грција), подоцна присоединета со ПАО (Сегрчка ослободителна организација), ЕКА (Национална општествена одбрана) и др., пристапиле кон создавање на тајни вооружени терористички чети. Во повеќето градови на централниот и западниот дел на Егејска Македонија; во Костур, Лерин, Воден, Кожани, Каљари и други места биле формирани грчки вооружени банди предводени од офицери соработници на окупаторите. Во Анаселичката околија, пролетта 1943 година имало грчки тајни

терористички групи на организацијата ПАО. (М. Фотев, За контрачетниците, 38.) Во Кајљарската околија вооружените банди биле формирани од Грци доселени од Мала Азија. Во Енице-Вардарската околија германските военоокупаторски власти формирале грчки одред од околу 500 припадници составени од криминалци, насилници и убијци, под команда на нивниот агент грчиот потполковник Пуљос. (М. Фотев, За контрачетниците, 26.) Нив им била дадена потполна слобода во дејствувањето, самостојно и заедно со грчката квислингшка полиција и жандармерија да спроведуваат блокади во населените места и да го тероризираат населението за пронаоѓање соработници и симпатизери на НОД. (М. Фотев, За контрачетниците, 30.) Во населените места каде што биле стационирани завеле траен полициски час; строго го контролирале движењето на жителите, излегувањето и влегувањето било можно само со посебно одобрување. (Одобрение им било потребно за да излезат да ги за обработуваат нивите, како и за носење на болните на лекар. (На истото место, 30-31.) Вооружените чети на ПАО и квислиншката полиција систематски и жестоко го тероризирале населението од западниот дел на егејска Македонија. Пролетта 1944 година, оружени формации на квислингшките власти и организации ПАО, ЕДЕС, Влашкиот легион и полицијата преземале координирани оружени акции за тероризирање на населението и против единиците на партизанското движење.

**Влашкиот легион**

Италијанската воена команда со влашко население на својата окупирана територија формирала оружена формација - влашки легион за борба против грчкото антифашистичко и македонско оружено НОД. (На истото место, 12.)

**Појавата и дејствувањето на вооружените чети на пробугарското комитаџиско движење**

(Минчо Фотев пишува дека припадниците на вооружените колаборационистички движења македонскиот народ ги викал “комитаџии”.)

Развојот на македонското НОД, го забрзало организирањето и дејствувањето на вооружените чети на пробугарското политичко движење во егејскиот дел на Македонија под германска и италијанска окупација. Во средината на февруари 1943 година, во Костур пристигнала буграрска тричлена воена делегација предводена од командантот на гр. Битола (во нејзиниот состав бил и поручникот Андон Калчев) која со италијанската воена команда предводена од генерал-мајорот де Луиџи се договориле за формирање на вооружени чети за создавање пробугарско комитаџиско движење за борба против НОД. (Фотев: “На 16 февруари 1943 околу 11 часот во Костур пристигна воена бугарска делегација составена од тројца бугарски офицери: еден полковник, еден капетан со презиме Димитров и и злосторничкиот поручник Андон Калчев. Како што подоцна беше информиран партизанскиот штаб во Костурско, бугарскиот полковник беше командант на бугарската дивизија во окупираниот гр. Битола. Истиот ден се одржа состанок во кабинетот на италијанската команда со генерал-мајорот де Луиџи. Состанокот траеше околу три часа. Предмет беше: ситуацијата во западниот дел на Егејска Македонија по исфрлувањето на партизанските одреди и можностите за формирање на контрачети од македонското население за разбивање на партизанското движење”. (На истото место, 26.)) Се согласиле вооружените чети да ги формира Осовинскиот македоно-бугарски комитет. (На истото место, 26.) Веднаш потоа се пристапило кон операционализација на договореното.

На состанокот на делегациите на 18 февруари 1943 год., под раководство на командантот Луиџи (придружуван од штабните офицери: Џовани Раванели - шеф на контраизвестителната служба, поручникот Мариети и началникот на карабинеријата за Костурско - Џона) учествувале и водечките личности на Осовинскиот македоно-бугарски комитет: Христо Руков, Пандо Макриев, Васил Маноилов, браќата Васил и Паскал Јанакиеви, Лука Дамјанов, Христо Насковски, Јани Мино, Паскал Калимановски, Борис Шекров, Апостол Гамброла, Кољо Шистеваров (бај Кољо), неговиот брат Кузе Шистеваров и др. Нив им била соопштена донесената одлука. (Водачот на бугарската воена делегација пред претставниците на

“Осовинскиот македоно-буагрски комитет” говорел за “големо историско значење” на дејствувањето на месни вооружени чити што тие ќе ги формирале. При тоа рекол: “Вам Ви припаѓа големата чест да бидете авангарда на великото бугарско патриотско дело за остварување на великите идеали на нашата мила мајка Бугарија. Затоа вашата мисија е света. Бугарското население од овој крај на Македонија со својата готовност и решеност да се бори заедно со славните и непобедливи сојузнички армии на Германија и Италија против грчкиот бандитизам и комунистичкиот анархизам претставува продолжение на борбените ослободителни традиции на бугарското население од овој крај на Македонија. Бидете сигурни дека по разбивањето на грчкиот бандитизам ќе го отвориме патот кон нашата победа за ослободување и присоединување на овој бугарски крај кон бугарската држава. На сите нас ни е познато дека грчките андарти се нашите стари и потенцијално опасни непријатели. Нивната цел беше и остана иста да го истребат бугарското население од овој крај на Македонија, но ние тоа нема да го дозволиме”. (М. Фотев, За контрачетниците, 27.)) Сите тие биле задолжени да пристапат кон формирање на вооружени комитациски чети и им биле дадени инструкции за дејствување во борбата против НОД. (За одржувањето на состанокот веднаш бил известен партизанскиот штаб за Костурско од информаторите: Јани Калапупов од с. Нестрам, Васил Влахов од с. Манјак и Ѓорѓи Тодоровски од гр. Хрупишта (М. Фотев, За контрачетниците, 27.)) Андон Калчев повикал на создавање масовно оружено движење за одбрана од “новите грчки андарти” (борци на антифашистичко движење) и за присоединување на целиот егејски дел на Македонија кон бугрската држава. (Калчев: “Ние нема да се ограничиме само на формирање на неколку вооружени чети, треба сето бугарско население од овој крај на Македонија масовно да се огранизира, да се наоружа и активно да се вклучи во светата борба против грчкиот бандитизам на ЕЛАС. Само така ќе успее да се заштити бугарското население од опасните злосторнички андарти на ЕЛАС.. .. Нема друга алтернатива за спасување на бугарското население од истребувачките напади на грчките андарти, за ослободување на овој крај на Македонија и за создавање целокупна Македонија обединета кон мајка Бугарија.” Завршил со кренати раце со повик: “Се приближува историскиот час

кога камбаните и топовските салви ќе го поздрават денот на големата победа и на конечното ослободување на сите поробени краишта на нашата мила Македонија”. (На истото место, 27-28.)) Шефот на бугарската воена делегација го искористил состанокот за да побара одобрување за влегување на бугарската војска “да воспостави ред и мир и да го заштити населението од крвопролевањето и хаосот создаден од грчките андарти на ЕПАС” (На истото место, 28.)), на што остро реагирал италијанскиот командант генералот Луици. (Луици: “Кој сте Вие, господине полковниче кој можете да воспоставите ред и мир, а ние не можеме тоа да го сториме?” (На истото место, 28.))

За одлуката за формирање вооружени чети на “Осовинскиот македоно-бугарски комитет”, италијанската воена команда ги известила грчките квислингшки власти, (Началникот на грчката полиција Констадинос Андрониу, јавниот обвинител Јоанис Костопулос, началникот на грчката квислингшка власт за Костурската околија Ставрос Петровас. (На истото место, 28.)) костурскиот владика Никифорос и раководството на грчката организација ПАО, (Претседателот на Организацијата за Костурска околија споменатиот Ставрос Петровас и Филолаос Пихеон - генерал во пензија и Саранти Цемани – лекар. (На истото место, 28.)) со образложение дека ќе се борат исклучително против комунистичкото партизанско движење под строга контрола на шефот на италијанската контра-известителна служба Џовани Равали. По предупредување на опасноста, во спротивен случај “сите Словени да им се придружат на партизаните на ЕЛАС”, (М. Фотев. За контрачетниците, 28-29.) грчките претставници прифатиле нивно формирање. Италијанскиот штабен офицер Мариети бил одреден за офицер за врска со ПАО, за да се спречат судирите на нејзините оружени чети со оружените чети на “Осовинскиот македоно-бугарски комитет” и да ги координира нивните акции против НОД и ЕЛАС. (На истото место, 29.)

Командантот на италијанската команда во гр. Костур, по организационото зацврстување на колаборационистичките движења, во септември 1941 година формирал специјален баталјон за спроведување акции за прогон и ликвидирање на

комунистите, за откривање и разбивање на антифашистички групи и организации. Баталјонот имал броен состав од 800 припадници; италијански офицери-иследници, воени и полициски оперативци, група Македонци колаборационисти; преведувачи и информатори (шпиони). (Во групата колаборационисти-преведувачи според известувањето на Фотев биле: Борис Стојанов, Лука Дамјанов, Христо Лапас, Михаил Личкос, Христо Насковски, Кузе Кирјазовски и др. Информатори односно шпиони биле: Ставро Темо, Зиси Караташо, Тоди Митрули-Каракапна, Кузе Ивановски, Ѓорѓи Тампура, Ставро Гургушев и др. (На истото место, 18.)) Баталјонот акциите за апсење на комунисти и припадници на НОД, во потрага по скриено оружје, ги преземал во содејство со полицијата и жандармеријата на грчката колаборационистичка власт. Заеднички преземале ноќни упади, систематски претреси по домовите во градовите и селата, апсења и жестоко тероризирање на населението. (М. Фотев, За контрачетниците, 18.) Во акциите на баталјонот содејствувале и контрачетниците од “Осовинскиот македонобугарски комитет” раководени од Калчев, Младенов, Димчев и др. (На истото место. 18.) Блокадите на сомнителните населени места траеле и до два месеца. Режимот на вонредни мерки во западниот Егејски дел на Македонија бил одржуван цели девет месеци, од септември 1941 до мај 1942 година. Најмногу загуби имале партиските организации и организациите на комунистичката младина (ОКНЕ) во гр. Хрупишта и во селата: Нестрам, Д’мбени, Добролишта и Сливени. Во тој период, според податоците на Минчо Фотев, само во Костурско биле уапсени и осудени 395 комунисти и други припадници на НОД (На истото место, 19.) од кои деветмина биле осудени на смрт и стрелани, (Од с. Д’мбени биле стрелани: Наум Журков, Живко Кенков, Наум Москов, Никола Шекров, Анастас Скивинов и Ристо А. Андриовски. Од с. Дреновени, Костурско биле стрелани: Доне Битовски, Леонида Динев и Насо Љуманкин.) а околу 3.000 притворени мажи и жени, жестоко измачувани. (М. Фотев, За контрачетниците, 20.)

По постигнатата согласност за формирањето и за дејствувањето на оружените чети, на 18 февруари 1943 година, “Осовинскиот македоно-бугарски комитет” се активирал за организирање на

проектираното масовно пробугарско комитаџиско движење. Првата чета била формирана во Костур од околу 150 вооружени припадници (Според Фотев: “криминалци” и шпекуланти, соработници на окупаторот кои по исфрлувањето на првите партизански одреди на ЕЛАС во Костурско ги напуштиле своите села и се собрале во Костур”. (На истото место, 29.)) предводени од Лука Дамјанов (Л. Дамјанов од с. Дреновени, Костурско.) и Христо Насковски, (Хр. Насковски од с. Езерец, Костурско.) негов заменик. (За контрачетниците, 29.) По формирањето на четата биле преземени акции за формирање на нови вооружени чети за борба против партизанските единици на НОД и ЕЛАС. Активисти на “Осовинскиот македонобугарски комитет” (Лазар Киселинчев, Спиро Василев, Васил Стумбов, Кирјази Шкуртов и др. (на истото место, 29.)) придружувани од италијанските карабинери ги обиколувале македонските села и ги присилувале да примаат италијанско оружје со закани за нивно апсење како гркомани и припадници на ЕЛАС. Со жестоки притисоци и злакани до крајот на март формирале месни вооружени чети во 38 села. (Фотев ги наведува имињата на 36 села: Четирок, Добролишта, Старичани, Манјак, Изглеби, Тиквени, Желегоже, Косинец, Лобаница, В’мбеl, Брезница, Габреш, Дреновени, Череновишта, Кономлати, Статишта, Блаца, Нерешница, Олишта, Бомбоки, Загоричени, Бобишта, Мокрени, Комуничево, Горенци, Линишта, Кондороп, Тиолишта, Шиштево, Сетомо, Апоскеп, Прекопана, Ошчима, Желево и Герман (На истото место, 29-30.)) Пробугарското комитаџиско движење во градовите Костур и Хрупишта имало по една доброволечка чета и вооружени чети од селата: Четирок, Старичени, Горенци, Желево и Добролишта, засилени со доброволци од други села. Во двата града по потреба биле стационирани централни чети командувани од Лука Дамјанов, Христо Насков, Кољо Шештеварот и Васил Јанакиев. (На истото место, 30.)

Со непосредно ангажирање на италијанските воено-окупаторски власти пробугарското оружено движење во западниот дел на Егејска Македонија регрутирало околу 3.000 припадници од кои околу 350 доброволци. (На истото место, 30.)

Во март 1943 година, вооружената чета од с. Старичани ги нападнала селата: Жужелци, Лудово, Госно и Брештани. Тамошните селани ги тероризирала, ги присилувала да примаат оружје за да се борат против партизаните. При одбивањето селаните биле жестоко тепани, многумина и на смрт претепувани. Селскиот поп во с. Госново - попот Христо бил упасен сроведен во Костур и таму без судење бил стрелан. (М. Фотев. За комитаџиите, 31.) Вооружени чети од с. Четирирок и с. Добрилиште, предводени од Пандо Макриев и Кузе Кирјазовски, ги нападнале селата: Драничево, Цакони, Граче и Долно Папреско, а четата предводена од Лука Дамјанов го нападнала селото Д'мбени. Селаните ги присилувале да се вооружуваат и да пристапат во нивното движење против партизаните на НОД. (М. Фотев, За комитаџиите, 31.)

Сите вооружени формации на колаборационистичките движења биле задолжени да вршат обезбедување на базите и движењето на окупаторските сили по комуникациите од нападите на партизанските единици. Биле распоредени по целата патна мрежа до предвоената грчко-југословенската и грчко-албанската граница со цел да ги обезбедуваат мостовите и телефонско-телеграфските линии, како и да учествуваат во потерници и во операциите за чистење на теренот од партизаните. (М. Фотев, За комитаџиите, 31.) Заедно со окупаторските сили учествувале во борбите против партизанските единици во ослободените населени места. Во офанзивата на италијанските сили (баталјон од 600 војници со 12 топови и воздушна поддршка од авиони (На истото место, 32.) за реокупирање на ослободениот гр. Хрупишта на 13 март 1943 година, учествувале 200 припадници на пробугарското комитаџиско движење. Од бомбардирањето во градот биле оштетени околу 73 куќи и други објекти, (На истото место, 32) а по заземањето биле запалени 26 македонски куќи и дуќани. (Биле опожарени домовите и дуќаните на: Лазо Фотев, Томо Чангов, Коста Филјо, Киро Ивановски, Васил Коцанов, Стерјо Коцанов, Ѓорѓи Котопуловски, Глигор Митревски, Козма Количевски и др. (На истото место, 32.) Истиот ден биле ограбени околу 300 куќи (Алати, крупен (300 грла) и ситен добиток (1.200), покуќнина, покривки; околу 20.000 парчиња јамболии, килими и ќебиња, облека, вклучувајќи го и чеизот на

девојките и невестите. (На истото место, 33.)) и околу 50 трговски дуќани и занаетчиски работилници. (На истото место, 33.) По преземањето и повторното окупирање на градот, покрај италијанската карабинерија, грчката полиција, жандармеријата, и пробугарското комитациско движење поставило своја команда, на чело со командантот Васил Јанакиев. Во градот бил стациониран "елитниот" одред од околу 300 вооружени припадници под команда на Лука Дамјанов. (Фотев: "Сите тие заедно мирно и братски си живееја". (М. Фотев, За контрачетниците, 32.)) Сите тие меѓусебно одржувале пријателски односи следејќи ја истата цел: уништување на партизанското движење. Во заедничката акција спроведена кон крајот на истиот месец уапсиле околу 350 лица од партизански семејства и симпатизери на НОД, (Биле уапсени: Томе и Цана Белоцрквенови, Евтимија и Софија Чангови, Лазо и Александра Фотеви, Василики Мавранза, Костандин и Фота Полихрони, Глигор Митревски, Петро Мирчев и др. (На истото место, 32-33)). а стрелале 68 македонски патриоти, без да им се суди. Само во споменатото гратче Хрупишта биле стрелани десетмина Македонци. (Михаил Мангилјатов, Вангел Јанковски-Анги, Димитар Зигури, Стати Евстатијади, Лазо Атанасијади-Зангочи, Ѓорѓи Бакали, Илија Апостолу и други. (На истото место, 32.))

Припадниците на колаборациските движења упаѓале ноќе во домовите, грабале и силувале девојки и млади жени. Само во гр. Хрупишта било утврдено дека се силувани 32 девојки и млади жени, но вистинскиот број на силувани бил многу поголем. (Грабнувањата и силувањата биле вршени со знаење на командантот Лука Дамјанов. За него лично, по негов избор, биле одвлекувани девојки од нивните домови кои тој ги силувал. (На истото место, 33.)) Организирано со сета жестокост учествувале во блокадите и тероризирањето на македонските населени места кои силно го поддржувале НОД, и ги прифаќале и помагале партизанските одреди. Селаните кои под влијание на партизаните го оставале оружјето и се враќале во своите домови, повторно ги присилувале да се вооружуваат. Припадниците на "Осовинскиот македоно-бугарски комитет": Васил Маноилов, Петро Пацов и Кирјазо Шкуртов (Дојден од Бугарија, од Пловдив, родум од тоа село.) со придружба од чета

италијански војници ги тероризирале и ги присилувале селаните на с. Старичени повторно да се вооружат. Од нив била формирана чета на која биле придодадени комитации-доброволци од соседните села. Четата била зголемена на околу шеесетина припадници вооружени со пушки, 5 автоматски пушки (шмајзери), 3 пушкомитралези и рачни бомби. (М. Фотев, За контрачетниците, 51.)

По капитулацијата на Италија (на 9 септември 1943) пробугарското комитациско движење се нашло во тешка положба. Партизанските единици од XXVIII полк на ЕЛАС презеле нападни дејства за негово разбивање. Положбата станала критична. (М. Фотев, За контрачетниците, 48.) Неговите припадници поединечно и во групи ги напуштале комитациските чети и преминувале на страната на партизаните. (На истото место, 48.)

За негово натамошно одржување раководството на “Осовинскиот македонобугарски комитет” се обратило за помош до владата во Софија. Во втората половина на септември четиричлена делегација во состав: Паскал Калимановски, Ристо Руков и Динко поп-Андонов, предводена од Андон Калчев отпатувала од Костур преку Лерин и Битола во Софија. Делегацијата, според потврдените доверливи информации кои Минчо Фотев ги добил лично, (Доверливите информации му ги доставил известувачот Ѓорги Тодоровски.) во Софија била примена од Министерот за внатрешни работи кој бил информиран за критичната положба на комитетот и на пробугарското движење, за потребната поддршка и помош од Бугарија по капитулацијата на Италија. (На истото место, 49.)

Бугарската влада одлучила раководењето со комитациското движење од егејскиот дел на Македонија да го преземе активен офицер на бугарската армија. За тоа бил одреден мајорот Маткаров, кој заедно со делегацијата отпатувал во Костур.

За тоа време, септември и октомври 1943 година, придобиени од партизаните, се разоружале селските комитациски чети од селата: Косинец, Лобаница, Апоскеп и др. (М. Фотев, За комитациите, 51.) Таа појава станувала се помасовна. За

спречувањето и откажувањето од учеството во вооружените акции; оставањето на оружјето и нивното враќање во домовите, биле преземани ригорозни мерки на заплашување и закани со ликвидации, по што дел од селаните повторно земале оружје.

Бугарскиот офицер Маткаров ја презел командата и за свои помошници ги назначил Пандо Макриев и Јани Мино, а од Германската команда бил испратен офицерот на Гестапо, поручникот Рајш, во својство на офицер за врска. (На истото место, 49.) За да го поврати моралот и да ги консолидира редовите на комитаџиските чети Маткаров заедно со германскиот офицер за врска организирале изведување на брза заедничка борбена акција против партизанските единици во Костурско и Леринско. На 3 октомври комитаџиските чети, во броен состав од 250 припадници, и германска единица од 300 војници извршиле напад на позициите на партизаните во реонот на селата: Нестрам, Радигожа и Чука, населени со македонско население. За време на тридневните борби опожариле повеќе куќи и вршеле нови злосторства. Во селото Нестрам ги запалиле и живи изгореле во сопствената куќа Коста и неговата сопруга Констандина Кировски. (На истото место, 49.)

За одбрана од нападите на партизанските единици во почетокот на 1944 година ги засилиле позициите во селата: Добролишта, Четирок, Тиквени, Изглеби и Горенци со вооружените селаните. (На истото место, 53.) Во април и почетокот на мај учествувале во воените операции на германските сили против партизанските единици во реонот на планината Вичо, а во средината на мај, во борбите против партизаните кај с. Прекопана, Леринско. (На истото место, 53.) На 24 мај кога германските единици се повлекле од Костур и Хрупишта, а комитаџиите на пробугарското движење под команда на Лука Дамјанов ја презеле одбраната на двата града и позициите на повеќе околни села. Истиот ден при нападот на XXVIII полк на ЕЛАС комитаџиите се разбегале, а многу од нив биле заробени од партизаните. (На истото место, 53-54.)

Во јуни 1944 година, на помош на пробугарското комитаџиско движење во Костурско им пристигнал комитаџиски одред на организацијата “Охрана” од Воден. Одредот по неколку дневно

престојување на теренот во Костурско се повлекол назад во Воденско. Во тоа време тамошните партизански единици во Воденско ги засилиле нападите на нивните бази во селата: Ошмени, Гутово, Јаворени, Месимери и др. (М. Фотев. За контрачетниците, 54)

Во централниот дел на Егејска Македонија под германска окупација дејствувале вооружени чети на пробугарското движење формирани и раководени од организација “Охрана”. Пролетта 1944 година, организацијата “Охрана” преку своите селски комитети во селата каде што немало организации на КП, а со поддршка од германските воени власти, формирала вооружени чети. Такви чети имало во селата: Ексису, Аитос, Зеленич и Сребрено, како и во другите воденски села: Нисија, Гугово, Јаворени и Ошлени. Во градот Воден имало вооружен одред од 700 припадници, сите доброволци, под команда на бугарскиот офицер Георги Димчев. (На истото место, 30.) Сите тие биле вооружени со современо оружје од германско и италијанско производство (пушки, пиштоли, пушкомитралези, митралези, рачни бомби и др.). (На истото место, 30.) За масовизирање на комитаџиското движење во борба против партизаните на НОД (Организирани предавства и индивидуални и групни акции за ликвидирање на раководните личности на СНОФ. Во март 1944 година по предавство од заседа биле ликвидирани Васил Алексовски член на ОК на СНОФ, од с. Дреновени, Костурско и Киро Поп Василев, од с. Доббролишта, член на секретаријатот на ОК на СНОФ. Првиот бил убиен на 4 март кај с. Черешница од припадникот на пробугарското комитаџиско движење Ставро Темо, од с. Сетомо, Костурско. Комитаџиите неговото тело го пренеле во гр. Костур и го фрлиле на улица пред неговиот дуќан како доказ за суровоста и средство за заплашување на македонското население, особено на семејствата на припадниците иа НОД. На Поп Василев, исто така по предавството, припадниците на пробугарското комитаџиско движење му поставиле заседа во близината на неговото родно село. Тешко ранет за да не биде фатен се самоубил. (На истото место, 44-45.)) двете квислиншки организации предводени од пробугарското движење “Осовинскиот македонобугарски комитет” и “Охрана”, го интензивирале дејствувањето и ги засилиле

акциите за присилно организирање и вооружување на што повеќе селани од македонските села.

На 12 јуни 1944 година, одредот на пробугарското комитаџиско движење од околу 100 припадници, предводен од бугарскиот офицер и домашниот предавник комитаџијата Мино Јани, со чета од германски војници го нападнале с. Д'мбени каде што се наоѓал партизанскиот вод со група позадинци. Во жестоката борба германската единица имала двајца загинати (Загинале: Апостол Чаповски од с. Манјак, борец на возраст од 19 години и Мими Тунгариди од гр. Хрупишта. (На истото место, 45.)) и двајца ранети војници, а партизаните двајца загинати и девет тешко ранети борци. Ранетите биле заробени, двајца од заробените партизани јавно биле обесени, а останатите седум свирепо биле убиени. (Комитаџиите на живите партизани со патолошка омраза со камења им ги кршеле главите. (На истото место, 45.)) Од жителите во селото биле ранети двајца селани (Ламбро Москов и Ристо Калков.) и една селанка, (Василка Каракашова.) а биле одведени како заложници 41 селанец. (За заложници биле земени: Трпо Ангелков, Андон и Димитар Терзиовски, Атанас и Коста Мусманови, Васил и Трајко Ралевски, Давид и Ѓорѓи Балови, Тодор Влахов, Ламбро Станишев, Живко Журков и др. (На истото место, 45.))

Комитаџиите активно учествувале заедно со жандармите на грчката квислиншка власт, балистите и вооружените банди на ПАО, во големата јулска офанзива (од 3 до 22 јули) на германските сили против партизанското движење, и во ограбувањето и опожарувањето на селата (поголемиот дел македонски), во тероризирањето на населението и во извршувањето на масовни убиства. (На истото место, 55.) Неуспехот на офанзивата го означил почетокот на крајот на комитаџиското и политичкото пробугарско движење. Во почетокот на август првиот македонски баталјон презел офанзивни дејства за разбивање на нивните позиции во Костурско. Во селата: Мокрени, Бобишта, Загоричани, Комуничево биле разоружани тамошните комитаџии, а потоа биле уништени и нивните последни упоришта во селата: Прекопана, Черешница, Олишта, Тиолишта, Сетомо, Шестрево и др. Во почетокот на септември комитаџиското пробугарско

движење од егејскиот дел на Македонија било ликвидирано; неговите припадници биле разоружани, а помал број од нив успеале да избегаат во Бугарија пред нејзината капитулација.

За сето време на опстојувањето на пробугарското движење агентите на “Осовинскиот македоно-бугарски комитет”: Борис Стојанов, Лука Дамјанов, Мино Јани, Пандо Макриев, Ристо Насковски, Кузе Кирјазовски, Ставро Ѓурбушев, Васил Маноилов и други, според податоците со кои располагал Фотев, над 3.000 Македонци и Македонки биле шпионирани кај италијанските и германските воено-окупаторски власти од кои околу 1.000 биле осудени и спроведени во концентрационите логори, а другите биле привремено затворени и “ужасно измачувани”. (На истото место, 74.) Над 150 Македонки, девојки биле силувани од комитаџиите. (На истото место.) Вооружените припадници на пробугарското движење ограбиле околу 3.000 македонски домови; насилно одзеле и однеле околу 25.000 овци и кози, околу 10.000 грла крупен добиток (волови, крави, коњи и др.), опожариле и целосно уништиле околу 2.000 македонски куќи, над 5.000 селски штали, плевни, колиби, и над 100 селски воденици и повеќе селски училишта. Заедно со окупаторските сили целосно ги опустошиле и ги разурнале македонските села: Нестрам, Чука, Радигоже, Нестиме, Лудово и други; комитаџиите “така ги чувале селата, имотите и честа на Македонците.” (На истото место, 75.)

**НОД од егејскиот дел на Македонија (1941-1944)**

Во егејскиот дел на Македонија по распуштањето на ВМРО (Обединета) македонските комунисти се наметнале како водечки фактор на македонското национално-ослободително движење. Се сообразиле со директивата на Коминтерната за единство на антифашистичкото и ослободителното движење во Грција под водство на КП на Грција. (Како што постапија и македонските комунисти во другите два дела; во вардарскиот дел на Македонија под водство на КПЈ и во пиринскиот дел на Македонија под водство на БКП.) Започнале организирани акции за обновување на разбиените партиски организации на КПГ. Од мај до септември 1941 година, биле обновени партиските организации и организациите на комунистичката

младина во градовите и во поголемиот дел на селата, биле создадени првите антифашистички борбени групи, пред формирањето на ослободителниот фронт на Грција - ЕАМ. (Националноослободителен фронт на Грција, формиран во септември 1941 година.) Учеството на Македонците било се помасовно. (Во септември 1941 година во градот Хрупишта во партиската организација на КПГ, во младинската комунистичка организација (ОКНЕ) и во антифашистички групи, Македонците биле 60%. (М. Фотев, За контрачетниците, 15.) Во населените места во партиските организации дејствувале посебни групи за собирање на оружје, муниција и друг воен материјал за партизанското движење. Во Костурско било собрано големо количество оружје оставено од грчката војска при повлекувањето од фронтот спрема Албанија. Во градот Хрупишта од улиците било собирано оружјето оставено од војниците и офицерите на комплетната пешадиска дивизија и на специјализираните воени единици, (Вкупното количество собрано оружје и воен материјал изнесувало: пушки маликери - 830; пушкомитралези - 24; митралези - 6; куршуми околу 400.000; рачни гранати – ок. 1.500 и големо количество санитетски и друг воен материјал. (На истото место, 16.)) пред влегувањето на германските сили. (Градот бил опколен, а грчките офицери и војници за да не бидат заробени се ослободувале од оружјето, опремата и униформите и се преоблекувале во цивили, (М. Фотев, За контрачетниците, 16.) Се создале услови за основање на македонска национално-ослободителна организација и започнување на оружена ослободителна борба на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија. Создавањето на македонска ослободителна организација, КП на Грција го спречувала со сите можни средства. (Минчо Фотев, Решенијата на Првиот актив на НОФ и нивните последици врз организацијата на НОФ и национално-ослободителното движење од егејскиот дел на Македонија (авторизиран текст, машинопис СА-Фотеви), 1986, 4.) Сепак, одговорноста за несоздавањето на македонска ослободителна организација паѓала на “добар дел македонски комунисти” раководни кадри на КПГ: Атанас Хаџис, Андреа Чипов, Киро Пилаев-Петро, Ставро Кочев, Лазо Трповски, Анастас Караџа, Трифун Хаџијанев, Трпо Калимановски, Зисо Делевски и др. Тие “не презеле, а и не подржале таква иницијатива.

Дисциплинирано ја спроведувале политиката на КП на Грција спрема македонското национално прашање, а на македонскиот народ му ветувале дека по победата над фашистичките окупатори и ослободувањето на земјата ќе бидат рамноправни во грчката народнодемократска држава.” (На истото место.) Со тоа бил одложен почетокот на организираниот вооружен отпор.

Окупаторските сили во содејство со грчката полиција и жандармеријата на грчката колаборационистичка власт и контрачетниците на пробугарското движење, со жестока репресија го забавиле формирањето на партизанските одреди на ЕЛАС, и НОД во западниот дел на егејски Македонија се до втората половина на 1942 година.

**Партизанското движење во Костурско**

Првиот партизански одред во Костурско бил формиран на 7 декември 1942 година од првите македонски партизани и партизанки првоборци, со помал број на Грци. (Во одредот влегле: Никола Белоцрквенец, Глигор Ќосев, браќата Минчо и Фоти Фотеви, браќата Томо и Алкивјади Чангови, Таки Поп Димитровски, Стерјо Мавранѕа, Алеко Ивановски, Лазо Качела, Хрисули Филиповски, Анастас Манака, Аристиди Геџо, Коста Кутеки, Анести Евотатијадис, Пинелопи Манака-Оп, Корнели Поп-Јанева, Фросо Јанковска-Ивановска, Христос Карас, Наум Благој, Петрос Ксантопулос, Сидери Зигури, Васили Вевери (сите од гр. Хрупишта), Коста Пало, Михаил Пачо, Атанас Каракушев, Вангел Цуцулјанов, Димитар Масадовски, Живко Шанев, Андон Зисовски, Фоти Бочевски, Ѓорѓи Ризопулос, Стеријо Калчев, Стерјо Козаров, Никола Диовски, Илија Шабаниди, Панајотис Киризакис, Атанас Сулас, Панајот Колјопуло, Аргир Карајановски и др. Од вкупниот броен состав на одредот Македонци биле 70%. (М. Фотев, За контрачетниците, 22-23.)) Набргу потоа, на 24 февруари 1943 год., од постојните борбени партизански групи во Костурско, бил формиран Вториот партизански одред. Првиот костурски партизански одред при чистењето на теренот на 24 декември 1942 година, во с. Шак, Костурско, заробил одделение од 7 грчки жандарми. За соработката со окупаторот и извршените злосторства (тероризирање на населението и грабежите), биле

осудени на смрт. (Им судел партизански суд под претседателство на Коста Бездека од с. Лошница (М. Фотев, За контрачетниците, 24.)

Во почетокот на 1943 година, во Костурско биле формирани нови партизански одреди. Во март бил формиран Третиот и Четвртиот партизански одред. Секој од одредите имал по околу 70 борци од кои 70% Македонци, а останатите биле Грци и Власи. (Минчо Фотев, Погледи и белешки во врска со книгата на Благоја Талески, Првата македонска егејска бригада-незаборавник, Скопје, "Комунист", 1985, 15-16.)

Одреди и борбени партизански групи дејствувале во целиот западен дел на Егејска Македонија. Биле уништени повеќе истурени позиции и станици на италијанските сили и на грчката жандармерија, (Во Костурско биле уништени 4 италијански карабинерски станици и 6 станици на грчката жандармерија во селата: Нестрам, Брештани, Богаско,Чарчишта (Сколохори), Бурбуско и Калевишта. (М. Фотев, За контрачетниците, 23-24.)) и била создадена слободна територија со 60 села. (Од кои 40 населени со Македонци.)

На ослободената територија во сите села биле формирани селски вооружени групи од кои се формирале нови партизански одреди. Партизанските одреди во Костурско, во почетокот на 1943 година, преземале дејствија за ослободување на поголеми населени места. Првиот костурски партизански одред под команда на Јани Пачура, на 3 март 1943 година, го нападнал и го ослободил Нестрам (населено место со 2.800 жители само Македонци). Притоа на одредот му пристапиле 20 младинци и три младинки. (М. Фотев, За контрачетниците, 24.) Оттаму одредот продолжил кон градот Хрупишта, каде настапувал и Вториот костурски партизански одред под команда на Ѓорѓи Ризопуло. Двата одреда поддржани со седум месни борбени групи, на 8 март 1943 година, го одлободиле градот со 5.000 жители, од кои 55% биле Македонци. (Другото население било: Власи - 20%, Грци од Мала Азија – 20%, и Роми и Албанци - 5%.) По ослободувањето, во градот Хрупишта бил формиран Народноослободителен одбор. (М. Фотев, За контрачетниците, 24.) Хрупишта бил првиот град во егејскиот дел на Македонија

ослободен од партизаните на НОД. По ослободувањето на градот биле ослободени и соседните села: Дупјак, Манјак, Желин, Жупаништа и др. На партизанските одреди и пристапиле нови борци, 72 од гр. Хрупишта и 40 од соседните села; Дупјак, Песјак, Витан, Госно и други, сите со свои оружја. (М. Фотев, За контрачетниците, 25.) Во ослободените населени места биле уапсени дваест и двајца соработници на окупаторот и на грчката квислиншка полиција против НОД. Нив им судел револуционерен суд, со кој претседател Пазо Трповски, 10 од уапсените биле осудени на смрт и ликвидирани, а другите биле ослободени. (Осудени биле: Јани Дијалаки, Тоде Митрули-Каракапња, Зиси Караташо, Билјос – кмет на с. Дупјак, Ставракис Пандазис - поранешен грчки жандарм и др. (На истото место, 25.))

Во март 1943 година, биле формирани партизански одреди во Леринско. Првиот партизански одред бил формиран на 4 март 1943 година. Кон крајот на мај, со решение на Околискиот комитет на КПГ, во Леринско бил формиран посебен партизански одред составен исклучително од борци Македонци, чиј командант бил Паскал Митревски. (На истото место, 16.) Одредот имал задача освен борбени акции да развива пропагандна дејност и да презема и други форми на дејствување за спречување на активноста на “Осовинскиот македоно-бугарски комитет”. (На исто место.) Тој одред и покрај постигнатите успеси бил расформиран од раководството на КПГ. (Фотев пишува дека раководството на КПГ тој одред го расформирале “од непознати причини.” (М. Фотев, Погледи и белешки,16).)

Македонските комунисти ја засилиле агитационата дејност за придобивање на комитаџиите кои заблудени од бугарската пропаганда или под притисок и закани се ставиле во служба на окупаторот и се бореле против НОД. Тие биле повикувни да не ги жртвуваат своите животи за туѓи интереси, да го остават оружјето и да се вратат во своите домови. На тоа работеле и водечките личности на НОД. Агитационата дејност дала резултат. Паскал Митревски со лични контакти и разговори успеал да придобие дваесет и тројца селани – комитаџии да го предадат оружјето, и тие тоа го сториле на 9 март 1943 година.

На 12 март Паскал Митревски, Периклис и Минчо Фотев придружувани од група партизани предводени од Глигор Ќосев, (Од гр. Хрупишта. Борец, офицер на ЕЛАС. Учесник во НОД на македонскиот народ во егејскиот дел на Македонија; бил секретар на Околискиот одбор на НОФ за Костурско, секретар на НОФ на гр. Хрупишта, загинал во 1946 година во Хрупишта.) во преговори со селаните од с. Старичани, успеале да го придобијат мнозинството од вооружените селани за да го предадат оружјето. (На истото место, 50.) Во месеците март и април околу 100 комитаџии од костурските села ги оставиле оружјата и се вратиле во своите семејства. (За тоа голем придонес дале активистите комунисти: Киро Ивановски, Михаил Димовски-Мише, Алеко Димитровски-Цанде, Сотир Ивановски, Петро Мирчев и др., сите од гр. Хрупишта. (На истото место, 50.)) Летото 1943 година, околу 150 припадници од селските чети на пробугарското комитаџиско движење од селата: Добролишта, Жупаништа, Изглибе, Мањак и др., го напуштиле движењето и преминале во редовите на партизаните. (М. Фотев, За контрачетниците, 51.) За кусо време во месеците март и април 1943 година, партизанските одреди од западниот дел на Егејска Македонија ослободиле околу 150 села кои претставувале компактна слободна територија. (М. Фотев, За контрачетниците, 25.)

**Советувањето во Нестрам**

Во средината на март 1943 година било актуализирано прашањето за утврдување на мерките за натамошниот развојот на оруженото ослободително движење. Притоа било предвидено пред крајот на месецот да се одржи советување на воено-политичкиот актив со раководителите и активистите на организациите на КП на Грција и на другите антифашистички организации. Подготовките започнале на14 март со пристигнувањето на Лазо Трповски, член на Покраинскиот комитет на КПГ за егејскиот дел на Македонија и Тракија, придружуван од секретарот на Околискиот комитет на КПГ за Костурска околија Периклис, во штабот на Првиот костурски партизански одред во с. Ланга, Костурско. Тука тие биле прифатени од Минчо Фотев, офицер во штабот на одредот. Истиот ден била одржана средба со командантот на одредот

Јани Пачура и со секретарот на ОК на ЕАМ во Костурската околија Теодорос Марјолис-Лефтерис. (Тој, иако бил поранешен водник на грчката жандармерија, бил кооптиран во Околискиот комитет на ЕАМ и бил поставен за прв секретар на комитетот, на 27 септември 1941 година. (М. Фотев, За контрачетниците, 62.)) На 15 март, заедно со активистите ва КПГ и на НОД: Паскал Митревски, Герос, Христина Пупти, придружувани од партизанскиот одред, пристигнале во с. Нестрам, седиште на ОК на КПГ. На 21 март 1943 година во просториите на селската општина се одржало советување на воено-политичкиот актив на Костурско со околу 50 раководители и претставници на организациите на КПГ - ЕАМ, ОКНЕ-ЕА и ЕЛАС. (Фотев наведува дека на советувањето учествувале уште: Коста Баздека, Михаил Пачо, Хрисули Пачо, Евгенија Кирјакова, Лазо Качела, Петро Ксантопулос, Никола Белоцрквенец, Ѓорги Давид - Герос, Козма Калојанов, Пандо Терповски и др. (М. Фотев, За контрачетниците, 34.))

На советувањето била разгледана актуелната ситуација и натамошните задачи на дејствувањето:

1. Општата положба во Костурско;
2. Положбата на народноослободителните организации;
3. Положбата на партизанското движење.

По претставувањето на состојбите; натамошното влошување на положбата на народот и отежнатата дејност на НО организации, со засилената репресија на италијанските воено-окупаторски сили, грчката квислиншка власт и контрареволуционерните организации, (Во воведното искажување на секретарот на ОК на ЕАМ Теодорос Марјолис-Лефтерос, кој го отворил советувањето.) и нивните оружени формации. Биле разгледани мерките и акциите кои требале да ги преземаат особено со јакнењето на партизанското движење. (За положбата и проблемите на партизанското движење информирал командантот на Првиот костурски партизански одред Ѓорги Јанули. Тој говорел и за потребните мерки за неговото натамошно јакнење.) За тоа било потребно зголемување на бројот на партизанските одреди и “нивно оспособување за акции од поširoki размери”. (На истото место, 34-35.)

Паскал Митревски говорел за натамошното влошување на тешката положба на македонскиот народ со дејствувањето на бугарската пропаганда. Укажал на опасноста од дејствувањето на бугарската агентура, посебно на емисарите на “Осовинскиот македоно-бугарски комитет” со цел “да го вовлечат македонскиот народ во колосек на великобугарската империјалистичка политика, против неговите национални интереси”. (На истото место, 35.) Опасноста се зголемила со појавувањето на комитациските чети на пробугарското движење вооржени од италијански и германски окупаторски сили. Борбата на партизанските одреди станувала уште посложена и уште потешка и покрај се помасовното учество на Македонците во партизанското движење. Затоа раководството на КПГ и ЕАМ требало да најде политичко решение и да примени соодветни политички средства за ефикасно спротивставување. Побарало од раководството на КПГ-ЕАМ и ЕЛАС поставување на Македонци на раководни функции во сите органи и тела на единственото антифашистичко движење. Се застапиле да се формира посебна партизанска единица составена само од Македонци за борба против припадниците на пробугарското комитациско движење. (М. Фотев, За контрачетниците, 35.)

Лазо Трповски во својство на претставник на ПК на КПГ од егејскиот дел на Македонија и Тракија, говорел последен, ја претставил политичката ситуација и ја истакнал историската улога на партијата за организирање на партизанско движење на ЕЛАС, импресиониран од развојот на НОД во Костурско. (На истото место.) Тој на состанокот на воено-политичкиот актив во Костурско, говорел за “Осовинскиот македоно-бугарски комитет”, дека неговото појавување и дејствување претставува “една од најцрните страници во историјата на македонскиот народ”. (На истото место, 36.) Неговите протагонисти: Христо Руков, Лука Дамјанов, браќата Паскал и Васил Јанакиеви, Кузе Кирјазовски и другите агенти на грчката полиција станале агенти на фашистичка Бугарија и соработници на германските и италијанските окупатори, биле “подготвени да му служат и на ѓаволот.” (На истото место, 36.) Повикал на засилено политичко дејствување на нивно разобличување и за одвраќање на

Македонците кои под притисок на окупаторот и под заблуда на великобугарската псевдомакедонска пропагнда, а не по своја волја, биле вовлечени во контрареволуционерното движење да му служат на окупаторот. Сите тие биле повикани да се вклучат во НОБ за извојување на слободата и правата на македонскиот народ, во заедничка борба со грчкиот народ под раководство на КПГ. Барал да се засили борбата против комитаџиите кои го тероризирале и ограбувале народот за "да им се зададе смртоносен удар за целосно нивно уништување". (На истото место.)

На 25 март, по наредба на Лазо Трповски, (По борбената акција Трповски се вратил во с. Нестрам. На 2 април преку с. Чарчишта, отпатувал во ослободеното гр. Цотиљи, Анаселичко на средба со членовите на секретаријатот на ПК на КПГ од егејскиот дел на Македонија и Тракија и воено-политички раководители на КПГ, ЕАМ и ЕЛАС. На 9 април Лазо Трповски со Керадис Симос, член на секретаријатот на ПК на КПГ со нивната придружба биле убиени кај с. Имера, Кожанско во заседа од вооружена чета на ПАО. (На истото место, 38.)) Првиот костурски партизански одред на чело со командантот Јани Пачура, извршил напад и ги разбил комитаџиите на "Осовинскиот македоно-бугарски комитет" стационирани во с. Добролиште. Комитаџиите ги предводел Паскал Калимановски, еден од водечките личности на комитетот. (За контрачетниците, 37.)

Партизанските одреди ги засилиле борбените акции. На окупаторските сили и колаборационистите им нанесувале се поголеми загуби. Во април командата на италијанските сили во Костур одлучила да преземе офанзивни дејства за разбивање на партизанското движење. На 26 април, два пешадиски баталјона со 2 артилериски батерии од ридски топови, 8 минофрлачи, 6 оклопни возила, придружувани од 250 комитаџии во 3 чети, ја започнале офанзивата на позициите на партизаните во Нестрамскиот реон. Непосредно пред започнувањето на борбените дејства на пешадиските сили, бил извршен едночасовен воздушан напад од авиони на италијанското воено воздухопловство. Италијанските авиони со напалм бомби го бомбардирале с. Нестрам во кое бил сместен партизанскиот

штаб. По четиридневните борби партизаните биле присилени на отстапување. Ноќта на 29 спрема 30 април целосно се повлекле од нестрамскиот реон кон јужниот дел на Костурско, во реонот на Костенаријата. За време на четиридневната непријателска офанзива покрај с. Нестрам тешко настрадале и селата: Чука, Стенско, Радигожа. Комитаџиите ограбиле 180 куќи, а 130 запалиле, од кои повеќето биле на партизански семејства. (На истото место, 39.)

По повлекувањето на новите позиции партизанските одреди ги продолжиле оружените акции. На 1-ви мај и извршиле напад на с. Старичани запоседнато од чета со дваесет и двајца припадници на пробугарското комитаџиско движење, предводена од Васил Маноилов. Во борбата биле убиени петмина од комитаџиите меѓу кои и Маноилов, а 17 од нив биле заробени. Од партизаните загинале четворица, а биле ранети шестмина борци меѓу кои и командантот на Првиот костурски партизански одред Јани Пачура. За време на борбата комитаџиите за да го спречат преминувањето на селаните на страната на партизаните застрелале двајца млади жители, а 18-годишна ранета младинка успеала да премине кај партизаните и да стапи во нивните редови. (Вангелица Попјанева и Никола Тодоров. Последниот убиен од Кољо Маноилов. Ранетата била Филарета Радева. (На истото место, 39.)) По ослободувањето на селото партизанскиот суд им судел на заробените комитаџии. Од 17 заробени, 15 биле осудени на смрт со стрелање. (М. Фотев, За контрачетниците, 39.) Во деновите потоа, во првата половина на мај, на партизанските одреди им пристапиле нови 150 доброволци од селата: Нестрам, Чука, Калевишта, Радигожа, Стенско, Јановен, Пилкат и Граче. (На истото место.) До крајот на мај и првата половина на јуни 1943 година со пристигнувањето на нови доброволци се зголемил бројот на партизанските одреди во Костурско. Во втората половина на јуни во реоните Костеначко и Нестрам дејствувале 7 партизански одреди со околу 600 борци, од кои околу 450 биле Македонци. На слободната територија со околу 60 села имало 500 борци од резервниот состав на ЕЛАС. (М. Фотев, За контрачетниците, 40.)

Поради немоќта на италијанските окупаторски сили и колаборационистичките вооружени формации да го запрат ширењето на оружените дејства на партизанските движења во Костурско, Германската Воена команда упатила засилување. Пред крајот на јуни од Солун во Костур пристигнале германската СС-единица со околу 300 војници и офицери како и грчките колаборационистички формации под команда на потполковникот Пуљос. (На истото место, 40.) Италијанските ефективи во Костур се состоеле: XIII-от пешадиски полк, еден артилериски дивизион, 6 оклопни возила и 150 карабинери. Грчката квислингшка власт располагала со околу 200 жандарми. “Осовинскиот македоно-бугарски комитет” на пробугарското движење имал одред од 350 комитации-доброволци и 2.000 присилно вооружени селани за обезбедување на селата од партизаните. (На истото место.) Сите тие ефективи биле ставени во мобилна состојба за преземање на офанзива против партизанските одреди.

Партизанскиот штаб кој ги следел подготовките на непријателските сили, ОК на КП со месните организации го организирал населението во селата за скривање на повредната покуќнина, храната и евакуирањето на живата стока под заштита на партизанските одреди во планинските подрачја: Груша, Волја, Одре и Грамос. (На истото место.) На помош од Леринско пристигнале 3 партизански чети со околу 150 борци. (На истото место.)

На 6 јули 1943 година, непријателските сили тргнале во напад на позициите на партизанските одреди кај селата: Семаси, Шкрапар, Бела Црква, Нестиме, Жужулце, Либишево, Псоре, Лудово, Галишта, Радигожа, Чука, Нестрам и други. Жестоки борби се воделе од утрото до вечерта, при што непријателските сили се повлекле во нивните добро обезбедени бази: Хрупишта, Добролишта, Четирок и Костур. Таа тактика ја применувале при извршувањето на борбените дејства за цело време на спроведувањето на големата операцијата, од 6 јули до 16 август. Според податоците од Штабот на партизанските единици за времетраењето на офанзивата имало 52 битки во кои непријателските сили имале загуба од 182 убиени и 250 ранети. Партизанските одреди имале 37 загинати и 58 ранети борци.

Непријателските сили убиле 29 селани, опожариле околу 500 куќи, 600 објекти за храна и чување жива стока, 14 училишта и еден манастир - манастирот Св. Архангел кај с. Чука. Најтешко настрадале селата: Нестрам, Чука, Радигожа, Галишта, Лудово, Нестиме, Чарчишта. (На истото место, 41.)

Партизанските единици во Костурско и Леринско започнале со офанзивни акции од широки размери кон средината на јули 1943 година. (На истото место, 52.) Особено успешни борбени дејства имал Леринско-костурскиот баталјон "Гоче". (На истото место, 51.) Ноќта на 23 спроти 24 јули 1943 година, единиците на 28 полк на ЕЛАС, Костурскиот македонски партизански одред и партизанскиот одред од Вермион, Воденско, извршиле напад на гр. Хрупишта. Во повеќечасовната борба партизанските единици влегле во градот. При нападот на штабот на пробугарското комитаџиско движење (се водела борба гради вгради), биле убиени 15 комитаџии, нивниот командант Васил Јанакиев бил ранет, а се предале и преминале на страната на партизаните 12 припадници. Утрото на 24 јули партизаните се повлекле од градот. (На истото место, 52.)

По капитулацијата на Италија во почетокот на септември 1943 година се зголемил бројот на партизанските одреди засилени со борбени акции. Во Костурско, од партизанската група предводена од Атанас Коровешовски и новопристигнатите борци, на 10 октомври 1943 година, бил формиран одредот "Лазо Трповски" со 28 борци. Од нив 16 штотуку се вратиле од Бугарија, поточно од Софија и Пловдив и стапиле во НОД во егејскиот дел на Македонија. (М. Фотев, Погледи и белешки, 16-18.) Командант на одредот бил Наум Пејов, кој само што пристигнал од Битола, (Фотев пишува дека одлука за формирање на одредот донел Околискиот комитет на КПГ за Костурско, а ја спровел Штабот на XXVIII полк на ЕЛАС на 10 октомври. (На истото место, 16.)) а политички комесар бил Мичо Шишков. (На истото место, 16-17.) Одредот дејствувал како единица на ЕЛАС. (Постоел само 2 месеци. Борците на Одредот "на своите партизански капи го носеа знакот на ЕЛАС, како и сите партизани на ЕЛАС а не петокраки ѕвезди." (Погледи и белешки, 16.)) На барање од борците и комунистите, командирот и политичкиот комесар набргу биле сменети. (М.

Фотев, Погледи и белешки, 16.) За командир бил поставен Димитар Тупурковски-Титан, а за политички комесар Наум Шупурков-Леон. (На истото место, 17.)

Во октомври и ноември биле засилени борбените акции против четите на пробугарското комитаџиско движење. Биле разоружани комитаџиите од селата: Габреш, Поздивишта, Кономлати, Черновишта, Дреновени и Станишта. (М. Фотев, За контрачетниците, 52.) Ноќта на 11 спроти 12 ноември, единиците на 28 полк на ЕЛАС извршиле напад на позициите на германско-италијанските единици во гр. Хрупишта. При нападот биле убиени 63 непријателски војници, заробени 4 италијански војници со 1 нивни офицер и запленети; оружје, (Запленето оружје: околу 40 пушки, 1 пушкомитралез, 2 пушкомитралези, големо количество муниција и рачни бомби.) миниција, друг воен материјал и товарен добиток. (Запленети 33 мазги. (На истото место, 52.)) До крајот на 1943 година била создадена голема слободена територија со 100-тина села од кои 80 населени само со Македонци. Селата во подрачјето на планината Вичо: Габреш, Дреновани, Поздивишта, Кономлати, Косинец, Побаница, В'мбел и други, биле очистени од комитаџиите на пробугарското движење и биле разоружани. Тоа подрачје станало сигурна база на партизанското движење. (М. Фотев, За коннтрачетниците, 42.)

Германските сили, грчката квислиншка жандармерија и полицијата се концентрирале на обезбедување на градовите, а патните сообраќајници ги обезбедувале вооружени припадници на грчките колаборационистички организации и комитаџии на пробугарското движење. И по претрпените загуби пробугарското движење на "Осовинскиот македонобугарски комитет" поддржувано од германските окупаторски власти и бугарската агентура ја зачувало структурата и влијанието кај дел од македонското население.

Партизанското движење едновремено ја интензивирало идејно-политичката борба. Македонското националноослободително оружено движење под водство на КПГ пред крајот на 1943 година влегло во повисока фаза на развојот.

Во егејскиот дел на Македонија со борбените дејствија на партизанските единици во кои голем дел од борците биле Македонци, се создала голема слободна територија, и се наметнало прашањето за решавање на виталните политички и национални прашања на македонскиот народ; организирање на народна власт, отворање на училишта и образование на мајчин јазик и др. Се посилно се манифестирало незадоволството поради актуелната политика на раководството на КПГ која “не одговарала на виталните национални интереси на македонскиот народ”. (На истото место, 43.) Од раководството на КП на Грција било барано да ја прифати постојната реалност и се сообрази со потребите и барањата на македонскиот народ; да обнароди воспоставување на односи на рамноправност и целосно остварување на колективните национални права на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија. Од тоа зависел натамошниот тек и успешноста на заедничката ослободителна и антифашистичка борба со грчкиот народ во која тој масовно учествувал.

При една таква состојба раководството на КПГ од егејскиот дел на Македонија се определило за тактичка промена на односот спрема македонскиот народ и неговиот стремеж за самостојно организирање на НОД во рамките на грчкото оружено антифашистичко движење. Тактичката промена поради промени на околностите се случила во втората половина на септември во 1943 година, кога се пристапило кон реализирање на “новата” партиска линија. Во тоа време во Костурско пристигнал секретарот на Обласниот комитет на КПГ од западниот дел на Егејска Македонија Христо Калфас -Андреас. На средбата со раководствата на КПГ, ЕАМ, ЕЛАС и ЕПОН, македонските активисти и борците во партизанските единици била посведочена бројната застапеност на Македонците во КПГ и ЕЛАС, односно нивното учество и придонесот во оружената антифашистичка борба, по што било расправано за положбата и проблемите на Македонците и начинот на нивното решавање. Потоа следувал троен состанок во с. Осничени (Костурско), (Состанокот се одржал во куќата на Стерјо Буклев. (На истото место, 43.)) на кој Калфас се состанал со секретарот на Околискиот комитет на КПГ - Периклис и со Паскал Митревски, командант на партизанскиот одред стациониран во

селото. На состанокот Митревски настапил со категорично барање да се основа македонска народноослободителна организација која како национален политички репрезент ќе ги разрешува актуелните политички проблеми на македонскиот народ во Егејска Македонија. Тој укажал дека само македонска национална политичка организација може да го мобилизира и ќе го мобилизира целиот борбен потенцијал на македонскиот народ во борбата против фашистичкиот окупатор и пробугарското оружено движење на "Осовинскиот македоно-бугарски комитет", и ќе ги разрешува акутните проблеми и сите прашања од витален интерес за македонскиот народ. Таа организација ќе дејствува како носител и доследен реализатор на братството и единството со грчкиот народ за остварување на целосна рамноправност. (М. Фотев, За контрачетниците, 43.) Со тоа пред КПГ било поставено решавањето на македонското национално прашање.

По добивањето на извештајот од Калфас, раководството на КПГ отстапило од својот дотогашен став. По неколку дена Околискиот комитет за Костурско добил директива да пристапи кон формирање на Македонска народноослободителна организација, со право на формирање во перспектива организации и во другите околии од егејскиот дел на Македонија. Но, во директивата се барало организацијата да се именува како словеномакедонска. (Се признавало постоење на словенско население во "грчка" Македонија кое се јавувало како респектибилен фактор во борбата против окупаторот и во борбата на КПГ за преземање на власта во Грција.) Во секој случај раководството на КПГ дало согласност за автономно организирање на македонското националноослободително движење (НОД) (Фотев за тоа пишуваше: "Формирањето на македонската револуционерна организација СНОФ претставуваше единствено правилно решение на КП на Грција по македонското прашање во текот на НОБ (1941-1945 година)." (М. Фотев, За контрачетниците, 45.)) и за создавање македонски партизански единици. Веднаш потоа, на 10 октомври 1943 година, бил формиран македонскиот партизански одред "Лазо Трповски", од 27 борци (само Македонци), а било прифатено и афирмирањето на борбата на Словеномакедонците за слобода, самостојно организирање,

создавање на институции и афирмирање на посебноста на македонскиот народ.

**Основањето и дејноста на Словеномакедонскиот народноослободителен фронт (СНОФ)**

Македонскиот народноослободителен фронт од егејскиот дел на Македонија бил основан есента 1943 година под името СНОФ. Основачкиот состанок бил одржан на 20 октомври 1943 година, во с. Д'мбени, Костурско, во куќата на Кирјако Цалев, на кој било избрано окружно раководство. За прв секретар бил избран Паскал Митревски. (На истото место, 44; М. Фотев, Погледи и белешки во врска со книгата на Благоја Талески "Првата македонска егејска бригада", Скопје, НИП Нова Македонија (1985), 26.) Подоцна, на25 декември била одржана Првата конференција на СНОФ, во с. Крчишта, Костурско. (На истото место, 44; М. Фотев, Погледи и белешки, 26.) Во работата на конференцијата учествувале околу 200 делегати (М. Фотев, Погледи и белешки, 26.) од 75 села и од гр. Хрупишта, како и претставници на околиските организации на КПГ, ЕАМ, ЕЛАС и ЕА. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 46.) Паскал Митревски во својство на секретар поднесол реферат во кој посебно го нагласил силниот одѕив на целиот македонски народ од егејскиот дел на Македонија, за обнародување и формирање на СНОФ, прифатено како израз на волјата за остварување на стремежите за самостојно национално организирање во борбата за извојување на "слободен национален политички и оштествен развој", (М. Фотев, За контрачетниците, 44.) како "смел и крупен чекор" за натамошна афирмација на македонскиот народ и неговата борба "со сите демократски и прогресивни сили заедно со грчкиот народ." (На истото место.) На Конференцијата за членови на Секретаријатот на СНОФ биле избрани Киро Попвасилев и Андон Цалев, а за членови на Окружниот одбор биле избрани: Васил Алексовски, Лазо Поплазаров, Симо Калчев, Лазо Хаџиев и Евдокија Балева-Вера која била одговорна за организацијата на жените во Костурско, и др. (М. Фотев, Погледи и белешки, 26.) На конференцијата се усвоила националната програма за просветна, културна и информативна дејност; отворање училишта со настава на мајчин македонски јазик, негување и афирмирање на народните

национални традиции п обичаи, организирање на културно-уметнички приредби и други манифестации, одбележување на историските револуционерни настани како и националните празници на македонскиот народ. (М. Фотев, За контрачетниците, 46-47.) За реализирање на програмата било избрано Биро за културно просветна дејност, раководено од Лазар Поплазаров. (М. Фотев, Погледи и белешки, 31.) Бил издаван и весник под името “Славјано-македонско глас”, орган на Окружниот одбор на СНОФ за Костурско, (На истото место.) а Васко Караџа бил јазичен коректор и преведувач на весникот. (На истото место.)

Освен во Костурско, организација на СНОФ била формирана и во Леринско, за секретар бил избран Петре Пилаев. (М. Фотев, Погледи и белешки, 27.) Двете окружни организации дејствувале самостојно, раководени од окружните одбори. Единствена организација на СНОФ не била создадена. (На истото место, 28.) Поради непостоење на заеднички раководен орган, окружните раководства практикувале одржување на заеднички состаноци на кои меѓусебно се информирале за состојбите на теренот и за положбата на нивните организации. (На истото место.)

Неочекувано за раководствата на СНОФ во Костурско, ОК на КПГ на 10 ноември 1943 година, донесол одлука за расформирање на македонскиот одред (по само еден месец од неговото формирање). (М. Фотев, За контрачетниците, 71.) Расформирањето на одредот било прифатено без протести и отпор, иако вистинските намери и крајната цел на политиката на КПГ спрема македонскиот народ и македонското прашање била индикативна. Македонските комунисти кои биле во окружното раководство останале лојални на КП на Грција во спроведувањето на политиката.

Македонската организација на СНОФ во услови на крајно ограничени можности и без единствено раководство, но “со скромни информативни средства и со целосна посветеност на активистите, широко ја разбудила националната свест и афирмирањето на посебноста на македонскиот народ”. (М. Фотев, За контрачетниците, 47.) Од самиот момент на

основањето, организација на СНОФ дејствувала како политички револуционерен фактор за зацврстување на националното единство (Фотев: "Една од главните задачи на организацијата на СНОФ, со цел да го оствари и зацврсти морално политичкото и националното единство на македонскиот народ, беше неопходно и во таа насока работеше да ја разобличи пред очите на народот опасната улога на бугарските емисари и на бугарскиот комитет, да ги демаскира великобугарските завојувачки претензии спрема Егејска Македонија." (На истото место, 45-46.)) на македонскиот народ.

Окружните раководства на СНОФ за Костурско и Леринско одржале состанок на 28 јануари 1944 година, во с. Црновиште, Костурско за да ја разгледаат ситуацијата и меѓусебно да се информираат за положбата на организациите на СНОФ (Фотев го оспорува пишувањето на д-р Ристо Кирјазовски дека на состанокот во с. Црновиште се расправало за македонското национално прашање, за судбината на Македонија по војната, учеството на Наум Пејов, како и тоа дека раководството на СНОФ за Костурско, особено Наум Пејов, упорно се застапувале Грција да се организира на федеративен принцип, составена од две федерални републики од НР Грција и НР Егејска Македонија. Тоа можело да се оствари ако раководството на СНОФ официјално го побарало, што било желба и на македонскиот народ. За тоа запишал: "Тоа е апсурд, без преседан! Состанокот во с. Црновиште не беше со намера да ја разгледува судбината на Македонија, да расправа за македонското национално прашање. Се практикуваше помеѓу окружните раководства на СНОФ да се одржуваат периодични контакти на кои меѓусебно се информираа за положбата за организациите, за положбата на македонските народни маси, за нивните проблеми итн. Такво крупно и важно прашање за создавање на НР Егејска Македонија не можеше (да се очекува) да се оствари дури и при добра волја на КПГ, бидејќи тоа не зависеше исклучиво од неа, туку од коалицијата ЕАМ и ЕЛАС, и од готовноста на сите прогресивни сили на грчкиот народ, па дури и од меѓународните фактори, сојузниците од антифашистичката и антихитлеровската коалиција кои беа директно заинтересирани за иднината на Грција." За тврдењето дека на состанокот на раководителите учествувале Михајло

Керамитчиев и Наум Пејов, Фотев запишал: “и тоа е лага! Михајло Керамитчиев никогаш не беше во раководниот актив на СНОФ. Тој е учесник во НОД на Егејска Македонија од февруари 1944 година; од 1941 до септември 1943 година живееше во Бугарија, во Софија, во октомври 1943 год., по капитулацијата на Италија, се врати во родното село Габреш, во февруари 1944 се активира во резервниот состав на ЕЛАС. Наум Пејов не беше во Окружното раководство на СНОФ. За прв пат стана активист на СНОФ по првата конференција што се одржа на 12 и 13 април 1944 година, и беше поставен за одговорен на СНОФ во подреонот Корештата, Костурско.” (М. Фотев, Погледи и белешки, 27-28.)) во Костурско и Леринско. (М. Фотев, Погледи и белешки, 27-28.)

По состанокот организациите ги интензивирале активностите за организационо зацврстување и дејствување, за активирање на нови борци во единиците на ЕЛАС, и за засилување на борбата против германскиот и бугарскиот окупатор. (М. Фотев, За контрачетниците, 45.) Во тоа време, бидејќи не постоела единствена македонска национална организација, не се поставувало прашањето ниту барањето за создавање на самостојни македонски партизански единици. (Фотев го негира тврдењето на д-р Ристо Кирјазовски дека на иницијатив на СНОФ и со согласност на КПГ била донесена одлука да се формираат “вооружни сили на СНОФ - СНОВ (Славјаномакедонска војска)” и дека истите биле формирани во почетокот на 1944 година на планината Вичо. Тој пишува: “Ниту беше донесена одлука за формирање вооружени сили на СНОФ, ниту беа формирани такви единици на планината Вичо.” (Погледи и белешки, 27.))

Во почетокот на 1944 година, партизаните во составот на ЕЛАС во Костурско, ги засилиле оружените дејства: на 6 јануари 1944 година, бил извршен напад на германскиот гарнизон и на комитаџиите во гр. Хрупишта, на 11 јануари на комитаџиските чети во Добролишта и Четирок, а на 25 март на комитаџиските чети во селата Изглеби и Горенци, (На истото место, 53.) сите од Костурско.

Во почетокот на април 1944 година, германските сили во Костур и Лерин заедно со оружените формации на пробугарското комитаџиско движење ја презеле пролетната офанзива за разбивање на партизанските единици во поширокиот реон на планината Вичо. Нивното напредување било запрено и биле присилени на повлекување во своите бази. На 5 април партизаните извршиле напад на германската моторизирана единица кај с. Клисура во месноста Даули нанесувајќи им тешки загуби, а биле убиени и 25 германски војници. По пристигнувањето на засилувањето од Сорович истиот ден германсите сили го нападнале с. Клисура населено со македонско и влашко население масовно организирано во НОД. Селото го опожариле. Од 215 куќи 180 изгореле до темел и биле масакрирани 285 жители; затекнати мажи, жени, деца и старци. (М. Фотев, За контрачетниците, 53.) На 12 април и 4 мај, германските единици од Костур и Лерин, како и комитаџиските чети со околу 200 припадници презеле нов напад на партизанските позиции во реонот на Вичо. Нападот бил одбиен при што им биле нанесени загуби од 6 убиени и 25 ранети германски војници и комитаџии. (На истото место, 53.)

Втората конференција на СНОФ била одржана во с. Д’мбени, Костурско, (М. Фотев, За контрачетниците, 45.) на 12 април 1944 година, а за прв секретар повторно бил избран Паскал Митревски. (М. Фотев, Погледи и белешки, 26-27.) Организацијата на СНОФ како приоритетна задача си го поставила проширувањето во сите окрузи од егејскиот дел на Македонија. Како национална револуционерна организација да настапува како единствен легитимен претставник на македонскиот народ, рамноправна членка во антифашистичката коалиција на ЕАМ. Бидејќи, единствено така македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија можел да стане рамноправен член со грчкиот народ. (М. Фотев, За контрачетниците, 47.) Македонската национална организацијата од раководството на КПГ побарала во егејскиот дел на Македонија да дејствува само КПГ, а да се распуштат другите грчки антифашистички организации во кои членувале Македонците. Сите Македонци да бидат организирано обединети во својата национална организација, во СНОФ, призната како таква од ЕАМ и ЕЛАС. (На истото место, 47.)

На тие барања раководството на КПГ одговорило со распуштање на СНОФ, во април 1944 година. (На истото место, 60.) Раководството на КП на Грција го спречило самостојното политичко организирање и дејствување на ослободителното движење на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија. Во време кога македонската војската од вардарскиот дел на Македонија имаше ослободено поголем дел од земјата, се подготвуваше свикување на АСНОМ и претстоеше конституирање на македонската национална држава. Тоа беше официјализирано кон крајот на ноември 1943 година на Второто заседание на АВНОЈ (Одржано во градот Јајце на 29 и 30 ноември 1943 година.) со прогласување и создавање на федеративна Југославија со Македонија како конститутивна членка на федерацијата.

Македонските револуционери-комунисти, кадри на КПГ во раководството на СНОФ ја прифатиле и ја спровеле таа одлука на грчкото партиско раководство. (Иако истата била доволно индикативна за антимакедонската суштина на политиката на раководството на КП на Грција.) Македонските борци и народот им верувале на македонските комунисти и очекувале, по победата над окупаторите, остварување на националните права и рамноправност со грчкиот народ.

На 14 мај, партизанските одреди извршиле напад на комитаџиската чета во с. Прекопана, Леринско, на која и пристигнало засилување од германската единица и комитаџиите од соседните села Черешница и Олишта. По двочасовната борба со надмоќните непријателски сили, партизанската единица се повлекла. Во борбата загинале шестмина, а петмина партизани биле ранети. (М. Фотев, За контрачетниците, 53.) Кон крајот на мај 1944 година, германските единици се повлекле од позициите во градовите од западниот дел на Егејска Македонија. На 24 мај ги напуштиле Костур и Хрупишта. Одбраната им ја препуштиле на четите од пробугарското комитаџиско движење кое имало позиции и во блиските села. Единиците на XXVIII полк на ЕЛАС извршиле фронтален напад во двата града и во селата: Мањак, Тиквени и Четирок. Во почетокот на борбите околу 50 припадници на четите на

комитаџиското движење успеале да се повлечат и да пребегнат преку Лерин во Бугарија. Другите го фрлале оружјето и се криеле, а 73 од нив биле заробени. (На истото место, 53-54.) Меѓу заробените биле и двајцата опасни злосторници: Христо Насковски (Х. Насковски од с. Езерец, Костурско.) и Диме Ќосев. (Д. Ќосев од с. Манјак, Костурско.) При обидот за бегство бил застрелан комитаџијата Никола Шестеваров, познат како војвода бај Кољо. (М. Фотев, За контрачетниците, 54.) Двајцата опасни злосторници револуционерниот суд на партизанскиот полк ги осудил на смрт и биле стрелани. (На истото место, 54.)

Македонскиот народ и покрај сета жестокост од страна на окупаторот и квислингшките формации со голем ентусијазам и со верба во успехот на ослободителното дело, се помасовно учествувал во оружената антифашистичка борба. Се посилен бил стремежот за создавање на самостојни македонски единици. Само еден дел од борците се определил за соединување со единиците на македонската војска во вардарскиот дел на Македонија. Во мај 1944 година, поголема група Македонци-партизани, борци во единиците на ЕЛАС, заедно со некои позадински активисти од Костурско и Леринско, предводени од Атанас Коровешовски се отцепиле од ЕЛАС и се присоединиле во единиците на НОВ од вардарскиот дел на Македонија. Тие се приклучиле на македонските партизански единици во Планината Караорман, каде што се формирал баталјон од борци од егејскиот дел на Македонија. Но, набргу потоа, кон крајот на месец јули, биле вратени назад во егејскиот дел на Македонија. (М. Фотев, За контрачетниците, 56.)

На 28 мај, германската тенковска единица извршила напад на Костур и Хрупишта со што ги присилиле партизаните да се повлечат. Го уапсиле Лука Дамјанов (Водечка личност на пробугарското комитаџиско движење во Костурско.) и го застрелале кај с. Горенци, (М. Фотев, За контрачетниците, 54.) како главен виновник за преземањето на Костур од партизаните. По ликвидирањето на Лука Дамјанов, Комитаџиското движење било дезорганизирано. Партизанските единици по повлекувањето на германските единици од

градовите ги продолжиле борбените дејствија со напади на непријателските позиции. Само во последните борби од 24 до 28 мај 1944 год., окупаторските сили, четите на комитаџиското движење и грчката квислиншка жандармерија имале 211 убиени, 114 ранети, а 320 комитаџии биле заробени или самите се предале на партизаните. (На истото место, 54.) Единиците на ЕЛАС во внатрешноста ја контролирале целата територија во западниот дел на Егејска Македонија со главните патни сообраќајници; Солун-Лерин-Битола; Кожани-Каљари-Лерин-Битола, како и железничката линија: Солун-Лерин-Битола, кои биле од витално значење за повлекувањето на германските единици кон север.

За воспоставување на контрола и обезбедување на сообраќајниците, Германската команда презела голема офанзива , од 3-22 јули 1944 година, со армиски сили од 12.000 и 3.000 жандарми на грчката квислиншка власт, чети на ПАО, преостанати комитации на пробугарското движење и албански балисти. За време на јулската офанзива се воделе жестоки борби со големи загуби од двете страни. Германските единици и квислиншките формации имале загуби од 750 убиени и ранети припадници, а партизанските единици околу 200 борци. На 22 јули офанзивата била запрена, германските сили и квислинзите се повлекле во своите бази. (М. Фотев, За контрачетниците, 54-55.) За цело време партизанските единици имале масовна поддршка и сестрана помош од населението кое дало големи жртви за успехот на ослободителното дело. Непријателските сили за време на воените дејствија и при нивното повлекување извршиле масовни злосторства и опустошиле многу населени места, повеќето со македонско население. Според евидентираните податоци од Штабот на XXVIII полк на ЕЛАС, што ги соопшува Фотев, опожариле 4.449 куќи, 5.483 колиби, и објекти за добиток, 53 основни училишта, 25 цркви, убиени 161 и уапсени 427 мажи и жени, отепани 840 грла крупен добиток, а заплениле 3.497 крупен и 27.755 ситен добиток (овци и кози). (На истото место, 55.)

Ставот на КПГ спрема СНОФ во контекстот на пробугарското политичко и комитаџиско движење

КП на Грција во својата политика се раководела, како и грчките граѓански партии, од грчкиот големодржавен интерес за зачувување на постоечкиот статус во егејскиот дел на Македонија во грчката држава. Не го признавала постоењето на македонскиот народ, туку само "словеногласни" во Грција. Иако македонскиот народ масовно учествувал и со давање на жртви и придонеси во заедничката оружена борба против фашистичките окупатори, раководството на КПГ ја расформирало македонската организација на СНОФ. Ја расформирала за да го спречи самостојното организирање на македонското националноослободително движење. Раководството немало доверба во македонските комунисти и борци, иако тие се докажале во оружената борба, не им верувале во нивната приврзаност кон партијата и лојалноста на Грција. Од самиот почеток на оружената борба против фашистичките окупатори во егејскиот дел на Македонија, за раководењето со партијата, со младинската организација на ОКНЕ и со ЕАМ, биле поставувани Грци, дури и осведочени функционери на режимот и жандарми. По основањето на ЕАМ, за прв секретар на Околискиот комитет бил поставен Теодорос Марјолис-Лефтерос, поранешен водник на грчката жандармерија. За прв секретар на ОК на Сојузот на комунистичката младина (ОКНЕ) бил поставен Михалис, поранешен жандарм, а за член на тричлениот секретаријат на ОК на КПГ во Костур, бил избран Георгиос Венетис од Епир, локален функционер на диктаторскиот режим на Метаксас и организатор на младинската фашистичка организација на ЕОН. Тој во ЕАМ учествувал од април 1943 година. (М. Фотев, За контрачетниците, 62.) Андонис Дилјанис, (Бил доселеник од Турција.) по окупацијата назначен за учител во македонското с. Лудово, Костурско, бил агент на грчката терористичка антимакедонска организација ПАО, во ЕАМ бил примен во јануари 1943 година, а во март истата година бил поставен за секретар на Реонскиот комитет (РК) на ЕАМ. Тој лажно обвинил тројца македонски патриоти од селото: Вангел Пени, Коста Димули и Ѓорги Бодов дека биле соработници на "Осовинскиот македонобугарски комитет". Тие, на негово инсистирање, од ОК на КПГ биле осудени на смрт и стрелани. По наредба на истиот комитет на КПГ на семејствата на стреланите им бил конфискуван подвижниот имот, добитокот и

земјоделските прехранбени производи. Тој функционер на КПГ по нецела година, во март 1944 год., едноставно си заминал од ЕАМ и се вратил да дејствува во својата матична организација на ПАО. (М. Фотев, За контрачетниците, 62-63.)

Како во партиските организации така и во партизанските единици на ЕЛАС во егејскиот дел на Македонија, КП на Грција испраќала офицери на грчката армија и грчката полиција, активни припадници на грчката квислиншка власт. Во почетокот на март 1943 година, во Првиот костурски партизански одред биле примени: Кирцидакис, (Грк од островот Крит.) резервен поручник, шеф на пазарната инспекција во Костур, Коста Зизис, (Од Пелопонез.) резервен поручник на служба во префектурата во Костур, Мандаропулос активен заставник на грчката квислиншка жандармерија, Баскакис Паскалис активен заставник во грчката квислиншка полиција, (Тој за време на диктаторскиот режим на Метаксас од 1936-1940 година, бил началник на полицијата во гр. Хрупишта и Четирок, Костурско, ги прогонувал и жестоко измачувал македонските патриоти и комунисти.) сите во активна служба на грчката квислиншка власт до стапувањето во партизанскиот одред. Во тоа време во одредот стапиле и Теодорос Ефремидис резервен поручник на грчката армија и Никос Папатанасиу исто така резервен поручник, "познат националист и соработник на грчката полиција". (На истото место, 63.) По доаѓањето во партизанските единици на сите им биле дадени офицерски командни должности. (Фотев: "Околискиот комитет на КПГ, ЕАМ и Штабот на партизаните на ЕЛАС од Костурска околија без да проверат и да утврдат со какви намери споменатите офицери изразија желба да стапат во редовите на партизаните на ЕЛАС, без да водат сметка како тие ќе бидат примени од борците и од народот со оглед дека народот на Костурската околија знаеше кои беа тие, го знаеше нивното потекло и минато, веднаш, без двоумење им доверија офицерски командни должности". (М. Фотев, За контрачетниците, 63.)) Бргу се покажало дека биле уфрлени за да го дезорганизираат и разбијат партизанското движење. Папатанасиу кој командувал со партизанскиот одред од 70 борци го растурил и потоа дезертирал. Дезертирале и другите офицери кои подоцна ги предводеле вооружените банди на грчката антимакедонска

терористичка организација ПАО. Кирцидакис со група офицери во с. Забардени, населено само со доселеници од Мала Азија, формирал терористичка банда од околу 40 Грци, која на 5 април 1943 година, ја разоружала и заробила, “на подмолен начин” групата македонски партизани која се наоѓала во селото. Меѓу заробените биле: Томо Чангов, Стерјо Мавранѕа, Таки Попдимитровски, др. (М. Фотев, За контрачетниците, 63.) На 9 април 1943 год., вооружени припадници на ПАО во заседа кај с. Имера, Кожанско, ги заробиле партизанските раководители: Лазо Трповски и Керасидис Симос и на најсвиреп начин ги ликвидирале. (На истото место, 64.) Истиот ден партизанските одреди на ЕЛАС ја разбиле бандата на ПАО во с. Забардени и ги заробиле дезертерите: Кирцидакис, Мандаропулос и Ефремидис кои партизанскиот суд ги осудил на смртна казна со стрелање. (На истото место, 63-64.)

Раководствата на КПГ и на ЕЛАС, и по сите тие случувања не презеле потребни мерки за расчистување со инфилтрираните агенти. Напротив, на сите инфилтрирани армиски и полициски офицери “националисти, а некои и познати ројалисти” им ги “легализирале командните позиции во ЕЛАС”. (На истото место, 64.) Од редот на тие грчки офицери биле: генералот Димаратос - командант на IX дивизија на ЕЛАС, потполковникот Московитис - командант на LIII полк, мајорот Лазаридис - командант на XXVIII полк и др. Во IX дивизија на ЕЛАС која дејствувала во западниот дел на Егејска Македонија околу 70% од командантите и командирите биле офицери на поранешната грчка армија. (М. Фотев, За контрачетниците, 64.) За поставување на докажаните македонски револуционери и борци на високи командни должности во партизанските единици на ЕЛАС не им пречело. Таквиот кадровски состав на командните должности во тие партизански единици на ЕЛАС, произлегол не само поради “отсуство на револуционерна будност” на раководствата на КПГ и ЕЛАС, како што пишува Фотев, туку во суштина се работело за добро осмислена и спроведена политика во егејскиот дел на Македонија.

Таа политика на КПГ била вградена во официјалните партиски документи, имала антимакедонска суштина. Пленумот на ЦК на КПГ во јануари 1942 година, усвоил заклучок партијата да

дејствува како “словеногласното малцинство”, да не падне под влијание на демагогијата на бугарските окупатори. (Фотев: “Еве каков став заседе ЦК на КПГ на VIII пленум во јануари 1942 година: Нашата партија треба да ја развива целата своја дејност да ги поучи националните малцинства, специјално словеногласните Македонци за да не бидат заведени од омразата поради националното угнетување од грчките капиталисти со сегашната демагогија на окупаторите, особено на бугарските империјалисти кои се сателити на Хитлер и Мусолини.” (На истото место, 58-59.)) Фотев тој став на ЦК на КПГ го оценува како “национална навреда за македонскиот народ” во егејскиот дел на Македонија кој токму под раководството на КПГ масовно учествувал во оружената антифашистичка борба и докажал на дело дека германско-италијанско-бугарската окупација ја сметал за “преминување од едно (грчко, на монархистичките режими) во друго потешко (тројно) ропство”. (На истото место, 64.) Македонскиот народ бил и останал доследен на своите револуционерни традиции за борба против сите поробувачи, и не постоела опасност да биде со окупаторот, “факт којшто раководството на КПГ требало да го знае”. (На истото место, 59.) Особено затоа што во егејскиот дел на Македонија КП на Грција “од денот на нејзиното постоење над 50% од населените места со Македонци секогаш имала најмасовни и најборбени партиски и младински организации (На истото место, 59.) на ОКНЕ”. (Младинска организација на КПГ.) Уште порелевантна потврда за смислената антимакедонска политика на раководството на КПГ, претставуваат фактите што ги наведува Фотев, за кои нема причина да не се земаат за веродостојни. Тој пишува дека во егејскиот дел на Македонија во основните организации на КПГ, ЕАМ, ЕПОН и др., за раководители биле поставувани лица кои стапиле во антифашистичкото движење по сила на околностите сврзани со револуционерните настани, а за кои било познато дека тие “уште во 1941 година ја прифатиле великобугарската политика за македонското прашање и директно или индиректно го помагале пробугарското движење или биле комитаџии”. (М. Фотев, За контрачетниците, 65.) За тие кадровски решенија биле давани провидни, во суштина бесмислени оправдувања, со цел КПГ со тие лица, “поранешни активисти на пробугарското движење, да повлијаат на заблудените комитаџии, и на тој

начин да го растурат комитаџиското движење". (На истото место.) Минчо Фотев ваквите постапки на КПГ ги објаснува со нејзините "погрешни оценки и констатации", "за брзоплета и непромислена кадровска политика" на раководството на КПГ (На истото место, 58) со "тешки далекусежни последици". (На истото место, 65.)

**Информативната блокада на КП на Грција**

Раководството на КП на Грција воспоставило и одржувало потполна информативна блокада за македонскиот народ во егејскиот дел на Македонија и македонските борци во партизанските одреди на ЕЛАС во врска со настаните во другите делови на Македонија. Весниците, билтените и другите гласила не објавувале свои, ниту пренесувале информации од другите гласила за текот и победоносното завршување на НОВ на македонскиот народ во вардарскиот дел на Македонија. Првите информации биле добиени непосредно од единиците на Македонската војска од вардарскиот дел на Македонија по нивното преминување и за време на краткотрајниот престој на територијата во егејскиот дел пред крајот на 1943 и почетокот на 1944 година. (М. Фотев, За контрачетниците, 66-67.) И после тоа информативната блокада продолжила ригорозно да се спроведува. Партиските гласила не објавиле никаква информација за одржувањето на Првото заседание на АСНОМ, на 2 авуст 1944 година, и за конституирањето на македонската национална држава, рамноправна конститутивна членка на ДФ Југославија. (М. Фотев, За контрачетниците, 66.)

Токму тогаш раководството на КПГ се определило за неселективно масовизирање на партијата. Во партиските организации биле примани лица со политички убедувања туѓи на комунистичката идеологија, се зачленувале дури и "поранешни жандарми, грчки контрачетници, комитаџии, активни членови и функционери на грчките фашистички организации за време на диктатурата на Метаксас (1936-1940), црноберзијанци за време на окупацијата (1941-1943) и др. Не ретки биле случаите тие да бидат во повисоките партиски форуми на КПГ и на клучни функции во ЕЛАС, ЕАМ, ЕПОН, со фатални последици." (На истото место, 66.) Со таков состав

основните организации на КПГ ја загубиле авангардната улога, а КПГ стекнатата позиција како водечка политичка сила во Грција за време на антифашистичката борба, иако според податоците претставени на VII конгрес, одржан во октомври 1945 година, партијата имала 450.000 членови без младите комунисти членови на ЕПОН. (М. Фотев, За контрачетниците, 66.)

За КПГ и ЕАМ во Грција немало македонско прашање. За сето време на антифашистичката оружена борба спроведувале интегристичка политика преку разгранетата мрежа од органи и тела за агитација и пропаганда, како и преку средставата за информирање (весниците, билтените и другите гласила). Одделенијата за агитпроп при околиските раководства на КПГ, ЕАМ, ЕПОН во егејскиот дел на Македонија и во бригадите и дивизиите на ЕЛАС "со сите можни средства што им стоеле на располагање; преку весници, брошури, летоци и др. воделе систематска интензивна пропаганда", за континуитетот на оружената ослободителна борба против фашистичките окупатори со грчкото револуционерно минато; со "легендарните подвизи на грчките востанички чети во борбите против турското ропство во 1821 година, борбите на грчкиот народ особено на работничката класа против ненародните буржоаски режими за демократски политички и социјални права." (На истото место, 67.) По секој поважен грчки историски настан организирале "борбени манифестации и партизански акции против окупаторот и контрачетниците", го величеле националното револуционерно минато на грчкиот народ. (На истото место, 67.) Во единиците на ЕЛАС, секојдневно се раскажувало за подвизите и се пееле песни за Теодорос Колокотронис, Ригас Фереос, Караискакис, Атанасиос Дјакос и др. (На истото место, 68.) За националните револуционерни традиции на македонскиот народ; за македонските револуционерни великани, Гоче Делчев, Даме Груев, Јане Сандански и други, за Илинденското востание, за историските битки и херојските подвизи на славните илинденски востанички чети против турскиот аскер во Невеска, Клисура итн, за неговата континуирана борба за своите национални и социјални права не се споменувало ниту во партизанските единици на ЕЛАС во кои мнозинството борци

биле Македонци, во време кога во егејскиот дел на Македонија “имало голем број на преживеани илинденски борци”. (На истото место, 67.) Раководството на КПГ систематски го игнорирало македонскиот народ.

По директива на КПГ, во штабовите на бригадите и дивизиите на ЕЛАС од втората половина на 1943 година имало младински чети на ЕПОН задолжени за реализирање на програмската културно-уметничка дејност од драмски и хорски групи формирани во тие единици. Во сите населени места во егејскиот дел на Македонија биле организирани културни манифестации на кои биле изведувани драмски претстави од животот и борбите на грчкиот народ, се пееле грчки револуционерни песни, биле рецитирани делови од револуционерната грчка национална поезија, се играле грчки народни ора, “ништо македонско не се споменувало”. (На истото место, 68.) Од септември 1943 година, во дел од западна Егејска Македонија под контрола на ЕЛАС, се отворале основни училишта и била организирана настава, раководството на КПГ издало директива во населените место со македонско население наставата да се изведува на грчки јазик. (На истото место.) Македонците, борците и народот огорчено протестирале. (На истото место.)

Со отворено негирање на најелементарните национални права на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија кој “самопрегорно и херојски се борел во заедничката борба со грчкиот народ против германските, италијанските и бугарските окупатори и домашните предавници.” (На истото место.) КПГ на дело докажала дека македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија не го признава како народ, а ниту како национално малцинство. Докажала дека спроведува и ќе спроведува политика на негово интегрирање и асимилирање. Не признавала постоење на нерешено македонско национално прашање во Грција.

Тој став на раководстото на КПГ, го соопштил секретарот на ПК на КПГ од егејскиот дел на Македонија и Тракија Леонидас Стрингос на пленарен состанок на Обласниот комитет на КПГ за западниот дел на Егејска Македонија одржан во мај 1944

година, во с. Жупан. Директивно изјавил дека: “за КПГ не постои македонско национално прашање” (Ставот го образложил со повикување на демографските промени во егејскиот дел на Македонија, дека тука живееле 90% грчко население. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 11.)) егејскиот дел на Македонија за партијата бил и останал “интегрален дел на Грција” (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 11.), дека партијата погрешила во согласноста за основање на македонската организација СНОФ, но набрзо ја согледала направената голема грешка и ја коригирала со нејзиното расформирање. (Стрингос: “Голема грешка направивме што дозволивме да се формира славомакедонската организација СНОФ, но таа наша грешка благовремено ја увидовме, па затоа ја расформиравме”. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 11.))

Фотев дава објаснување за ставот на КПГ соопштен од нејзиниот функционер кој раководел со партијата во егејскиот дел на Македонија. Тој пишува дека расформирањето на СНОФ се случило поради недоследноста и опортунизмот. (Фотев: “Објективно гледано расформирањето на македонската организација на СНОФ во 1944 година, не е исправање на сопствената грешка на КПГ, како што тврди Стрингос, туку, недоследност на нејзиното раководство и израз на опортунистичкиот и шовинистичкиот однос спрема македонското национално прашање”. (М. Фотев, Развојниот пат, 11.)) Всушност се работи за тоа што го вели Стрингос декларираниот став за “национална рамноправност” (Фотев пишува дека таков став бил заземен на сегрчката конференција на КПГ во декември 1942 година и што функционерите и кадрите на ПК на КПК од егејскиот дел на Македонија и западниот дел на Тракија “му проповедале на македонскиот народ дека по победата над фашистичката оска сите Македонци ќе добијат слобода и рамноправно ќе живеат во слободна Грција. “(М. Фотев, За контрачетниците, 69.)), бил само парола на КПГ за придобивање на македонскиот народ (Фотев пишува дека тој став на КПГ “останал мртво слово” во актите. (М. Фотев, За контрачетниците, 69.)), за остварување на своите политички интереси. Високите функционери на КПГ, ЕАМ и ЕЛАС останувале на ставот дека во “грчка” Македонија немало Македонци, туку славофони. Така биле нарекувани и

македонските борци во единиците на ЕЛАС од Врховниот командант Стефанос Сарафис и командантот на групата дивизии на ЕЛАС во егејскиот дел на Македонија Еврипидис Барsис. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 11.) Според тоа, КПГ, ЕАМ и ЕЛАС Македонците не ги сметале ниту за етничка група, како што пишува Фотев, (Фотев: "Раководствата на КПГ и ЕАМ македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија го третираат како етничка група како што се: Власите, Ромите, Ерменците и Евреите кои живеат во Грција." (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 11.)) туку за јазична славофонска група.

Фотев пишува дека за тоа виновни биле водечките македонски револуционери, функционерите на КПГ: Лазо Трповски, Атанас Караџа, Петро Пилаев, Трифун Хаџијанев, Трпе Калимановски и др. Тие не покажале решеност да протестираат на насилното распуштање на националната револуционерна организација на СНОФ. Со одлука на КПГ и ЕАМ единицата на ЕЛАС под команда на Аристотелис Хутурас-Арианос, во мај 1944 година "на најбрутален начин ги уапсила раководителите на окружното раководство на СНОФ за Костурско." (М. Фотев, За контрачетниците, 71.) Членот на раководството Лазо Димовски-Ошенски (Втор секретар на Окружниот одбор, избран на Втората конференција на СНОФ.) за да ја докаже својата лојалност кон КПГ пред партиската иследна комисија лажно ги обвинил членовите на раководството на СНОФ дека биле антипартиски елементи, македонски националисти. Врз основа на неговото лажно сведочење сите тие биле обвинети како автономисти и националисти, дека извршувале "туѓи директиви". (На истото место, 71.) Веднаш потоа раководството на КПГ ја расформирало македонската организација на СНОФ. Споменатите раководители за да ја докажат својата лојаност на КПГ со посветеност ја спроведувале нејзината политика спрема македонското прашање. (На истото место, 69.)

Токму поради таа кадровска политика и позиција на КПГ спрема македонското прашање, партизанското движење на ЕЛАС во западниот дел на Егејска Македонија, од март до септември 1944 година, до капитулацијата на Бугарија "минувало низ тешка криза". Окупаторите преку

инфилтрираната агентура во ЕЛАС и со квислиншките формации: грчката полиција, вооружените чети на ПАО, ЕДЕС и Влашката легија ги засилиле борбите против партизанските единици тероризирајќи го населението на слободната територија во егејскиот дел на Македонија, успеале да создадат свои бази во селата населени со мнозинско грчко население доселеници од Турција. (На истото место, 64.) Инфилтрираните агенти на окупаторите и групи приврзаници на грчките квислиншки организации во командните позициите на ЕЛАС предизвикале внатрешни судири во партизанските единици. Најтешки оружени судири во единиците на ЕЛАС се случиле во селата Костанца и Забардени, преземени за ликвидирање на комунисти (Грци) и македонски борци. (На истото место.)

Настанатата состојба била максимално искористена од пробугарските организации: “Осовинскиот македонобугарски комитет” и “Охрана” да ја подобрат својата позиција и да го прошират своето влијание во Воденско, Леринско, а особено, во Костурско. (М. Фотев, За контрачетниците, 64-65.) Раководството на КП на Грција се нашло во позиција да прави привремени отстапки.

**Македонскиот баталјон “Гоче” во составот на ЕЛАС**

Во јули 1944 година, биле водени преговори помеѓу претставниците на Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија, и ЕЛАС за формирање на посебни македонски единици (М. Фотев, Погледи и белешки, 18-19.) во составот на ЕЛАС. Согласноста била постигната, раководството на КП на Грција одлучило да се формира македонски баталјон. Во реонот на планината Вичо, во с. Поздивишта, на 2 август 1944 година (Истиот ден, на Илинден, на четриесет и првата годишнина од Илинденското востание, кога во манастирот св. Прохор Пчињски, АСНОМ го обнародил конституирањето на македонската национална држава во вардарскиот дел од Македонија како рамноправна федерална единица во ДФЈ.) бил формиран македонскиот баталјон, (Истиот ден на 13 од заробените припадници на вооружените чети на пробугарското комитаџиско движење јавно им било судено за извршените тешки злосторства против народот и убиствата на партизаните.

Сите тие биле осудени на смрт и биле стрелани во с. Поздивиште, Костурско. (М. Фотев, За контрачетниците, 56.)) првата македонска регуларна единица на македонскиот народ во егејскиот дел на Македонија во состав на XXVIII полк на ЕЛАС. Баталјонот во ЕЛАС бил регистриран под II-А, а бил познат под популарното име баталјон “Гоче”. (М. Фотев, Погледи и белешки, 18.) Формирањето било извршено во присуство на функционерите на КПГ, Ренос Михаелас - претставник на IX дивизија на ЕЛАС и Андони Андонопулос-Периклис, прв секретар на ОК на КПГ за Костурско кои свечено изјавиле дека ќе формираат македонска бригада и дивизија. (М. Фотев, За контрачетниците, 71-72.)

Баталјонот “Гоче” го сочинувале 4 чети, со вкупно околу 500 македонски борци од Костурско и Леринско; околу 200 партизани кои претходно служеле во единиците на XXVIII полк, околу 200 од резервниот состав на ЕЛАС, околу 40 борци позадинци на СНОФ, КПГ и ЕАМ и околу 60 борци од баталјонот вратен на Караорман. (М. Фотев, Погледи и белешки, 18.) За командант на баталјонот бил поставен Атанас Коровешовски. Околискиот комитет на КПГ за Костурско веднаш го разрешил, поради напуштањето на ЕЛАС и заминувањето со борците на Караорман, а на негово место бил поставен Козмас Спанос-Аминдас кого борците не го прифатиле и затоа тој не стапил на должноста. За командант бил поставен Илпја Димовски-Гоче. (На истото место, 18.) Во Штабот на баталјонот биле уште Ристо Коленцев-Кокино, политички комесар, и Димитар Тупурковски-Титан, началник на штабот. (М. Фотев, За контрачетниците, 56.) Борците на македонскиот баталјон на партизанските капи имале исти значки како и другите единици на ЕЛАС, а не петокраки. (М. Фотев, Погледи и белешки, 19.)

Како посебна единица баталјонот опстоил два месеца. (На истото место, 19.) Истовремено со борбените дејствија против германските окупаторски сили македонскиот баталјон извршувал акции за разоружрање на комитаџиските чети на “Осовинскиот македоно-бугарски комитет” за ликвидирање на комитаџиското пробугарско движење. Во текот на август и септември ги разоружал комитаџиите во селата: Мокрени,

Бобишта, Загоричани, Комуничево и други села каде тие масовно го предавале оружјето, а некои од нив доброволно стапиле во редовите на баталјонот и храбро се бореле. (Фотев како такви ги споменува: Васил Зигенга од с. Загоричани, Суљо од с. Церешница, (На истото место, 56.)) Во тој период биле разбиени позициите на комитаџиите и уништени нивните упоришта во селата: Прекопана, Черешница, Олишта, Тиолишта, Сетомо, Шестрево и др. (На истото место.) На сите нив за кои било докажано дека извршиле предавства и злосторства против народот биле осудувани на смрт и стрелани. Стрелани биле и Пандо Макриев, Ставро Темо, Пандо Гамврола (П. Гаврола од с. Комуничево.) и др. (На истото место, 56.) Еден дел од нив како: Христо Руков, Апостол Гамврола, Ставро Гургушев и многу други избегале од егејскиот дел на Македонија во Бугарија пред нејзината капитулација. (На истото место.)

Во тој период, во почетокот на септември, македонскиот баталјон ги напаѓал германските позиции по патната сообраќајница од грчко-албанската граница до Лерин, ги уништил караулите и ја онеспособил сообраќајницата: Корча-Лерин и Лерин - Костур. (На истото место.) На 3 септември првиот вод на III чета (со командантот Михаил Апостоловски-Гранити (М. Апостолов од с. Крчишта.) и политичкиот комесар Трајче Цафара (Т. Цафара од с. Смрдеш, Костурско.)) предводен од политичкиот комесар на четата Минчо Фотев, влегол во градот Костур во моментот при повлекувањето на германската воена единица. По првиот вод влегол и водот на командирот Ташко Божинов, а потоа и единицата на XXVIII полк на ЕЛАС предводена од Јани Пачура кој ја презел должноста командант на градот. (На истото место. 56-57.) Штабот на полкот на ЕЛАС не прифатил македонската единица да го преземе градот. Остро го критикувал Штабот на баталјонот за извршувањето на акцијата без претходно одобрување и затоа наредил неговата единица да се повлече од градот. (М. Фотев, Погледи и белешки, 20.)

Бугарија капитулирала на 9 септември 1944 година. Со нејзината капитулација и повлекувањето на нејзините армиски единици и германските сили од Грција настанала нова

ситуација. И за КП на Грција како битен политички приоритет бил грчкиот големодржавен интерес - реставрирање на грчката држава во предвоените версајски граници. Раководството на партијата се определило за политичко дејствување во борбата за власт. Согласно со националистичката политика донело одлука да не ги толерира посебните македонски единици во составот на ЕЛАС, КПГ и ЕАМ, кои докажале дека не го признаваат македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија, следствено и македонско национално-ослободително двжење (НОД). (Фотев: КП на Грција “му го оспори правото на македонскиот народ да создаде свое националло НОД, има историска одговорност за катастрофалните последици што ги претрпе македонскиот народ од Егејска Македонија во периодот на Втората светска војна.” (М. Фотев, За контрачетниците, 58.)) Претходното декларативно признавање на славомакедонското население било со единствена цел македонскиот народ да го мобилизираат во оружената борба против фашистичките окупатори во составот на единиците на ЕЛАС, во никој случај да не прифаќаат негова рамноправност со грчкиот народ. Докажале дека СНОФ за нив била само привремена потреба за ефикасна борба против окупаторските сили и пробугарското комитаџиско движење. (Фотев: “СНОФ им беше потребна само како инструмент во нивните раце во борбата против великобугарската политика и против комитаџиите”. (На истото место, 48.)) Со таквиот нивни став за суспендирање на веќе оствареното право на самостојното национално организирање, за кое македонскиот народ се изборил со оружје и со масовното учество во заедничката атифашистичка борба, (Фотев пишува дека 80% од македонскиот народ организирано и активно учествувал во борбата против окупаторите и домашните предавници. (На истото место, 60.)) КПГ и ЕАМ предизвикале силно незадоволство кај македонските комунисти во раководството на СНОФ и во партизанските единици. Одлуката за распуштање на организацијата на СНОФ и нетолерантниот однос кон македонскиот баталјон ги доживеале како груб “антимакедонски и контрареволуционерен акт”. (На истото место, 72.) На тоа раководството на КП на Грција одговорило со конструирано обвинување за Штабот на баталјонот за соработка со Англичаните, дека “преку аеродромот во гр.

Хрупишта баталјонот го снабдувале со оружје и муниција", во време кога тој аеродром "се наоѓал под контрола на ЕЛАС". (На истото место, 72.) Заострените односи попримил карактер на конфликт од пошироки размери со далекусежни последици.

Со жестоката реакција од Штабот на полкот на ЕЛАС било дадено до знаење дека ЕЛАС и КП на Грција не допуштаат самостојно преземање на борбени дејствија на македонскиот баталјон "Гоче", ниту формирање на нови македонски единици: баталјони, бригади итн., на што јавно се обврзале. Наредбата од Штабот на полкот на ЕЛАС била сфатена и прифатена како најава за расформирање на македонскиот баталјон со употреба на сила. Ситуацијата крајно се заострила. Командантот на Штабот на баталјонот Илија Димовски-Гоче и членовите на Штабот со другите раководители: Паскал Митревски, Атанас Коровешовски, Минчо Фотев и други, одлучиле да го информираат Главниот штаб на НОВ и ПОМ за натамошното постапување. (М. Фотев, Погледи и белешки, 20.) За тоа време додека го чекале враќањето на Паскал Митревски со инструкциите од ГШ на НОВ и ПОМ, единиците на ЕЛАС презеле напад на баталјонот "Гоче" за негово расформирање и апсење на 90-те негови борци прогласени за "бунтовници". (На истото место.) Тие "не ја извршиле наредбата на IX-та дивизија, односно на XXVIII полк на ЕЛАС, баталјонот да го напушти теренот на планината Вичо и да се префрли на подрачјето на Кожанската околија." (М. Фотев, Погледи и белешки, 20.)

## Преминувањето на баталјонот "Гоче" на територијата на ДФ Македонија

За "да го одбегне крвопролевањето" со единиците на ЕЛАС баталјонот се повлекол од реонот на планината Вичо и во комплетен состав, "до последен борец" (освен политичкиот комесар), на граничниот пункт "Маркова нога" кај с. Љубојно, преминал на територијата на ДФ Македонија. Бил стациониран кај с. Граешница, Битолско. (На истото место.) Тука на баталјонот му пристапиле нови борци кои поединечно и групно ги напуштале единиците на ЕЛАС. На баталјонот му пристапиле и преку 200 борци од Леринско и Костурско од резервниот состав на ЕЛАС. (На истото место, 20-21.) На

партизанските капи на борците на баталјонот значките на ЕЛАС биле заменети со ѕвезди петокраки. (На истото место, 21.)

Во с. Граешница каде бил стациониран баталјонот “Гоче” пристигнале Паскал Митревски, Ламбро Чолаков и комесарот на IX дивизија на ЕЛАС Ренос Михаелас кои доаѓале од ГШ на НОВ и ПОМ. Во Штабот на баталјонот пристигнале инструктори на ГШ за разрешување на политичките и организациските проблеми. (На истото место.)

## Положбата на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија под власта на повоениот грчки монархистички режим

По воспоставувањето на монархистичкиот режим во Грција, на кој раководството на КПГ му дал легитимитет со потпишувањето на Договорот во Варкизе, (На 12 февруари 1945 година.) македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија бил поставен во положба како пред војната, за време на диктатурата на режимот на Метаксас, систематски тероризиран од грчката полиција и жандармерија. Уште пожесток бил теророт со грозоморните насилства од грчките паравоени терористички вооружените банди. Биле “составени од фашистички крволочни елементи” (кои пред тоа содејствувале со окупаторите) предводени од: Францискос Коларас-Цезос, (Маџир од Мала Азија, населен во с. Горенци, а потоа во гр. Хрупишта, Костурско. За време на окупацијата го тероризирал населението во Костурско. По повлекувањето на окупаторските сили бил уапсен и затворен. Во почетокот на 1945 година (по договорот во Варкизе) бил ослободен и со вооружена банда, заедно со другите водачи на паравоени оружени банди, продолжиле со тероризирање на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија.) Георгиос Митрушис-Гифас, Андреас Пападопулос, Аристотелис Кендрос, Теодорос Скотидас, Георгиос Сарис, Симос Зупас, Јорданис Спирополос, Пападинас (Поп од с. Бела Црква.) и др. (М. Фотев, За контрачетниците, 69; Развојниот пат на Народноослободителниот фронт (НОФ) од егејскиот дел на Македонија (автороризиран машинопис, според компјутерски

текст), 3.) Тие “на најсвиреп начин” се пресметувале со македонскиот народ; грозоморно убивале невини Македонци, (Фотев: “Често пати на убиените или закланите Македонци им ги сечеа главите, ги набиваа на копја и ги носеа низ населените места за да го плашат народот”. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 3.)) силувале и убивале девојки, (Како потврда Фотев ги наведува следниве настани: “Монархофашистичките банди ноќе од с. Загоричани грабнаа 17 жени, ги одведоа во месноста Ѓолее крај Костурското Езеро и сите ѕверски ги убија”. Тројца бандити предводени од Ставрос Хараллампидис ноќе ја грабнале девојката Анастасија Стерјовска од нејзиниот дом во гр. Хрупишта и откако ја силувале ја заклале, а мртвото тело го оставиле во дворот. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 3-4.)) ги ограбувале нивните домаќинства, до смрт претепувале, (Фотев: “Оргиите на монархофашистите беа ужасни. Животот и честа на секој Македонец-ка зависеше од волјата на секој бандит, монархофашист, од секој жандарм. Мажите ги тепаа до смрт во сопствените куќи или на улица, а не беа поштедени ни жените, ниту малолетните деца. Девојките ги силуваа дури и пред очите на родителите. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 3-4.)) со цел да ги присилат “да го напуштат својот роден крај, физички да ги истребат”. (Во градот Хрупишта вооружените бандити: Георгиос Митрушис-Гифас, Аристотелис Кендрос, Томас Бендос, Елефтериос Љакос, Ригас Карагеоргиу, Филипас Самарас, Ставрос Халарамбидис, браќата Георгиос и Харилаос Ливанидис, Григориос Сарис и др., ноќе маскирани ги напаѓале куќите на македонските борци. Фотев го пренесува потресното сведочење на Евталија Чангова, која го преживеала мачењето: “Беше полноќ. Јас и ќерка ми Софија спиевме. Ненадејно група монархофашисти не нападна. Со пушки вперени во нас почнаа да не тепаат, да не псујат, бараа од нас да им кажеме кого криеме во нашата куќа. Еден од напаѓачите - Георгиос Митрушис-Гифас, во рацете држеше мртовечка глава-череп полузавиткана со црна шамија ми ја подаде велејќи дека е тоа главата на мојот син Томо. Од страв треперев и молчев. Ќерка ми падна во несвест. По извршениот претрес на куќата сите по ред не тепаа кој со клоци, кој со тупаници, не истепаа и си отидоа со закани да не кажуваме.”. Коста Тамбура од истиот град од бандитите бил претепан на смрт и уште жив го

закопале. (М. Фотев, За контрачетниците, 69; Развојниот пат на НОФ, 3-4))

Против теророт на монархистичкиот режим и паравоените банди немало организиран отпор. Под ударот на режимот се нашле и грчките демократски антимонархистички партии и организации. КПГ, ЕАМ и ЕПОН биле разбиени од полицијата и од грчките специјални воени единици - национална стража. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 4.) Во таква политичка ситуација, на 31 март 1946 година, во Грција биле спроведени парламентарни избори. Немоќни нешто да изменат КП на Грција и ЕАМ изборите ги бојкотирале. Монархистичкиот режим го легализирал своето владеење, по што го засилил теророт во егејскиот дел на Македонија (На истото место, 15.)

Во таква состојба на загрозеност, за опстојување на македонскиот народ, на македонските комунисти и борци во антифашистичката војна не им преостанувало ништо друго освен да започнат самостојно политичко организирање на македонскиот народ за национална одбрана; “смело, по револуционерен пат да ја продолжат својата праведна борба против Грците поробувачи” (На истото место, 5.) за ослободување.

## Формирањето на Првата ударна бригада на Македонија под Грција и Политичката комисија

(Според именувањето претставено од Фотев.)

Во с. Велушина од борците кои пристигнале од егејскиот дел на Македонија бил формиран уште еден баталјон со командантот Атанас Коровешовски и политичкиот комесар Крсто Мангов, (М. Фотев, Погледи и белешки, 21.) а подоцна бил формиран Леринско-костурскиот одред. За командант на одредот бил поставен Илија Димовски-Гоче. Во Штабот на Одредот биле уште: “Пере од Прилеп - политички комесар, Наум Шупурковски-Леон - заменик политички комесар, Стив од Велушина, Битолско - началник на Штабот, Минчо Фотев - за секретар на СКОЈ, Ѓоре Ѓорески од Прилеп-инструктор за младински прашања. (М. Фотев, Погледи и белешки, 21.)

Веднаш потоа новоформираниот баталјон под команда на Коровешовски заминал во егејскиот дел на Македонија, на теренот во Костурско. (На истото место.)

Леринско-костурскиот одред, на денот на ослободувањето (4 ноември 1944 година) влегол во градот Битола и бил преименуван во бригада. (На истото место.) Тука било формирано политичкото раководно тело именувано “Политичка комисија на Македонија под Грција” на чело со Паскал Митревски. (На истото место.)

Во Битола од Прилеп пристигнал и Воденскиот македонски баталјон предводен од Ѓорѓи Урдов-Џоџо и Павле (П. Раковски-Гоче. Од с. Долна Клештина, Леринско, роден на 23 мај 1913 година. Завршил Педагошка гимназија во Солун, бил наставник во училиштето во с. Цакони, Мегленско. Учесник во антифашистичкото движење во Мегленско, бил реонски раководител во резервниот состав на ЕЛАС во Островска околија, борец во Воденскиот македонски партизански баталјон на ЕЛАС. Составил македонска азбука, и во Воденско објавил Проглас до македонскиот народ. По одлуката на раководството на КПГ за расформирање на баталјонот со единицата преминал во вардарскиот дел на Македонија (средината на октомври 1944 год.), учествувал во формирањето на правата ударна бригада на Македонците под Грција, бил член на Политичката комисија на Македонија под Грција, во почетокот на 1945 година се вратил во егејскиот дел на Македонија на теренот во Мегленско. При основањето на НОФ (на 23 април 1945) бил во шестчленото раководство, одговорен за агитационо-пропагандната и издавачка дејност, бил член и на Координативното биро на НОФ одговорен за агитпроп, го издавал весникот “Непокорен”, член на делегацијата на НОФ на Вториот меѓународен конгрес на мирот во Прага (април 1949 год.), по Резолуцијата на ИБ и поразот на ДАГ, со другите раководители на НОФ бил уапсен (на 7 октомври 1949 год.) од безбедносните органи на ДАГ во Албанија и спроведен во логорот “Бурели”, а потоа во Централниот затвор во Тирана, а оттаму (во декември 1949 година) во СССР каде бил осуден на 10 години затвор и спроведен во концентрационен логор во Сибир. По ослободувањето од логорот во 1960 година со семејството

дошол во СР Македонија, во Скопје. За револуционерната дејносг бил одликуван. Починал во Скопје, на 10 јануари 1990 година.) Раковски. (М. Фотев, Погледи и белешки, 21-22.)

Во првата половина од ноември на Бригадата во Битола и пристапиле околу 300 нови лица од егејскиот дел на Македонија кои живееле во градот, а од Бугарија одред со Македонци од егејскиот дел на Македонија поранешни војници и офицери во бугарската армија. Бројот на борците се зголемил на повеќе од 2.500. Биле формирани нови четири баталјони, со што вкупниот број на баталјоните пораснал на шест, вклучувајќи го и Костурско-леринскиот кој заминал во егејскиот дел на Македонија. (Команданти на баталјоните биле: Атанас Коровешовски, Ристо Јанкуловски, Милтијади Попниколов-Цветко, Димитар Тупурковски-Титан, Ристо Кардалов и Сотир Андоновски. Заменици на командантите: Пандо Марковски, Благој Даскалов, Лефтер Олевски, Методи Биков. Политички комесари на баталјоните биле: Пандо Шиперков (капетан на ЈНА), Пандо Трповски-Бунтовски, Ѓорѓи Јаков, Вангел Мангов, Андон Бошков (капетан на ЈНА) и Аргир Кузевски. Заменици политичките комесари биле: Динко Делевски, Кочо Калинчев-Иван, Ване Шишковски, Крсто Мангов, Михаил Апостоловски-Гранит. (На истото место, 23.) Во февруари 1945 година за заменик политички комесар на баталјонот со командантот Атанас Коровешовски бил поставен Спиро Лазаревски. (На истото место, 23.)) На 18 ноември, Штабот на бригадата, во согласност со Политичката комисија и со претставникот на НОВ на Македонија, извршил реорганизација. Во Штабот влегле: Илија Димовски-Гоче - командант, Михајло Керамитчиев - политички комесар, Вангел Ајановски-Оче - заменик политички комесар, Стив од с. Велушина – началник на Штабот, Минчо Фотев - секретар на СКОЈ и Ѓоре Ѓорески - инструктор за младински прашања. Вангел Ајановски-Оче не стапил на должноста по што политичката комисија ја повлекла одлуката за негово назначување, а како заменик на политичкиот комесар тогаш бил поставен Васил Макриевски. За постајан претставник во Штабот на бригадата, Политичката комисија го одредила Ѓорѓи Атанасовски-Блаже. (М. Фотев, Погледи и белешки, 22.)

Во февруари 1945 година, по наредба од ГШ на НОВ и ПОМ била извршена нова реорганизација на бригадата, така што во формацискиот состав имало: 3 пешадиски баталјони, 1 специјален и 1 баталјон со тешко вооружување. Поради влошените односи во Штабот на Бригадата и тука биле извршени измени. Главниот штаб го разрешил Наум Пејов од должноста заменик командант, "како главен виновник за нарушените односи". Од истите причини со решение на Политичката комисија Михајло Керамитчиев бил разрешен од функцијата политички комесар и повлечен од Бригадата, а на негова должност бил назначен Динко Делевски. (На истото место, 23.) Бригадата во тој формациски состав останала до 2 мај 1945 година, кога била расформирана. (За тоа Фотев пишува: "Можеби постои некој формален акт дека бригадата се расформирала на2 април, но фактички беше расформирана на 2 мај. Бригадата учествуваше на првомајската парада во Скопје." (На истото место, 24.))

**Народноослободителен фронт (НОФ) на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија**

Македонската национална револуционерна организација под името: Народноослободителен фронт (НОФ) била основана на 23 април 1945 година. (На истото место: Односот на КПГ кон организацијата на НОФ од нејзиното формирање до Првиот конгрес: (машинопис, СА-Фотеви), 1.)) Тогаш било одлучено да се основаат национална младинска организација (НОМС) и национална организација на македонските жени (АФЖ). (М. Фотев: " Основањето на НОФ, НОМС и АФЖ беше една од најголемите придобивки на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија, од неговото потпаѓање под доминација на грчката држава." (Развојниот пат на НОФ, на истото место.))

Организационото раководство на НОФ, кое во документите е именувано како Главен одбор или Више раководство на НОФ, било составено од 6 члена: Паскал Митревски, Ѓорѓи Урдов-Џоџо, Атанас Коровешовски, Михаил Керамитчиев, Павле Раковски и Минчо Фотев. Се конституирало на 21 мај 1945 година, во Скопје (Во зградата "Мацура" на ул. "Орце Николов" (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 8.)) со изборот на

Паскал Митревски за политички секретар, а Атанас Коровешовски одговорен за воените прашања. Минчо Фотев бил избран за секретар на НОМС и СКОЈ. (На истото место.) Раководството на НОФ ја извршувало и функцијата на раководно тело на македонската комунистичка организација под името Партиско повеременство. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 7.) На конститутивниот состанок било расправано и за определување на лица одговорни за органите на народната власт - Народноослободителните одбори (НОО) и секретар одговорен за АФЖ. Сепак, решавањето на тие две прашања било одложено за нареден состанок. (На истото место, 7-8.)

Главниот одбор на НОФ по конституирањето веднаш одржал работен состанок. Политичкиот секретар Паскал Митревски говорел за историското значење на основањето на НОФ, за претстојните задачи на организацијата, како и за историската одговорност на раководството како Главен одбор и Партиско повеременство. Ја претставил политичката ситуација во Грција; положбата и внатрешните состојби во грчкото комунистичко движење и говорел особено за жестокоста со која монархистичкиот режим го тероризирал македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија. На состанокот биле разгледани ургентните организациони и кадровски прашања и донесени потребните одлуки и кадровски решенија:

1. Одлука за поделба на егејскиот дел на Македонија на 5 окрузи: 1. Костурски, 2. Лерински, 3. Воденски, 4. Енице-Вардарски и Гуменџиски, 5. Источен округ (за Серско и Драмско) и било извршено разграничување за ефективна дејност на раководните тела.

2. Одлука за утврдување на организациската структура на НОФ, НОМС, АФЖ и на Комунистичката организација на окружни, околиски и градски организации со раководни тела; окружни, околиски и градски одбори, односно партиски повеременства.

3. Главниот одбор избрал секретари на окрузите: Ламбро Чолаков (Л. Чолаков од с. Смрдеш, Костурско, учесник во НОД, секретар на Окружниот одбор на НОФ за Костурско.) на Костурскиот округ, Ристо Јанковски на Леринскиот округ,

Вангел Ајановски на Воденскиот округ, Иван Ничев (И. Ничев од гр. Гуменџи.) на Ениџе-Вардарскиот и Гуменџискиот округ. За источниот округ не бил избран секретар туку инструктор на Главниот одбор на НОФ за округот. За таа должност бил одреден Михаил Апостоловски (Михајли Апостоловски-Гранити од с. Крчишта, Костурско. Роден на 25 ноември 1923 година. Учесник во НОД на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија, Бил борец во ЕЛАС, во партизанскиот одред "Лазо Трповски" (1943), заменик на политичкиот комесар на чета во Костурскиот македонски баталјон, командир на вод во Костурско-леринскиот баталјон "Гоче", член на штабот на ДАГ на планината Вичо (1946), загинал како командир на баталјон на ДАГ на планината Грамос, на 31 март 1948 година.)-Гранити. (На истото место, 8.)

4. Одлука за Формирање на одделение за агитација и пропаганда (агитпроп). За негово организирање бил одреден политичкиот секретар Паскал Митревски.

5. Одлука за организирање на народна одбрана и вооружени групи за заштита на народот од теророт на монархистичкиот режим и грчките парадржавни вооружени банди. Да се формираат околиски и реонски вооружени групи и да дејствуваат под раководство на околиските и реонските секретари на НОФ. (На истото место, 8.)

6. Одлука за обраќање до владата на НР Македонија за организирано прифаќање на протераните и бегалците од егејскиот дел на Македонија. (На истото место, 8-9.) Барањето било прифатено. Во Скопје бил формиран Главен одбор за бегалците со кој раководел Главниот одбор на НОФ. Претседал на одборот бил Ѓорѓи Бончев, (Ѓ. Бончев од Драмско.) а секретар Паскал Митревски. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 9.)

Создавањето на НОФ, организацијата која го претставувала националноослободителното движење (НОД) на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија било извршено под непосредно раководство на ЦК на КПМ. (Во моментот кога Втората светска војна практично била завршена, на Балканот

биле воспоставени влијателните зони; на СССР и на Велика Британија-САД кои на Грција и го обезбедувале територијалниот интегритет во предвоените версајски граници и монархистичкиот режим. Истото раководство на НРМ нецели 4 месеци пред тоа, во првите денови на јануари, жестоко се пресметаа со единиците на македонската војска кои бараа да ги продолжат борбените дејствија за ослободување на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија.) Македонските комунисти и народот биле потикнувани на нова оружена ослободителна борба. (Фотев: “го охрабруваше и потикнуваше македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија на нови револуционерни подвизи и му влеваше надеж и оптимизам во неговата праведна борба” (На истото место, 10.))

На конститутивниот и прв работен состанок на Главниот одбор на НОФ, присуствувал Цветко Узуновски-Абаз, претставник на ЦК на КПМ кој од името на ЦК го поздравил формирањето на НОФ на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија. Тој раководството на НОФ го известил дека ќе ја има “сестраната помош од народот на НРМ и КПМ”. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 9.) По состанокот членовите на раководството на НОФ заминале на терен во егејскиот дел на Македонија: Паскал Митревски во Леринскиот округ, Атанас Коровешовски во Енице-Вардарскиот и Гуменџискиот округ, Ѓорѓи Урдов-Џоџо и Павле Раковски во Воденскиот округ, а Михаил Апостолоски-Гранити заминал преку Пиринскиот дел на Македонија за Серско. (На истото место.)

Македонските комунисти прекинале со наметнатото организирање и водење на ослободителната борба под раководството на КПГ, “под грчко знаме”, (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 5.) погубно за македонското ослободително дело. По осамостојувањето од КП на Грција тие не формирале самостојна македонска комунистичка партија во егејскиот дел на Македонија, туку се определиле да дејствуваат преку националната револуционерна организација на НОФ. Извесно е, иако за тоа Фотев не пишува, дека за тоа немало согласност од ЦК на КПМ.

Македонската национална револуционерна организација на НОФ за цел на дејствување (според Фотев) поставила:

1. Непомирлива борба за национално и социјално ослободување на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија;

2. Афирмирање на националниот идентитет и борбата на македонскиот народ за национална слобода и права;

3 Актуализирање на македонското национално прашање во политичкиот живот на Грција;

4. Организирање отпор против крвавиот терор и геноцидот спроведуван од грчката монархистичка власт;

5. Зацврстување на морално политичкото и националното единство на македонскиот народ;

6. Разобличување на автономистите на Ванчо Михајлов и разбивање на нивната шпионска организазција, кои како агенти на англоамериканските империјалисти се бореле против интересите на македонскиот народ;

7. Негување и зацврстување на братството и единството со грчкиот народ и заедничката борба со грчките прогресивни сили против непријателите на слободата и независноста на Грција;

8. Запознавање на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија со историските национални придобивки на Нова Југославија и со напредокот на македонскиот народ во НР Македонија;

9. Борба за премостување на вештачкиот јаз меѓу македонскиот народ, односно зближување и братска соработка со народот од другите делови на Македонија, особено со НР Македонија, пиемонт на целосното ослободување на македонскиот народ. (На истото место, 5-6.)

Со обнародувањето и основањето на НОФ се вратил оптимизмот и вербата во успех на борбата за национално ослободување. (На истото место, 6.) Македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија се здобил со свое национално политичко раководство. (На истото место, 5.)

Грчкиот монархистички режим одговорил со засилено следење за откривање на активистите и разбивање на македонската национална организација. Уапсените активисти и симпатизери на НОФ биле жестоко измачувани и судени од воени судови. Воениот суд во Еницe-Вардар ги осудил на смрт, по што на 26 јули 1946 година биле егзекутирани: Мирка Гинова (Ирина Гинова-Мирка. од с. Русилово, Воденско. Родена 1916 година. Основно образование завршила во родното место, завршила тригодишна домаќинска школа во Воден и Учителска школа во Костур. Учителствувала во с. Кутугери, Воденско, населено со грчко-маџирско население од Мала Азија, а потоа во македонското село Велкојанево, Воденско. Во 1941 година по окупацијата на Грција од фашистичките сили, се вратила во родното село и стапила во грчкото движење на отпорот и македонското националноослободително движење. Во 1943 година била член на Реонскиот одбор на младинската организација ЕПОН за Островската околија, а потоа и член на КП на Грција. Агитирала и организирала стапување на македонските младинци во партизанските единици на НОД. Била борец на Воденскиот партизански одред во составот на ЕЛАС во 1944 година и учествувала во оружените борби против фашистичките сили, била член на Окружниот одбор на организација на НОФ и секретар на Окружниот одбор на АФЖ за Воденско (1945 год.). Во борбата со монархистичките сили била заробена, а воениот суд ја осудил на смрт. Смртната казна била извршена на 26 јули 1946 година.) - секретар на АФЖ, херојот на македонскиот народ, Пандо Терповски (П. Трповски-Бундовски од с. Галишта, Костурско, комунист, борец во ЕЛАС, припадник на НОД на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија, бил политички комесар на баталјон на Првата ударна егејска бригада, секретар на Околискиот одбор на НОФ, уапсен од полицијата на грчкиот монархистички режим, бил осуден на смрт и стрелан во Атина во 1948 година.)- секретар на Околискиот одбор на НОФ, Ташо Ивановски -

раководител на НОМС, (Т. Ивановски од гр. Хрупишта, Костурско.) Ѓорѓи Проевски, (Ѓ. Проевски од гр. Воден, учесник во НОД, член на Градскиот одбор на НОФ на Воден, борец во Воденскиот македонски баталјон (во составот на ЕЛАС), осуден на смрт од Воениот суд на монархистичкиот режим на Грција, бил погубен на Еницевардарските гробошта, на 26 јули 1946 година.) Димитар Лимбов, (Д. Лимбов од с. Владово, Воденско. Учесник во НОД, член на Реонски одбор на НОФ, осуден на смрт од воениот суд на монархистичкиотот режим на Грција, бил стрелан на 26 јули 1946 година.) Ристо Стојанов, (Р. Стојанов од с. Месимер, Воденско, активист на НОФ, осуден на смрт од воениот суд на монархистичкиот режим на Грција и стрелан на 26 јули 1946 година, на гробиштата во Еницевардарско.) Петро Попдимитров, (Петре Попдимитров од Воден, активист и член на Градскиот одбор на НОФ, осуден на смрт од воениот суд на монархистичкиот режим на Грција и стрелан, на 26 јули 1946 година.) Томо Михајлов, (Т. Михајлов од с. Бугово, Воденско. Учесник во НОД. Бил член на Реонскиот комитет на НОФ, осуден од воениот суд на монархистичкиот режим на Грција бил стрелан, на 26 јули 1946 година.) Мистикидис Ѓорѓис, Васил Делевски (В. Делевски, од с. Чука, Костурско.) и др. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 6.) Униформираната и тајната полиција биле овластени за откривање на организаторите и активистите на НОФ “на самото место да ги убиваат”. Така биле убиени: Атанас Коровешовски (Атанас Коровешовски од с. Смрдеш, Костурско. Бил учесник во НОД, командант на Првиот македонски баталјон формиран на Караорман 1944 год., командант на баталјон на Првата ударна македонска (Егејска) бригада. Загинал во борба на 3 септември 1945 година кај с. Корнишор, Еницевардарско.) - член на Главниот одбор на НОФ, Глигор Ќосев, (Од гр. Хрупишта.) Живко Поповски, (Ж. Поповски од с. Попожани, Леринско. Учесник во НОД, борец во ЕЛАС. Бил член на Околискиот одбор на НОФ и член на Леринскиот комитет на КПГ. Загинал 1948 година.) Алеко Василев, (А. Василев од с. Гуменџе, Кукушко.) Кузма (К. Калојановски од с. Нестрам, Костурско, револуционер-комунист од пред Втората светска војна, учесник во НОД на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија, првоборец. Бил секретар на реонски комитет на НОФ, загинал

во 1947 година.) Калојановски. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, стр. 6.) Во градовите од егејскиот дел на Македонија биле организирани да дејствуваат за протерување на македонскиот народ. (На демонстрациите биле извикувани пароли: "Бугарите да бегаат! Смрт на бугарокомунистите!")

Фотев пишува дека по основањето на НОФ, британската и американската агентури во Грција презеле силна пропагандна активност за поддршка на Ванчо Михајлов во создавањето на автономистичкото движење под паролата за "обединета самостојна Македонија". (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 6-7.) Нивната вистинска цел била да создадат шпионски и диверзантски центри за борба против НОД на македонскиот народ во егејскиот дел на Македонија и против НР Македонија, за "шпионска и субверзивна дејност против балканските народнодемократски држави, а пред се против ФНРЈ". (На истото место, 7.)

Организацијата на НОФ бележела брз подем. До средината на јуни биле формирани првите четири окружни одбори на НОФ, а до крајот на август и градски одбори во: Лерин, Воден, Енице-Вардар и во Хрупишта, осум околиски, неколку реонски одбори, секој од по 5 члена. Во тој период во околу половина од населените места со македонско население биле формирани организации на НОФ, НОМС и АФЖ со месни раководства и партиски ќелии. До октомври 1945 година, ја прошириле својата организација на целата територија од егејскиот дел на Македонија. (На истото место.) Само во источниот округ (Серско и Драмско) каде условите биле потешки, ширењето на организациите одело бавно поради немањето доволно сопствен кадар. (На истото место.) За кусо време НОФ со неговото масовизирање од организација прераснал во сенародно движење за национална слобода и рамноправност со грчкиот народ, "за слобода, независност и мир во Грција". (На истото место, 10.) Тоа според Фотев се должело на "два историски момента:

1. Славните революционерни традиции и идеалите на Илинденското востание, заветите на илинденските

револуционери за нивните потомци да ја продолжат нивната борба до нивното конечно реализирање.

2. Победоносниот исход на НОБ и револуцијата со збратимените народи и народности на Југославија и како плод на таа заедничка борба е создадената Македонска република од што се инспирираше ослободителното движење на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија". (На истото место, 10.) Сето тоа било постигнато со "морално-политичка поддршка, материјална и практична помош од НРМ", следствено од Југославија. (На истото место.) Македонскиот народ се обединил во НОФ со убедување дека само "со револуционерна борба, со сопствена крв и жртви може да ја добие својата национална и социјална слобода". (На истото место.)

Раководството на КП на Грција "со посебна острина" ја напаѓала македонската организација (М. Фотев, Односот на КПГ кон организацијата на НОФ од нејзиното формирање до Првиот конгрес на НОФ, стр. 2 (ФА - Фотеви, машиноспис, авторизиран текст.)) како "националистичка, автономистичка итн." (Минчо Фотев, Односот на КПГ кон организацијата на НОФ, 2.) Протестирало и раководството на ЕАМ. Двете грчки организации КПГ и ЕАМ македонската национална организација ја прогласиле за агентура на Иван Михајлов основана за разбивање на единството на демократското движење на Грција. КПГ и ЕАМ не го признале НОФ, ако го признаеле (според Фотев) ќе морале да го изменат нивниот "шовинистички и големогрчки став спрема македонското национално прашање како актуелно општествено-политичко прашање во Грција, да се застапат пред грчкото општество и државата за признавање на македонската нација и да му овозможат слободен живот" на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 7; Односот на КПГ кон организацијата НОФ, 3.)

КП на Грција се соочила со новата реалност создадена со основањето и дејствувањето на македонската национално революционерна организација која го претставувала организираното самостојно македонско

националноослободително движење. Поддржувана од НР Македонија организацијата на НОФ се појавила како политички фактор во Грција. КПГ понатаму не можела да тврди како што тврдела доттогаш дека во Грција, односно во егејскиот дел на Македонија, имало само минорна изолирана јазична “славофонска група”. На политичката арена во Грција се појавил македонскиот народ како “дел на македонската нација кој живеел на своја национална територија” (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 12.), решен да се бори со оружје за своето ослободување предводен од свое политичко раководство. Народ кој “не сакал да остане разделен од своите слободни браќа” (На истото место, 12.) во македонската национална држава НР Македонија. Затоа КПГ продолжувала да “ја напаѓа и клевети македонската револуционерна организација осудувајќи ги акциите на НОФ против монархофашистичкиот терор” (На истото место.) од егејскиот дел на Македонија. НОФ и другите македонски национални организации (НОМС и АФЖ) дошле во остар вербален судир со КПГ по прашањето на регрутирање во грчката армија. Раководствата на македонските организации повикале “ниту еден младинец да не прифаќа да служи воен рок” во грчката армија на монархистичкиот режим, употребувана во спроведувањето на терор против македонскиот народ. КПГ обвинила за “субверзија против грчката армија”. (На истото место, 14)

Монархистичкиот режим на Грција уште повеќе ја засилил репресијата со полицијата, а терористичките формации со насилствата за протерување што поголем дел од македонското население од егејскиот дел на Македонија, што достигнал кулминација по враќањето на кралот на 28 октомври 1946 година. (На истото место, 15.) Десничарскиот печат (весниците: “Елиникос Ворас”, “Неа Алитија” и др.), повикувал на протерување на “Судетите од Грција” (На истото место, 15.) Поради жестокоста на теророт “секојдневно старци, мажи, жени и деца голи и боси бегале преку границата во НР Македонија за да го спасат голиот живот”. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 15.) Според податоците на Главниот одбор на НОФ само за првите 6 месеци во 1945 година, од егејскиот дел на Македонија биле протерани околу 25.000 Македонци. (На истото место, 15;

М. Фотев , За контрачетниците, 70.) Македонците борци во ЕЛАС биле постојано прогонувани и апсени. Бројот на уапсените македонски патриоти и борци во ЕЛАС нараснал на неколку илјади. (Фотев изнесува податок дека само во често споменуваното малото гратче Хрупишта биле уапсени околу 300 Македонци, тројца грозоморно убиени, а околу 100 биле гонети и присилени да преминат во НР Македонија. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 12-13.)) Уапсените биле спроведувани во злогласните концентрациони логори: “Макронисо”,”Јура”, “Павлос Мелас”, и во затворите; “Авероф”, “Едикуле” и други во кои многу од нив биле убиени од грчката полиција со примена на “средновековни инквизиторски методи”. (М. Фотев, За контрачетниците, 70; Развојниот пат на НОФ, 13.)

За заштита на населението НОФ организирала народна одбрана. Од поранешните борци на ЕЛАС и младинци биле формирани вооружени групи “со противмерки за спречување на злото”. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 13.) Вооружените групи од кои биле формирани и првите македонски партизански одреди кои на секој напад од грчките терористи одговарале со иста мерка. (Фотев: “Ниту еден напад не минуваше без соодветна казна” (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 13.)) Народот “се охрабрил и револуционаризирал”, (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 13.) организацијата на НОФ се масовизирала и прераснала во моќно националноослободително движење. Македонските комунисти масовно ја напуштале КП на Грција. Според податоците на партиското поверенство на КПГ од егејскиот дел на Македонија, партијата ја напуштиле 80% од македонските комунисти и стапиле во македонските национални организации: НОФ, НОМС и АФЖ. (На истото место, 13.)

КП на Грција продолжувала со непријателскиот однос спрема македонската национална организација на НОФ, прогласена за автономистичка организација. Најостро ги осудила мерките за самоодбрана квалификувани како тероризам. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, стр 13.) Колку било силно непријателството се потврдува со фактот дека КПГ соработувала со монархистичкиот режим против НОФ. Обласните раководствта на КПГ од егејскиот дел на Македонија ги повикувале полицијата и другите органи на

прогонот за ликвидирање на активистите и приврзаниците на НОФ. КПГ презела и организирана јавна пропаганда за мобилизирање на грчкото население против НОФ. Во јуни 1945 година, Околискиот комитет на КП на Грција во Костур растурил летоци со повик до властите да преземат мерки за ликвидирање на "автономистичката НОФ". На 28 јуни ОК на КПГ во Воден растурил проглас со повик, до членовите на партијата и грчкиот народ за мобилизирање против "автономистичката", "сепаратистичка" и "комитаџиска" организација на НОФ. (На истото место.) Сето тоа довело до заострување на односите.

Раководството на НОФ на жестоките напади од КПГ одговорило со воздржаност да не дојде до ескалирање на ситуацијата, барало начин да ги нормализира односите со КПГ. И раководството на КП на НР Македонија инсистирало за нормализирање на односите со КП на Грција. (М. Фотев, Односот на КПГ кон организацијата на НОФ, 4.)

На македонското НОД му било потребно сојузништвото на грчкото антимонархистичко движење против монархистичкиот режим. Затоа организацијата на НОФ ги поддржала акциите организирани од КПГ и ЕАМ; штрајковите, протестите и другите форми на отпор. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 15.) Мнозинството од раководството на НОФ било со убедување дека македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија "без братство и единство и без заедничка борба со грчките прогресивни сили, без нивна победа, не ќе може да ги добие своите национални права и слобода". (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 19.) Затоа раководството на НОФ, иако за тоа немало целосно единство, настојувало за нормализирање на односите со КПГ и ЕАМ. (Фотев: "Тргнувајќи од таа трајна определба, НОФ (раководството - ММ) секогаш се стремеше и упорно настојуваше да ги отстрани сите недоразбирања и да ги нормализира односите со КПГ и ЕАМ, иако имаше група сепаратисти кои тоа не го сакаа", (курзив -ММ) (На истото место, 19.)) Нормализирањето на односите и заедничкото дејствување на НОФ и КП на Грција не можело да се постигне поради погрешниот став. (Не беше во прашање погрешен став туку тоа што раководството на КПГ не признаваше и не сакаше

да го признае македонското национално прашање во Грција, Тоа се потврдува и од претходните негови искажувања, што е уште една неусогласеност односно контрадикторност во гледањата на Фотев за фундаменталните прашања.) на раководството на КП на Грција спрема македонското национално прашање. (Главната пречка било раководството на КПГ кое според Фотев “никогаш не се осмели отворено и јасно да му ја каже вистината на грчкиот народ, на работничката класа, дури и на своето членство, за македонскиот народ и неговата долгогодишна борба за сопствено национално ослободување.” (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 19.) Но, дали се работеше за немање храброст или за тоа дека КП на Грција немаше намера да го признае македонскиот народ?)

Во почетокот на јануари 1946 година, Главниот одбор на НОФ презел еднострана иницијатива за воспоставување односи на соработка. Со директива ги задолжил окружните, околиските, градските и реонските раководства на НОФ, НОМС и АФЖ тие да воспостават врски со организациите на КПГ, ЕАМ, АКЕ и ЕПОН, да покажат флексибилност при решавањето на спорните прашања, меѓусебните обвинувања и напади “да ги одбегнуваат по секоја цена” за да се постигне единство на активностите и акциите против монархистичкиот режим. (На истото место. 20.)

Во тоа време се влошила и положбата на КПГ. Под ударот на атинскиот монархистички режим се нашле грчките комунисти и борците на ЕЛАС. Според податоците кои Фотев ги добил лично од генералот Маркос Вафијадис, до јуни 1946 година, околу 80.000 Грци и Македонци членови и симпатизери на КПГ и на ЕАМ, борци на ЕЛАС биле затворани и без судење биле интернирани. Околу 8.000 партизани, офицери и комесари на ЕЛАС протерани од Грција преминале во Југославија. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 16.) Во таква ситуација КП на Грција одлучила одново да формира партизанско движење за борба против монархистичкиот режим. Од борците на ЕЛАС биле формирани првите одреди. Нивниот број постојано се зголемувал. До јули 1946 година, грчки партизански одреди имало во планинските региони на Тесалија, Епир и егејскиот дел на Македонија и др. области. Со решение на Политбирото на ЦК на КПГ за врховен командант бил поставен Вафијадис.

(На истото место.) Грчките партизански одреди од егејскиот дел на Македонија биле малубројни и во тешка положба бидејќи КПГ и ЕАМ, по заострувањето на односите со НОФ, немале поддршка кај народот. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 17.)

Главниот одбор на НОФ, се состанал да ја разгледа ситуацијата со појавувањето на грчките партизански одреди од егејскиот дел на Македонија формирани од КПГ. Било одлучено да се зголеми бројот на македонските партизански одреди и да се засилат герилските акции.” (На истото место, 16.) Постоечките и новите одреди биле формирани од Македонци, “исклучително од доброволци”, поранешни партизани на ЕЛАС и од борците на Првата македонска (Егејска) ударна бригада. (На истото место. 17.)

Со директива на Главниот одбор, раководните тела и активистите на НОФ, НОМС и АФЖ биле задолжени да ја интензивираат дејноста за подготвување на народот за масовна оружена борба проти грчкиот монархистички режим. Главниот одбор определил и лица за спроведување на директивата. За централниот егејски дел на Македонија: Воденско, Ениџе-Вардарско и Гуменџиско бил задолжен Ѓорѓи Урдов-Џоџо, а за западниот дел: Костурско, Леринско и подрачјата на Вичо и Грамос бил задолжен Минчо Фотев. Со одлука на Главниот одбор биле формирани четири регионални оперативни зони: “Грамос”, “Вичо”, “Кајмакчалан” и “Пајак Планина” со штабови. За штабовите на оперативните зони биле одредени командантите и политичките комесари: за командант на оперативната зона “Вичо” бил одреден Пандо Шиперков, (П. Шиперков од с. Смрдеш, Костурско. Бил борец во ЕЛАС, политички комесар на чета на првиот македонски баталјон формиран на пл. Кајмакчалан, полит. Комесар на баталјон на Првата македонска (Егејска) ударна бригада, капетан на ЈНА, командант на штаб на македонските партизански единици на оперативната зона “Вичо”, член на Главниот одбор на НОФ, командант на баталјон на ДАГ, потполковник па ДАГ. Загинал кај с. Папретско, Костурско, во 1948 година.) а политички комесар бил Михаил Апостоловски-Гранити; на оперативната зона “Грамос” за командантот бил одреден Васил Христовски

(В. Христовски од с. Добролишта, Костурско. Бил борец на ЕЛАС, командир на македонски партизански одред, командир на чета на ДАГ. Загинал во 1948 година.), а за политички комесар Сотир Костовски-Дирекот (С. Костовски-Дирекот од с. Стенско, Костурско. Бил борец на ЕЛАС, полит. Комесар на македонски партизански одред на НОФ, политички комесар на чета на ДАГ. Загинал во 1948 година.); на оперативната зона "Пајак" за командант бил одреден Киро Кочко, а за политички комесар Иван Ковачев (И. Ковачев-Орфеј, од Гуменџи. Бил борец во ЕЛАС, член на Окружниот одбор на НОФ и секретар на Окружниот одбор на младинската организација на НОМС за Еницевардарско и Гуменџиско, кандидат за член на Централниот совет на НОФ, командир на чета на ДАГ. Загинал во борбата на планината Грамос, во август 1949 година.)-Орфеј. (На истото место, 16-17. Фотев не дава податоци за штабот на О.З. "Кајмакчалан".) Штабовите на оперативната зона биле подредени на Главниот одбор, задолжени да соработуваат со окружните раководства на НОФ. Главниот одбор расправал и за формирање на централно воено раководство - Главен штаб. Формирањето на раководството било одложено, со заклучок да се изврши доколку развојот на оружената борба го наложи тоа. (На истото место, 17.) На истиот состанок било расправано за снабдување на партизанските одреди со оружје, муниција, облека, храна, санитетски материјали и др., со заклучок дека тоа може да го спроведе единствено населението, односно народот. (На истото место, 16.)

Штабовите на оперативните зони "Грамос" и "Вичо" биле комплетирани до крајот на јули 1946 година. На подрачјата на тие зони дејствувале 5 партизански одреди и 12 оружени групи на македонското НОД, со вкупна бројна состојба од 736 борци. На истите подрачја двата грчки партизански одреда под команда на Георгис и Стратос имале вкупно 120 борци од кои 30 биле Македонци членови на КПГ. (На истото место, 17.)

КП на Грција и по формирањето на првите партизански одреди (во пролетта 1946 година) останала легална политичка партија, неопределена против монархистичкиот режим дали да преземе или не оружена борба. (На истото место.) Поради тоа одржувале мал број на грчки партизански одреди. Приливот на

нови борци бил многу мал, и покрај жестокоста на режимот. Раководството на КПГ го ограничувал развојот на грчкото партизанско движење (Тоа, според Фотев, било “фатално за ослободителното дело на ДАГ”. (М. Фотев, Развојниот пат НОФ, 18.)) се до есента 1946 година. (Фотев го пренесува доверливото искажување на генералот Маркос, за тоа рекол: “ЦК на КПГ на чело со Никос вршеше експерименти со партизакското движење. Според инструкциите што ги добив од Политбирото и лично од генерапниот секретар, во јули 1946 година, строго ми беше речено: 1. Во партизанските одреди може да се примаат само прогонети антифашисти, комунисти и патриоти, на доброволна основа; 2. Во редовите на партизанските одреди во никој случај не треба да се примаат групи војници кои ја напуштаат владината армија; 3. Да се применува дефанзивна тактика. Во никој случај да не се напаѓаат градовите и центрите во кои се стационирани единиците на владината регуларна армија. Категорично ми беше забрането да формирам партиски организации во партизанските одреди.” (М, Фотев, Розвојниот пат на НОФ, 18.)) Поради нерешителноста на КПГ за преземање на оружена борба, раководството на партијата не покажало интерес за нормализирање на односите со македонската национална организација на НОФ, а со тоа и за координирање на оружените акции на партизанските одреди. (Фотев пишува дека односите меѓу НОФ и КПГ не биле нормализирани исклучиво по вина на КПГ, а “отсуството на заедничка координирана дејност значително го намалила борбениот ефект и успесите против монархофашистите.” (На истото место, 18.))

Раководството на македонската национална организација продолжило со настојувањето да се постигне согласност со КПГ за заедничко дејствување. Договорањето било “тешко и макотрпно”, пречките доаѓале “главно од страната на раководството на КПГ”. (На истото место, 19.)

Во почетокот на јуни 1946 година, секретарот на Главниот одбор Паскал Митревски “под најтешки илегални услови” отпатувал во Солун на преговори со генералниот секретар на КПГ, Никос Захаријадис и со секретарот на ПК на КПГ од егејскиот дел на Македонија и Тракија Леонидас Стрингос.

Митревски ги запознал високите претставници на КПГ со програмските начела и положбата на НОФ. (На истото место.) Преговорите завршиле со признавање на македонската организација.

Непосредно по средбата во Солун се одржал Третиот пленум на Покраинскиот комитет на КПГ од егејскиот дел на Македонија и Тракија на кој генералниот секретар Захаријадис објавил, на 16 јуни 1946 година, (М. Фотев, Односот на КПГ кон организацијата НОФ, 5.) дека КПГ ја признала организацијата на НОФ како “демократска и прогресивна организација” на македонското малцинство во Грција. Говорот на Захаријадис бил публикуван во централните весници на КПГ “Ризоспастис” и “Лаики фони” на 19 јуни 1946 година. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 20.) Со објавувањето на говорот на Захаријадис за признавањето на организација на НОФ била информирана и јавноста во Грција. Раководството на партијата го изменило својот став спрема организацијата на НОФ во околности на натамошно влошување на внатрешната политичката ситуација во Грција, со цел за обезбедување на поддршка од македонскиот народ во борбата против монархистичкиот режим. Раководена од сопствениот интерес КП на Грција ја признала македонската национална организација како респектабилен политички и потенцијален воен фактор, (според Фотев како) “единствен легитимен претставник на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија”. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 20.)

По враќањето на Паскал Митревски од Солун бил одржан состанок на Главниот одбор на кој тој информирал за текот на преговорите и за постигнатата согласнот. Преговорите ги оценил како “мошне успешни” затоа што КП на Грција ја признала организацијата на НОФ за легитимен претставник на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија и како демократски фактор во Грција. (На истото место.) Кон крајот на јуни Главниот одбор во полн состав: Паскал Митревски, Ѓорѓи Урдов-Џоџо, Павле Раковски, Михајло Керамитчиев и Минчо Фотев, бил повикан во ЦК на КПМ од политичкиот секретар и претседател на владата на НРМ Лазар Колишевски. На состанокот, со учество на организациониот секретар на ЦК на

КПМ Цветко Узуновски-Абас, била разгледана ситуацијата во егејскиот дел на Македонија, положбата на организацијата на НОФ и односите со КПГ и ЕАМ. Колишевски и Узуновски искажале поддршка на нормализирање на односите и укажале дека “единството на НОФ со КПГ било од витален интерес за националноослободителното движење на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија” (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 20.)

Раководството на КП на Грција набрзо потоа дефинитивно одлучило партијата да поведе оружена борба против монархистичкиот режим за преземање на власта. Македонската национална организација се појавува како сигурен сојузник во таа борба, со оглед на положбата на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија. Фотев пишува дека освен солидарноста со КПГ за борба против грчкиот монархистички режим “за македонскиот народ (од егејскиот дел на Македонија) друга алтернатива немаше”. Во такви услови во октомври 1946 година, била постигната Спогодба меѓу НОФ и КПГ за обединување (На истото место, 21.) во единствен антимонархистички фронт. По директива од ЦК на КПМ, Главниот одбор на НОФ прифатил организацијата да се стави под раководство на КП на Грција.

Спогодбата според интерпретацијата од Фотев имала 8 одредби:

1. НОФ, останувала самостојна организација, единствен легитимен претставник на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија, а ќе се раководи од КПГ;

2. Организациите НОМС и АФЖ ќе постојат како составни делови на НОФ;

3. НОФ ќе издава свој весник - орган на Главниот одбор;

4. Македонците комунисти од егејскиот дел на Македонија станувaат членово на КПГ по автоматизам;

5. Партизанските одреди на НОФ ќе се обединат со ДАГ, а воено-политичкиот кадар ќе се распореди на соодветните командни должности во воените штабови на ДАГ;

6. Секретарот на Главниот одбор на НОФ Паскал Митревски се поставува за член на секретаријатот на Покраинскиот комитет (Македонско биро) на КПГ од егејскиот дел на Македонија и Тракија;

7. Членот на Главниот одбор на НОФ Џоџо Урдов се поставува за член на командниот состав на Главниот штаб на ДАГ;

8. Минчо Фотев, член на Главниот одбор на НОФ, и секретар на НОМС, се поставува за член на секретаријатот на Покраинскиот комитет на ЕПОН од егејскиот дел на Македонија и Тракија. (На истото место.)

На 18 октомври 1946 година, политичкиот секретар и двајца од членовите на Главниот одбор на НОФ: Паскал Митревски, Илија Димовски-Гоче (И. Димовски-Гоче од с. Статица, Леринско. Роден 1905 година. Револуционер-комунист, член на КП на Грција. Ја напуштил грчката комунистичка партија и основал Македонска партиска организација со национална платформа (1941). Учесник во НОД; бил член на Главниот одбор на НОФ, командант на партизанскиот одред Вичо" (февруари 1943), комесар и командант на Леринско-костурскиот партизански одред "Вичо" (1944), командант на Првата македонска (Егејска) ударна бригада (1944), командувал со македонските партизански единици на пл. Вичо (1946), командант на баталјон на ДАГ (1947). Починал во Скопје, на 26 јули 1961 година.) и Минчо Фотев, биле повикани од Лазар Колишевски во неговиот кабинет. По краткотрајниот разговор за Спогодбата со КПГ, Колишевски ги задолжил на апсолутна лојалност со КПГ, сите проблеми да ги решаваат со нејзиното раководство, (Според Фотев на крајот од состанокот Колишевски рекол: "Од посебен интерес е доследно да го спроведете единството со КПГ врз основа на постигнатата Спогодба, да го чувате и зацврстувате единството во редовите на НОФ, да го чувате и зацврстувате братството и борбеното единство со грчкиот народ, доследно и безрезервно да се борите

каде што ќе биде потребно и сите проблеми што ќе се појават во текот на борбата да ги решавате заеднички со раководството на КПГ и со Главниот штаб на ДАГ”. (На истото место, 22.)) и за целосен прекин на врските и односите со “општествено-политичките фактори на НРМ”. (Фотев: “По обединувањето на НОФ со КПГ беа прекинати сите врски и контакти со општествено-политичките фактори на НР Македониа.” (На истото место, 22.)) Следниот ден (19 октомври) петставниците на Главниот одбор од Македонија се упатиле за Албанија на пат за егејскиот дел на Македонија. Во Корча биле прифатени од курири на ДАГ. Паскал Митревски преку Грамос пристигнал во седиштето на Главниот штаб на ДАГ на Хаша Планина на средба со врховниот комндант на ДАГ, генералот Маркос. Илија Димовски-Гоче заминал на планината Вичо во реонскиот штаб на македонските партизанските одреди каде се наоѓале другите членови на Главниот одбор на НОФ за исполнување на Спогодбата за обединување на силите со ДАГ. Минчо Фотев заминал во Костурско за да го запознае окружното раководство на НОФ за Спогодбата и за нејзиното спроведување. (На истото место, 22.)

Грчката монархистичка влада вршела засилени подготовки за разбивање на грчкото комунистичко движење и за ликвидирање на македонското националноослободително движење. Со финансиска помош и воена опрема од Велика Британија и САД, ги модернизирале армијата и жандармериските сили. Биле формирани и посебни вооружени формации: баталјони - национална стража и посебни одреди “од фашистички елементи” кои под инструкции од англо-американските воени експерти се обучувале за специјално војување против ДАГ. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 19.)

Во таква ситуација, за време на разговорите Маркос-Митревски за реализирање на Спогодбата за обединување, на барање од генералот Маркос била постигната согласност да се даде приоритет на обединувањето на македонските партизански единици со ДАГ, по што го утврдиле и начинот на спроведувањето. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 22.) Генералот Маркос го ополномоштил својот помошник Никос Теохаропулос-Скотидас за спроведување на договореното.

Веднаш потоа Паскал Митревски со ополномоштениот помошник на врховниот командант на ДАГ Маркос, пристапиле кон спроведување на обединувањето на силите со интегрирање на македонските партизански одреди во ДАГ. (На истото место.)

Обединувањето на единиците и нивното групирање се вршело во регионите каде што дејствувале. Во подрачјето на Грамос соединувањето било извршено на собирот на единиците на ДАГ и партизанските одреди на НОФ во с. Дријаново, Костурско, на 9 ноември 1946 година, во присуство на Паскал Митревски и Никос Теохаропулос-Скотидис со соработниците. (М. Фотев, Односот на КПГ кон организацијата на НОФ, 7.) Тука била извршена реорганизацијата и бил формиран регионален штаб на ДАГ, во состав: Ѓорѓи Јанули-командант, Јани Пачура и Ахилеа Папајоану-помошници на командантот и Козма Буковина политички комесар. Со реорганизацијата на партизанските одреди биле формирани четири одреди. За командант на првиот партизански одред бил поставен Васил Христовски, (В. Христовски од с. Добролишта, Костурско. Бил борец на ЕЛАС, командир на ДАГ. Загинал во 1948 година.) а за политички комесар Сотир Костовски-Дирекот. На вториот одред за командант бил поставен Стерјо Мавранѕа, а за политички комесар Ташо Михајловски, на третиот одред за командант бил поставен Вангелис Форфаљас, а политички комесар Георгиос Пападимитриу-Мавровунис, а на четвртиот партизански одред за командант бил поставен Аргир Ковачев, а за политички комесар Атанас Калојанов. Командниот состав на одредите бил од Македонци, само на третиот партизански одред командантот бил Влав, а политички комесар Грк. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 22-23.) Од реонот на Грамос, Паскал Митревски и Никос Теохаропуљос-Скотидас, со придружбата се упатиле кон реонот на планината Вичо за спроведување на обединувањето на македонските партизански одреди со ДАГ. На 16 ноември пристигнале во с. Врник (во Албанија, населено само со Македонци), каде биле прифатени од Минчо Фотев, Ламбро Чолаков, Герман Димовски-Стариот, Јани Пировски со група македонски борци и во нивна придружба, преку селата Бесвина и Руља пристигнале на пл. Вичо. Во месноста “Трсјанска Корија” се состанале со воените и политичките раководители:

командантот Пандо Шиперков, Илија Димовски-Гоче, Михаил Керамитчиев и други раководни лица од Леринскиот округ. За воено-политичката ситуација во регионот, за положбата на народот, за состојбата во партизанските одреди и во организациите на НОФ, НОМС и АФЖ информирле: Илија Димовски-Гоче, Пандо Шиперков, Минчо Фотев, Ламбро Чолаков, Михајло Керамитчиев и Герман Дамовски-Стариот. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 23.)

На 21 ноември, утрото, во с. Бапчор бил одржан состанок на претставниците на НОФ, КПГ и ДАГ: Паскал Митревски, Никос Теохаропуљос-Скотидис, Пандо Шиперков, Теодорас Ефтимијадис, Илија Димовски-Гоче, Минчо Фотев, Михаил Апостоловски-Гранити и др. На состанокот бил избран Штаб на оперативната зона "Вичо" во состав: Пандо Шиперков - командант, Лефтерис Кацакос (Грк) – политички комесар и Михаил Апостоловски-Гранити - член. Истиот ден во селото бил одржан собир на околу 30 раководители на НОФ, НОМС и АФЖ од Леринскиот и Костурскиот округ со жителите на селото. Собирот го поздравиле командантот Пандо Шиперков и Паскал Митревски кој (На истото место, 23.) пред населението ја претставил ситуацијата во Грција, тешката положба создадена од монархистичката влада, за подемот на демократското движење предводено од КПГ, а посебно за Спогодбата на НОФ и КПГ за обединување, а со тоа и обединувањето на македонските партизански одреди со ДАГ, како и за значењето и градењето на братството и единството помеѓу македонскиот и грчкиот народ. (Говорот на Паскал Митревски бил проследен со одобрување и извикување на паролите: "Да живее братството и единството!", "Да живее НОФ!", "Смрт на монархофашистите!" и др. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 23.)) Собирот го поздравил и помошникот на врховниот командант на ДАГ, Никос Теохаропуљос-Скотидис кој, како што пишува Фотев, меѓу другото рекол дека "братството и единството како и заедничката борба на грчкиот народ под раководството на КПГ, претставувале фактор и гаранција за ослободување на земјата и народот од монархофашистичката тиранија и од англо-американските империјалисти", дека КПГ претставувала гаранција за ослободување на народот и земјата од

монархофашистичка тиранија, да се извојуваат демократските права, единствен пат на македонскиот народ да извојува национална рамноправност. (Поздравниот говор на Никос Теохаропуљос - Скотидис бил проследен со паролите: “Да живее ДАГ и нејзиниот врховен командант другарот Маркос!”, “Да живее братството и единството!” (На истото место, 23-34.))

По народниот собир (Собирот завршил со пеење на револуционерни песни и народни ора. (На истото место, 23.)) новиот Штаб на оперативната зона Вичо извршил реорганизација на партизанските чети. Македонските партизански чети имале, според рапортот на командантот Пандо Шиперков, броен состав од 607 борци, а партизани Грци имало само 36 борци под команда на Стратос Кендрос. (На истото место, 24.)

Главниот одбор на НОФ се состанал на 22 ноември 1946 год., во с. Бапчор, во куќата на Коле Ќандов. (М. Фотев, Односот на КПГ кон организацијата на НОФ, 8.) На состанокот учествувале: Паскал Митревски, Михајло Керамитчиев, Илија Димовски-Гоче и Минчо Фотев. За член на Главниот одбор била кооптирана Евдокија Балева-Вера ( Евдокија Балева-Вера од с. Д’мбени, Костурско. Живее во Скопје. Учесник во НОД на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија. Била секретар на Главниот одбор на АФЖ, член на Главниот одбор на НОФ, член на Координативното биро на НОФ, потпретседател на Централниот совет на НОФ, член на Извршниот комитет на Централниот совет на НОФ, потпретседател на Централниот совет на Сегрчката демократска унија на жените, член на заедничката делегација во својство на секретар на АФЖ ја претставувала македонската организација (со Малина Маркова) на конгресот на Светската организација на демократските жени во Будимпешта, декември 1948 година, член на делегацијата на НОФ во заедничката делегација на Демократската влада на Грција на меѓународниот конгрес на мирот, април 1949 година. По поразот на ДАГ со членовите на раководството на НОФ од Политбирото на КПГ обвинета како агент на Тито била уапсена на 2 октомври, во затворите во Албанија била задржана до 14 декември, кога била префрлена во СССР. Во истражниот затвор во Москва била од

јануари 1950 до 19 април 1952 година, кога била осудена на 8 години затвор и спроведена во логор во Сибир. По нормализирањето на односите меѓу Советскиот Сојуз и Југославија била ослободена и дошла во НР Македонија во Скопје каде живее.) која била назначена за секретар на АФЖ од егејскиот дел на Македонија. Паскал Митревски ги информирал членовите на одборот за преговорите водени со врховниот командант на ДАГ, Маркос Вафијадис и за практичното спроведување на Спогодбата на НОФ-КПГ. По прашањето за примената на Спогодбата било договорено приоритет да се даде на обединувањето на македонските партизански одреди со единиците на ДАГ. Одборот го прифатил барањето на врховниот командант Маркос за испраќање и располагање на Главниот штаб на ДАГ, два македонски партизански одреда од подрачјата на Вичо, Пајак Планина и Кајмакчалан со околу 500 борци. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 24.)

Одлуката на ГО на НОФ веднаш била извршена. Од партизанските одреди на планината Вичо бил формиран првиот одред со 200 борци чиј командант бил Лазар Поплазаров, а од македонските партизански единици на Кајмакчалан и Пајак Планина бил формиран вториот партизански одред од 300 борци чиј командант бил Ѓорѓи Урдов-Џоџо, и биле ставени на располагање на ГШ на ДАГ. (На истото место.) Главниот одбор на истиот состанок донел одлука за делегирање на Македонци-комунисти во окружните комитети на КПГ: Живко Попов(ски) во Леринскиот, и Јани Пировски во Костурскиот ОК на КПГ. (На истото место, 25.)

По одлука на ГО на НОФ (Донесена на истиот состанок на 22 ноември.) за обединување на НОФ и КПГ и на македонските партизански одреди со ДАГ организациите на НОФ, НОМС и АФЖ со интензивна политичка активност го убедувале членството и македонскиот народ за важноста на обединувањето за ослободителното дело. Македонските организации “го мобилизирале целиот борбен потенцијал на македонскиот народ”, за поддршката на ДАГ, во чии редови доброволно стапувале младите Македонци. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 24-25.)

Раководството на КП на Грција, Спогодбата ја сметала за акт со кој организацијата на НОФ се самораспуштила, се слевала во организациите на партијата, а со тоа престанувало да постои македонското националноослободително движење. КПГ не била обврзана да преземе и не презела никаква активност за запознавање на грчкиот народ, ниту пак на грчкото население од егејскиот дел на Македонија за Спогодбата за единство со НОФ и за обединувањето на македонските и грчките партизански единици, како и за масовното учество на македонскиот народ во ДАГ. (На истото место, 24.) Политбирото на ЦК на КПГ презело акција за елиминирање од НОФ и од движењето на раководните личности застапници за самостојност на македонското НОД. Политбирото го прогласило Илија Димовски-Гоче за "автономист, сепартист и соработник на Англичаните" и донело одлука за негово отстранување, да не му се дава никаква одговорна должност. Врховниот командант на ДАГ наредил негово отстранување од ДАГ. Раководството на НОФ било известено со барање за отповикување на Гоче. (На истото место, 25.)

Главниот одбор расправал за случајот со Илија Димовски-Гоче. Одборот ги примил "со огорченост и револт" и ги осудил постапките на Политбирото на ЦК на КПГ и решението на врховниот командант на ДАГ Маркос, за негово отстранување од раководните функции во НОФ и во единственото антимонархистичко движење. (На истото место, 25.) Единствено Михајло Керамитчиев се воздржал од осудата, поради лична нетрпеливост кон Илија Димовски. (Фотев за тоа пишува: "Поради стари лични сметки што датираа уште од формирањето на Првата ударна (Егејска) бригада чиј командант беше Гоче, а Михаил Керамитчиев политички комесар (помеѓу овие двајца имаше нетрпеливост)" (На истото место, 25.)) Секретарот на ГО на НОФ, Паскал Митревски повикал независно од пројавените проблеми организацијата на НОФ "најинтензивно да продолжи со извршувањето на договорените задачи во духот на Спогодбата (со КПГ)". На крајот од состанокот предложил: по спроведувањето на обединувањето на партизанските одред на НОФ со ДАГ, тој и Минчо Фотев да заминат за Солун на средба со секретарот на ПК на КП на Грција, односно со секретарот на ПК на ЕПОН за Македонија и

Тракија, за да се договорат за “реализирање на другите услови од Спогодбата за обединување на НОФ со КПГ”. За вршител на должноста секретар на ГО на НОФ, до неговото враќање од Солун, го одредил Михајло Керамитчиев. Двата предлога биле прифатени од Главниот одбор. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 25.)

На 24 ноември, секретарот Паскал Митревски со членовите на ГО на НОФ Михајало Керамитчиев и Евдокија Балева-Вера, отпатувале преку Леринско Поле за Кајмакчалан, во Воденско да го спроведат обединувањето на македонските партизански одреди со единиците на ДАГ. (На истото место, 25.) Минчо Фотев со куририот Мичо Коровешовски добиле задача веднаш да заминат за Солун, со секретарот на ПК на ЕПОН, Никос Акритидис за да го договори обединувањето согласно со одредбите од Спогодбата на НОФ-КПГ. Патувањето на Фотев за Солун било спречено од секретарот на Леринскиот ОК на КПГ, Теодорос Ефтимијадис (Според кажувањето на Евдокија Балева - Вера /Вера Фотева/: “Теодорос Ефтимијадис кој потекнувал од градот Костур, уште во времето на диктатурата на Метаксас како комунист бил врбуван од грчката полиција да работи за фашистичкиот режим. Тоа го прави за сето време на Антифашистичката и Граѓанската војна во Грција.”) со офазложение за прекин на каналот за поврзување. За тоа бил известен по посебен курир, Паскал Митревски кој наредил Фотев да отпатува во Гуменџиско и со членовите на ОК на НОФ да го подготват теренот, до неговото пристигнување, за спроведување на обединувањето. (На истото место, 25.) Преку територијата контролирана од грчката монархистичка армија и жандармерија Фотев со Мичо Коровешовски, на 5 јануарп 1947 година, пристигнале на Пајак Планина. На 7 јануари се одржал состанок со членовите на Окружниот одбор на НОФ во с. Баровица, Иван Ничев, Вангел Ничев, Иван Ковачев-Орфеј, Сотир Хаџимитровски, Кочо Киров и др., на кој била разгледана ситуацијата во округот и проблемите на НОФ, НОМС и АФЖ. (526 На истото место, 26.) Окружното раководство информирало за затегнатите односи со партиските организации на КПГ и нивните вооружени групи. (Иван Ковачев информирал дека членот на ПК на КПГ и командант на грчките партизански единици во централниот дел на Егејска

Македонија десетина дена пред тоа “на подмолен начин нападнал една македонска вооружена група (на НОФ) и ја разоружал.” (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 26.)) За запирање на натамошното влошување на односите, наредниот ден, на 8 јануари, Фотев со членовите на окружното раководство отпатувале во Штабот на грчките партизански групи во месноста “Гондач” на Пајак Планина. На средбата со капетанот Панос, Лефтеријас, Ставрос и другите грчки раководители “остро реагирале” за разоружувањето на македонските партизани. (Грчките воени и политички раководители “Наместо да се извинат, се обиделе да се оправдаат”. (На истото место, 26.))

На 9 јануари 1947 година во Штабот на македонските партизански одреди на Пајак Планина, пристигнале Паскал Митревски и Евдокија Балева-Вера. По нивното пристигнување Михајло Керамитчиев побарал да биде ослободен од должноста поради нарушеното здравје, по што отпатувал за НРМ во Скопје на лекување. (На истото место, 26.) Фотев тврди дека не се работело за здравствени проблеми на Керамитчиев. Зошто Керамитчиев побарал да замине од НОД тој дава две верзии. Според едната, Керамитчиев заминал за Скопје на “закрепнување” и “да се види со своето потесно семејство”. Според другата верзија затоа што Михајло Керамитчиев со мала група во НОФ, негови приврзаници “македонски сепаратисти” биле против Спогодбата за обединување на НОФ со КПГ, а некои од нив заминале од НОД по нејзиното објавување. (Фотев: “Од постигнатата Спогодба единствените незадоволни беа малубројните сепаратисти во НОФ на чело со Михаил Керамитчиев. Некои од нив веднаш по Спогодбата самоволно ги напуштија редовите на НОФ и на ДАГ” (На истото место, 28.))

Според тоа, во раководството на НОФ, а со тоа и во НОД, дошло до поларизирање на застапници за единство на македонскиот НОД со грчкото антимонархистичко комунистичко движење, под водство на КПГ, кои биле во мнозинство и застапници за самостојност на македонското НОД.

Противници на обединувањето биле Грците кои ги имало во редовите на КПГ и ДАГ, и кои сметале дека “на Македонците им биле признати прилично големи права и овластувања”. (На истото место, 28-29.)

### НОФ и Анкетната комисија на ООН во Солун

Секретарот на ГО на НОФ Паскал Митревски, на состанокот со окружните раководства на НОФ, НОМС и АФЖ, на 10 ноември 1946 година, информирал за пристигнувањето на Анкетната комисија на ООН во Грција, со седиште во Солун, за испитување на причините на Граѓанската војна во Грција по обвинувањата од грчката монархистичка влада против владите на Југославија, Албанија и Бугарија. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 26.) На состанокот раководните лица на окружните организации биле задолжени “да преземат најитни мерки; да формираат комисиии делегации кои на Анкетната комисија на ООН ќе и доставуваат петиции, меморандуми и др. Непобитни докази како единствен виновник за Граѓанската војна во Грција била Грчката влада со нејзиниот невиден терор над учесниците во антифашистичките движења на ЕАМ и ЕЛАС, и сите кои се бореле со пушка в раце против германско-италијанските фашистички окупатори, со геноцидот над македонското население, со единствена цел да ги задушат прогресивните демократски сили кои го претставуваат огромното мнозинство на македонскиот и грчкиот народ”. (На истото место, 26-27.) Релевантноста на информациите да се потврди со испраќање на списоци од илјадници македонски борци и поддржувачи на антифашистичката борба кои во грчките затвори и во концентрационите логори биле жестоко измачувани, со списоци на организаторите, првоборци и раководители на единиците на оруженото антифашистичко движење убиени од грчката полиција (без судење и пресуди). Меѓународните претставници да се запознаат дека мнозинството од командниот состав во грчкиот државен полициски апарат и грчката армија биле чиновници на квислиншката власт и офицери соработници на фашистичките окупатори. Да се запознаат со страдањата на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија, за “оргиите и злосторствата извршувани од монархофашистичката власт, било поставено како најважна приоритетна задача на

организацијата на НОФ". (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 27.) Со претставувањето на вистината за Граѓанската војна во Грција се очекувало "гласот на македонскиот народ во Грција да се слушне и во целиот свет, дека во егејскиот дел на Македонија постои македонски народ кој масовно учествуал во големата антифашистичка војна, дека дал големи жртви и претрпел огромни материјални штети. Од друга страна, да се запознае цивилизираниот свет и меѓународната демократска јавност со геноцидот (над него) вршен од грчките монархофашисти". (На истото место.) Со тоа, на најексплицитен начин да се актуализира македонското национално прашање во егејскиот дел на Македонија.

Според сведоштвата на Фотев, на претставниците на ООН им биле предадени преку 50 меморандуми и петиции во кои "документирано била прикажана трагичната положба на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија". (На истото место.) Во сите тие документи се барало, Организацијата на Обединетите нации "да ја осуди терористичката политика на Грчката влада и да се заложи за мирен демократски живот и развој на Грција, а на Македонците да им се признае националната рамноправност". (На истото место.)

## Завршните активности во спроведувањето на Спогодбата за обединување

За конечно спроведување на обединувањето останувало, обединувањето на силите во регонот на Пајак Планина. На 11 јануари 1947 годинна се одржал заеднички состанок на претставниците на НОФ, КПГ и ДАГ во с. Купа, Гуменџиско. На состанокот раководел секретарот на ГО на НОФ, Паскал Митревски. (На состанокот како претставници на НОФ учествувале и говореле: Евдокија Балева- Вера, Минчо Фотев, Иван Ковачев-Орфеј и др.) Тој говорел за братството и единството на македонскиот и грчкиот народ, за улогата и борбениот пат на македонската организација на НОФ, за помошта дадена на ДАГ. Претставникот на КПГ и на ДАГ Еврипидис Капетанос-Панос ја поздравил Спогодбата на КПГ и НОФ за обединување со ветување дека во слободна Грција

“Македонците заслужено ќе добијат слободен национален живот и национална рамноправност”. (На истото место, 27-28.) Кочо Киров од НОФ бил избран за член во Штабот на ДАГ на Пајак Планина. (На истото место, 28.) Со тоа завршило обединувањето на македонските партизански одреди на планините Грамос, Вичо, Кајмакчалан и Пајак Планина (Фотев пишува дека македонските партизански одреди “воодушевено и со голем борбен ентузијазам го поздравиле обединувањето”. (На истото место, 28.)) со единиците на ДАГ, спроведено според утврдениот план. (На истото место, 28.) Конечно се реализирало обединувањето на НОФ со КПГ. (За тоа фотев пишува: “Резултатите од обединувањето на НОФ со КПГ, на партизанските одреди на НОФ со ДАГ беа поголеми од очекувањата. Сите македонски борци на Грамос, Вичо, Кајмакчалан, Пајак Планина, секаде каде што ги имаше, воодушевено и со голем борбен ентузијазам го прифатија и го поздравија единството.” (На истото место, 28.))

Раководството на Организацијата имало широка поддршка при определбата за единство со КПГ. Според сведочењето на Фотев “целиот македонски народ од егејскиот дел на Македонија бил приврзан кон НОФ, верувал во ослободителното дело на својата организација” и искрено го прифатил обединувањето на НОД со прогресивното револуционерно движење на грчкиот народ. Тоа на дело го покажал “со масовното учество во ДАГ, во борбата за слобода и независност на Грција и за своја национална и социјална слобода”. (Фотев: “Братството и единството меѓу македонскиот и грчкиот народ не беше само желба, туку вкоренето во душата на секој чесен Македонец, кај секој борец и вистински патриот, бидејќи тоа се темелеше и градеше со крвта и коските на најдобрите синови и ќерки на двата народа во заедничката долгогодишна борба против заедничкиот непријател. Спогодбата на НОФ и КПГ-за обединување беше израз на волјата на македонските и грчките революционери, на волјата на македонскиот и на грчкиот народ.” (На истото место.)) Како потврда на тоа Фотев ги наведува податоците на врховниот командант на ДАГ генералот Маркос, дека во ДАГ имало 18.000 македонски борци од кои 3.000 девојки и млади жени Македонпки, а во помошните единици уште преку 3.000 борци возрасни Македонци/ки,

организирани во посебни чети раководени од активистите на НОФ и АФЖ. (На истото место 28.) Фотев го оспорува пишувањето на Наум Пејов за подреденоста на македонскиот народ во оружената борба, дека “не беше сојузник” туку “неплатен наемник”. (М. Фотев цитира дека “Наум Пејов во својата книга ‘Македонците во Граѓанската војна во Грција’, објавена во 1968 година, на стр. 150 пишува: ‘...тој (македонскиот народ) не беше сојузник во борбата, ами просто се третираше како неплатен наемник. Може ова да звучи чудно, но тоа беше така!” (М. Фотев, Односот на КПГ кон организацијата на НОФ, 4.))

По соединувањето на македонските партизански единици на ДАГ, македонското раководство како ургентно го поставило разрешувањето “на сите отворени прашања, до крај да се регулираат односите на НОФ и КПГ, спогодбено да се одредат формите и начинот за конструктивна ефикасна соработка на НОФ, НОМС и АФЖ од едната старна и КПГ, ДАГ и ЕПОН, од другата страна.” (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 29.) Секретарот на ГО на НОФ, Паскал Митревски и секретарот на НОМС Минчо Фотев побарале итна средба со ПК на КПГ во Солун за доследно применување на Спогодбата на НОФ и КПГ за обединување. Но тоа не бил интерес и на КП на Грција.

Со присоединувањето на македонските партизански единици на ДАГ, КП на Грција ја постигнала целта за преземање на раководењето со оружениот дел на македонското националноослободително движење кое требало да го елиминира како самостоен политички и оружен фактор во Грција. За постигнување на така поставената цел, КПГ пристапила кон реализација на планот за дезорганизирање и за елиминирање на организацијата на НОФ, (Фотев: “Намерите на раководството на КПГ биле други. Не само што не остана доследна на обврските што званично ги презеде (со Спогодбата за обединување - ММ) туку одбиваше секаква соработка со организацијата на НОФ”. (На истото место, 30.)) раководната сила на македонското НОД. Со ограничувањето на застапеноста на македонските кадри на раководните должности ќе се спречи нивното влијание во партиските организации и во единиците на ДАГ во егејскиот дел на Македонија.

Затоа било решено Паскал Митревски и Минчо Фотев, да отпатуваат во Солун, првиот да се сретне со секретарот на Покраинскиот комитет на КПГ Леонидас Стрингос, а вториот со секретарот на ПК на младинската организација ЕПОН, Никос Акритидис за да ги договорат активностите за доследно спроведување на Спогодбата за обединување. (М. Фотев, Односот на КПГ кон организацијата на НОФ, 13.) Патувањето на македонските раководители на средбата со ПК на КПГ и ПК на ЕПОН било опструирано со необезбедување врска за нивно патување од Пајак Планина за Солун. Членот на ПК на КПГ од егејскиот дел на Македонија и Тракија, Еврипидис Капетањос-Панос бил задолжен да ги спречи да отпатуваат во Солун иако Митревски по Спогодбата за обединување, бил член на Покраинскиот комитет на КПГ, а Фотев на ПК на ЕПОН. Митревски го упатиле до претставништвото на КПГ во Југославија како врска за патувањето во Солун. Вистинската намера на раководството на КПГ, била подолго време да го изолира од македонската организација и да подготви терен за негово компромитирање и елиминирање од водечката раководна функција на НОФ. Инсистирањето на таа врска било симптоматично за раководните лица на НОФ. Сепак, таа била единствената можност во директна средба со ПК на КПГ да се расчистат работите. Паскал Митревски по силно инсистирање од Минчо Фотев, прифатил да патува преку Југославија. Пред заминувањето од Пајак Планина тој ги задолжил Евдокија Балева-Вера да замине во Леринскиот и Костурскиот округ, а Минчо Фотев во Ениџе-Вардар и Гуменице, да раководат со окружните организации на НОФ, “се додека не бидат повикани.” (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 29.) Веднаш потоа Паскал Митревски преку Гевгелија преминал во Југославија. (М. Фотев, Односот на КПГ кон организацијата на НОФ, 13.)

Во тоа време монархистичката влада на Грција, поради присуството на Анкетната комисија на ООН во Солун, спровела уште поригорозни мерки на контролата за движењето во централниот и западниот дел на Егејска Македонија. Армиските, жандармерските и полициските сили презеле вонредни мерки на контрола над населените места што

гравитирале кон Солун, Енице-Вардар, Гуменице, Воден и Бер, посебно за влегување и излегување од Солун. За помалите населени места што тешко се контролирале или не можеле да се држат под целосна контрола, било спроведено иселување на населението. Во октомври и ноември 1947 година, полицијата целосно ги иселила селата: Баровица, Рамна, Петгас, Црна Река, Лумница, Купа и др. Дел од населението било протерано и пребегнало во НР Македонија, а преостанатото било интернирано во градовите и ставено во неподносливи услови. (Фотев пишува дека на тоа македонско население во градовите "животот им беше вистинска драма." (На истото место.))

Секретарот на ГО на НОФ, Паскал Митревски во својство на член на ПК КПГ за Македонија и Тракија постапил според директивата од раководството на партијата. Со "специјални курири на партијата бил спроведен во претставништвото на КП на Грција во Југославија". (На истото место.) При предавањето на документите побарал веднаш да замине за Солун. Грчкото партиско претставништво постапувајќи според директивата од централата, го спречило неговото заминување во Солун. Со месеци бил задржуван во Југославија, (Фотев: "јасно е дека беше со цел да го компромитираат, да го деградираат, да го лишат од раководните функции. Тоа истовремено беше директен атак и против НОФ." (На истото место. 30.)) за да му се дадело време на ПК на КПГ да го отстрани целото актуелно раководство на НОФ предводено од Паскал Митревски, и да постави лојално раководство. КПГ не сакала да толерира постоење на авторитетна македонска национална револуционерна организација, (Фотев: "КПГ не сакаше македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија да има своја самостојна политичка организација која ќе раководи со неговата борба за национална и социјална слобода." (На истото место, 31.)) уште помалку да има партнерски односи со НОФ како што се обврзала со Спогодбата за обединување.

Раководството на КП на Грција по присоединувањето на македонските партизански единици во ДАГ, веднаш презела организирана акција НОФ "да ја дискредитира пред македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија, па дури и во НР Македонија". (На истото место, 31.) Со декларативни

ветувања давани “во независна слободна Грција дека македонскиот народ ќе бил рамноправен и ќе ги уживал сите културни и национални права”, (На истото место.) само како тактика, го подготвувала укинувањето на македонската национална организација. Врските на ОК на НОФ на Еницe-Вардар со Главниот одбор на НОФ на Вичо Планина биле прекинати. Претставникот на КПГ, Еврипидис Капетанос-Панос, и по два месеца од заминувањето на Паскал Митревски од Пајак Планина, не давал никакви информации за тоа. Барањата од секретарот на НОМС Минчо Фотев, за поврзување со ПК на ЕПОН биле одбивани, (На истото место.) иако тој бил член на Покраинскиот комитет.

Во почетокот на април 1947 година, секретарот на НОМС и член на ГО на НОФ Минчо Фотев, придружуван од куририот Мичо Коровешовски (М. Коровешовски, од с. Смрдеш, Костурско. Бил десетар во Првата македонска (Егејска) бригада, командир на одред на ДАГ. Загинал во1947 година.) и личниот курир на Паскал Митревски, се упатиле во седиштето на ГО на Организацијата на планината Вичо. Во Воденско, во селата Кронцелево и Долно Радиво, бил одржан состанок со окружното раководство на НОФ во состав: Вангел Ајановски - секретар на Окружниот одбор, Петре Шорев-Фидан (младински раководител), Ристо Букувала-Жуков, (Р. Буковалија-Жуков од с. Теово, Воденско. Учесник во НОД, член на Окружниот одбор на НОФ за Воденско, борец во ДАГ.) Ѓорѓи Манчов и др. На состанокот биле разменети информации за воено-политичката ситуација во Воденскиот и Еницe-Вардарскиот округ, за активностите на организациите: НОФ, НОМС и АФЖ и односите со КПГ, ЕПОН и ДАГ. (На истото место, 31.) Ајановски ги информирал за влошувањето на односите поради односот на раководствата на КПГ и другите грчки политички организации. “Остро ја осудил Спогодбата за обединувањето” на НОФ и КПГ и обвинил дека со обединувањето на НОД на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија со грчкото демократско движење “НОФ отстапила од првобитните програмски начела”. (На истото место, 32.)

По пристигнувањето во реонот на планината Вичо на слободната територија во с. Прекопана, Фотев не успеал да се

сретне со членот на ГО на НОФ Михајло Керамитчиев кој бил отсутен, и заминал во Костурскиот округ. Во с. Смрдеш биле одржани неколку средби со секретарот на ОК на НОФ и со другите раководители на НОФ, НОМС и АФЖ: Крсто Мангов, (К. Мангов од с. Д'мбени, Костурско. Бил борец во ЕЛАС, заменик политички комесар на баталјон на Првата македонска (Егејска) ударна бригада, секретар на Окружниот одбор на НОФ за Костурско, претседател на Окружниот одбор на народната власт за Костурско, прететавник на Привремената демократска влада на Грција за локална народна власт и член на Извршниот комитет на централниот совет на НОФ. Загинал на 11 август 1949 година кај с. Брезница, Костурско.) Никола Панов, Трајко Супелов, Панајот Караџа, (Панајот Караџа(ов) од с. Д'мбени, Костурско. Учесник во НОД на македонскиот народ во Ег. дел на Македонија, комунист, секретар на Околискиот одбор на македонската младинска организација на НОМС, член на Околискиот одбор на НОФ за Костурско, шеф на подрачната единица на народната милиција на ДАГ. Загинал во 1948 година.) Хрисанти Цанзовска, (Х. Цанзовска од с. Чука, Костурско. Била секретар на Окружниот одбор на АФЖ за Костурско. Емигрирала во Полска, а оттаму во Бугарија, во Пловдив.) на кои било расправано за ситуацијата во округот, "активностите на НОФ и положбата на народот, особено во окупираните подрачја", како и за проблемите со КПГ создавани од "потценувачкиот и арогантен однос" спрема активистите на НОФ, (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 32.) што воделе кон влошување и заострување на односите.

**Првиот конгрес на АФЖ од егејскиот дел на Македонија**

Организацијата на АФЖ од егејскиот дел на Македонија израснала во масовна национална организација активно вклучена во оружената ослободителна војна. Фотев наведува податоци дека во единиците на ДАГ се бореле преку 3.000 Македонки. Голем број од нив за докажаната способност и храброст добивале офицерски чинови и биле одликувани од Демократската влада на Грција. Многу Македонки првоборци, офицери на ДАГ, ги положиле своите животи во војната за слободата на својот народ, како: Цвета Андреева, (Катина Андреева-Цвета од с. Мокрени, Костурско. Била член на

реонскиот одбор на македонската младинска организација на НОМС, потпоручник, командир на вод на ДАГ. Загинала 1949 година.) Теодору Шкорну-Паскалова, Евгенија Кирјакова, (Е. Кирјакова од с. Нестрам, Костурско. Борец на ЕЛАС од 1943 година. Била член на Окружниот одбор на ЕПОН за Костурско, член на Окружниот одбор на НОФ за Костурско, потпоручник на ДАГ. Загинала во 1949 година.) Теано Пачу, Афродита Дувалевска, (А. Дувалевска од с. Нестрам, Костурско.) Евгенија Андреева, Ники Динка, Катина Думкова, (Катина Думкова-Тинка од Екшису.) Пепи Кирцова, Германија Пајкова, (Г. Пајкова од с. Герман, Преспанско.) Ангелина Попова, (А. Попова од с. Долно Клештино, Леринско.) Ленка Ризова, Лина Ралева, Архонда Марковска (А. Марковска (ќерка на Малина Марков(ск)а, член на Околискиот НО одбор за Леринско), учесник во НОД, загинала во борба како подофицер на ДАГ (Евдокија Фотева-Вера, кратко потсетување за шеесетгодишнината од основањето на македонската организација на НОФ (Народноослободителниот фронт) во Егејска Македонија и тогашните настани во Грција, 7 (СА.-Фотеви, машинопис).) и др. Исто така било големо и учеството на жените Македонки во помошните единици. Над 500 Македонки вклучени во АФЖ биле затворани или интернирани во грчките концентрациони логори. Некои биле осудувани на смрт и стрелани. Првата Македонка, воедно и прва жена во Грција осудена на смрт од военот суд и стрелана, била Мирка Гинова, секретар на Окружниот одбор на АФЖ на Воденскиот округ, херојот на македонскиот народ. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 42.) Раководството на КПГ имало потолерантен однос спрема македонската организација на жените - АФЖ.

Конгресот на АФЖ, се одржал на 29 април 1948 година, во близина на с. Бесфина, Преспанско (егејски дел на Македонија), на отворен простор поради опасноста од бомбардирање на селото од авијацијата на монархистичката влада на Грција. Учествувале 420 делегати од сите околии од егејскиот дел на Македонија, жени борци во ДАГ и гости “од сите организации и партии учеснички во Граѓанската војна”. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 41-42.) Конгресот избрал нов Главен одбор на АФЖ. За секретар повторно била избрана Евдокија Балева-Вера. Како главна задача било поставено јакнење на

акционата способност на организацијата. (Според сведоштвото на Евдокија Балева - Вера “организацијата на АФЖ од Егејска Македонија ја покани сродната организација на АФЖ од НР Македонија да учествува во работата на Првиот конгрес на АФЖ од Егејска Македонија. Но, делегацијата од НРМ во чиј состав влегувале Мара Минанева, Лилјана Манева и уште еден член биле запрени во Корча /Албанија/ и поради тоа пристигнаа дури по завршувањето на Конгресот. Тие беа отпосле запознаени со настаните во Егејска Македонија”.)

По конгресот, и во дејствувањето на АФЖ се појавиле слабости предизвикани со “разбивачката дејност на сепаратистичката група”. (На истото место, 42.)

**Фракционерството и поделбите во раководството на НОФ**

Внатрешните поделби и фракционерството во раководството на НОФ, КП на Грција го користела за дезорганизирање и маргинализирање (За тоа Фотев пишува: “Во прилог на остварувањето на намерите на КПГ одеше полтронскиот однос на Михаил Керамитчиев кој ја водеше сепаратистичката група (во организациона смисла - ММ) што егзистираше во НОФ и по секоја цена сакаше да дојде на чело на НОФ.” (На истото место, 31.)) на македонската национална организацијата. За таа цел бил придобиен Михајло Керамитчиев. Со неговата фракцијата (според тврдењето на Фотев) КПГ оргацизирала смена на раководството на НОФ предводено од Паскал Митревски. На барање на раководството на КПГ Михајло Керамитчиев, во отсуство на Паскал Митревски - секретарот на ГО на НОФ (кој со организирана акција бил отстранет од егејскиот дел на Македонија и бил држан во изолација во НР Македонија) без консултирање со членовите на ГО на НОФ, закажал состанок на Активот на НОФ на Кајмакчалан, Воденско, близу до грчко-југословенската граница. (На истото место.)

На 12 мај 1947 година, раководството на окружната организација на НОФ во Костурскиот округ, била известена за одржувањето на состанокот на Активот на Организацијата, за денот и местото каде што требало да пристигнат делегатите од Костурско. За состанокот не биле испратени никакви

материјали, а на повиканите делегати не им бил претставен ниту дневниот ред.

Окружниот одбор на НОФ за состанокот на Активот определил четири члена делегација во состав: Ламбро Чолаков, Крсто Мангов, Јани Пировски и Трајко Супелов. Делегацијата ја задолжил да пристигне во Воденско на одредено место најдоцна еден ден пред одржувањето на состанокот, делегатите да се запознаат со дневниот ред и евентуалните материјали, за да можат да заземат став околу прашањата за кои претстоело да се расправа и одлучува. Со делегацијата од Костурско допатувал и секретарот на НОМС Минчо Фотев кој, иако бил член на Главниот одбор на НОФ, не бил поканет да учествува на состанокот на Активот. (За тоа Фотев остро протестирал кај Керамитчиев. (На истото место, 34.))

Костурската делегација на 18 мај 1947 година пристигнала на Кајмакчалан во месноста "Мишови колиби", Воденско, местото одредено за одржување на состанокот. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 33.) За одржување на состанокот не бил известен и повикан, ниту членот на Главниот одбор на НОФ Ѓорѓи Урдов-Џоџо, ниту командантите на единиците на ДАГ, исто така членови на НОФ, Пандо Шиперков, Михаил Апостоловски-Гранити и други, основоположниците на Организацијата. (На приговорот за нивното неизвестување Керамитчиев арогантно одговорил: "Сите тие раководители на НОФ кои служат во ДАГ повеќе немаат работа со проблемите и работата на оваа организација", (На истото место, 33.)) Керамитчиев во тајност го држел дневниот ред од состанокот и по пристигнувањето на делегатите. (На барањето од Минчо Фотев - член на ГО на НОФ пристигнатите делегати да го добијат дневниот ред на состанокот, рефератот и др. материјали, Керамитчиев одговорил: "Утре, кога сенофскиот актив ќе почне со работа ќе се запознаете со дневниот ред и со содржината на мојот реферат. Секој учесник има право да учествува во дискусијата". (На истото место, 33.)) Пред почетокот на состанокот, делегатите од Костурско од свикувачот побарале да ги информира за отсуството на секретарот на ГО на НОФ Паскал Митревски. Михајло Керамитчиев наместо одговор ги упатил до претставникот на ПК на КПГ од егејскиот дел на Македонија

и Тракија Георгиос Еретријадис-Петрис. (На истото место, 34.) Керамитчиев не го прифатил барањето на делегатите за одложување на состанокот за кој тие сметале дека бил штетен за НОФ, поради начинот на кој бил свикан и очигледно со недобри намери. Ги известил дека постапувал според директивите од раководството на КПГ. (Керамитчиев: "Вашиот предлог не го прифаќам, дали постапив правилно или не тоа ќе го цени раководството на КПГ, по чија директива настапувам и работам". (На истото место, 34.)) На приговорот дека организацијата на НОФ има свои правила кои треба да се почитуваат и по нив да се постапува, делегатите не добиле одговор. За барањата на делегатите, Керамитчиев го известил претставникот на ПК на КПГ Георгиос Еретријадис-Петрис, кој веднаш ги повикал во колибата во која престојувал, Делегатите му ги поставиле истите барања. Неговиот одговор бил дека свикувањето на Активот на НОФ било дело на Керамитчиев, иако тој според тврдењето на Фотев, непосредно учествувал во организирањето и во формулирањето на ставовите и решенијата што требале да се усвојат. (Фотев: "Тоа што го кажа Петрис не беше вистина, тој и Керамитчиев заеднички решија, заедно ги смислија ставовите и решенијата на активот." (На истото место, 34.)) На прашањето за отсуството на секретарот на ГО на НОФ Паскал Митревски, Петрис ги известил дека КПГ нема да дозволи тој да раководи со НОФ. (Според пишувањето на Фотев, Петрис со висок тон и дрско рекол: "Паскал Митревски не може да раководи со НОФ од Скопје. Делото на НОФ е дело на КПГ, затоа го нема Паскал. Треба да знаете дека метлата на Паскал нема повеќе да мете." (На истото место, 34.)) Со функционерот на КПГ се солидаризирал Михајло Керамитчиев, по што дошло до заострување на ситуацијата и напната атмосфера. За расчистување на состојбите, делегатите побарале одржување на состанок во присуство на Паскал Митревски. Претставникот на КПГ и Керамитчиев не го прифатиле оддолжувањето, а ниту присуството на Митревски, за да ји спроведат одлуката на раководството на КПГ за отстранување од раководството на НОФ: Паскал Митревски, Ѓорѓи Урдин-Џоџо, Панде Шиперков, Ламбро Чолаков, Минчо Фотев, Никола Танов, Иван Ничев, (И. Ничев од гр. Гуменџе.) Иван Ковачев-Орфеј, Јани Пировски и други, кои биле застапници за самостојност во дејствувањето на НОФ. (М. Фотев, Развојниот

пат на НОФ, 35.) За смена на раководството во НОФ Михајло Керамитчиев имал поддршка од “дисидентите во НОФ и НОД” - Лазо Ошенски и други со кои тој “одржувал лични врски”. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 35.)

**Состанокот на Активот на НОФ**

Состанокот на Активот на НОФ, се одржал на 20 мај 1947 година. Учествувале 40 делегати, раководители на НОФ, НОМС и АФЖ, претставници на сите окружни раководства и околу петнаесет гости претставници на КПГ, ЕАМ, ДАГ, ЕПОН и АКЕ. На состанокот раководел Михајло Керамитчиев. Во рефератот што тој го поднесол била претставена воено-политичката и економската ситуација во Грција, положбата на македонскиот народ и состојбите на НОД во егејскиот дел на Македонија, со оценки што не одговарале на реалноста. (Фотев: “Во рефератот наведуваше такви податоци и оценки кои што воопшто не одговараа на вистината.” (На истото место.)) При претставувањето на состојбите на НОД сите кои не се согласувале со неговите погледи и ставови ги прогласил за гркомани, предавници, страшливци. (Фотев: “Сите Македонци кои не се согласуваа со неговите лични ставови и сфаќања ги третираше како гркомани, како предавници на македонскиот народ, а Македонците кои од објективни или субјективни причини не беа во НОФ Керамитчиев ги сметаше за плашливци”. (На истото место, 35,)) Во отсуство на секретарот и повеќето членови на Главниот одбор на НОФ, на состанокот Керамитчиев издејствувал, без гласање за укинување на Главниот одбор, и избор на ново раководно тело на Организацијата кое, на барање од секретарот на ПК на КПГ од егејскиот дел на Македонија и Тракија, било именувано Координативно биро. Во Координативното биро од 5 члена влегле: Михајло Керамитчиев - секретар, Вангел Ајановски - одговорен за организациските прашања, Евдокија Балева-Вера - секретар на АФЖ, Павле Раковски - одговорен за агитпроп и Ламбро Чолаков- благајник. За инструктор на НОФ во источниот регион од егејскиот дел на Македонија бил одреден Вангел Ничев, а Минчо Фотев, дотогашниот член на Главниот одбор на НОФ и член на секретаријатот на ПК на ЕПОН за егејскиот дел од Македонија и Тракија, не е избран за член на

ова тело /на координативното тело/. Од највисокото раководно тело на НОФ, биле отстранети секретарот на ГО на НОФ Паскал Митревски и членовите Ѓорѓи Урдов-Џоџо и Минчо Фотев. (На истото место, 35-36.)

**Кризата на НОФ**

По промените спроведени на состанокот на Активот на НОФ, раководното тело на организацијата понатаму не можело самостојно да одлучува и "да креира своја политика во рамките на глобалната стратегија на КПГ и на Демократската влада на Грција". (На истото место, 36.) Раководењето со НОФ го презела КПГ, а Координативното тело било претворено во извршно тело на партијата за спроведување на нејзините одлуки. (Фотев: "Координативното тело беше само политичка фигура, репрезентативно тело. Неговата улога и овластувањата се состоеја само во формално-правно покренување на иницијативи што ќе ги предлага КПГ за надлежно решавање и да се грижи за практичното извршување на задачите поставени од КПГ". (На истото место, 36.)) КПГ одлучувала и за кадровските прашања во НОФ и АФЖ.

Координативното биро на НОФ постапило по барањето од раководството на КПГ, за разрешување од функциите на сите дотогашни раководители кои служеле во Демократската армија на Грција, за да им се прекинат врските со Организацијата како и на илјадниците македонски борци членови на НОФ. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 36.) Таквата акција била спроведена, иако македонската национална организација, според Фотев, "беше еден од главните фактори за развојот на ДАГ". (Фотев тоа тврдење го аргументира: "Бројот на Македонците во ДАГ беше околу 40%. Главните сили на ДАГ се наоѓаа и војуваа на тлото на егејскиот дел на Македонија (на Грамос, Вичо, Кајмакчалан и Пајак Планина) во Костурско, Леринско, Воденско итн, на теренот најгусто населен со македонско население. На Грамос и Вичо беше главниот фронт на двете завојувани страни и тука се водеа најтешките крвави борби. Седиштето на Главниот штаб и на Привремената демократска влада на Грција беше во Преспа. Тука беше најголемата населена слободна територија со околу 80%

македонско население”. (На истото место, 37.)) По директива од КПГ, Координативното биро на НОФ, одлучило да се расформира македонската младинска организација НОМС, а младите Македонци да се зачленат во грчката младинска организација ЕПОН. Со расформирањето на НОМС, целта била НОФ да се изолира од “највиталната и најборбената организирана сила на македонскиот народ”. (На истото место, 37.) Експонирани спроводници на политиката на КПГ биле: Георгиос Еретријадис-Петрис, Еврипидис Капетанос-Панос, Теодорос Евтимијадис, Танасис Зогас-Спирос и др. (На истото место, 39.) Целосното изолирање на НОФ од масата на македонскиот народ требало да заврши со усвојување на барањето од КПГ, од егејскиот дел на Македонија да се формира организација на грчката Земјоделска партија во која ќе членувале македонските селани. На КПГ и ЕАМ им била потребна организација на грчката Земјоделска партија за непосредно политичко влијание кај македонското селско население кое претставувало околу 80% од народот (На истото место.) и било базата на НОФ. Авторитетните македонски претставници биле отстранети од функциите во КПГ, ЕПОН и ДАГ. Паскал Митревски од ПК на КПГ за егејскиот дел на Македонија и Тракија, Минчо Фотев од ПК на ЕПОН, а Ѓорѓи - Урдов Џоџо од Главниот штаб на ДАГ. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 38.) Македонската организација на НОФ веќе не претставувала респектибилен политички фактор. Координативното тело било претворено во инструмент на КПГ за спроведување на политиката за постапно ликвидирање на НОД на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија. Од тоа тело “со измислени обвиненија” раководители и основоположници на НОФ, претежно младински раководители на НОМС, биле разрешени од своите должности и по казна биле испратени да служат во ДАГ или изолирани во грчките бегалски логори во Албанија. Во редот на прогонетите биле: Јани Пировски, Иван Ковачев-Орфеј, Панајот Караџа, Благој Шолдов, Петро Георгиевски, (П. Георгиевски од с. Ошчима, Леринско. Бил борец на ЕЛАС, секретар на реонски одбор на НОМС во Леринско, командир на вод на ДАГ. Загинал во март 1947 година.) Петро Асповски, Трпе Михајловски, (Т. Михајловски од с. Крчишта, Костурско. Бил борец на ЕЛАС, во Првата македонска (Егејска) Ударна бригада, секретар на

реонски одбор на НОМС во Костурско, политички комесар на вод на ДАГ. Загинал во 1948 година.) Лазо Ковачевски, Сотир Поповски (С. Поповски од с. Шкрапар, Костурско. Учесник во НОД на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија; реонски секретар на НОМС, политички комесар на вод на ДАГ. Загинал на планината Грамос во 1948 година.) (сите основоположници и раководители на НОМС), Васил Чочов, (В. Чочов од с. Д'мбени, Костурско, револуционер-комунист, учесник во НОД на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија. Во 1941 година бил уапсен и спроведен во концентрационен логор во Германија. По ослободувањето од логорот се вратил, се активирал во НОФ, бил секретар на Околиски одбор, загинал како борец на ДАГ.) Тимо Ралев, Сотир Хаџидимитровски, Трајко Цафара, Фоти Бочевски, Пандо Ѓорѓиевски, Трифун Попов, Кирјако Цалев и др. (На истото место, 38-39.) Со масовните чистки што ги спровела "сепаратистичката група на Михаил Керамитчиев" било разбиено внатрешното единство во НОФ. (На истото место, 39.)

## Првиот конгрес на НОФ од еѓејскиот дел на Македонија, 13 јануари 1948 година

Со чистки и прогонства вршени од страна на Координативното тело се продлабочила спротивставеноста на двете политички струи во организацијата на НОФ. Привржаниците на самостојноста на НОФ, се организирале за запирање на "деструктивната дејност на сепаратистите" предводени од Керамитчиев што водела кон целосно разградување на НОФ. На нивно барање кон крајот на јуни, во егејскиот дел на Македонија се вратил Паскал Митревски. За излез од кризата во која западнала организацијата тој покренал иницијатива за одржување на прв конгрес на НОФ. Иницијативата била поддржана од мнозинството од кадри и од членството на НОФ. Состојбите во НОФ најнепосредено се одразиле и на оружената борба. Затоа КП на Грција морала да прави отстапки. Политичкото биро на КПГ, дало согласност за одржување конгрес на македонската национална организација. Подготовките за конгресот започнале во почетокот на октомври 1947 година. Во декември биле одржани окружните

конференции на кои биле избрани нови раководства и делегати на конгресот. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 39-40.)

Првиот конгрес на НОФ, се одржал на 13 јануари 1948 година, во с. В'мбел, Костурско, во црквата Св. Димитрија. Воведен реферат поднесол секретарот на Координативното биро, Михајло Керамитчиев. Тој акцентот го ставил на докажување дека НОФ, како и СНОФ, имале исти стремежи и цели како и ЕАМ, вклучително и ставот за македонското национално прашање. Тоа не кореспондирало со реалноста. (Фотев: "Навидите на Михаил Керамитчиев не се точни, бидејќи целите и стремежите на НОФ и СНОФ никогаш не беа исти со целите и стремежите на ЕАМ за македонското национално прашање". (На истото место, 40.)) Конгресот избрал ново раководно тело на организацијата – Централен совет на НОФ од 35 редовни членови и 15 кандидати за редовни членови. За претседател на Советот бил избран Михајло Керамитчиев, а за секретар Паскал Митревски. Централниот совет избрал свои извршни органи: Извршно биро и Секретаријат, највисок раководен орган на НОФ. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 40.) Работата на конгресот ја следел секретарот на ЦК на КПГ, Јанис Јоанидис кој се спротивставил на барањето за обновување на расформираната македонска младинска организација НОМС. Ставот на раководството на КПГ претставен од Јоанидис го поддржал претседателот на Советот на НОФ Керамитчиев, кој се изјаснил против обновувањето со образложение дека "положбата на македонската младина во ЕПОН била одлична". (На истото место.)

Раководството на КПГ за да обезбеди непосредна контрола на дејноста на НОФ наложило, со посебна одлука, во македонската организација да се формираат партиски организации на КПГ. Тоа од раководството на НОФ било поддржано со очекување дека партиските организации ќе придонесат за "идејно-политичкото и моралното единство" во Организацијата. Секретарот на Централниот совет на НОФ, повикал на "воспоставување на нарушените демократски норми во функционирањето на НОФ и АФЖ", како битен услов за подигнување на "акционата способност" на двете организации

за остварување на задачите во дејствувањето утврдени на конгресот. (На истото место.)

По конгресот Организацијата се посветила на извршувањето на поставените две приоритетни задачи: формирање на народноослободителни одбори како органи на локалната власт, и интензивирање на активностите за мобилизирање на народот за поддршка и учество во оружената борба.

**Помошните единици и вооружените групи "слободни стрелци" во Костурско и Леринско**

На слободната територија во Костурско и Леринско, 90% од населението биле Македонци, биле формирани и помошни единици "претежно од постари лица" кои дејствувале во составот на ДАГ. (На истото место.) Помошните единици организирани во чети извршувале посебни задачи: прифаќање и згрижување на ранетите борци, пренесување на храна и муниција, градење на ровови и бункери. Целото организирано население масовно учествувало во помошните единици на ДАГ, предводено од активисти на НОФ и АФЖ. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 40.) Во регионот на Преспа, биле организирани занаетчиските работилници на производи за потребите на населението и на единиците на ДАГ: облека, обувки, пекарници за леб, ковачници и др. (Според пишувањето на Фотев за време на големата офанзива на силите на монархистичката влада на Грција против ДАГ, од 14 јули до 21 август 1948 година, "колони од натоварен добиток со храна и муниција од подрачјето на планината Вичо". (На истото место, 41.)) Во заднината, "во тилот на непријателот" дејствувале оружени групи од Македонци доброволци наречени "слободни стрелци" кои извршувале борбени акции. Во соработка со населението извршувале и разузнавачко известителна дејност за разоткривање на шпионската мрежа на монархистичката агентура, како и заробување и казнување на шпионите. Групите извршувале диверзии на сообраќајниците, поставувале заседи и вршеле напади на штабовите на монархистичката армија. (616 На истото место, 41.) Со изведени акции од поголеми размери посебно се појавиле најбројните групи; во Костурско групата предводена од Живко Шанев, (Ж. Шанев од с. Желин,

Костурско, искусен борец - комунист.) а во подрачјето на Сорович и Радош Планана, Леринско, борбената група на Мати (М. Булев од Екшису, Леринско. Бил борец во ЕЛАС, активист на Околискиот одбор на НОФ за Соровичко, командир на македонски партизански одред на НОФ и офицер на ДАГ. Загинал во 1947 година.) Булев. (На истото место, 41.)

**Реактивирање на поделбите во раководството на НОФ**

По промените во раководството на НОФ, на Конгресот застапниците на сепаратизмот, Михајло Керамитчиев и Илија Димовски-Гоче, според тврдењето на Фотев, "се занесувале со идејата дека би можеле да се вратат настаните од 1944 година кога македонските баталјони во отворен судир со ЕЛАС, се одделија и ја формираа Првата егејска бригада". (На истото место, 42-43. Фотев не ги наведува имињата на другите од "сепаратистичката група" и на "дисидентите од НОФ и НОДЕМ".) Тие не се помирувале со губењето на позициите во раководните органи, а со тоа и на влијанието за креирањето на ставовите и во донесувањето на решенијата по конгресот. "Применувале тактика на двојно однесување: "лицемерно се однесувале кон раководството на КПГ, а од друга страна дејствувале подземно и фракционерски". (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 43.) За нивното националистичко дејствување и сепаратизмот виновни биле раководството на КП на Грција и партиската организација на КПГ во НОФ кои "неправилно се поставиле". Тоа го искористиле сепаратистите и дисидентите на НОФ (Тие "одржувале врски и редовно тајно се состанувале". (На истото место, 43.) за да предизвикаат отворен судир во Централниот совет во кој тие ги загубиле дотогашните позиции. (Во Координативното биро.) Со инсинуации и клевети дискредитирале многу од Македонците првоборци, основоположници на НОФ, ги нарекувале "антипартиски елементи" и ги етикетирале: "неверни Македонци", "гркомани", "авантуристи" и сл., (Фотев пишува дека тие "не избирале сретства против сите оние кои им пречеле на патот кон остварување на нивните болни сепаратистички амбиции и цели". (На истото место, 43.)) а самите се претставувале како "најдобри синови на македонскиот народ, смели и доследни бранители на делото на Македонија". (На истото место, 43)

Внатрешните поделби биле поттикнувани од претставниците на ПК на КПГ, за подготвување на терен за отстранување од раководните функции на водечките личности на двете спротивставени струи во Централниот совет на НОФ. Поддржани од функционерите на КПГ: Георгиос Еретријадис-Петрис, Леонидас Стрингос и Теодорос Евтемијадис, со кои Керамитчиев одржувал постојани лични врски, со своите приврзаници барал свикување на Пленум на Централниот совет со намера да го преземат раководењето со НОФ. За свикување на Пленумот согласност дал Централниот комитет на КПГ.

**Пленум на Централниот совет на НОФ**

Објавувањето на резолуцијата на ИБ против КП на Југославија, (Во јуни 1948 година.) раководството на КПГ го искористило за отстранување на водечките личности и промена на раководството на НОФ, и да го употреби како адут за да ја обвини македонската национална организација за сопствените внатрешни проблеми.

Пленумот бил одржан, на 8 август 1948 година, во с. Буково, Преспанско. Работата ја следела висока партиска делегација на КПГ предводена од секретарот на Централниот комитет, Јанис Јоанидис. (На истото место, 45.) На Пленумот се развила остра полемика помеѓу двете поларизирани струи во раководството на НОФ. Михајло Керамитчиев ги обвинил раководителите на НОФ како антипартиски елементи. Тој лично жестоко го обвинил Паскал Митревски. (За текот на работата на Пленумот Фотев пишува: "На Пленумот се разгоре остра полемика. Сепаратистичката група на арогантен и безобразен начин, сличен на врховистичкиот стил, ги нападнаа сите раководители на НОФ кои ги сметаше (Керамитчиев - ММ) за гркомани и наводни антипартиски елементи, а на прво место најостро беше нападнат Паскал Митревски лично од Михаил Керамитчиев" (На истото место.45.)) Создадената ситуација ја искористиле претставниците на КП на Грција кои издејствувале Пленумот да го усвои решението на Политбирото на ЦК на КПГ, за отстранување на Паскал Митревски, но, и на Михајло Керамитчиев од раководството на НОФ. Михајло Керамитчиев

бил разрешен од функцијата претседател, а Паскал Митревски од секретар на Централниот совет на НОФ, двајцата биле ставени на располагање на Главниот штаб на ДАГ. По нивното разрешување за претседател на Централниот совет на НОФ бил поставен Ставро Кочев, а за секретар Вангел Којчев. (За нивното доаѓање на раководните функции немало избор “ниту гласање на Централниот совет на НОФ”. (На истото место, 45.))

Политбирото на ЦК на КПГ, на 10 август 1948 година, со повикување на Првиот пленум на Централниот совет на НОФ, објавило резолуција за фракционерската борби во раководството на НОФ, опортунизам и опструкции, за суспендирањето на Митревски и Керамитчиев од раководните функции на НОФ за запирање на “непринципиелната фракционерска борба”. (На истото место, 45.)

Политбирото на ЦК на КПГ, го сменило раководството на НОФ за време на големата офанзива (од 14 јуни до 21 август 1948) на силите на грчката монархистичка влада против ДАГ, со главнина на силите во западниот и во централниот егејски дел на Македонија. (На истото место, 50.) Во време кога македонскиот народ предводен од НОФ “го понесол товарот (на борбите) на фронтот”, (На истото место.) народ кој во претходните жестоки борби “покажал самопожртвуваност и масовно херојство” што било признаено од ЦК на КП (На IV пленум одржан на 28 и 29 јули 1948 (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 45.)) во резолуцијата на Политбирото. (Во точката VIII се велело: “Пленумот на ЦК на КПГ го потенцира вонредниот придонес на славомакедноскиот народ за општото дело на слободата. Учеството на славомакедонскиот народ во ослободителната борба е сенародно и целосно. Со својата борба и со крвта на своите синови и ќерки славомакедонскиот народ си гради цврсто слободен и рамноправен живот и си ја осигурува и обезбедува својата народнодемократска иднина.” (На истото место, 46.)) За тоа признание македонскиот народ се изборил со масовното учетвуво во оружената борба од почетокот на Граѓанската војна во услови на најжесток терор и прогон од полицијата и специјалните единици на армијата и бомбардирањата на авијацијата на монархистичкиот режим. (Фотев: “Грчката полиција и специјалните единици на

монархофашистичката армија товареа на камиони старци, жени, бебиња и малолетни деца на воени камиони и преку селото Вишени ги протераа на слободната територија на Планината Вичо. Сите младинци од прогонетите семејства над 15 годишна возраст ги задржаа во затвор. Од протераните семејства 90% беа Македонци, а другите од влашко потекло. Нивните домови истиот ден беа целосно опљачкани, нивниот имот узурпиран. Монархофашистичката армија раководена од американски офицери на чело со злогласниот генерал В. Флит, присилно исели околу 50 села од Леринскиот и Костурскиот округ и од Анаселичката околија. Селаните ги собираа во градовите во гета под најтешки услови. Голем број од селаните кои протестираа ги обвинија како соработници на ДАГ и ги интернираа на егејските острови. Монархистичката авијација, во која учествуваа американски и англиски пилоти, секојдневно ги бомбардираа и ги уништуваа слободните население места. Со англиски воени авиони од типот “Спитфаер” и американски авиони од типот “Дакота” ги митралираа говедата и стадата овци по пасиштата, фрлаа запаливи течности на житните полиња итн. Монархистичката армија водеше тотално уништувачка војна не само против ДАГ, туку и против народот. Животот на населението беше вистинска трагедија. Неговиот физички опстанок беше загрозен од бомбардирањата, од болести и глад. Привремената демократска влада на Грција упати апел до владите на народнодемократските земји за прифаќање на овој дел од населението. Повикот најде одѕив и пролетта 1948 година беа прифатени околу 25.000 малолетни деца до 13 годишна возраст.” (На истото место, 44.))

Со смената на раководството на НОФ, Политбирото на ЦК на КПГ го презело раководењето (По отстранувањето од функциите раководителите на НОФ Паскал Митревски и Михајло Керамитчиев биле повикани лично од генералниот секретар на ЦК на КПГ Никос кој им ја соопштил одлуката за нивно целосно деградирање. Фотев за тоа пишува: “Средбата беше одржана во с. Рудари, Преспа. Захаријадис обрнувајќи му се на Паскал Митревски рече: ‘Политбирото на ЦК на КПГ реши да стапите во редовите на ДАГ како обичен борец или како позадинец на слободната територија.’ Паскал без двоумење се реши да стане борец-партизан на ДАГ и веднаш

беше испратен да служи во 107 бригада. Керамитчиев не прифати да биде борец на ДАГ наведувајќи дека наводно боледувал од епилепсија, дека неговиот нервен систем не ги поднесува експлозиите на тенковските гранати особено авионските бомбардирања и побара да му се дозволи да замине во Југославија на лечење. За да биде убедливо неговото тврдење инсценира епилептично паѓање во с. Буково во присуство на некои селани. Истото го направи и во с. Брезница, Костурско. Со неговиот личен курир Митре, без знаење на Централниот совет на НОФ, ја напушти борбата и преку ноќ премина во Југославија, во Скопје, кај неговото семејство ‘на лекување’. Според извештајот за финансиската состојба на НОФ, што го поднесе Крсто Мангов, член на Централниот совет, при заминувањето за Југославија Михаил Керамитчиев со себе понесол 813 лири сопственост на НОФ. Патот на Керамитчиев го следеа и неколку негови другари, меѓу кои и Вангел Ајановски-Оче. Ваквото капитулантско држење на Михаил Керамитчиев го осудија и некои негови најблиски другари истомисленици.” (На истото место, 47.)) со македонската организација. (Фотев упатува на вина на југословенското партиско и државно раководство кое ја договорило и на македонското раководство кое го наложило спроведувањето на Спогодбата за обединување на НОФ и КПГ со која договорачите “му признаа и му дадоа на раководството на КПГ на чие чело беше Захаријадис големи овластувања и права над организацијата на НОФ. Тие овластувања и права, односно довербата, крајно ги злоупотреби раководството на КПГ”. (На истото место, 47.)) Македонската национална организација била инструментализирана за антијугословенските позиции и “политика спрема македонското прашање” (На истото место, 46.) во новонастанатата состојба во односите на партиите по резолуцијата на ИБ.

## Генезата на поделбите и соперништвото на политичките струи за превласт во НОФ и НОД

Внатрешните поделби во НОД на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија, се појавиле уште во 1943 година. (Фотев: “Сепаратизмот како националистичка појава и негативна состојба во НОДЕМ, односно во НОФ, има свои

историски причини. Датира од поодамна, а дојде до израз уште во времето на НОБ на Грција и ЕЛАС во 1943 година". (На истото место, 48.)) По основањето на НОФ привремено било постигнато акционо единство. Приврзаниците на Михајло Керамитчиев ја прифатиле политичката платформа на Организацијата и се бореле под нејзиното знаме, но, не ја прифатиле Спогодбата за обединување на НОФ со КПГ. Тие Спогодбата "ја нарекувале фамозна, втора Варкизе за македонскиот народ" и ја попречувале нејзината реализација. Објавиле сопствена политичка платформа за која Фотев пишува дека била "со јасни изразито шовинистички тенденции". Вршеле притисок на раководството на НОФ да не се обединува со КПГ, но да прифати само "компромисна соработка со КПГ, ЕАМ и ДАГ". Се застапувале за самостојност на НОД. Испраќањето на македонските борци од ГШ на ДАГ да се борат на територијата во Средна и Јужна Грција за засилување на оружената борба, го сметале за планирана акција на КПГ "да ги уништи македонските борци, а со тоа да ги поткопа позициите на НОД". Барале да се формираат македонски воени единици и да се борат само на територијата на егејскиот дел на Македонија. (Фотев кој припаѓал на мнозинската струја во раководството на НОФ, предводена од Паскал Митревски и бил доследен приврзаник на обединувањето на НОФ и КПГ нивното барање за самостојност на македонските едицици што ќе дејствувале исклучително на националната територијата во егејскиот дел на Македонија го сметал за авантуризам со оглед на надмоќноста на грчката монархистичка армија, "не воделе сметка што ќе се случело ако монархистичката армија ги протерувала македонски единици, тие каде ќе се повлекувале?" (На истото место, 48.)) Таа опонентска група, која Фотев секогаш ја нарекувал сепаратистичка, дејствувала за обезбедување на превласт во раководството на НОФ. (Фотев: "Главните носители на сепаратистичките идеи уште пред обединувањето на НОФ со КПГ на разни начини, дури и со завера, се обидувале да превладеат и да застанат на кормилото на НОФ." (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 48.)) Нејзиното дејствување било интензивирано со влегувањето во раководството на Лазо Дамовски-Ошенски, (Ошенски бил примен во раководството на НОФ по смртта на Атанас Коровешовски. (На истото место.)) соработник и близок

пријател на Керамитчиев на кого му била доверена функцијата секретар на Главниот одбор на протераните бегалци од егејскиот дел на Македонија. Користејќи ја функцијата, го дискредитирал раководството на НОФ пред ЦК на КПМ. (Фотев пишува дека тој "злоупотребувајќи ја својата функција почнал да дејствува разбивачки меѓу македонските бегалци, го напаѓал раководството на НОФ дури и пред ЦК на КПМ." (На истото место.)) Фотев пишува дека "биле замешани и некои дисиденти од НОДЕМ, главно врховистички елементи". (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 48.)

Македонското партиско и државно раководство не дозволило опструирање на Спогодбата за раководната улога на КПГ и дејствувањето од позиција за самостојност на НОД на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија. ЦК на КПМ, побарал свикување на Главниот одбор на НОФ. На состанокот одржан во март 1946 година, присуствувал функционерот на ЦК на КПМ за врска со ГО на НОФ Димитар Алексиевски-Пекар. Тој ја соопштил одлуката на Лазар Колишевски за отстранување на Ошенски од раководството и НОФ. (Фотев: "Пекар на состанокот рече: По решението на ЦК на КПМ и лично на другарот Лазар Колишевски, од раководството и од организацијата на НОФ да се исклучи Лазо Дамовски-Ошенски како класен непријател." (На истото место, 48.))

Со отстранувањето на Ошенски не било запрено дејствувањето на опонентската група предводена од Керамитчиев. (Тој и натаму одржувал врски со Ошенски. За тоа "бил критикуван од Партиското поверенство и лично од Димитар Алексиевски-Пекар". (На истото место, 48.)) За преземање на раководењето со НОФ Керамитчиев, според тврдењето на Фотев, се ставил на услуга во Покраинскиот комитет на КПГ за егејскиот дел на Македонија и Тракија, со чија согласност свикал состанок на Активот на НОФ (сеновски актив). На состанокот одржан, на 20 мај 1947 година, поддржан од претставниците на ПК на КПГ, издејствувал разрешување на Главниот одбор, по што Активот избрал Координативно биро на НОФ под негово раководство. (М. Фотев, Развојниот пат наНОФ, 48-49.) По преземањето и раководењето со НОФ сите дотогашни раководители на НОФ и

НОД кои не се солидаризирале “ги прогласиле за непријатели и предавници на македонскиот народ и како такви ги прогонувале.” (На истото место, 49 и 56.) Раководството на КПГ ги поддржувало и одржувало внатрешните поделби во НОФ и НОД, како негов примарен интерес.

До промена на соодносот на силите дошло на Првиот конгрес на НОФ, во јануари 1948 година, кога било укинато Координативното биро и во новото раководство на НОФ приврзаниците на Керамитчиев ја загубиле превласта. Тие на Првиот пленум на Централниот совет на НОФ, настапувале “како типична фракционерска група”, дејствувале агресивно за остранување на раководителите на НОФ, во прв ред на Паскал Митревски како најавторитетна личност. Пред членството ги дискредитирале со обвинувања за гркоманство, а пред највисоките раководители на КПГ дека биле агенти на Југославија и работеле против КПГ. (Фотев: “...на Јанис Јоанидис и на генералниот секретар на КПГ Никос им велеа дека се агенти на Југославија, дека ја изневеруваат КПГ. Од друга страна, пред Македонците ги обвинуваа дека се гркомани и антијугословенски елементи. “ (На истото место, 49.)) Според Фотев тие отишле дотаму што подготвувале атентат за ликвидирање на Паскал Митревски. (Фотев: “Има основани сомневања дека Михаил Керамитчиев и дисидентите на НОФ го обработија Тане Николов да изврши атентат над Паскал Митревски”. (На истото место,49.)) По дефинитивниот пораз на Пленумот на Централниот совет на НОФ, водечките личности на таа струја со Керамитчиев дезертирале од НОФ, НОД и ДАГ и преминале во НРМ. Во Скопје продолжиле со клевети да ги дискредитираат раководителите на НОФ, обвинувајќи ги дека биле “гркомани, неплатени наемници на КПГ, антијугословенски елементи, предавници на македонскиот народ”. (На истото место, 49.)

Следувале и други кадровски измени. За помошник политички комесар во ГШ на ДАГ, бил поставен Вангел Кочев. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 58.) Секретарот на Главниот одбор на АФЖ Евдокија Балева-Вера, на 15 октомври 1948 година, била избрана за прв потпретседател на Централниот совет на Сегрчката демократска унија на жените, а за членови на советот

биле избрани: Марика Елкова, (М. Елкова, од с. П'тели, Леринско. Емигрирала во Полска, а оттаму дошла со семејсгвото во НРМ, во Скопје.) Махи Пилаева, (Била секретар на АФЖ за Леринскиот округ. Емигрирала во Чехословачка во Брно, а оттаму со сопругот Грк се вратила во Атина.) Андонија Филипова (А. Филипова, од с. Крчиште. Од АФЖ била делегирана во земјоделската партија АКЕ. Емигрирала во СССР во Ташкент, оттаму со семејството дошла во НРМ, во Скопје.) и Афродите Љаку-Гечу, Македонки активистки на АФЖ. (На истото место, 58.)

**Вториот конгрес на НОФ**

Крајно неповолната ситуација, настаната со големата надмоќност на силите на монархистичката влада, на фронтот на воените дејствија што се воделе главно на територијата на егејскиот дел на Македонија, го присилиле раководството на КПГ да преземе мерки и да ја запре кризата во раководењето со НОФ. За натамошната силна поддршка на ДАГ од македонскиот народ во егејскиот дел на Македонија, раководството на КПГ морало да го менува ставот спрема македонското национално прашање. На V Пленум на ЦК на КПГ, одржан на 31 јануари 1949 година, на македонскиот народ наместо национална рамноправност "му било признато правото на самоопределување". Меѓутоа, само по неколку дена раководството на КПГ се повлекло, декларирало создавање "слободна македонска држава во рамките на балканска федерација". (На истото место, 51.)

Декларирањето, интегрално било решавање на македонското национално прашање во рамките на балканската федерација, во време на прекинати односи на КПГ со КПЈ и опасно заострените односи на Југославија со Советскиот Сојуз, Бугарија и со сите други источноевропски држави, претставувало груба манипулација за целите на антијугословенската политика и атак на македонската национална држава НР Македонија. Тој став "имал антијугословенски односно антимакедонски карактер" затоа не било консултирано раковоството на НОФ, ниту била информирана организацијата. Кога тоа било обзнането

“организацијата на НОФ реагирала”. (Како реагира, Фотев не наведува. (На истото место.))

Ситуацијата во Грција го присилила раководството на КПГ одново да прави отстапки за да ги нормализира односите со македонската национална организација. Одобрило одржување на пленум на НОФ. На 3 февруари 1949 година се одржал Втор пленум на Централниот совет на НОФ. Пленумот усвоил одлука година за свикување на втор конгрес на НОФ, а како датум за одржувањето на конгресот одреден е 25 март 1949. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 51.)

Непосредно пред одржувањето на конгресот на НОФ, на 20 март 1949 година, било одржано советување на политичките комесари на ДАГ. На советувањето реферат поднесол политичкиот секретар на Главниот штаб во кој ја претставил херојската борба на македонските борци и офицерите на ДАГ. Говорел и за неправилностите, за шовинистичкиот однос на грчките политички секретари спрема нив. (Тој меѓу другото истакнал: “Славомакедонските борци и офицери се од најдобрите борци на ДАГ. Тие се бореа и се борат јуначки. Тој херојски народ даде се од себе. Ги жртвува своите деца, својот имот, своите куќи. Секоја куќа има по еден ранет или загинат. Во единиците на ДАГ на Вичо Планина 20-50% од борците се Славомакедонци...” (На истото место, 53.)) Генералниот секретар на КПГ, Никос Захаријадис лично одлучил за враќање на суспендираните раководители меѓу кои и Митревски во раководството на НОФ. (И попитичкиот секретар на Главниот штаб на ДАГ на советувањето со воено-политичкиот актив одржан во с. Рудари, Преспанско, за Паскал Митревски “најпофално се изразиле, дека тој како борец и политички комесар на бригадата на ДАГ имал примерно држење и покажал вонредна борбеност и раководна способност”. Високо мислење искажал и воениот министер на Привремената демократска влада на Грција Мичо со зборовите: “Јас лично го видов во тешките борби што заедно ги водевме со Паскал Митревски за ослободување на Воден и Његуш. Паскал се покажа како храбар борец и воено-политички раководител”. (На истото место, 50-51.)) Захаријадис вината за нивното отстранување ја префрлил на Јанис Јоанидис, Леонидас

Стрингос и другите раководители на КПГ кои “одржувале врски и раководеле со НОФ”. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 50.) Ги суспендирал од должноста да одржуваат врски со НОФ, а тој лично да го преземе раководењето со македонската организација. (На истото место, 61.)

Секретарот на Централниот совет на НОФ, Вангел Којчев не бил кадарен да го подготви политичкиот извештај за конгресот. На барање од Захаријадис извештајот го напишал Паскал Митревски. Во извештајот била претставена интегрално, ослободителната борба на македонскиот народ во трите делови на Македонија и придобивките од НОБ како и создавањето на македонската национална држава НР Македонија. (На истото место, 51-52.) Захаријадис наредбодавно побарал од Митревски да го исфрли од рефератот за да не се чита делот од текстот за успехот на националноослободителната борба и создавањето на македонската држава во вардарскиот дел на Македонија. (Фотев пишува дека барањето го образложил како следува: “Денес кога КП на СССР и сите комунистички партии и владите на социјалистичките земји ја осудуваат политиката на КПЈ, односно на Југословенската влада, ние не можеме на трибините на конгресот на НОФ да зборуваме за револуционерните придобивки на КПЈ и за народите на Југославија, како и за правилно решавање на македонското национално прашање во Југославија”. (На истото место, 52.)) Митревски се спротивставил со предочување дека ја претставил историската релност. (Паскал: “Во рефератот станува збор за очевидни и непобитни историски факти. Станува збор за ослободителните борби на македонскиот народ, за неговите националноослободителните стремежи, за неговите нациоцални права и придобивки. Затоа сметам дека наведеното во рефератот не треба да се отфрли, мора слободно и отворено да се каже на конгресот. Од друга страна, отфрлањето, односно игнорирањето на тие историски вистини ќе доведе до отворен судир со националната и политичката свест на македонските борци и воопшто на македонскиот народ во егејскиот дел на Македонија”. (На истото место, 52.)) Захаријадис ставил вето. (Тој притоа изјавил: “Фактите се факти. Но, факт е и тоа дека КПЈ скршна од социјалистичкиот пат и денес претставува сериозен проблем за светското комунистичко движење, според

тоа ние не можеме од трибините на конгресот на НОФ да зборуваме за револуционерните придобивки на Југославија кога Информбирото на комунистичките и работничките партии, како и сите комунистички партии ја осудуваат нејзината политика”. (На истото место, 52.))

Конгресот се одржал на утврдениот датум, на 25 март 1949 година, во црквата во с. Нивица, со учество на околу 700 претставници од кои околу 300 делегати од организациите со право на глас, членови на Централниот совет, околу 100 делегати од Македонците-борци во ДАГ, другите биле посматрачи и гости од сите краишта од егејскиот дел на Македонија (“од ослободените и од поробените населени места, како и борци од сите фронтови; од Вичо, Грамос, Кајмакчалан и Пајак Планина”). На конгресот присуствувале повеќе делегации: на КПГ, предводена од генералниот секретар Никос Захаријадис, на Земјоделската партија на Грција, предводена од Јанис Вурнас, на Привремената демократска влада на Грција и Главниот штаб на ДАГ, предводена од министерот генерал Костас Гифтодимос-Караѓоргис, (Во поздравниот говор меѓу другото рекол: “Малку се места на земјата што се оросени со толку крв како што е македонската земја. Малку се народите што стенкале и толку се мачеле под јаремите на ропството како што е македонскиот народ. Педесет години како македонскиот народ упорно се бори со саможртвување за негово самоопределување”. (На истото место, 53.)) на Демократската младина на Грција, на Кооперативниот сојуз на Грција, на Демократската унија на жените на Грција, (Таа на Првата конференција на Унијата на жените за учеството на македонските жени во антифашистичката и антимонархистичката борба рекла: “Во нашата голема борба одделно место заземаат славомакедонките, жени-херои на славомакедонскиот народ кои со години беа измачувани од фашистичката тиранија, уште со поголемо зло и бес ги прогонуваа фашистите во новата окупација. Меѓутоа, Славомакедонската жена стои гордо и се бори организирано во Антифашистичкиот фронт на жените. Прва во целата земја пронижена од непријателските куршуми на новата окупација падна Ирина Гинова-Мирка”. (На истото место, 53.)) на турското малцинство во Грција и делегација “на таканареченото

Македонско друштво во Бугарија предводена од Ристо (Христо Калајџиев од Енице - Вардар, егејски дел на Македонија, роден на 28 август 1886. Револуционер комунист, член на БКП, член на Извршното биро на ЦК на БКП, раководна личниост на ВМРО (Об.) во пиринскиот дел на Македонија, во Втората светска војна бил интерниран во логор (1942-1943), по војната бил претседател на Сојузот на македонските културно-просветни друштва во Бугарија. Починал во Софија на 26 април 1964 година.) Калајџиев". (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 54.) Делегацијата на Народниот фронт на НР Македонија не допатувала. (Фотев забележал дека не му било познато зошто не присуствувала. (На истото место.))

Конгресот го отворила Евдокија Балева-Вера. На почетокот од работата со едноминутно молчење им била оддадена почит на загинатите борци и жртвите од грчкиот монархистички режим. Генералниот секретар на КПГ, во поздравниот говор се обидел конгресот на НОФ "да го претвори во антијугословенска трибина, со цел да создаде јаз меѓу македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија и НР Македонија". (На истото место.) Вршел "севозможен притисок на раководството на НОФ да го прифати новиот политички курс на КПГ, за македонското национално прашање" и со тоа да го доведе "до отворен судир со НР Македонија, односно со Југославија." (На истото место, 52.) Раководството на организацијата имало силна поддршка "од македонските борци, комунистите и од широките народни маси," покажало потребна цврстина и решмтелно се спротивставувало. Планот на Захаријадис за инструментализирање на НОФ за антијугословенската и антимакедонската политика на КПГ пропаднал. На конгресот било зачувано и зацврстено националното и организационото единство и била потврдена раководната позиција на НОФ, во оружената борба на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија, заедно со грчкиот народ. Македонците кои ја напуштиле организацијата и фронтот биле прогласени за дезертери од националната оружена борба. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 54.)

Жестока реакција предизвикал претставникот на "таканареченото Македонското друштво" (Се однесува за

Сојузот на македонските друштва во Бугарија.) од Бугарија кој во својот поздравен говор “отворено, со непријателски тон” ги нападнал државните раководства на Југославија и на НР Македонија. Повеќето делегати “во знак на протест ја напуштиле конгресната сала”. По завршувањето на конгресот, делегатите од Бугарија биле предупредени да не се мешаат и да не даваат сугестии за односите на НОФ со НР Македонија. (Им било кажано: “Ние водиме борба за живот и смрт, нема зошто да се расправаме со нашите браќа, со оние кои најмногу ја помагаат нашата оружена борба. Ние како Македонци не можеме да се бориме за национална слобода, а да ја напаѓаме создадената Македонска народна република. Тоа за нас би било апсурд”. (На истото место, 54-55.))

Конгресот со тајно гласање избрал нов Централен совет, од 51 член и 22 кандидати. Централниот совет се конституирал и избрал Претседателство од 5 члена. За претседател бил избран Паскал Митревски, потпретседател Евдокија Балева-Вера, секретар Михаил Маљов, а за членови Вангел Којчев и Павле Раковски. На истата седница на Централниот совет бил избран и Извршен комитет од 11 члена и 3 кандидати. Во Извршниот комитет биле избрани: Паскал Митревски, Евдокија Балева-Вера, Михаил Маљов, Павле Раковски, Вангел Којчев, Минчо Фотев, Ставро Кочев, Крсто Мангов, Вангел Ничев, Уранија Пировска-Јурукова и Ташко Гушевски-Маки. За кандидати биле избрани: Ламбро Чолаков, Доне Сикавица и Прико Димитар. Биле избрани и претставници на НОФ во Привремената демократска влада на Грција: Паскал Митревски за министер, Ставро Кочев за директор на Дирекцијата за националните малцинства, Крсто Мангов за претставник на народноослободителите одбори, а Доне Сикавица за македонско образование на Привремената демократска влада на Грција. На предлог од Претседателството Централниот совет донесол одлука за обновување на младинската организација НОМС. За нејзино реализирање бил задолжен Минчо Фотев, во соработка со поранешните младински раководители: Тодор Кочев-Виктор, Ташко Хаџијанев, (Ташко Хаџијанев од гр. Воден. Бил член на Окружниот одбор на НОМС за Воденско, член на Обласниот комитет на ЕПОН за Македонија и Тракија, член на Извршниот комитет на Централниот совет на НОФ. Со

другите раководители на НОФ во 1949 година обвинет од раководството на КПК за агент на Тито, бил упсен од безбедносните органи на ДАГ, спроведен во затворите во Албанија а оттаму во СССР, во Москва бил осуден на 8 години затвор и спроведен во концентрационен логор. Во 1955 година бил ослободен и рехабилитиран.) Ѓоко Петричевски и Петро Аспровски. (На истото место, 55.)

Конгресот ја усвоил и акционата програма за претстојните задачи на Централниот совет на организацијата:

1. Консолидирање во редовите на НОФ и АФЖ, засилување на акционата способност;

2. Обновување на младинската организација на НОМС.

3. НОФ, АФЖ и НОМС максимално да се ангажираат и да го мобилизираат борбениот потенцијал на македонскиот народ, особено во населените места кои се под контрола на монархофашистичката армија.

4. Чување и јакнење на морално-политичкото, организационото и националното единство на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија.

5. НОФ да стане вистински политички носител на народната власт.

6. НОФ да ја оживотвори националната рамноправност на македонскиот народ во сите области на општествено-политичкиот, економскиот и културниот живот на земјата.

7. Централниот совет да се застапи за воспоставување вистински рамноправни односи со Привремената демократска влада и Главниот штаб на ДАГ и конструктивна соработка со сите партии и општествено политички организации на Грција кои активно учествуваат во оружената борба на ДАГ. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 55-56.)

Извршниот комитет на Централниот совет се состанал, неколку дена по одржувањето на конгресот, и ги определил должностите на своите членови: претседателот на Централниот совет, Паскал Митревски бил задолжен да воспостави и одржува врски со раководните тела на политичките партии и организации учеснички во оружената антимонархистичка борба за конструктивна соработка на рамноправна основа; секретарот на ЦС, Михаил Маљов за организационо-кадровските прашања во НОФ; Ставро Кочев и Крсто Мангов за локалната народна власт; Доне Сикавица за основното образование на македонските деца; Вангел Којчев за проблемите на македонските борци во ДАГ; Павле Раковски за агитпроп и одговорен за весникот "Непокорен"; Евдокија Балева-Вера за АФЖ; Уранија Јурукова за костурската окружна организација на АФЖ; Вангел Ничев за организацијата на НОФ во источниот дел на Егејска Македонија (Серско и Драмско), Минчо Фотев за обновување на младинската организација, бил одреден и за претседател на Главниот одбор на НОМС, како и да раководи со костурската и леринската окружна организација на НОФ. (На истото место, 57.)

По Вториот конгрес на НОФ, раководството се ангажирало на "мобилизирање до максимум" на борбениот потенцијал на македонскиот народ во оружената борба и во заднинските единици за поддршка на ДАГ за целосно и доследно остварување на рамноправноста на македонскиот народ со грчкиот народ. (На истото место.) Македонските помошни единици на ДАГ биле зголемени, така што нивниот броен состав нараснал на преку 4.000 припадници (Македонци и Македонки). (На истото место.) Во заднината на фронтот со грчката монархистичка армија во западниот и во централниот регион од егејскиот дел на Македонија бил зголемен бројот на македонските борбени диверзантски групи и на "слободните стрелци" кои ги засилиле акциите, поддржувани од месните организации на НОФ во градовите и селата: Лерин, Хрупишта, Сорович, Екшису, Ајтос, Зелениче, Мокрени, Бабишта, Загоричани, Куманичево, Личишта, Горенци, Макровјани, Госно, Желин, Нестрам и др. Како слободни стрелци дејствувале околу 150 македонски борци. (На истото место, 57.)

Со масовното учество и придонесот на македонскиот народ во оружената борба, раководството на КПГ, било ставено во положба да го менува својот однос спрема НОФ, спрема македонските политички кадри и борците во ДАГ. При реорганизацијата и проширувањето на Привремената демократска влада на Грција претседателот на Централниот совет на НОФ Паскал Митревски бил избран за министер за исхрана, членот на Централниот совет Ставро Кочев за директор на Дирекцијата по прашањата за националните малцинства на владата, а другите двајца членови на Советот: Крсто Мангов и Доне Сикавица за владини претставници. За член на Воениот совет на ДАГ, чијшто претседател бил генералниот секретар на КПГ Захаријадис, бил избран членот на Претседателството на Централниот совет на НОФ, Вангел Којчев. Во Главниот штаб на ДАГ за помошник политички комесар бил поставен членот на Извршниот комитет на Централниот совет на НОФ, Минчо Фотев. Во штабовите на сите единици на ДАГ: баталјони, бригади и дивизии со македонски борци, Македонците биле поставувани за помошници на политичките комесари. Многу од Македонците и Македонките, борци во ДАГ биле поставувани на воено-политички функции и унапредувани. (На истото место, 58-59.) Привремената влада на Грција и Главниот штаб на ДАГ "ја озакониле националната рамноправност на македонскиот народ" со законски и други правни акти. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 59.)

Македонската организација на НОФ, станала организатор и носител на народната власт на слободната територија во егејскиот дел на Македонија. Ги предлагала кандидатите за околиски, градски, реонски и селски народни одбори и раководители на народната милиција. За претседател на Народниот одбор на Костурската околија бил избран Крсто Мангов, а на Народниот одбор на Леринската околија Ристо Коленцев. Членови на раководството и активисти на НОФ биле поставувани за командири на народната милиција. Македонци за командири биле поставувани на милицијата во Костурската, Леринската и Воденската околија. (На истото место.)

Организацијата се грижела и за Македонците евакуирани во источно-европските држави; за животот и образованието на младите на мајчин македонски јазик. Нејзин претставник, воедно и претставник на ПДВ на Грција, бил Доне Сикавица. (На истото место.)

**Надворешните односи на НОД, од егејскиот дел на Македонија**

НОД, како политички фактор - репрезент на македонскиот народ во егејскиот дел на Македонија, во надворешните односи, во односите со странските прогресивни партии и организации и на меѓународни форуми, го претставувале организациите на НОФ и АФЖ. Настапувале самостојно и во заедничките делегации со Привремената демократска влада на Грција и со грчките прогресивни организации.

Македонската организација на жените учествувала со свои претставнички во заедничката делегација на Демократска Грција; Евдокија Балева-Вера, секретар на Главниот одбор на АФЖ, и Малина Маркова. (Малина Маркова, од с. Желево, Леринско. Била активистка на АФЖ, член на Околискиот НО Одбор за Леринско. По Граѓанската војна во Грција емигрирала во Полска, а оттаму дошла во НРМ, во Скопје (кај семејството).) На конгресот на Светската организација на демократските жени во Будимпешта, одржан во декември 1948 година, Маркова на собирот се појавила облечена во македонска народна носија. Евдокија Балева, била избрана за кандидат-член на раководството на Светската организација на жените. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 60.)

Македонското националноослободително движење со делегацијата на НОФ во заедничката делегација на Демократска Грција, се претставило на меѓународниот конгрес на мирот, одржан во април 1949 год. во Прага, Чехословачка. Во делегацијата биле членовите на раководството на НОФ: Евдокија Балева-Вера, Павле Раковски и Доне Сикавица. На одбележувањето на 34 годишнината од смртта на Јане Сандански во НР Бугарија, на 22 април, учествувала делегацијата од раководителите на НОФ во состав: Евдокија

Балева-Вера - потпретседател на Централниот совет, и членовите на советот Павле Раковски и Доне Сикавица. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 60.)

Во мај 1949 година, организацијата на НОФ остварила средба со Француската делегација (од 4 леви партии), на нејзина иницијатива, за време на посетата на Грција. Во делегацијата бил и истакнатиот француски поет Пол Елијар, член на Централниот комитет на Комунистичката партија на Франција. (На истото место, 59.) Делегацијата била примена од претседателот на Централниот совет на НОФ, Паскал Митревски и од секретарот, Михаил Маљов. (На истото место.) Средбата се одржала во црквата Св. Никола кај с. Штрково, Преспанско. (На Француската делегација и биле претставени националната посебност на македонскиот народ. И бил приреден ручек со македонски специјалитети, на кој присуствувале делегации на КПГ и на АКЕ, служеле девојки облечени во народни носии. (На истото место, 59-60.))

Македонското НОД, било претставено како заедничка делегација на Привремената демократска влада на Грција, на погребот на Ѓорѓи Димитров во НР Бугарија, во јули 1949 година. НОД го претставувал претседателот на Централниот совет на НОФ и министер во владата Паскал Митревски. (На истото место.)

## Мерките на КП на Грција за инструментализирање на организацијата на НОФ за антијугословенската политика

Генералниот секретар на КПГ Никос Захаријадис за разбивање на единството на раководството на НОФ, ги користел: Ставро Кочев, Пандо Ваена, Ташо Гушополу-Маки и други Македонци. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 63.) Тој лично ги повикувал одделно раководителите на Организацијата и ги убедувал дека Југославија застранила од патот на социјализмот, водела антисоветска политика. За создавањето на НР Македонија им говорел дека било “политичко решение” и дека НРМ преставувала “националистичко жариште”. Раководството на КПГ не бирало средства својот став за македонското прашање, сообразен со резолуцијата на ИБ, да го наметне на

раководството на НОФ за да го прифати како став на организацијата. Силен притисок вршел генералниот секретар Никос Захаријадис кој лично презел да раководи со НОФ, присуствувал на состаноците на Централниот совет и на Извршниот комитет. (На истото место, 61.) Целта била македонските комунисти и организацијата на НОФ "да ги компромитира во земјата и надвор, и да создаде конфузија во НОДЕМ." (На истото место.)

Сепак, КПГ не била во состојба да преземе други драстични мерки против НОФ. Затоа одлучила да формира Комунистичка организација која ќе ја преземе раководната улога во македонското национално движење. Раководството на НОФ одбило да ја спроведе таа политика спрема македонското прашање, и во односите со Југославија, усогласена со СССР и другите источноевропски држави.

## Основањето на Комунистичката организација во егејскиот дел на Македонија (КОЕМ)

Уште пред одржувањето на Вториот конгрес на НОФ, Захаријадис го подготвил основањето на Комунистичката организација во егејскиот дел на Македонија (КОЕМ), со цел да изврши силен притисок на делегатите. По неуспехот на конгресот да ја наметне политиката на КПГ, на негово барање и во негово присуство, непосредно потоа бил одржан основачкиот состанок на новата организација со учество на 163 македонски комунисти и членови на КПГ. На состанокот одржан на 21 март 1949 година, (Основачкиот состанок се одржал во присуство на генералниот секретар на КП на Грција, претседателот на Привремената влада Мицос Парцалидис и шефот на разузнавачката служба Мировиглис Периклис.) било избрано раководно тело иманувано како Привремена организациона комисија, за секретар бил поставен Михаило Маљов. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 62.) Захаријадис во поздравниот говор, го претставил создавањето на Комунистичката организација како потреба на НОД во егејскиот дел на Македонија, за да ја пополни големата празнина настаната поради слабостите на организацијата на

НОФ која не се раководела од партијата и во неа се појавиле “шовинистичките тенденции.” (На истото место, 62.)

Според Фотев, КОЕМ не изградила организациона структура, не станала никаква организација, останала форум-инструмент на КПГ за нејзината антијугословенска и антимакедонска политика. (Фотев за нејзиното формирање пишува: “Формирањето на КОЕМ со ништо не може да се оправда. Не се формирал да им служи на виталните интереси на македонскиот народ од Егејска Македонија. Основната цел поради која се формирал беше да ја лиши организацијата НОФ од нејзината раководна улога и да ја фрли на споредем колосек, да го наметне новиот курс на КПГ за македонското национално прашање. КОЕМ фактички не беше никаква партиска организација, туку форум на КПГ, без свои основни организации. КОЕМ беше инструмент со кого манипулираше генералниот секретар на КПГ.” (На истото место.)) Македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија бил запознат со случувањата и основањето на КОЕМ неколку месеци подоцна, со објавувањето на говорот на Захаријадис на основачкиот состанок, во весникот “Непокорен” на 16 јули 1949 година. (На истото место, 62.)

Силниот притисок врз раководителите на НОФ продолжил и понатаму. Од Паскал Митревски, Евдокија Балева-Вера, Минчо Фотев, (Го задолжил Маљов да го повика и Фотев. За тоа Фотев пишува: “Тоа го стори преку секретарот на КОЕМ Михаил Маљов. Не повика да се јавиме во с. Вињани, Преспа. Заедно со Маљов отидовме во куќата во која беше сместен началникот за безбедност на Главниот штаб на ДАГ. Тука не пречека и разговаравме речиси час и половина. Се обрати лично (-ММ) и ми рече: Другар Фотев, како што е познато сите комунистички партии и влади на социјалистичките земји ја осудуваат КП на Југославија затоа што таа веќе скршна од социјалистичкиот пат, се отцепи од семејството на социјалистичките земји и е во остар судир со сите нив и со меѓународното комунистичко движење. Нашата партија, КПГ, се солидаризира со Информбирото, со Советскиот Сојуз. Според тоа, сите комунисти во тој поглед треба да се единствени и решителни. Тоа е должност на секој комунист, порака на големиот Сталин. Сите комунисти мораме

да одиме по патот по кој не води Советскиот Сојуз на чело со Сталин. Ти, другар Фотев, и сите други Македонци-комунисти, раководители на НОФ итн., мора да расчистите со Југославија. Сите вие треба да гледате на Москва, а не на Скопје и Белград. Тоа е став на ЦК на КПГ и се бара од секој комунист, од секој член на КПГ да го почитува. На крајот од нас побара да напишеме опширна статија за односот на Југославија кон НОФ и општо за односот спрема НОДЕМ. Ни вети дека таа статија ќе биде објавена преку радио "Слободна Грција" па и во органот на Информбирото "За траен мир и народна демократија". Фотев одговорил: "Другар Нико, од моментот кога, како борец на ДАГ и член на КПГ, се борам против монархофашистите и англо-американските окупатори за слободата и независноста на земјата и народот, мојот став е јасен како бел ден. Што се однесува за статијата што барате да ја напишам, откажувам тоа да го сторам затоа што тоа не е моја работа, а просто не верувам дека е така како што се зборува за Југославија затоа што организацијата на НОФ никогаш не доби директива или сугестија да делува против народнодемократското и револуционерното движење на Грција и ДАГ. Вие сте добро запознати како и зошто се формира организацијата на НОФ, од нејзините цели не отстапувам. Тоа е се што имам да Ви кажам." (На истото место, 63-64.)) и другите раководтели на организацијата на НОФ, се барало да пишуваат во духот на резолуцијата на ИБ за радиостаницата "Слободна Грција" и за објавување во печатот на источноевропските држави, особено во органот на Информбирото "За траен мир и народна демократија". (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 61-62.)

Нови жестоки обвинувања против НОФ биле преземени во јуни 1949 година, по добивањето на писмото од Михајло Керамитчиев и Илија Димовски-Гоче, доставено на 2 јуни до Политбирото на ЦК на КП на Грција, од Павле Раковски. (Раковски со содржината на писмото запознал "негов круг на луѓе", навреме не го предал на Политбирото на ЦК на КПГ, затоа бил исклучен од Централниот совет на НОФ. (На истото место, 64.)) КП на Грција писмото го претставила како писмо од партиското и државното раководство на македонската држава и го искористила за "најбрутални клеветнички напади врз НР Македонија и Југославија со извртување на вистината."

(На истото место, 64.) Писмото било употребено за објавување на Резолуцијата од името на КОЕМ, (На 29 март бил одржан проширен состанок на Активот па КОЕМ со учество на 45 Македонци кадри на КПГ во присуство, повторно, на функционери на КПГ. На учесниците им бил поделен подготвениот текст од Резолуцијата на Политбирото на ЦК на КПГ, со датум 15 јуни 1949 година. На директивно барање за усвојување и јавно гласање и потврдување на гласањето со потпис Резолуцијата била усвоена. (Павле Раковски, Значењето на КОЕМ и на документот "Резолуцијата на КОЕМ". Скопје, 1989, стр. 5.)) подготвена од генералниот секретар Захаријадис, (Фотев: "Автор на Резолуцијата беше генералниот секретар на ЦК на КПГ Никос". (На истото место, 64.)) со која КП на Грција покажала и докажала пред јавноста дека македонските комунисти и борци ја осудувале политиката на КПЈ. Со тоа сакала "да ги вовлече во антијугословенска клеветничка кампања". (На истото место. Текстот на Резолуцијата бил усвоен на проширениот состанок на Активот на КОЕМ, одржан на 19 јуни 1949 година.)

КП на Грција продолжила со пропагандата против Југославија, (Преку Радиото "Слободна Грција", на 6 јули 1949 година, ја обвинило владата на Југославија за соработка со "монархофашистичката влада" во Атина за заедничко дејствување против Демократската влада на Грција и ДАГ. Во соопштениeто објавено од истото радио се наведувало дека "офицери на ЈНА се состанувале со офицери на грчката монархистичка армија" во реонот на Кајмакчалан. (На истото место, 64.)) особено против НР Македонија, обвинувана за разбивачка дејност против ДАГ преку инсталираната агентура, а тоа се однесувало за организацијата на НОФ. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 64.) Партијата организирала протестни антијугословенски собири и врбувала информбировски приврзаници, да бараат раководството да преземе казнени мерки против раководителите на НОФ и против сите македонски комунисти кои "одбивале да изјаснат против НР Македонија и против Југославија". Протестните собирања биле иницирани од генералниот секретар Никос Захаријадис, и политичкиот комесар на Главниот штаб на ДАГ Василис Барџотас-Фанис. Тие им биле потребни за да подоцна ги

повикуваат на партиска, политичка и кривична одговорност со казнување на раководителите, и за спроведување на репресии врз сите приврзаници на НОФ. (На истото место, 64.) Раководството на КПГ ја активирала Службата за безбедност на ДАГ, која македонското население од селата во реонот на Вичо го претставила за нелојално и барала од Политбирото на ЦК на КПГ одобрување за негово упатување во погори за присилна работа. (Во службениот акт АЕ, К-20/291 меѓу другото се барало: “да се соберат сите тие луѓе и да се испратат на принудна работа. Оневозможување за нивно бегање кон непријателот Тито, со употреба на наши луѓе меѓу нив за информации и со нивно држење далеку од фронтот. се предлага да се употребат и други средства, особено мински полиња, кучиња, стапици, ѕвонци и сл.” (На истото место, 65.)) Барањето било прифатено и спроведено. Стотици Македонци приврзаници на НОФ, биле уапсени и спроведени во концентрациони логори да извршуваат принудна работа. (На истото место, 66.) И под такви услови македонската организација на НОФ опстојала и ја извршувала функцијата на организатор и предводник на македонскиот народ во оружената борба за остварување на националната рамноправност.

**Поразот на ДАГ**

Грчката монархистичка армија со броен состав од 80.000 припадници, со артилерија, тенкови и авијација, на 10 август 1949 година, започнала голема офанзива против единиците на ДАГ на слободната територија во егејскиот дел на Македонија. До 17 август ги пробила позициите на ДАГ (две дивизии и неколку помали единици), ги зазела планината Вичо и Преспа. Македонското цивилно население кое се повлекувало било напаѓано од артилеријата и авијацијата. Со фанатична омраза, единиците на ДАГ на грчко-југословенската граница го спречувале бегалското население да не преминува на територијата на НР Македонија, и го присилувале да се повлече на територијата на Албанија. Притоа, “секој Македонец кој се обидувал да премине на југословенската територија го убивале. Такви случи имало повеќе”. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 66.)

По жестоките борби, од 20 до 29 август на планината Грамос, ДАГ целосно била поразена. Захаријадис со началникот на Главниот штаб и министрите на Привремената влада на Грција кои се нашле непосредно на грчко-албанската граница, и по добивањето на радиотелеграмата за трагичната ситуација, веднаш преминале на територијата на Албанија. Десеткуваните единици на ДАГ под командата на генерал-полковникот Георгиос Протопапас-Кикицас, меѓу кои имало и македонски борци и офицери на ДАГ, вечерта, на 29 август, исто така преминале на територијата на Албанија, каде биле разоружани (Фотов пишува: “Овие моменти, ми се чини, беа најтешките што ги преживеаја борците на ДАГ во своето долгогодишно војување. Оружјето кое по цена на животот го одземаа од непријателот и со него над три години херојски се бореа против грчките монархофашисти го положија неславно, главно по вина на воено-политичкото раководство. Тешко може да се опише што преживеаја борците на ДАГ во тие моменти, што вриеше во нивната душа. Многу борци гласно плачеа. Повеќето од нив пушките ги припојуваа на градите, ги бакнуваа и ги предаваа со плачење. Тажни, уморни, молчеливо го продолжуваа патувањето пешки, без да занаат каде ги водат и што ќе стане со нив. Никој ништо не знаеше за судбината на своите најблиски; родителите, брачните другари, децата. Борците гледаа еден во друг, никој не смееше ниту сакаше да прашува затоа што секое прашање остануваше без одговор. Тоа беше вистинска трагедија.” (На истото место, 67.)) и сместени во логори. (На истото место, 67.) Повлекувањето на единиците го следеле околу 2.000 Македонци од помошните единици на ДАГ “цврсто решени борбата да ја продолжат до крај.” (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 68.)

## Репресиите на раководителите на македонските национални организации на НОФ, НОМС и АФЖ

И при самото бегство на територијата на Албанија, раководството на КПГ продолжило со жестоките напади на Југославија и со осудата на македонската организација на НОФ, како главни виновници за катастрофата на ДАГ. На 9 септември 1949 година, министерот за војна на Привремената демократска влада на Грција и член на Политбирото на ЦК и КПГ, генералот

Мичос Впандас во логорот со 3.000 борци и офицери на ДАГ, меѓу кои и Македонци борци и офицери, одржал состанок на воено-политичкиот кадар. На присутните 200 офицери им ги соопштил заклучоците на Политбирото на ЦК на КПГ дека Југославија и македонската организација на НОФ (претставена како нејзина агентура која ја поткповала ДАГ) биле главните виновници за поразот. (Фотев кој бил присутен на состанокот пишува дека генералот Мичос рекол: "Кога нашата партија се реши за оружена борба се потпираше врз Југославија, на нејзината безрезервна поддршка што ни ја ветуваше. Се потпиравме на Југославија зашто блескаше славата на победата на НОБ и револуцијата. Но, еве, во најкритичниот и решавачки момент на нашата борба Тито ни го сврте грбот, не предаде, Преку неговата агентура (алудираше на НОФ - М.Ф.) го поткопуваше нашето народноослободително движење и ДАГ". (На истото место, 67-68.)) На партиските секретари од сите единици им наредил заклучоците да им ги пренесат на борците. (На истото место, 68.)

Службата за безбедност на ДАГ, перманентно и систематски ги следела раководителите на НОФ активирајќи ги нивните досиеја (Фотев: "Докажано е дека КПГ уште од 1945 година го следеше животот и дејноста на раководителите на НОФ и за нив имаше отворени досиеја. Нејзините претставништва во НР Македонија, јавки на КПГ, од нивното создавање, летото 1945 година, се занимаваа со шпионска дејност против НОФ и НРМ". (На истото место, 70-71.)) за оформување на судско дело, сослушувајќи активисти и експонирани приврзаници на македонската организација.

На 30 септември, Политбирото на ЦК на КПГ донело решение за апсење на раководителите и активистите на НОФ, НОМС и АФЖ. Во Албанија биле уапсени и предадени на албанската полиција преку 100 македонци борци на ДАГ и активисти на македонските организации, од кои триесеттина биле жени. (Фотев пишува дека за судбината на некои од нив " ништо не се знае". (На истото место, 71.)) Уапсените без да им се суди биле спроведени во концентрационите логори. Во договор со претседателот на владата на Албанија, Мехмед Шеху и во присуство на претставникот на КП на СССР во Албанија

Петров, на 2 октомври биле уапсени десеттемина главни раководители на НОФ, НОМС и АФЖ. (На истото место, 71.) Тогаш биле уапсени: Паскал Митревски - претседател на Централниот совет, Евдокија Балева-Вера - потпретседател на Централниот совет и секретар на Главниот одбор на АФЖ, Михаил Маљов - секретар на Централниот совет и секретар на КОЕМ, Минчо Фотев - член на Извршниот комитет на Централниот совет и претседател на Главниот одбор на НОМС, Уранија Јурукова - член на Извршниот комитет на Централниот совет, Лазар Поплазаров (Лазо Поплазаров, роден во с. Добролиште, Костурско. Бил комунист, член на КПГ, борец на ЕЛАС, член на Централниот совет на НОФ, по Граѓанската војна во Грција бил обвинет од раководството на КПГ како шпион на Тито, уапсен, во СССР таму осуден и спроведен во логор во Сибир. Во 1955 година бил ослободен и рехабилитиран, дошол во НРМ во Скопје, починал во 1991 година.) - член на Централниот совет, Ристо Коленцев - член на Централниот совет и претседател на Леринскиот окружен одбор на народната власт, Ташко Хаџијанев - член на Централниот совет Ламбро Чолаков - претседател на Окружниот одбор на НОФ за Костурско и кандидат за член на Извршниот комитет на Централниот совет, и Павле Раковски - поранешен член на Претседателството на Централниот совет на НОФ. На 7 октомври, биле спроведени во логорот “Бурели”. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 69.) Нивното апсење било јавно соопштено на собирот на офицерите и борците на ДАГ во истиот логор каде биле стационирани Главниот штаб на ДАГ и ЦК на КПГ. На собирот присуствувале: членовите на Политбирото на ЦК на КПГ, членови на Привремената демократска влада на Грција со нејзиниот претседател, претставникот на КП на СССР во Албанија Петров и претставници на Албанската партија на трудот. Пред собирот биле спроведени некои од уапсените раководители на НОФ. (На истото место, 71.)

Собирот бил организиран за да послужи како јавна трибина за нови жестоки обвинувања против Југославија. (Фотев: “На собирот прв зборуваше Никос. Обвинувајќи го раководството на НОФ како агенти на Тито меѓу другото рече: ‘Паскал Митревски и неговите соработници до последниот момент ја

спроведуваа југословенската политика, како агенти на Тито ја поткопуваа оружената борба на ДАГ и активно и се спротивставуваа на политиката на КПГ.’ На судскиот процес во Унгарија против Рајк се докажа дека Титовата клика е агентура на англо-американските империјалисти. Тито насекаде создаде свои агентури, па и во Грција. Во НОФ имаше своја агентура на чело со Паскал Митревски која ја поткопуваше ДАГ, организираше дезертерства на македонските борци, да бегаат во Југославија. КПГ мора да ги уапси агентите на Тито и да ја уништи целосно југословенската агентура што разорно делува во нашите редови” (На истото место, 71.)) Пред присутните биле изведени некои од уапсените раководители. На Паскал Митревски и Евдокија Балева-Вера им било допуштено да говорат, при што тие обвинувањата упатени кон нив ги отфрлиле како неосновани. (Паскал Митревски изјавил: “Јас како претседател на Централниот совет на НОФ ја спроведував политиката што беше зацртана во програмата на Организацијата. Сите други обвиненија се неосновани”, веднаш бил прекинат. (На истото место, 72.) Евдокија Балева во одбрана рекла: “НОФ, НОМС и АФЖ предано му служеа на ослободителното дело на Грција. Под нивното раководство македонскиот народ масовно и херојски се бореше и затоа не сносат никаква историска одговорност за поразот на ДАГ. Гпавниот виновник за поразот на ДАГ е ЦК на КПГ”. Захаријадис ја прекинал и со висок тон им се обратил на присутните: “Што сака Вера, да и го кажеме псевдонимот под кој ја води југословенската ОЗНА.” За натамошниот тек Фотев пишува: “Вера не чекаше да добие збор, веднаш реагираше и гласно му извика: “Другар псевдонимот ми го знае целиот народ, тој е Вера. Вие не ми го знаете името, се викам Евдокија”. На тоа меѓу присутните борци и офицери на ДАГ се слушнаа извици: “Да живее НОФ”, “Да живеат АФЖ и НОМС!”. Други извикуваа: “Смрт на Титовите агенти!”. Припадниците на полицијата на ДАГ се нафрлија на Вера и Паскал, им ставија лисици и ги одведоа. Така заврши собирот. Уапсените раководители беа предадени на албанската полиција која истата вечер ги спроведе во злогласниот затвор Бурели”. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 72.))

**Шестиот пленум на ЦК на КПГ, за македонското прашање**

Пленумот бил одржан, на 9 октомври 1949 година. Реферат поднесол членот на Политбирото на ЦК на КПГ, Василис Барџотас кој го претставил ставот на раководството на партијата за македонското прашање. Ја соопштил промената: КП на Грција ја напуштила паролата за самоопределување на славомакедонскиот народ и се вратила на ставот за национална рамноправност бидејќи состојбата била променета. НР Македонија не можела да биде центарот за националното обединување, за тоа требало да се запознае “славомакедонскиот народ”, а Политбирото на ЦК на КПГ требало да одлучи за организациите на НОФ и КОЕМ (Барџотас: “ Петтиот пленум на партијата ја исфрли паролата за самоопределување, за потполно национално востановување на славомакедонскиот народ. Таа парола ја исфрли во непогоден момент. Тоа го сторивме за да им се спротивставиме на разбивачките акции на Титовата клика и на нејзините агенти за повеќе да го привлечеме спавомакедонскиот народ во оружената борба до победа. Денеска состојбата се измени и се налага повторно да ја разгледаме таа парола. Сталин не учи дека националното прашање се потчинува на општите интереси на револуцијата и се менува штом тоа го наложуваат општите интереси на партијата. Тоа треба да стане денес и кај нас. Треба да се вратиме на паролата на националната рамноправност што ја исфрли VI конгрес на КПГ поради следните причици:

1. Паролата за самоопределување ќе го попречи развојот на масовната борба и единството на демократските сили, ќе му даде можност на монархофашизмот да продолжи со демагогијата околу тоа прашање и во крајна анализа ќе му наштети на самиот славомакедонски народ.

2. Состојбата во Вардарска Македонија целосно се измени. Во никој случаі не може Скопје да се смета како центар за национално обединување на (славо)македонскиот народ.

3. Треба да се земат во предвид етничките промени што правилно ги оцени VI конгрес на партијата и ја исфрли паролата за “национална рамноправност: Поради сите тие

причин треба да се вратиме на паролата за национална рамноправност и да го запознаеме спавомакедонскиот народ со таа промена. Политбирото треба да размисли и да реши за натамошната работа на НОФ и КОЕМ.” (На истото место, 69-70.)) и да расчисти со членовите “предавници на партијата” и “агенти на Тито”. (Барџотас: “Она што денес е нужно тоа е да расчистиме со случаите на агентите на Тито како: Митревски, Фотев, Раковски и другите и да ставиме крај на нивната разбивачка дејност. Овие предавници треба да ги исклучиме од нашата партија. Политбирото ќе ја реализира одлуката што за нив ќе ја донесе партиската конференција.” Фотев пишува дека по негова наредба одлуката на партиската организација била донесена и спроведена пред одржувањето на конгресот. (На истото место, 70.))

## Македонските револуционери во албанските и советските затвори и концентрационите логори

Водечките раководители на македонските национални организации од 13 октомври 1949 година, биле држани во Централниот истражен затвор во Албанија (Тирана). На 14 декември, биле спроведени во пристаништето Драч каде биле преземени од советскиот товарен брод “Мичурин” и пренесени во Одеското пристаниште. Од Одеса советската полиција ги спровела во Москва. Таму биле преземени од припадниците на Министерството за државна безбедност и спроведени во истражниот затвор “Љубљанка”. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 69.) Таму повеќе од две години (од јануари 1950 до средината на април 1952) биле непрекинато сослушувани на грчки јазик. (Фотев: “Истрагата во Москва ја водеше групата советски офицери-иследници на Министерството за државна безбедност на СССР: мајорот Панделеев, потполковникот Виктор Петрович Фирсов, потполковникот Никитин, мајорот Атанасов и потпоручникот Андреј Погребњак. Понекогаш и други офицери на државната безбедносг, меѓу нив и началникот на второто одделение на Министерството за државна безбедност надлежно за дела поврзани со странство полковникот Рубљов. Истрагата (сослушувањето) се водеше на грчки јазик преку преведувачи советски офицери од грчко потекло и тоа: капетан Јоанидис, капетан Христос Џумијадис и

поручникот Аристотелис Папунидис.” (На истото место, 72.)) Истрагата се водела за докажување на нивната поврзаност со НР Македонија со цел да се обвини Југославија. Во обвинителните акти биле наведени македонските партиски и државни раководители: Лазар Колишевски, Цветко Узуновски-Абас, Никола Минчев и Димитар Алексовски. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 72.)

На 19 април 1952 година, македонските револуционери биле осудени на долгогодишна казна. Казните биле од 8 до 25 години затвор во концентрационите логори да извршуваат присилна и тешка физичка работа. Паскал Митревски бил осуден на 25 години затвор, Минчо Фотев на 10, Ламбро Чолаков, Ристо Коленцев и Ташко Хаџијанев на по 8 години. Сите тие биле спроведени во концентрационен логор во Воркута, Коми, на северот од СССР, “каде температурата се спуштала до минус 56 степени, да работаат во рудниците за јаглен. Павле Раковски бил осуден на 10, а другите: Евдокија Балева-Вера, Уранија Јурукова и Лазар Поплазаров биле осудени на по 8 години затвор. Сите биле спроведени во концентрационен логор во Сибир”. (На истото место.)

Останатите раководни личности на НОФ притворени во Албанија: Тодор Ковачев-Виктор - член на Централниот совет и член на Претседателството на Главниот одбор на НОМС, Никола Панов - член на ЦС на НОФ и секретар на ОК на НОФ за Костурско, Трајко Супелов - член на ОК на НОФ за Костурско, биле однесени, со полски брод преку Полска, во логорот во Чехословачка. Таму веќе имало македонски затвореници меѓу кои и Коста Ројдев. Од логорот биле спроведени, без да им се суди, во градот Винтава да работаат во фабриката за огноотпорни тули. (На истото место, 73.)

Раководителите на македонската организација на НОФ, биле апсени и затворани во источноевропските држави. Во НР Полска биле уапсени: Герман Дамовски-Старииот - член на ЦС на НОФ и претседател на ОК на НОФ, Коста Кирков - член на ОК на НОФ за Леринско и Тане Наумов - секретар на ОК на НОФ во Лерин. Уапсени и интернирани во НР Романија биле: Доне Сикавица - кандидат за член на ИК на ЦС на НОФ и

претставник на Привремената влада на Грција, Фоти Илковски - кандидат за член на ЦС на НОФ; активистите на НОФ - Ристо Поптрајанов, Василики Каранџа-Кула, (Од с. Смрдеш, Костурско.) Алеко Дуковски (Од с. Бесфина.) и други. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 73.)

Во источноевропските држави продолжило следењето и испитувањето на Македонците членови на КП на Грција. Сите тие кои биле членови и активисти на НОФ, а не зеле учество во кампањата против Југославија и НРМ, биле исклучувани од партијата "како националисти и Титови агенти" и им биле преземани репресивни мерки. (На истото место, 75.) Според сведочењето на Минчо Фотев "јасно се манифестирал големогрчкиот шовинизам на раководството на КПГ". (На истото место, 76.)

**Дејствувањето на организацијата и опонентските групи против НОФ и НОД, на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија**

Минчо Фотев, пишува дека "непријатели од сите бои" активно се бореле против НОФ и НОД на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија:

1. Македонците соработници на грчкиот монархистички режим не само што вршеле шпионска дејност туку и активно учествувале во акциите на грчката полиција во тероризирањето на македонското население за уништување на НОФ и НОД. (Фотев: "Одреден број дегенерирани Македонци, класни непријатели, тесно поврзани односно соработници на монархофашистичкиот режим на Грција ги шпионираа и ги прогонуваа Македонците патриоти и комунисти приврзаници на НОФ и лично учествуваа во терористичките акции што беа организирани од грчката полиција против македонското население." (На истото место, 77.))

2. Припадниците на ВМРО на Иван Михајлов со пропагираната парола за "Обединета самостојна Македонија" под покровителство на Англија и САД "се обидувале Македонците да ги доведат во заблуда. Покрај тоа тие вршеле и шпионска

дејност против НОФ, односно НОДЕМ”. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 77.)

3. Македонци, кадри на КПГ, дејствувале за разбивање на националното единство на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија. Тие по резолуцијата на ИБ биле за ликвидирање на македонските национални организации: НОФ, НОМС и АФЖ. (Фотев: “Некои Македонци кои беа кадровски работници на КПГ, луѓе без национална свест и македонски патриотизам опасно го поткопуваа морално-политичкото и националното единство на македонскиот народ и извршуваа специјални задачи за КПГ против НОФ. Тие ја клеветеа организацијата на НОФ како националистичка и автономистичка, наводно опасна за НОД на Грција. По Резолуцијата на Информбирото тие станаа знаменосци и извршители на информбировската политика на КПГ против Југославија. Беа иницијатори за осудување и за расформирање на НОФ, АФЖ и НОМС”. (На истото место, 77-78.))

4. “Македонските сепаратисти” биле против заедничката борба со грчкото противмонархистичко комунистичко движење, за самостојно решавање на македонското национално прашање, (Фотев: “Прилично силен удар и голема штета на НОФ, односно на НОДЕМ му нанесоа Македонците сепаратисти. Тие го разбиваа морално-политичкото единство на македонскиот народ и го спречуваа братството со грчките прогресивни сили, бидејќи решавањето на македонското национално прашање го гледаа надвор од победата на народната револуција на Грција”. (На истото место,78.)) во егејскиот дел на Македонија.

## Расформирањето на македонските национални организаци: НОФ, НОМС и АФЖ

Раководството на КПГ на Никос Захаријадис, во странство, и во источноевропските држави, ја продолжило со ист интензитет кампањата за дискредитирање на НОФ и другите македонски национални организации. Тие организации кои го организирале и го предводеле македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во оружена борба против грчкиот монархистички режим, (Фотев: “Организацијата на НОФ беше еден од

најрешавачките фактори за создавањето и јакнењето на ДАГ. Благодарение на активностите на НОФ околу 20.000 македонски борци служеа во неа, неколку илјади македонци освен во Егејска Македонија се бореа во Тракија, Епир, Тесалија, Румелија, дури и на Пелопонез и останаа доследни до крајот на Граѓанската војна во Грција. Се смета дека загинале над 6.000 Македонци борци на ДАГ кои беа членови на НОФ, од кои 3.000 загинале надвор од егејскиот дел на Македонија. Не е помал бројот на Македонците борци кои останаа инвалиди. Во Граѓанската војна македонскиот народ стана жртва во вистинската смисла на зборот.” (На истото место, 76.)) дале големи жртви, под негово (на Захаријадис) водство (За време на оружената борба “високо ја ценел улогата на НОФ”. Во поздравниот говор на Првата конференција за Леринско искажал пофалби, Фотев го поставува прашањето: “Кога ја кажуваше вистината за НОФ, кога ја фалеше и и оддаваше признание или кога ја напаѓаше?” (На истото место, 77.)) и за каузата на неговата партија. НОФ како раководна македонска национална организација, била обвинувана за спроведување на југословенската политика, за разбивање на единството со грчкиот народ и за родривачко дејствување во Демократската армија на Грција и како таква била единствен виновник за катастрофалниот пораз на ДАГ и КПГ во Граѓанската војна. (Со сатанизирањето на македонската национална организација раководството сакало да постигне повеќе цели: да ја покаже и докаже својата лојалност на Сталин и да се стекне со позиција на битен фактор во иделошката борба против Титовото раководство во Југославија, да обезбеди алиби за новата позиција спрема македонското национално прашање и, не помалку важно, да се амнестира за трагедијата на сопствениот народ во Граѓанската војна.

На Македонците им се всадувало чувството на вина со убедување дека организацијата на НОФ била создадена од Југославија и имала улога на “најопасниот непријател” за ДАГ, поопасен и од грчкиот монархистички режим. (Фотев: “Раководството на КПГ се стремеше да ги убеди македонските борци и комунисти дека улогата на НОФ за време на Граѓанската војна во Грција беше негативна и штетна, дека НОФ беше творба на Тито.” (На истото место.)) Раководството

на КПГ на тој начин го подготвувало и формалното расформирање на НОФ, НОМС и АФЖ, чија што дејност била запрена по поразот на ДАГ. Фотев пишува дека по поразот на ДАГ, македонската национална организација на НОФ постоела "само во кампањата на КПГ против Југославија" и во претставувањето на политиката спрема македонското прашање. Одлуката за расформирањето на НОФ, НОМС и АФЖ, раководството на КПГ ја донело во јануари 1952 година. (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 75.)

**Организацијата "Илинден"**

Македонците членови на КПГ: Пандо Ваена, Ставро Кочев, Ташо Гушевски-Маки и други, "слепо приврзани" кон раководството на Никос Захаријадис, биле искористени како кадри за формирање "антимакедонска организација Илинден" (На истото место.) во Полска. Захаријадис од името на ЦК на КПГ до ЦК барал и добил одобрување од Полската работничка партија за одржување основачки конгрес на организацијата. Конгресот се одржал, на 2 и 3 април 1952 година, во с. Кросциенко, во кое имало околу 500 Македонци. Организацијата била формирана "да ги мобилизира македонските емигранти во источноевропските земји во антијугословенската кампања на Информбирото". (М. Фотев, Развојниот пат на НОФ, 75.)

# Заклучок

Минчо Фотев, потекнува од револуционерно семејство на борци во Илинденското востание. Целото негово потесно семејство активно учествувало во националноослободителната оружена борба на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија, во периодот на Втората светска војна (1941-1945) и Граѓанската војна во Грција (1945-1949), а повеќемина ги положиле своите животи.

Минчо Фотев, бил еден од организаторите, активен борец и член на потесното раководство на НОД на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија, за целиот период на оружената борба од 1941 до 1949 година. Од позицијата што ја заземал и должностите кои ги извршувал Фотев располагал со релевантни факти, бил компетентен да даде свој суд за македонското националноослободително движење од егејскиот дел на Македонија, за теророт на монархистичкиот режим на Грција врз македонскиот народ, за фашистичката окупација и поделбата на егејскиот дел на Македонија од фашистичките сили, бугарската пропаганда и пробугарското комитаџиско движење, за организирањето, подемот и достигањата на НОД. Но, и за објективните и субјективните (внатрешни) причини за поразот и егзодусот на македонското население, со далекусежните трагични последици за компактното опстојување на македонскиот народ на сопствената земја од егејскиот дел Македонија. Фотев ги претставува причините за внатрешните слабости и поделби, односите со КП на Грција, со партиското и државното раководство на НР Македонија, за улогата на КПЈ и доминантните светски сили: Велика Британија, САД и СССР.

Во секој случај, револуционерот Минчо Фотев оставил автентично сведоштво за големината и историското значење на децениската оружена ослободителна борба на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија, во периодот на Втората светска војна и Граѓанската војна во Грција, со релевантни податоци за стотина загинати раководители и активисти на македонските политички организаци: НОФ, НОМС и АФЖ.

Минчо Фотев остави и полемички текстови за објавените погледи, ставови и оценки од другите раководители и учесници во движењето, како и од научните работници-историчари, со цел да придонесе за објективно расветлување на настаните и улогата на личностите во македонското национавноослободително движење од егејскиот дел на Македонија. За некои од настаните пишува дека се измислени, а дека користените документи се конструкција. Може само да жалиме што за некои прашања Фотев не дал свое видување (како, на пример, за организациите: МАО, ТОМО, КОЕМ).

Според изнесените податоци и мислења во оваа публикација, пишувана врз основа на авторизираните текстови на Минчо Фотев, може да се согледа дека тој за многу нешта, настани и личности, особено од периодот 1945-1949 година, има поинакви гледишта од оние изнесени во објавените трудови на д-р Ристо Кирјазовски. Несогласувањата со размислите на историчарот Ристо Кирјазовски, кој исто така е учесник во движењето, произлегуваат од различниот пристап на двете струи во претставувањето и оценката на развојот на движењето.

# Дел III

## ПРИЛОЗИ (Составени од Минчо Фотев)

## ПРИЛОГ БР. 1

### Список на загинати раководители и активисти на НОФ, НОМС и АФЖ (1945-1949)

(Списокот е предаден автентично. Измената е само во негово претставување по азбучен ред, за полесно користење.)

1. АНДОНОВСКИ Коста, роден во с. Крчишта, Костурско. Во НОБ учествуваше од 1943 година како припадник на ЕЛАС, беше активист на НОФ, командир на чета на ДАГ. Загина во 1947 година.

2. АНДОНОВСКИ Никола, роден во с. Крчишта, Костурско. Беше комунист од пред Втората светска војна, борец на ЕЛАС, командир на чета на Првата ударна егејска бригада, потпоручник на ЈНА, командир на вод на ДАГ. Загина во јануари 1948 година.

3. АНДРЕЕВА Катина - Цвета, родена во с. Мокрени, Костурско. Беше член на реонски одбор на НОМС, поручник, командир на вод на ДАГ. Загина во 1949 година.

4. АПОСТОЛОВСКИ Михаил - Гранити, роден во с. Крчишта, Костурско. Беше командир на вод на македонскиот баталјон од Костурско, заменик политички комесар на баталјон на Првата ударна егејска бригада, инструктор на Главниот одбор на НОФ, секретар на Окружниот одбор на НОМС за Костурско, кандидат за член на Централниот совет на НОФ, член на командниот состав на партизанскиот штаб на НОФ во оперативната зона на Вичо Планина, политички комесар на баталјон на ДАГ. Загина во 1948 година во месноста “Паљокримини-Гуруша” на планината Грамос.

5. АПОСТОЛОВСКИ Коста Василев, роден во гр. Воден. Беше комунист, член на Окружниот одбор на НОФ за Воденско. Загина во 1946 година.

6. АПЧЕВ Вангел, роден во с. Баница, Леринско. Беше курир на Окружниот одбор за Леринско, командир на чета на ДАГ. Загина во 1948 година.

7. АПЧЕВ Павле, роден во с. Баница, Леринско. Беше секретар на НОМС во родното село, уапсен и стрелан од монархофашистичката полиција во 1947 година.

8. АШБАКОВА Софија - Левка, родена во с. Месимери, Воденско. Беше член на реонски одбор на АФЖ, партизанка во ДАГ. Загина во 1948 година.

9. БАБЕВСКИ Ташко, роден во град Воден. Беше борец на ЕЛАС, член на Градскиот одбор на НОФ во Воден. Загина во 1948 година.

10. БАБАЈЧЕТО Дино, роден во с. Бабјани, Еницевардарско. Беше член на реонски одбор на НОФ. Загина во 1946 година.

11. БОБЕВА Александра, родена во гр. Воден. Беше член на Градскиот одбор на НОМС од Воден, борец на ДАГ. Загина во 1948 година.

12. БОГЕВ Ристо, роден во гр. Острово, Воденско. Беше командир на вод на Воденскиот македонски партизански баталјон, секретар на реонски одбор на НОФ, командир на чета на ДАГ. Загина во 1948 година.

13. БОГЛЕВ Трајко, роден во с. Горничево, Леринско. Беше партизан на ЕЛАС, борец на Првата ударна егејска бригада, член на околиски одбор на НОФ, командир на ДАГ. Загина во 1947 година.

14. БОЖИНОВ Панајот - Левтер, роден во с. Месимери, Воденско. Беше член на Окружниот одбор на НОФ и секретар на реонски одбор на НОФ. Загина во 1946 година.

15. БОНИЧОТОВ Ламбе, роден во с. Борешница, Леринско. Беше борец во Првата ударна егејска бригада, курир на Окружниот одбор на НОФ од Леринско. Загина во 1946 година.

16. БОЦЕВ Андреја Сотиров, роден во с. Ајтос, Леринско. Беше командир на вод на ДАГ. Загина во 1948 година.

17. БОЧЕВСКИ Фоти, роден во с. Песјак, Костурско. Беше првоборец, политички комесар на чета на ЕЛАС, реонски секретар на НОФ во Костурско, политички комесар на чета на ДАГ. Загина во 1948 година.

18. БОШКОВСКИ Андон, роден во с. Лобаница, Костурско. Беше командир на вод на Костурскиот македонски баталјон, политички комесар на баталјон на Првата ударна егејска бригада, капетан во ЈНА, командир на чета во ДАГ. Загина во 1948 година на планината Грамос.

19. БУЛЕВ Мате, роден во с. Екшису, Леринско. Беше учесник во НОБ како припадник на ЕЛАС, активист на Околискиот одбор на НОФ во Соровичко, командир на партизанска група на НОФ, командир на диверзантска група на ДАГ. Загина во 1949 година.

20. ВАСИЛЕВ Алеко, роден во с. Гуменице. Беше реонски секретар на НОФ. Монархофашистите го убија во ноември 1946 година на Пајак Планина.

21. ГЕОРГИЕВСКИ Панде - Јупчето, роден во с. Екшису, Леринско. Беше член на околиски одбор на НОФ, политички комесар на чета на ДАГ. Загина во 1948 година.

22. ГЕОРГИЕВСКИ Перо, роден во с. Ошчима, Леринско. Беше учесник во НОБ како припадник на ЕЛАС, секретар на реонски одбор на НОМС во Леринско, командир на вод на ДАГ. Загина во март 1947 година.

23. ГИЗОВ Атанас, роден во с. Неред, Леринско. Беше офицер на ЕЛАС, активист на НОФ, командир на партизански одред на НОФ, командир на чета на ДАГ. Загина во 1947 година.

24. ГИНОВА Ирина - Мирка, родена во с. Росилово, Воденско. По занимање учителка. Беше младински раководител на ЕПОН за Островско, член на Окружниот одбор на НОФ и секретар на АФЖ за Воденскиот округ. Во 1946 година беше заробена, осудена на смрт од монархофашистичкиот воен суд и егзекутирана.

25. ГЛУВЧЕВ Тодор, роден во Положани, Леринско. Беше учесник во НОБ како припадник на ЕЛАС, активист на Окружниот одбор на НОФ за Леринско, комесар на чета на ДАГ. Загина во 1949 година.

26. ГОГЛЕВ Вангел - Пезандако, роден во град Воден. Беше комунист, учесник во НОД, командир на диверзантска група, командир на чета на македонскиот воденски баталјон, командир на одред на НОФ, член на Окружниот одбор на НОФ за Воденско. Загина во 1948 година.

27. ДАВОВ Киро, роден во с. Ајтос, Леринско. Беше курир на Окружниот одбор на НОМС за Леринско. Загина во 1948 година.

28. ДАСКАЛОВ Томо - Влаот, роден во гр. Воден. Беше член на Окружниот одбор на НОФ, секретар на Градскиот одбор на НОФ. Загина во 1948 година.

29. ДИМИТРОВ Јане - Мучето, роден во с. Буф, Леринско. Беше командир на вод на ЕЛАС, активист на НОФ, командир на чета на ДАГ. Загина во 1948 година.

30. ДОЈЧИНОВСКИ Тодор - Морава, роден во Енице-Вардар. Беше учесник во НОБ како припадник на ЕЛАС, секретар на Околискиот одбор на НОФ, за Еницевардарска околија. Во 1947 година наиде на заседа и смртно беше ранет. За да не падне жив во рацете на непријателот се самоуби.

31. ДОНЧЕВ Ристо - Ичко, роден во град Воден. Беше командир на вод на македонскиот партизански баталјон, секретар на Градскиот одбор на НОФ, командир на чета на ДАГ. Загина во 1948 година.

32. ДРАГОМАНОВ Туши, роден во гр. Воден. Беше член на Градскиот одбор на Воден. Загина во 1948 година.

33. ЗИНОВ Коста, роден во с. Руменичко. Беше активист на НОФ, член на Окружниот одбор на НОФ од Енице-Вардар. Загина на 3.IX. 1945 година.

34. ИВАНОВСКИ Атанас - Ташо, роден во гр. Хрупишта, Костурско. Беше комунист од 1941 година, учесник во НОБ. Во март 1942 година беше уапсен од окупаторите и одведен во концентрационите логори во Германија. За време на Граѓанската војна беше секретар на НОМС во град Хрупишта. Грчката полиција го уапси, а монархофашистичкиот суд го осуди на смрт. Егзекутиран е во 1948 година, во Атина.

35. ИСКОВ Кољо, роден во с. Пожарско, Воденско. Беше член на реонски одбор на НОФ, борец на ДАГ. Загина во 1948 година.

36. КАЛКОВ Ѓорѓи, роден во с. Вишени, Костурско. Беше командир на вод на Првата ударна егејска бригада, командир на партизански одред на НОФ, командир на чета на ДАГ. Загина во март 1948 година.

37. КАЛОЈАНОВСКИ Кузма, роден во с. Нестрам, Костурско. Беше комунист од пред Втората светска војна, првоборец на НОБ, секретар на реонски одбор на НОФ. Загина во 1947 година.

38. КАМЧЕВСКИ Киро - Лазо, роден во гр. С’ботско, Воденско. Беше член на Окружниот одбор на НОФ за Воденско, офицер на ДАГ. Загина во 1949 година.

39. КАРАМАНГОВ Петар, роден во Гуменичко. Беше активист на околискиот одбор на НОФ на Гуменице. Загина во 1945 година.

40. КАРАЏОВ Панајот, роден во с. Д'мбени, Костурско. Беше комунист од неговата најрана младост, учесник во НОБ, секретар на Околиски одбор на НОМС, член на Околискиот одбор на НОФ за Костурско, шеф на испостава во народната милиција на ДАГ. Загина во 1948 година на планината Грамос.

41. КАРЕВ Петар - Пеце, роден во град Воден. Беше член на Градскиот одбор на НОФ од Воден. Загина во 1946 година.

42. КАРТОВСКИ Трајче, роден во с. Владово, Воденско. Беше курир на Окружниот одбор на НОФ од Воденско, борец на ДАГ. Загина во 1948 година.

43. КАРШАКОВ Јани, роден во с. Косинец, Костурско. Беше борец на Костурскиот македонски баталјон, активист на НОФ, политички комесар на вод на ДАГ. Загина во 1948 година.

44. КИРАЏИЕВ Крсто, роден во с. Неволјани, Леринско. Беше борец на Првата ударна егејска бригада, реонски секретар на НОФ во Леринско. Загина во 1946 година.

45. КИРЈАКОВА Евгенија, родена во с. Нестрам, Костурско. Учествуваше во НОБ од 1943 година како припадник на ЕЛАС, беше член на Окружниот одбор на ЕПОН од Костурско, член на Окружниот одбор на НОФ од Костурско, потпоручник на ДАГ. Загина во 1949 година.

46. КОВАЧЕВ Иван - Орфеја, роден во Гуменице. Беше учесник во НОБ како припадник на ЕЛАС, член на Окружен одбор на НОФ и секретар на Окружниот одбор на НОМС за Еницевардарско и Гуменичко, кандидат за член на Централниот совет на НОФ, командир на чета на ДАГ. Загина во август 1949 година на планината Грамос.

47. КОРАНОВ Лазо, роден во гр. Воден. Беше командир на партизански одред на НОФ, командир на вод на ДАГ. Загина во 1948 година.

48. КОРОВЕШОВСКИ Атанас, роден во с. Смрдеш, Костурско. Беше командир на ЕЛАС, командант на првиот македонски (егејски) баталјон формиран на планината Караорман (Вардарска Македонија) во 1944 година, командант на баталјон на Првата ударна егејска бригада, поручник во ЈНА, член на секретаријатот на организационото раководство (Главниот одбор) на НОФ, член на партиското повеернство за Егејска Македонија и одговорен за воени прашања во организацијата на НОФ. Загина во нерамна борба со грчкиот жандармериски одред на 3.IX.1946 година во близината на с. Корнишор, Еницевардарско.

49. КОРОВЕШОВСКИ Мичо, роден во с. Смрдеш, Костурско. Беше десетар на Првата ударна егејска бригада, курир во Главниот одбор на НОФ, командир на вод на ДАГ. Загинал во 1947 година.

50. КОСТОВСКИ Сотир –Дирекот, од с. Стенско, Костурско. Беше учесник во НОБ како припадник на ЕЛАС, политички комесар на партизански одред на НОФ, политички комесар на чета на ДАГ. Загина во 1948 година.

51. КУЛЕВ Христо - Спиро, роден во с. Баово, Воденско. Беше борец на Воденскиот македонски баталјон, командир на одред на НОФ, командир на чета на ДАГ. Загина во 1948 година.

52. ЛЈАКУШЕВ Ристо, роден во с. Росилово, Воденско. Беше член на реонски одбор на НОФ. Загина во 1946 година.

53. ЛУШЕВ Ташо, роден во с, Теово, Воденско. Беше член на Окружниот одбор на НОФ од Воденско. Загина во 1947 година.

54. ЉОВОВ Васил, роден во гр. Воден. Беше член на Градскиот одбор на НОМС. Загина во 1946 година.

55. ЉУВЧЕВ Танас, роден во Гуменичко. Беше активист на НОФ. Загина на 3.IX.1946 година.

56. ЉУМБОВ (ЛИМБОВ) Димитар, роден во с. Валдово, Воденско. Беше член на реонски одбор на НОФ, осуден и погубен од монархофашистите заедно со Ирина Гинова - Мирка во 1946 година.

57. МАНГОВ Крсто, роден во с. Д'мбени, Костурско. Беше учесник во ЕЛАС, заменик политички комесар на баталјон на Првата ударна егејска бригада, секретар на окружниот одбор на НОФ од Костурско, претставник на Привремената демократска влада на Грцлја за локална народна власт и член на Извршниот комитет на Централниот совет на НОФ. Загина на 11.VIII.1949 година, во близината на с. Брезница, Костурско.

58. МАНГОВСКИ Вангел, роден во с. Жупаништа, Костурско. Беше комунист од пред Втората светска војна, учесник во НОБ, политички комесар на баталјон на Првата ударна егејска бригада, член на Околиски одбор на НОФ за Костурско. Загина во 1948 година во атарот на с. Сливени, Костурско.

59. МАРКОВСКИ Петро, роден во с. Неред, Леринско. Беше учесник во НОБ како припадник на ЕЛАС, командир на вод на Првата ударна егејска бригада, командир на партизанска група на НОФ. Загина во 1946 година.

60. МИРКОВСКИ Вангел, роден во с. Добролишта, Костурско. Беше комунист од пред Втората светска војна, офицер на ЕЛАС, член на Околиски одбор на НОФ од Костурско. Загина во 1949 година.

61. МИХАЈЛОВ Томо, роден во с. Бугово, Воденско. Беше член на реонски одбор на НОФ, осуден и погубен од монархофашистите заедно со Ирина Гинова - Мирка во 1946 година.

62. МИХАЈЛОВСКИ Трпе, роден во с. Крчишта, Костурско. Беше учесник во НОБ како припадник на ЕЛАС, младински раководител на чета на Првата ударна егејска бригада, секретар

на реонски одбор на НОМС од Костурско, политички комесар на вод на ДАГ. Загина во 1948 година.

63. НАКОВ Домин, роден во с. Бошовци, Кајљарско. Беше член на Окружниот одбор на НОМС од Леринско, командир на вод на ДАГ. Загина во 1947 година.

64. НАНЕВ Насо, роден во с. Морени, Костурско. Беше реонски секретар на НОФ, командир на вод на ДАГ. Загина во 1947 година.

65. НЕПКОВ Прокоп, роден во гр. Воден. Беше реонски раководител на НОМС, борец на ДАГ. Загина во 1948 година.

66. НЕПКОВ Христо, роден во гр. Воден. Беше член на Градскиот одбор на НОФ, офицер на ДАГ. Загина во 1946 година.

67. НУШЕВ Кољо, роден во с. Пожарско, Воденско. Беше член на Окружниот одбор на НОФ од Воденско, офицер на ДАГ. Загина во 1949 година.

68. ОЦОВ Гели, роден во с. Владово, Воденско. Беше борец на Воденскиот македонски баталјон, командир на партизанска група на НОФ, офицер на ДАГ. Загина во 1947 година.

69. ПАСКОВ Илија, роден во с. Кронцелево, Воденско. Беше член на реонски одбор на НОФ, борец на ДАГ. Загина во 1949 година.

70. ПЕЈОВ Ване, роден во с. Трсје, Леринско. Беше секретар на реонскиот одбор на НОФ. Загина во 1946 година.

71. ПЕШОВ Ѓорѓи - Цироклка, роден во с. Струпино, Воденско. Беше борец на Воденскиот македонски баталјон, командир на партизанска група на НОФ, офицер на ДАГ. Загина во 1947 година.

72. ПИРОВСКИ Јани, роден во с. Косинец, Костурско. Беше учесник во НОБ како припадник на ЕЛАС, секретар на СКОЈ на

баталјон на Првата ударна егејска бригада, член на Окружниот одбор на НОФ и секретар на НОМС за Костурскиот округ, член на Околискиот комитет на КПГ за Костурско, помошник на политичкиот комесар на бригада на ДАГ. Загина во февруари 1949 година при нападот на гр. Лерин.

73. ПОПДИМИТРОВ Петре - Дирекот, роден во гр. Воден. Беше учесник во НОБ, член на Градскиот одбор на НОФ од Воден, осуден и погубен заедно со Ирина Гинова - Мирка во 1946 година.

74. ПОПДИМИТРОВСКИ Ѓорѓи - Џоџи, роден во гр. Хрупишта, Костурско. Беше учесник во НОБ како припадник на ЕЛАС, курир на Главниот одбор на НОФ, командир на чета на ДАГ. Беше смртно ранет во 1949 година, по извесно време почина.

75. ПОПНИКОЛОВ Јанче, роден во с. Почеп, Воденско. Беше член на реонски одбор на НОФ. Загина во 1948 година.

76. ПОПОВ Трифун, роден во с. Екшису, Леринско. Беше комунист од пред Втората светска војна, учесник во НОБ, активист на НОФ, член на Окружниот одбор на НОФ од Леринско, комесар на вод во ДАГ. Загина во 1948 година.

77. ПОПОВСКИ Живко, роден во с. Попожани, Леринско. Беше учесник во НОБ како припадник на ЕЛАС, секретар на Околиски одбор на НОФ, член на леринскиот комитет на КПГ. Загина во март 1949 година.

78. ПОПОВСКИ Петар, роден во с. Долно Родево, Воденско. Беше член на Окружниот одбор на НОФ за Воденско, ранет и заробен од монархофашистите, осуден на доживотен затвор. Умре во затворот во 1962 година.

79. ПОПОВСКИ Сотир, роден во с. Шкрапар, Костурско. Беше учесник во НОБ, реонски секретар на НОМС, политички секретар на вод во ДАГ. Загина во 1948 година на планината Грамос.

80. ПОПОВСКИ Ташо - Попадаки, роден во с. Струпино, Воденско. Беше борец на Воденскиот македонски баталјон, командир на партизанска група на НОФ, офицер на ДАГ. Загина во 1947 година.

81. ПОЧЕПОВА Николета, родена во град Воден. Беше член на Градскиот одбор на НОМС, командир на вод на ДАГ. Загина во 1948 година.

82. ПРОЕВСКИ Георги, роден во град Воден. Беше учесник во НОБ како припадник на ЕЛАС, борец на Воденскиот македонски баталјон, член на Градскиот одбор на НОФ од Воден. Загина заедно со Ирина Гинова - Мирка во 1946 година.

83. ПРОШЕВ Кољо, роден во с. Баово, Воденско. Беше борец на Воденскиот македонски баталјон, командир на одред на НОФ, офицер на ДАГ. Загина во 1947 година.

84. РОМЕВ Пецо, роден во с. Горничево, Леринско. Беше учесник во НОБ како припадник на ЕЛАС, командир на вод на Првата ударна егејска бригада, командир на партизанска група на НОФ, командант на баталјон на ДАГ. Загина во 1949 година.

85. СЕФАНОВ Раде, роден во градот Острово, Воденско. Беше учесник во НОБ, секретар на реонски одбор на НОМС. Загина во 1948 година.

86. СУЛЈОВ Коста, роден во с. Черешница, Костурско. Учесник во НОДЕМ. Беше командир на Првата ударна егејска бригада, командант на партизански одред на НОФ, командант на одред односно на баталјон на ДАГ. Загина во 1947 година. ПДВГ го наименува за мајор ипочесен херој.

87. ТЕРПОВСКИ Пандо - Бундовски, роден во с. Галишта, Костурско. Беше комунист од пред Втората светска војна, учесник во НОБ како припадник на ЕЛАС, политички комесар на баталјон на Првата ударна егејска бригада, секретар на Околиски одбор на НОФ. Грчката фашистичка полиција го фатила, а воениот суд го осудил на смрт. Бил егзекутиран во Атина во 1948 година.

88. ТРПЧЕВ Тодор, роден во с. Котари, Леринско. Беше секретар на реонски одбор на НОФ. Загина во 1946 година.

89. ЌОСЕВ Глигор, роден во гр. Хрупишта, Костурско. Беше првоборец офицер на ЕЛАС, член на Околиски одбор на НОФ за Костурско, секретар на НОФ на градот Хрупишта. Загина во 1946 година во родниот град.

90. УГРИНОВ Коста - Гоче, роден во Еницe-Вардар. Беше член на реонскиот одбор на НОФ, командир на вод на партизански одред на НОФ, командир на диверзантска група во ДАГ. Загина во 1948 година.

91. УРДОВ Ѓорѓи - Џоџо, роден во гр. Воден. Комунист од пред Втората светска војна. Беше организационен секретар на Окружниот комитет на КПГ за Воденско, член на Секретаријатот на Политичката комисија на Македонија во Грција, член на Организацоното раководство (Главниот одбор) на НОФ, член на партиското повеернство од Егејска Македонија и член на командниот состав на ДАГ од западниот и централниот дел на Егејска Македонија. Загина во 1948 година на планината Пирена (Пиерија).

92. ХРИСТОВСКИ Васил, роден во с. Добролишта, Костурско. Беше партизан на ЕЛАС, политички комесар на партизански одред на НОФ, командир на чета на ДАГ. Загина во 1948 година.

93. ЦАЛЕВ Кирјако, роден во с. Д'мбени, Костурско. Беше комунист од пред Втората светска војна, учесник во НОБ како припадник на ЕЛАС, политички комесар на чета на Првата ударна егејска бригада, член на Околиски одбор на НОФ за Костурско, политички комесар на коњички одред на ДАГ. Загина во 1948 година во Преспа.

94. ЦАФАРА Трајко, роден во с. Смрдеш, Костурско. Во НОДЕМ учествуваше од 1943 година, беше командир на вод на Првата ударна егејска бригада, активист на НОФ, комесар на чета на ДАГ. Загина во 1947 година.

96. ЧОБАНОВ Сотир, роден во град Лерин. Беше комунист од пред Втората светска војна, учесник во НОБ како припадник на ЕЛАС, активист на НОФ, поручник на ДАГ. Загина во 1949 година.

97. ЧОЧОВ Васил, роден во с. Д’мбени, Костурско. Беше комунист од пред Втората светска војна. Како учесник во НОБ од 1941 година беше уапсен и одведен во концентрационен логор во Германија. Беше секретар на Околиски одбор на НОФ. Загина како борец на ДАГ.

98. ШАМАРДАНОВ Вангел - Илинденски, роден во с. Кронцелево, Воденско. Беше секретар на Окружниот одбор на НОФ од Воденско, член на Централниот совет на НОФ, политички комесар на баталјон на ДАГ. Загина во 1948 година.

99. ШИПЕРКОВ Пандо, роден во с. Смрдеш, Костурско. Беше партизан во ЕЛАС, политички комесар на чета на Првиот македонски баталјон формиран на планината Караорман (Вардарска Македонија), политички комесар на баталјон на Првата ударна егејска бригада, капетан во ЈНА, командант на партизанскиот штаб на НОФ во оперативната зона Вичо Планина, командант на баталјон на ДАГ, потполковник на ДАГ, член на Главниот одбор на НОФ. Загина во 1948 година во близината на с. Папретско, Костурско.

99. ШИШКОВ Алеко, роден во с. Жупаништа, Костурско. Беше борец во Првата ударна егејска бригада, секретар на реонски одбор на НОМС од Костурско, стар водник во народната милиција на ДАГ. Загина во 1948 година.

100. ШОЛДОВ Благој, роден во с. Апоскеп, Костурско. Беше учесник во НОБ како припадник на ЕЛАС, младински раководител на чета на Првата ударна егејска бригада, секретар на реонски комитет на НОМС, командир на вод во ДАГ. Загина во 1948 година.

Забелешка: Бројот на загинатите раководители и активисти на НОФ, НОМС и АФЖ во периодот 1945-1949 година е голем во

целото подрачје на егејскиот дел на Македонија. Меѓутоа, ние располагаме со податоци или успеавме такви да прибереме од своите другари соборци само за лицата кои се наведени во овој список (Минчо Фотев).

# ПРИЛОГ БР. 2

**Односот на КП на Грција спрема македонското националноослободително движење, односно спрема македонскиот национално прашање**

(Испуштен е текст кој се однесува на мислење на Фотев за пристапот на д-р Иван Катарџиев во третирање на настаните од егејскиот дел на Македонија по Првата светска војна, посебно во периодот од 1940 до 1949 година, во неговиот труд: " Револуционерните традиции - фактор на самоопределувањето на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија". Не успеавме да пронајдеме одделен труд под овој наслов и во разговор со акад. Иван Катарџиев. Претпоставуваме дека насловот е изведен од содржината на предметниот труд.)

Според многубројните историски документи, факт е дека КП на Грција уште од своето формирање во 1918 година го признаваше постоењето на македонското национално малцинство од егејскиот дел на Македонија. Откако овој дел од Македонија падна под доминација на грчката држава, Македонците својата борба тесно ја поврзаа со работничкото и прогресивното движење на грчкиот народ под раководство на КП на Грција, со надеж дека ќе го заштитат својот национален идентитет и ќе ги добијат своите демократски и национални права.

Македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија тежиштето на својата борба го насочил против суровите антимакедонски мерки на грчкиот режим, против денационализаторската и асимилаторската политика на грчките влади, како и против суровата економска експлоатација за да го зачува својот живот и националниот опстанок. Во периодот меѓу двете светски војни КП на Грција беше единствената политичка партија во Грција која бараше на Македонците да им се признае рамноправност, демократски и културни права, и јавно протестираше против прогонувањето на македонските патриоти. Но, КП на Грција никогаш не организирала масовни протестни акции и демонстрации против теророт и прогонствата, против денационализаторската политика и

воопшто против суровите политички и економски услови, кои грчкиот режим ги наметна на макенонскиот народ. Раководството на КП на Грција се задоволуваше само со пишување на некоја протестна статија на страниците на своите весници и со истапување на некои од своите пратеници во грчкиот парламент за тешката положба во која беа доведени Македонците од егејскиот дел на Македонија. Сета дејност на КП на Грција меѓу двете светски војни за заштита на малцинските права на Македонците имаше кампањски и вербален карактер.

Како што наведовме погоре, КП на Грција не го негираше постоењето на македонското национално малцинство, но таа никогаш немаше правилен став за македонското национално прашање или поточно речено, не го признаваше македонското национално прашање. Ако го признаеше нормално би било да се застапи и за негово решавање. Оттука произлегува недоследниот став на КП на Грција спрема националноослободителното движење на македонскиот народ. Пред да ги образложам фактите за односот на КП на Грција спрема македонското националноослободително движење, сакам да го цитирам искажувањето на Никос Захаријадис, генерелниот секретар на КПГ, напишано во книгата Тестаментот на Никос Захаријадис, издадена во Грција на грчки јазик, во април 1986 година, во издание на "Гларос". Никос Захаријадис вели: "...нашиот став спрема словеномакедонското малцинство секогаш беше правилен. Рамноправност. Тоа беше стар став на нашата партија КП на Грција. Нејзе и припаѓа честа на прва партија на Балканот која не се согласи со ставот на Третата интернационала за автономија на Македонија во духот на балканската федерација. КП на Грција беше и е најпатриотската партија во Грција. Никогаш не го оспори суверенитетот на грчката (државна - ММ) територија. Никогаш никому немаше да даде ниту една педа од грчката таковина. Националното прашање е прашање кое се решава со победа на револуцијата, тоа е дел на револуцијата како што е и аграрното прашање. Тоа е ленинистички став." (Цитатот е од стр, 52 и 53.)

Од наведениот цитат и од другите многубројни факти јасно е дека за КП на Грција не постоеше македонско национално

прашање. Затоа односот спрема македонското националноослободително движење бил деструктивен, а во одредени периоди отворено непријателски. На пример, во мај 1944 година, со сила е растурена македонската народноослободителна организација на СНОФ. По формирањето на НОФ, НОМС и АФЖ од егејскиот дел на Македонија, во април 1945 година, КП на Грција не бираше средства и најостро ги напаѓаше овие организации како автономистички, националистички и како непријателски на народнодемократското движење на грчкиот народ. За тоа постојат непобитни факти.

По резолуцијата на Информбирото, во јуни 1948 година, против КП на Југославија, односно по поразот на ДАГ, во август 1949 година, ги суспендира, подоцна ги расформира македонските организации НОФ, НОМС и АФЖ, упаси околу 50 македонски раководители, и започна масовно да ги малтретира приврзаниците на овие организации.

Никос Захаријадис во споменатата книга зборуваше и за организацијата на НОФ. Меѓу другото го вели следното: "Признавањето на организацијата НОФ беше една од нашите грешки по националното прашање. Ни беше наметнато од тогашната ситуација, нужна грешка, зло. Не можевме тоа да го избегнеме, бидејќи упорно настојуваше Скопје. НОФ негативно дејствуваше, вршеше поткопувачка, автономистичка работа, организираше дезертирања од ДАГ кон Југославија. Југославија ги примаше дезертерите. Сето тоа беше работа на Скопје." Во врска со овој цитат го наведувам и следниов цитат на Никос Захаријадис од неговиот говор на Првата конференција на КОЕМ (Комунистичка организација од Егејска Македонија) за Леринско, одржана на 15 јули 1949 година: "НОФ го претставуваше македонското ослободително движење. Всушност НОФ ги изразуваше стремежите на македонскиот народ да се бори и да извојува свое општетвено ослободување." Постојат и други многу слични контрадикторни изјави од највисоките раководители на КП на Грција, ДАГ и од Привремената демократска влада на Грција.

Факт е дека КП на Грција Македонците од егејскиот дел на Македонија ги третираше како етничка група, како и другите малцинства кои живеат во Грција (Власите, Ромите, Ерменците, Евреите итн.). Во извесни периоди, во зависност од настанатата ситуација и од развојот и подемот на македонското националноослободително движење, раководството на КП на Грција се јавуваше со промакедонска декларативна политичка платформа, како заштитник на националните права на македонскиот народ. Но, сето тоа беше тактизирање со цел да го придобие македонското националноослободително движење и да го сврти исклчително кон интересите на грчкото национално и класно ослободително движење.

КП на Грција на Третиот вонреден конгрес одржан во декември 1924 година, го прифати како директива ставот на Коминтерната за "единствена независна Македонија". КП на Грција не презеде никакви конкретни мерки за спроведување на тој став. Би било нормално КПГ да формира македонски национален раководен орган, да изгради македонски кадар, да создаде македонска национална организација која ќе спроведува македонска националноослободителна политика. КП на Грција тоа не го стори од чисто шовинистички причини. Затоа што беше против ставот на Коминтерната за "единствена независна Македонија". И создавањето на ВМРО (Обединета) КП на Грција нерадо го прифати, затоа не пројави никаков интерес да ја помогне и афирмира таа македонска организација како националноослободителен и револуционерен фактор на Македонија и воопшто на Балканот.

Што се однесува до вториот став за "полна рамноправност на малцинствата" усвоен на Шестиот пленум на КП на Грција во декември 1935 година, беше единствениот став што го прокламираше. Но, и во тоа КП на Грција не остана доследна. Затоа ќе наведам неколку факти од времето на народноослободителната борба 1941-1945 година. По окупацијата на земјата (1941 година), во времето на НОБ, КП на Грција не најде за потребно да покрене иницијатива и да формира единствена македонска народноослободителна организација со цел да му даде можност на македонскиот народ, да создаде свое националноослободително движење со

кое ќе го мобилизира целиот борбен потенцијал против фашистичките окупатори и домашните предавници, да го афирмира своето учество во борбата против фашистичките окупатори, да го организира националниот и културниот живот, односно да се бори за оживотворување на националната рамноправност на македонскиот народ. Како замена за тоа КП на Грција на Македонците им ветуваше дека по победата на револуцијата во Грција, ќе ги добијат своите граѓански демократски права, рамноправност и национално-културни права во независна и суверена Грција. Ете каква политика практично спроведуваше. КП на Грција успеа да организира широка и интензивна националнополитичка пропаганда со сите можни средства со кои располагаше, агитираше за развојот и успесите на националниот отпор на грчкиот народ, за масовното учество на грчкиот народ во борбата против фашистичките окупатори и домашните предавници, за јакнење на КПГ, ЕАМ и ЕЛАС. Со секојдневна пропаганда остро го осудуваше фашистичкиот терор врз народот, органите што го вршеа, масовните апсења и стрелањата на грчките патриоти итн. Исто така организираше широка пропаганда за националноослободителната борба на грчкиот народ за ослободување на Грција од турското ропство, како и за борбите на грчката работничка класа против ненародните режими во Грција. Сите грчки национални празници се одбележуваа со борбени акции и други манифестации (митинзи, културно-уметнички претстави и др.) Во слободните територии и во единиците на ЕЛАС младинската организација на ЕПОН, организираше и разви богата културно-уметничка дејност изведувана од младински групи. КП на Грција редовно ги информираше партизаните на ЕЛАС и народот за положбата во Источниот и во Западниот фронт на сојузниците, особено за успесите и победите на Црвената армија. Но, никакви информации не даваше за развојот и положбата на народноослободителната борба на југословенските народи. КПГ и ЕАМ апсолутно ништо не зборуваа за масовното учество на македонскиот народ во борбата против окупаторот и домашните предавници, за долгогодишната национална борба и револуционерните традиции на македонскиот народ. Ниту збор немаше изговорено за славното Илинденско востание, за Крушевската Република (прва република на Балканот) итн. КПГ

не само што не беше заинтересирана за одбележување на националните празници на македонскиот народ, туку секоја иницијатива за одбележување на македонските празници остро ја критикуваше.

Пролетта 1943 година, југозападниот дел на Костурскиот округ беше целосно ослободен од партизанските единици на ЕЛАС во кои над 60% од вкупниот број на партизаните беа Македонци. На таа слободна територија се наоѓаа околу 60 села, од кои 40 беа населени со Македонци. Таа слободна територија со тешки и крвави борби постојано се проширувашe. Така во почетокот на 1944 година, во западниот дел на Егејска македонија (Костурско и Леринско) беа ослободени над 80 македонски села. Во сите села беа формирани органи на народната власт кои нормално функционираа. Под раководството на КПГ и ЕАМ, почна да се развива широка културно-просветна дејност и се вршеа подготовки за отворање на основни училишта, се составуваа училишни наставни програми и тоа само на грчки јазик. За македонски училишта и настава (на македонски јазик - ММ) ниту збор не станувашe. Чести беа случаите кога македонските комунисти на разни партиски форуми го покренуваа прашањето и бараа да се отворат македонски училишта во кои наставата ќе се изведува на македонски јазик. Исто така, бараа доследно да се спроведе принципот на национална рамноправност. Одговорот што го добиваа беше следниов: “Не смееме тоа сега да го допуштиме за 150.000 Славофони, и целата грчка јавност да ја свртиме против КПГ и народноослободителното движење на грчкиот народ со кое раководи. Тоа ќе се оствари по победата на револуцијата.”

Карактеристично за односот на КПГ спрема македонското народноослободително движење, е тоа што никогаш не им кажа на македонските комунисти и борци за положбата и развојот на македонското народноослободително движење во вардарскиот дел на Македонија Ђ Југославија, за ставот на КП на Југославија за македонското национално прашање, за одлуките на АВНОЈ итн. Со таквиот став и однос на КП на Грција за македонското национално прашање, за жал, се солидаризираа добар дел од македонските предвоени комунисти, раководители и партиски работници на КПГ, како на пример: Киро Пилаев-

Петро, Лазо Трповски, Ставро Кочопуло, Анастас Караџа-Ташо, Атанас Хаџис и други.

За положбата и развојот на НОБ во Вардарска Македонија и воопшто во Југославија, за ставот на КПЈ за македонското национално прашање борците и комунистите од егејскиот дел на Македонија дознаа откако македонските партизански единици од вардарскиот дел на Македонија преминаа и престојуваа на теренот од егејскиот дел на Македонија. Секоја македонска национална манифестација, секое барање на Македонците за оживотворување на своите национални права, КПГ ги сметаше за националистички и автономистички. Таков беше случајот и со македонската револуционерна организација на СНОФ за која ќе стане збор подолу.

Таков беше односот на КП на Грција во базата спрема македонското националноослободително движење.

И покрај таквиот став и однос на КПГ спрема македонското национално прашање и македонското националноослободително движење, македонскиот народ ја прифати нејзината линија за заедничка борба со грчкиот народ под нејзино раководство, бидејќи тогаш друга алтернатива односно излез немаше. Се прифати со надеж и верба дека по победата на СССР против фашистичката оска, македонскиот народ со борба и крв ќе ја добие својата национална слобода и права. Но, неговите надежи и стремежи беа изиграни.

Македонските комунисти, патриотите, воопшто македонскиот народ, ако не ја прифатеа заедничката борба со грчкиот народ под раководство на КПГ, опасностите ќе беа неизбежни. Прво, постоеше реална опасност Македонците да станат жртва на врховистичката великобугарска политика. Таква опасност се појави во 1941 година, со доаѓањето на бугарските фашистички емисари од Софија во егејскиот дел на Македонија (Андон Калчев, Спиро Василев, Кирјазо Шкуртов, Киселинчев, Стумбов, Ѓорѓи Димчев, Младенов и други) и со формирањето на т.н. Осовински македонобугарски комитет и (организацијата "Охрана"). Второ, опасноста за Македонците беше голема да

станат плен и да бидат испратени како заложници на работа во рудниците и фабриките на Хитлер.

Независно од таквата политика на КПГ и ЕАМ македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија, благодарение на своите славни револуционерни традиции, на високата патриотска свест и националноослободителните стремежи, масовно учествуваше во НОБ против германско-италијанските- бугарските окупатори и домашните предавници. Околу 5.000 (пет илјади) Македонци доброволно стапија во редовите на ЕЛАС, над 10.000 (десет илјади) Македонци служеа во редовите на резервниот состав на ЕЛАС и околу 80% од вкупното македонско население активно беше вклучено и организирано во редовите на КПГ, ЕАМ, СНОФ, ЕА и во органите на народната власт. Огромни се жртвите, крвавите маки и материјалните штети што ги претрпе македонскиот народ во борбата против фашистичките окупатори. Но, за жал, и до денес не се знае кои се и колкави се човечките жртви и материјалните штети.

Практичната политика на КПГ дијаметрално се разликуваше од тоа што го декларираше и што му ветуваше на македонскиот народ. Непознавањето на практичната политика и мерките што КПГ ги спроведуваше во базата доведуваа до погрешни толкувања на одделни настани.

Развојниот пат на македонското националноослободително движење беше мошне тежок и макотрпен, не само поради тешките и крвави услови што му ги наметна грчкиот реакционерен државен режим и туѓите фашистички окупатори, туку и од шовинистичкиот однос и од деструктивната политика на КПГ. Ваквиот однос на КПГ спрема македонското НОД предизвика тешки далекусежни последици за македонската нација и народ.

За тешките последици од ваквиот неправилен став на КПГ, за илустрација ќе наведам некои нејзини ригорозни мерки. По резолуцијата на Информбирото на комунистичките и работничките партии против КПЈ (1948), КПГ провокативно, дури и злонамерно, ги заостри односите со КП на Југославија и ФНР Југославија ја прогласи за непријателска земја на грчкиот

народ и на Демократската армија на Грција. Започна отворено, од информбировски сталинистички позиции да ја напаѓа Југославија, да го напаѓа НОД во егејскиот дел на Македонија раководен од македонската револуционерна организација на НОФ. Во времето на завршните операции на монархистичката фашистичка армија против ДАГ, при отстапувањето на ДАГ од подрачјата на планините Вичо и Грамос, т.е. од Леринскиот и Костурскиот округ, во август 1949 година, и нејзиното повлекување на територијата на НР Албанија, по налог на претседателот на Воениот совет на ДАГ, генералниот секретар на КПГ Никос Захаријадис и од претседателот на Привремената демократска влада на Грција Мичос Парцелидис, беше наредено сето македонско население од ослободените села задолжително да се евакуира во НР Албанија. Беше наредено секој Македонец кој се обидуваше да ја премине југословенската граница на лице место да се стрела. Такви случаи имаше многу. Како резултат на тие мерки околу 50 македонски села во Костурско и Леринско беа целосно испразнети од своите жители и опустошени. Оваа мерка на КПГ имаше за цел Македонците да ги исели од територијата на Егејска Македонија.

Во септември 1949 година, ПБ на ЦК на КПГ донесе решение да бидат лишени од слобода околу 50 раководители и основоположници на организациите НОФ, НОМС и АФЖ. На 2 октомври 1949 година, сите тие раководители беа уапсени и беа затворени во злогласните албански затвори: "Бурели", во Тирана и други. Тие ригорозни мерки на КП на Грција имаа за цел да го обезглават македонското НОД и вината за поразот на ДАГ да ја префрлат на организацијата на НОФ.

Организацијата МАО беше дело на КП на Грција. МАО е грчки назив што значи: "Македоники апелефтеротики органоси" (Македонска ослободителна организација), а не Македонска антифашистичка организација. МАО по директива на КПГ ја формира Ѓорѓи Урдов-Џоџо (втор секретар на Окружниот комитет на КПГ за Воденско) во 1942 година, постоеше само во градот Воден и тоа многу кратко време. Христо Андоновски од Воденско, новинар и публицист, учесник во ЕЛАС, НОФ и ДАГ, во својата рецензија за трудот од Ташко Мамуровски

“Светли ликови од Егејска Македонија (1945-1949)”, (Скопје, НИП “Студентски збор”, 1987.) меѓу другото напиша: “Организацијата МАО беше една ефемерна организација која никогаш не се прошири надвор од градот Воден, не смееме да претеруваме.”

Македонската револуционерна организација СНОФ (Словеномакедонски народноослободителен фронт) се формира на 20 октомври 1943 година, по упорно отворено настојување и со јасни барања од македонските комунисти од Костурско, по исцрпните дискусии со претставниците на КП на Грција. Основачкиот состанок беше одржан во легендарното с. Д’мбени, Костурско, во куќата на Кирјако Цалев каде што беше избрано окружното раководство. Во потесното раководство (секретаријатот) беа избрани следниве другари: Паскал Митревски - секретар, а Андон Цалев и Киро Попвасилев членови. На 25 декември 1943 година, се одржа Првата окружна конференција на СНОФ за Костурско во селото Крчиште и беше избран окружен одбор од следните членови: Паскал Митревски - секретар, Андон Цалев, Киро Попвасилев, Лазо Поплазаров, Евдокија Балева-Вера, Васил Алексовски, Симо Калчев и Лазо Хаџиев.

Формирањето на организацијата СНОФ беше една од најголемите национални придобивки што силно одекна (и повлијае) на чувствата и националните стремежи на широките македонски маси. Преку СНОФ дојдоа до израз волјата и националноослободителните стремежи на Македонците од егејскиот дел на Македонија за националните права и слободниот национален културен и општествен развој. Со тоа беше сторен еден смел чекор за афирмација на македонскиот идентитет и борбата на македонскиот народ, кој во братска заедница со грчкиот народ и со сите демократски прогресивни сили во земјата, крваво се бореа против агресивните цели на германскиот и бугарскиот фашистички окупатор, за ослободување на земјата. Големото историско значење на СНОФ се гледаше од прогресивните начела, од основните задачи што ги извршуваше на национален план.

Тие начела за кои упорно се залагаше да ги реализира беа:

- развивање на македонската национална свест;
- културно-просветна дејност на мајчин јазик;
- негување на револуционерните национални традиции на македонскиот народ;
- мобилизирање на целиот борбен потенцијал на Македонците во борбата против фашистичките окупатори и домашните предавници;
- разобличување на великобугарската завојувачка политика спрема Македонија и на злосторничката дејност на врховистичката агентура;
- да го чува и развива морално-политичкото и националното единство на Македонците, како и братството и единството со грчкиот народ.

Организацијата СНОФ особено се залагаше и бараше од КПГ да се формира единствена македонска организација СНОФ за цела Егејска Македонија и да биде примена за рамноправна членка во коалицијата на ЕАМ како единствен и легитимен претставник на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија. Исто така се стремеше да воспостави врски и соработка со Народноослободителниот фронт од Вардарска Македонија. Организацијата СНОФ од КП на Грција бараше посебни македонски партизански единици во рамките на ЕЛАС. Според мислењето, односно ставот на секретарот на Окружниот одбор на СНОФ за Костурско што ги изразуваше желбите и стремежите на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија, можеше да се смета како национално рамноправен и само на тој начин можеше перспективно да ги оствари своите национални цели и идеали - обединување на (целиот) македонски народ. СНОФ беше, како што е наведено погоре, не само најголема национална придобивка во времето на Втората светска војна, туку и основен революционерен фактор со јасна идејна и политичка определба за понатамошен развој на македонското националноослободително движење од егејскиот дел на Македонија.

КПГ, никогаш не сакаше СНОФ да има таков политички статус и да игра таква политичка улога со таква објективна национална програма и реална политичка насоченост. КПГ не

сакаше ни да слушне за таквиот статус и улога на СНОФ од чисто големогрчки и шовинистички причини. Вршеше отворен притисок против СНОФ и бараше:

1. Да ја ограничи својата организациона поставеност односно СНОФ да постои само во селата со чисто македонско население, а во селата со мешано и грчко население да постојат само организациите на ЕАМ.

2. Да ја ограничи својата национална дејност во најтесни рамки, а остринaта на својата политика да ја насочи против великобугарската завојувачка политика и против дејноста на врховистичките агентури и вооружените банди на Осовинскиот македонобугарски комитет.

3. Да го мобилизира македонскиот народ само за давање сестрана помош на ЕЛАС. Тоа значи дека КП на Грција сакаше организацијата СНОФ да ја претвори просто во инструмент извршител на одредени политички и организациони задачи од практичен карактер.

По несогласувањето на СНОФ со ваквиот став на КПГ, КПГ бараше повод организацијата да ја расформира. На крајот тоа го направи. Како повод и послужи отцепувањето на групата Македонци борци од составот на ЕЛАС и заминувањето во Караорман - слободна територија на Вардарска Македонија, во мај 1944 година.

Патот и развојот на националноослободителното движење и за максималните цели на борбата на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија не го отвори Лазо Ошенски, туку тој пат го трасира раководството на организацијата СНОФ во октомври 1943 година. Таа е историската вистина! Кога станува збор за “писмото” на Лазо Ошенски од 24 јануари 1944 година, ги изнесувам своите сознанија, односно моите лични познавања како директен учесник во НОБ на теренот на Костурско во тој период. Споменатото писмо претставува вистинска загатка. Такво писмо не и беше познато на организацијата на СНОФ, ниту на македонските комунисти и борци, никаква дискусија не се водеше. Тоа го тврдам категорично. Во тој период на тој

терен бев на таква одговорна позиција што морав да дознаам за вакво “писмо”. Впрочем, уште има многу живи учесници во НОД во Костурскиот округ кои можат тоа да го потврдат. Во прилог го наведувам и следното: Во април 1944 година, се одржа Втората конференција на СНОФ за Костурско во с. Д’мбени. Во својство на делегат на конференцијата учествуваше и Лазо Ошенски кој ниту истапи на таа конференција. На конференцијата не беше споменато таквото “писмо”, никакви дискусии не се водеа за ставови изнесени во божемното писмо на Лазо Ошенски.

Кога станува збор за Лазо Ошенски потребно е да се каже за неговата лична улога во македонското националноослободително движење. Познато е дека Лазо Ошенски нема никаква посебна заслуга за создавањето и развојот на македонското НОД. Тој не учествуваше во формирањето на македонските националноослободителни организации, во формирањето на македонските баталјони и на Првата ударна бригада од Македонија под Грција, бидејќи во тој период се наоѓаше надвор од територијата на егејскиот дел на Македонија. За време на окупацијата во Костурско дојде за првпат кон крајот на јануари 1944 година, а во февруари 1944 година, Околискиот комитет на КПГ го стави на располагање на Окружниот одбор на СНОФ за Костурско, и тој таму остана како активист на СНОФ до почетокот на мај 1944 година, т.е. до присилното расформирање на СНОФ од КПГ и ЕЛАС. Потоа КПГ го стави на свое располагање. Лазо Ошенски не дојде во Југославија заедно со македонските баталјони. Тој во Југославија премина во март 1945 година, по склучувањето на договорот во Варкизе, по разоружувањето на ЕЛАС. Во октомври 1945 година, беше примен во раководството на НОФ и беше задолжен да раководи со економскиот и културниот одбор на македонските бегалци од Македонија под Грција со седиште во гр. Скопје. Во март 1946 година, со решение на ЦК на КП на Македонија, Лазо Димовски-Ошенски беше обвинет како класен непријател и беше разрешен од должноста, потоа исклучен од организацијата на НОФ. Тој не учествуваше во Граѓанската војна во Грција. До крајот на својот живот (1970) живееше во Скопје.

За истапувањето на Аргир Кузевски, на една конференција помеѓу претставниците на КП на Грција и македонските учесници во отпорот против фашистичките окупатори, одржана на 20 ноември 1943 година, на која од името на Наум Пејов, Лазо Ошенски и од негово име изнесол ред барања. Пред се тоа не беше конференција од претставници на КП на Грција и македонски борци на отпорот, туку просто собир на селаните од с. Д'мбени организиран од одговорниот активист на СНОФ.

За притисокот на КП на Грција и настапувањето на расцепот и издвојувањето на еден дел од македонските единици и нивното префрлување под раководство на Наум Пејов на слободната територија во Вардарска Македонија, не е вистина дека под раководство на Наум Пејов еден дел од македонските единици се префрлил на слободната територија во Вардарска Македонија. Во тоа време (мај 1944 година) кога стана отцепувањето не постоеја македонски единици, македонските партизани служеа во редовите на ЕЛАС. Наум Пејов премина на слободната територија, односно се отцепи само со 6 (шест) приврзаници на СНОФ. Атанас Коровешовски беше тој што се отцепи од ЕЛАС со група македонски партизани. Се на се на Караорман се собрале околу 60 Македонци од егејскиот дел на Македонија, од нив таму се формира македонски баталјон на кој за командант беше поставен Атанас Коровешовски, а за политички комесар Мичо Шишков.

Отцепувањето на групата Македонци од ЕЛАС и нивното заминување на слободната територија во Вардарска Македонија беше самоволен чекор кој се случи без знаење на раководството на СНОФ. Заминувањето на групата македонски борци од Костурско и Леринско во Караорман, според начинот и условите под кои се случил, беше брзоплета и екстремна акција која на македонското националноослободително движење од егејскиот дел на Македонија му нанесе тешки и ненадоместливи последици. Тоа што го очекуваа иницијаторите не им се оствари бидејќи им беа погрешни калкулациите. Таа акција на отцепниците беше спротивна на политиката на организацијата на СНОФ. Неоправданоста на отцепувањето се потврди и од самиот факт кога на отцепниците им беше наредено од Главниот штаб на НОВ на Македонија, лично од

политичкиот комесар Цветко Узуновски-Абас, да се вратат во Егејска Македонија и да ја продолжат борбата во редовите на ЕЛАС, под раководство на КПГ. Мотивите на таа непромислена акција беа неоправдани. Значи завлечени од создадениот револт кој ги совлада, отцепниците самоволно се одделија од ЕЛАС, а се разбира и од СНОФ, и заминаа на Караорман без да помислат посериозно со тоа што ќе постигнат, и какви ќе бидат евентуалните последици за СНОФ односно за НОД на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија.

Вистина е дека поради негативниот став на КП на Грција спрема македонското НОД кај сите комунисти и борци, кај сите македонски патриоти се создаде силен револт. Но, во такви случаи неоправдано е да се постапи раководејќи се од чувствата на негодување и револт. Таквите постапки скапо се плаќаа. Како што покажаа настаните, таа екстремна акција, за жал, скапо беше платена. Последиците од тоа отцепување навистина беа тешки и ненадоместливи. Крајно се заострија односите на македонското НОД со КП на Грција и ЕЛАС. Раководството на КП на Грција по повод отцепувањето, македонското националноослободително движење од Егејска Македонија го окарактеризираа како националистичко и автономистичко, а отцепниците ги оквалификуваа и јавно ги осудија како контрареволуционери и предавници. Истото раководство организацијата на СНОФ ја обвини дека таа била поттикнувач на групата Македонци кои се одделија од грчкото движење на отпорот, единиците на ЕЛАС веднаш ги упасија раководителите на СНОФ од Костурскиот округ и со употреба на сила ги растурија сите организации на СНОФ. Во исто време КП на Грција организира опасна кампања и водеше остра политичка пропаганда сред македонскиот народ против СНОФ. Презеде и ред други политички, дисциплински и репресивни мерки против истакнатите македонски борци. Дури имаше и самоволни убиства на македонски патриоти, како што беше случајот со Коста Макриевски - учител од с. Косинец, Костурско. КП на Грција им забрани било каква македонска културна дејност и други македонски национални манифестации. Неоправданоста и негативниот одѕив на постапката на групата македонски борци кои се одделија од движењето на отпорот од Егејска Македонија се гледа и од

следното: во моментот кога отцепниците заминаа за Караорман (мај 1944 година), во редовите на XXVIII полк на ЕЛАС, кој дејствуваше на теренот во Костурско, служеа над 1.000 (илјада) македонски партизани. Во Костурско-Леринскиот регион имаше над 2.000 македонски борци во редовите на ЕЛАС. Околу 80 села на тој терен беа ослободени. Вреди да се нагласи дека на истиот терен имаше над 100 (сто) македонски активисти-позадинци и раководители на организациите на КПГ, ЕАМ, ЕПОН, ЕА итн., а раководниот актив на Костурскиот округ на СНОФ го сочинуваа околу 40 раководители и позадинци. Од сите нив само 4 (четворица) позадинци на СНОФ, околу 20 борци на ЕЛАС и околу 35 членови на воените организации заминаа за Караорман.

(За тоа) дека "на 28 јануари 1944 година, во селото Црновишта, Костурско бил одржан состанок помеѓу претставниците на окружните комитети на СНОФ за Леринско и Костурско. Двата окружни комитета биле застапени со по четири души, и двете од трите точки на дневниот ред за кои се расправало на состанокот особено го привлекувало вниманието:

1. Македонското национално прашање односно судбината на Македонија по војната.

2. Создавање на единствена национална ослободителна организација за цела Егејска Македонија "дека Костурската делегација покренала прашање Грција по победата на револуцијата да се трансформира во федеративна држава составена од две федерални единици, едната би била Народна Република Егејска Македонија".

Ваквиот третман на состанокот одржан во селото Црновиште, Костурско, помеѓу делегациите на СНОФ од Леринско и Костурско е чисто измислена работа. Целта на тој состанок беше да се разменат информациите за воено-политичката и економската положба во окрузите, за положбата и проблемите на народот, да разменат мислења и искуства за дејноста и активностите на двете окружни организации на СНОФ. Бидејќи не постоеше единствена македонска организација за цела Егејска Македонија (тоа не го сакаше и го спречуваше КП на

Грција), раководствата на СНОФ за Леринско и Костурско често преку своите делегации одржуваа состаноци. Таа е вистината за состанокот во селото Црновиште, одржан на 28 јануари 1944 година. И од тој состанок јасно се гледа дека раководствата на организациите на СНОФ за Костурско и Леринско не беа запознаени со "писмото" на Лазо Ошенски од 24 јануари 1944 година. Тоа е уште еден доказ дека такво писмо не постоеше.

Окружните раководства на СНОФ за Леринско и Костурско не беа компетентни да го решаваат прашањето за формирање на единствена македонска национална организација за цела Егејска Македонија. СНОФ можеше само да покренува иницијатива и да бара да се формира единствена организација за целата Егејска Македонија. Формирањето на таква организација зависеше исклучително од КП на Грција затоа што таа раководеше со НОД на Грција. Окружното раководство на СНОФ тоа прашање го покрена уште првиот ден по формирањето на СНОФ, но КП на Грција категорично го отфрли барањето, како што го одбиваше и барањето да се формираат посебни македонски партизански единици во рамките на ЕЛАС.

Прашањето за федеративно уредување на Грција, односно за создавање на Народна Република Егејска Македонија" е апсурд! Пред се такво прашање никогаш не било дискутирано. Ниту на памет им доаѓаше на македонските комунисти. Не само од субјективни туку и од чисто објективни причини тоа не можеше да се оствари. Во тоа време (1944 год.) македонското население изнесуваше одвај една третина од вкупното население во егејскиот дел на Македонија. Општественото уредување на Грција на федеративни принципи не зависеше само од КП на Грција, туку и од другите политички партии на Грција кои го сочинуваа националноослободителниот фронт - ЕАМ, како и од другите демократски општествено-политички структури.

Што се однесува за создавањето "Народна Република Егејска Македонија" тоа не зависеше само од волјата на КПГ и на ЕАМ, туку и од надворешните фактори од антихитлеровската коалиција кои непосредно беа заинтересирани за судбината на

Грција и воопшто за судбината на Балканот. Зошто Македонците од егејскиот дел на Македонија да бараат создавање на Народна Република Егејска Македонија (историски неостварливо) кога веќе македонскиот народ од Вардарска Македонија создаде, благодарение на заедничката борба со сите други југословенски народи и народности, врз основа на АВНОЈските одлуки, федерална република во рамките на Демократска Федеративна Југославија. Впрочем, во тоа време никој не го покрена и не се водеа никакви дискусии околу тоа прашање. Гласовите за создавање "Народна Република Егејска Македонија" сега се покренати од "душегрижниците" на Македонија, од тие кои од страна ја набљудуваа долгогодишната вооружена борба што ја водеше македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија, односно од оние кои самоволно ја напуштија организацијата СНОФ, вооружената борба на ДАГ, а и самата територија на егејскиот дел на Македонија.

За состанокот на двете делегации на СНОФ одржан во с. Црновишта, Костурско, на барање на Институтот за национална историја на СР Македонија, беше одржан состанок (за реконструкција на настанот) во просториите на ИНИ, во октомври 1985 година, на кој учествуваа околу 20 поканети учесници, организатори и активисти на НОД од егејскиот дел на Македонија. Дискутантите на овој собир го оспорија дневниот ред на состаникот одржан во с. Црновиште, како измислена работа. На реконструкцијата присуствуваше и Ѓорѓи Турунџиев, член на секретаријатот на Леринскиот окружен одбор на СНОФ кој лично, во својство на член на Леринската делегација, учествуваше на состанокот во с. Црновиште.

Терминот "Егејска Македонија" до декември 1944 година, воопшто не им беше познат на Македонците од егејскиот дел на Македонија. Никогаш и никаде не се споменуваше ниту се употребуваше. Тој термин за првпат го спомна Димитар Влахов пред Македонците од егејскиот дел на Македонија во својот поздравен говор на Првата конференција на Политичката комисија од Македонија под Грција, која се одржа во декември 1944 година, во просториите на театарот во градот Битола.

Правото име на македонската бригада беше “Прва ударна бригада од Македонија под Грција”, тие зборови се напишани и на бригадното знаме. Исто така правилното име на Политичката комисија беше: “Политичка комисија од Македонија под Грција”. На автентичен историски документ напишан на теренот од егејскиот дел на Македонија до формирањето на Првата ударна бригада од Македонија под Грција, односно Политичката комисија од Македонија под Грција не е можно да се споменува “ Егејска Македонија”.

Прашањето (за обединување на Македонија) никој не го покрена, ниту СНОФ, ниту НОФ. Тоа прашање не го покрена ниту НР Македонија, туку само се зборуваше и се настојуваше Македонците да ги остварат своите национални права, слобода, рамноправност, национално востановување. Но тоа не значеше дека Македонците не се стремеа за обединување на македонскиот народ. Тоа беше главниот идеал на секој Македонец-борец за слобода, за национални и социјални права. Што се однесува на ставот за “национална рамноправност” кај Македонците постојат две различни тенденции. Незначителен број Македонци-“комунисти”, претежно стари членови на КП на Грција, стриктно ја следеа нејзината политика за македонското национално прашање (национална рамноправност на Македонците во рамките на грчката држава). Огромното мнозинство на македонскиот народ, македонските комунисти-борци кои упорно се застапуваа и бараа од КП на Грција да ја коригира политиката спрема македонското национално прашење и да дозволи да се создаде национален политички и раководен субјект, кој ќе раководи и ќе го подготвува НОД на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија.

Организациите на СНОФ и НОФ, како што е речено и погоре, упорно се застапуваа за оживотворување на вистинската национална рамноправност на Македонците, бидејќи претставуваше реална претпоставка за обединување на македонскиот народ (од егејскиот дел на Македонија).

дека во текот на народноослободителната војна (1941-1949 година), беа создадени масовни македонски организации и

воени формации. Третирањето на некои од тие формации како “македонски” не е правилно. На пример костурската партизанска група формирана во мај 1943 година, и партизанскиот одред “Лазо Трповски” немаа македонско национално обележје. Тие беа единици како и секоја друга единица на ЕЛАС, само што беа од македонски борци. Наведувањето дека во јануари 1944 година, се формирала Словеномакедонска војска (СНОВ) е произволно, измислена работа. Таква војска никогаш не беше формирана, тоа не дозволуваше КП на Грција и ЕЛАС.

Македонски национални воени единици беа само: Костурскиот македонски баталјон, формиран во јуни 1944 година на Караорман, Воденскиот баталјон формиран во јуни 1944 година, Леринско-костурскиот баталјон наречен “Гоче”, формиран на Илинден 1944 година и Првата ударна бригада на Македонија под Грција, формирана во ноември 1944 година. Таа бригада фактички ги обедини сите горенаведени партизански единици.

Во Скопје,на 20 август 1986 година,
Минчо Фотев

# ПРИЛОГ БР. 3

**Забелешки на книгата: “Народноослободителниот фронт и другите организации на Македонците од Егејска Македонија (1945-1949)” од Ристо Кирјазовски**

(Издадена од издавачката куќа “Култура”, Скопје, 1985.)

Авторот во својата книгата се обидува да ја прикаже историската улога на македонските организации, особено на организацијата на НОФ од егејскиот дел на Македонија.

(Испуштениот текст е мислење на Фотев за преопширноста во претставувањето на политиката на Велика Британија и СССР и за односите на КП на Грција со Англичаните, како и некои небитни повторувања.)

Се ограничувам да одговорам само на некои прашања што се однесуваат на македонските организаци, особено на организацијата на НОФ. Пишувајќи за развојниот пат и за крупните настани на македонските организации, авторот прави сериозни пропусти, наведувајќи невистинити работи, погрешно ги интерпретира настаните што се од особено значење за историографијата. Има случаи кога при објаснувањето на некои ситуации отворено ја манифестира својата тенденциозност и пристрасност. Не изостануваат и претерувањата, омаловажувањата, особено во однос на улогата на одделните личности раководители на народноослободителното движење. Неспорно е дека авторот недоволно ги проучил настаните, различните состојби и ситуации за македонските организации во македонското народноослободително движење. При проучувањето на македонските организации, авторот од субјективни причини не најде за потребно да се консултира со раководителите на СНОФ, НОФ, НОМС и АФЖ и другите институции, односно со основоположниците на тие организации, за податоците.

На авторот не му се познати многу настани од македонското НОД како што е случајот со Активот на НОФ, неговиот состанок одржан на 20 мај 1947 година. За некои настани кои ги

наведува тој ги претпоставува и објаснува со општи фрази. Не му е добро позната организационата поставеност, структурата и политиката, како и промените што ги претрпе во својот развоен пат организацијата на НОФ. Недоволно јасно ги претставува и програмските начела при формирањето на НОФ и другите македонски организации. Слабо ја дефинира политиката на КПГ спрема НОФ и воопшто спрема македонското националноослободително движење. Погрешно ги објаснува методите и формите на деструктивната политика на КПГ спрема македонските организации, конкретно и јасно не пишува за односите на НОФ со општествено политичките организации на НР Македонија што беа од особено значење за развојот на националноослободителното движење, за проблемите што на организацијата на НОФ ги создаваше Михајло Керамитчиев со неговите истомисленици, кои беа против единството на македонското националноослободително движење со прогресивното народнодемократско движење на грчкиот народ, сметаа дека македонското национално прашање, односно прашањето на Егејска Македонија е исклчително дело на НР Македонија-Југославија. Спогодбата за обединување на НОФ со КП на Грција тие ја нарекоа фамозна, втора Варкиза, и ги изневери очекувањата на народот. (види: “Егејски бури”, (Вангел Ајановски-Оче, Егејски бури: револуционерното движење во Воденско и НОБ во Егејска Македонија, Скопје, ИНИ, 1975 година.) стр. 233.)

Да! Југославија претставува основен фактор за целосно решавање на македонското национално прашање. Но, прашањето на Егејска Македонија зависеше пред се од заедничката борба, од победата на грчкиот и македонскиот народ над монархофашистичкиот режим на Грција и создавање слободна народнодемократска Грција, како и од извојувањето на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија потполна национална рамноправност и право на самоопределување и создавање нормални услови за решавање на македонското национално прашање. Илузорно е да се верува дека проблемот на Егејска Македонија би можел да биде решен без победата на револуционерното движење на македонскиот и грчкиот народ.

Раководството на НОФ беше задолжено со програмските начела на организацијата да се бори за остварување на морално-политичкото и националното единство на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија. Организацијата на НОФ беше сенародна, национална и демократска организација. Секој Македонец кој ја прифаќаше политичката програма имаше право да се зачлени. Сепаратистите тоа не го сакаа, Македонците ги делеа на “верни”, “гркофили” и “гркомани”, а македонските борци на “стари” и “нови” НОФ-ити. Со тој однос тие го забиваа клинот на националното единство на македонскиот народ, а организацијата на НОФ ја водеа на секташки позиции. Со своите сфаќања и постапки, сепаратистите сами се доведоа во незавидна положба , и неможејќи да издржат самостојно, без знаење и одобрување на НОФ, во септември 1948 година, ја напуштија организацијата, ја напуштија вооружената борба на македонскиот народ и на ДАГ во најтешките и судбоносни денови, ја напуштија територијата на Егејска Македонија и преку ноќ се најдоа во НР Македонија кај своите семејства. Авторот ја брани и велича нивната постапка.

Македонската организација на СНОФ беше создадена и дејствуваше во времето на германско-бугарската фашистичка окупација, во времето на ЕЛАС и ЕАМ, кога англо-американците беа сојузници против Хитлеровата фашистичка оска, а НОФ беше создадена во текот на граѓанската војна во Грција, и дејствуваше против Грчката влада која беше призната членка на меѓународната заедница на Обединетите нации. НОФ се бореше против довчерашните “сојузници” англо-американските империјалисти кои директно учествуваа (во борбите) против НОФ и ДАГ.

Другата карактеристика е што главен креатор на глобалната стратегија и тактика, односно иницијатор и раководител на револуционерното движење на Грција, беше КПГ, а не НОФ. Организацијата на НОФ мораше да се приспособи на глобалната стратегија на револуционерното движење на грчкиот народ, се разбира без тоа да биде на штета на македонското НОД. Треба да се има во предвид дека Македонците од Егејска Македонија не беа во состојба, а уште

помалку против НОД на грчкиот народ да ја добијаат својата национална и социјална слобода, чиј што организатор и раководител беше КПГ. Факт е дека помеѓу, македонското НОД и грчкото народнодемократско движење постоеја објективни противречности кои произлегуваа од различните национални интереси, од целите и стремежите на македонското НОД.

Книгата на Ристо Кирјазовски се базира само на архивски материјали од кои добар дел од документите се непроверени ш неавтентични, што го доведува до тоа да донесува погрешни заклучоци и оценки за повеќе крупни настани и ставови на организацијата на НОФ. Од многубројните историски податоци од разни документи; вистински и фабрикувани, од разни цитати и изјави на македонски и грчки раководители на КПГ и НОД, ги девалвираше револуционерните вредности и историската улога на македонските народноослободителни организации.

Уште пред да заврши Втората светска војна, македонскиот и грчкиот народ, благодарение на воената интервенција на англиските армиски единици во Грција (декември 1944 година) и капитулантската политика на КПГ и ЕАМ, по четиригодишната крвава антифашистичка војна повторно станаа жртви на англискиот империјализам и домашните монархофашисти. Очекувањата и стремежите на борбениот македонски народ беа изиграни. По реставрирањето и воспоставувањето на стариот буржоаски ненароден режим во Грција, за македонскиот народ повторно настанаа пеколни денови, дури потешки од оние за време на германската окупација, затоа што грчките монархофашисти спроведуваа геноцид врз Македонците. Терористичкиот бран на убиства, силувања, крвавите тепања, ѕверствата и грабежите на имотите на македонскиот народ беа секојдневна практика на монархофашистичките банди. Не престануваа масовните прогонства и апсења, незаконските судења и конфискации, узурпирањето на недвижните имоти на невиниот македонски народ. Крвавиот монархофашистички терор за тотално истребување на македонскиот народ достигна кулминација. Причината за таквиот агресивен атак на грчките монархофашисти врз македонскиот народ од Егејска Македонија беше се, само не “политичкото и идеолошкото

определување на Македонците на страната на демократските сили во земјата, нивната готовност и решителност да се борат против силите на реакцијата и туѓите интервенционисти и, што е најважно, изградената македонска национална свест и решеноста да ги извојуваат своите национални и социјални права и слобода”. (стр. 77) Најмногу што ги иритираше грчките монархофашисти и националисти, е тоа што во вардарскиот дел на Македонија, во рамките на нова Југославија, се создаде национална демократска република која, сосема разбирливо, не можеше да биде рамнодушна спрема трагичната положба на своите браќа од егејскиот дел на Македонија, и да не се интересира и грижи за нивниот национален опстанок. Создавањето на НР Македонија им беше, и им е трн во очите на грчките монархофашсти и националисти, кои по секоја цена се стремеа тотално да го истребат македонското население.

Затоа треба да се каже дека поради опортунистичката и капитулантската политика на КПГ и ЕАМ, особено по потпишувањето на Договорот во Варкиза (12 февруари 1945), како и недоследната политика спрема македонското национално прашање тие во голема мера ја загубија довербата на македонските комунисти, односно на македонскиот народ. КПГ и ЕАМ повеќе не беа во состојба да го заштитат македонското население од монархофашистичката наезда. Затоа македонските комунисти по создавањето на НОФ, масовно ги напуштија редовите на КПГ и другите грчки демократски организации: ЕАМ, ЕПОН итн., и стапуваа во НОФ, НОМС и АФЖ.

Поради тешките и опасни услови за македонскиот народ кој беше соочен со вистински геноцид, на иницијатива на македонските комунисти, на 23 април 1945 година, беше донесена одлука за формирање на македонска револуционерна организација НОФ. Во истовреме беа формирани младинската организација на НОМС и организацијата на жените АФЖ, како составни делови на организацијата на НОФ.

Основањето на НОФ, за македонскиот народ значеше голема историска придобивка, бидејќи се здоби со своја национална револуционерна организација, со свое самостојно политичко

раководство. Со тоа се прекина една негативна традиција наметната од КПГ, Македонците да се организираат во грчките демократски и народноослободителните организации и да се борат под грчкото знаме. Историските настани јасно потврдија колку тој став на КПГ му штетеше на македонското националноослободително движење.

Авторот наведува дека “програмската декларација од основачкото собрание на НОФ не е зачувана” (стр. 108). Зошто, кога таков записник постоеше? Како учесник на првиот состанок при составувањето на задачите и целите на НОФ сметам за потребно да ги наведам:

- непомирливата борба за национална и социјална слобода на македонскиот народ;
- афирмирањето на националниот идентитет и борбата на македонскиот народ за својата национална слобода и права;

- актуализирањето на македонското национално прашање во политичкиот живот на Грција;

- организирањето на отпорот против крвавиот терор и геноцидот што го спроведуваше монархофашистичката власт врз Македонците;

- зацврстувањето на морално-политичкото и националното единство на Македонците;

- разобличувањето на автономистите на Ванчо Михајлов и разбивањето на нивната терористичка и шпионска организација, кои како агенти на англо-американските империјалисти и меѓународната буржоаска реакција се бореа против националните интереси на македонскиот народ;

- борбата против англо-американските планови за егејскиот дел на Македонија да го претворат во база за терористичка и субверзивна дејност против НР Македонија и цела Југославија, како и против спте други балкански народнодемократски држави;

- негувањето и зацврстувањето на братството и единството со грчкиот народ, заедно со прогресивните сили на Грција да се борат против заедничкиот непријател за слободна и независна Грција;

- запознавањето на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија со историските национални придобивки и со општествениот напредок на македонскиот народ во НР Македонија;

- борбата за премостување на вештачкиот јаз помеѓу македонскиот народ, односно за зближување и братска соработка со народот од другите делови на Македонија особено со НР Македонија, Пиемонтот за националното ослободување и обединување на македонскиот народ.

На Ристо Кирјазовски не му е познат денот кога беше конституирано главното раководство на НОФ, и кое му беше правото име. Се конституира на 21 мај 1945 година, а правото име му беше “Организационо раководство”. Во документите често се среќава Организационото раководство на НОФ да се именува како Главен одбор, Више раководство или Главно раководство. Организационото раководство по партиска линија се викаше “Партиско поверенство”. Организационото раководство беше највисокото раководно тело на националноослободителното движење на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија. Тоа раководеше со сите македонски националноослободителни организации и со сите македонски институции и нивната дејност. Неговото конституирање го сочинуваа шест рамноправни члена: Паскал Митревски - секретар, Ѓорѓи Урдов-Џоџо, Атанас Коровешовски, Михајло Керамитчиев, Павле Раковски и Минчо Фотев. На првиот состанок на Организационото раководство на НОФ беа одредени должностите и задачите на неговите членови. Паскал Митревски беше одговорен по линијата на НОФ и по партиска линија, Ѓорѓи Урдов-Џоџо - помошник на Паскал по истите должности, Павле Раковски беше одговорен за агитација и пропаганда, Минчо Фотев - секретар на НОМС и на комунистичката младинска организација, Атанас Коровешовски одговорен за воените прашања, а не “посебно

задолжен да одговара по партиска линија” (стр. 117). На состанокот стана збор и за определување на лице кое ќе одговара по линијата на народната власт. Бидејќи организацијата на НОФ во тој период не пристапи кон формирање на органи на народната власт, не беше определен член од раководството одговарен по линијата на народната власт. На тој состанок стана збор во раководството на НОФ да се прими другарка која ќе биде одговорна по линијата на АФЖ.

На првиот работен состанок (на 21 мај 1945 година) Организационото раководство на НОФ му посвети особено внимание на организационото и кадровското прашање. Решија да се формираат 5 окружни одбори: 1. Костурски, 2. Лерински, 3. Воденски, 4. Ениџевардарски и Гуменџиски, 5. Источен округ (Серско и Драмско) и им беше определена нивната територија на дејствување. Организационата поставеност беше врз принципот на строга централизираност. Така беше утврдена и организационата структура на окружните, околиските, градските и реонските раководни тела на НОФ, НОМС и АФЖ, на партиските поверенства, на младинската комунистичка организација и организационата поставеност на базичните основни организации. На состанокот беа одредени лицата кои ќе ја вршат функцијата секретар на окрузите на НОФ: Ламбро Чолаков за Костурскиот, Ристо Јанковски за Леринскиот, Вангел Ајановски за Воденскиот, Иван Ничев за Ениџевардарскиот и Гуменџискиот округ. За Источниот (Серско-Драмскиот) округ не беше одреден секретар туку инструктор од Организационото раководство. За тоа беше одереден Михаил Апостоловски-Гранити. Секое од раководните тела на НОФ (окружно, околиско, реонско, градско итн., беше составено од по 5 члена, во кое задолжително влегуваа секретарите на НОМС и АФЖ.

На состанокот беше решено да се формираат:

- Одделение за агитација и пропаганда кое ќе издава Билтен, орган на НОФ од Егејска Македонија;
- Одбор кој ќе ги прифаќа бегалците од Егејска Македонија пребегнати во НР Македонија поради монархофашистичкиот терор, и

- вооружени групи за отпор на монархофашистичките терористички банди.

На конституирањето на Организационото раководство на НОФ, односно на неговиот прв работен состанок, присуствуваше претставникот на ЦК на КП на Македонија, Цветко Узуновски-Абас. На тој состанок беа одредени односите и соработката на организацијата на НОФ со КП на Македонија и другите општествени организации во НР Македонија.

Во врска со конституирањето односно со изборот на Организационото раководство на НОФ за Егејска Македонија, како и за донесените решенија на првиот работен состанок, Ристо Кирјазовски не пишува ништо конкретно во својата книга.

Конституирањето, односно изборот на Организационото раководство на НОФ и неговиот прв работен состанок се одржаа во Скопје, на ул. "Орце Николов", во т.н. заграда "Мацура", срушена во катастрофалниот земјотрес на 26 јули 1963 година.

По изборот на Организационото раководство на НОФ сите членови веднаш заминаа на теренот кадешто најенергично пристапивме кон формирање на окружни, околиски и градски одбори на НОФ. Се пристапи кон реализирање на решенијата донесени на првиот состанок. Паскал Митревски беше одреден да замине во Леринскиот округ, Атанас Коровешовски замина за Ениџевардарскиот и Гуменџискиот округ Ѓорѓи Урдов-Џоџо со Павле Раковски заминаа за Воденско, Михаил Керамитчиев и Минчо Фотев заминаа за Костурскиот округ, Михаил Апостоловски-Граними замина за источниот дел на Егејска Македонија во својство на инструктор од Организационото раководство на НОФ.

Ристо Кирјазовски пишува: "Паскал Митревски заминал за Костурско, а Михаил Керамитчиев заминал за источниот дел на Егејска Македонија за да формираат окружни раководства на НОФ" (стр. 119). На истата страница пишува дека "организацијата НОФ беше формирана на 9 мај 1945 година.

Имено на тој ден се одржа состанок на 16 активисти, во присуство на членовите на Главното раководство на НОФ Паскал Митревски и Михаило Керамитчиев, на кој се формира окружно раководство на НОФ од 4 члена, за секретар го избраа Мичо Коровешовски.” Сето тоа не е точно. Како е можно Михаил Керамитчиив да се најде во Костурско кога самиот тој тврди дека заминал за Серско и Драмско со цел на тој терен да формира окружно раководство? Коментарот е излишен.

Паскал Митревски не учествуваше во формирањето на окружниот одбор на НОФ за Костурско. Тој беше одреден за Леринско. Мичо Шишковски никогаш не беше избран за секретар на Костурскиот окружен одбор на НОФ. За прв окружен секретар на НОФ за Костурско беше поставен Ламбро Чолаков.

Ристо Кирјазовски пишува “секретарот на Главното раководство на НОФ изврши измена во окружното раководство и на местото на Мичо Шишковски за секретар го постави Ламбро Чолаков. Тоа следуваше поради некои недоразбирања меѓу Шишковски и Митревски за организационите и другите прашања”. Ова е измислена работа.

На Ристо Кирјазовски не му е добро познато името на највисокото раководно тело на НОФ и промените за време на неговото постоење. Тој пишува за “Поверенство на НОФ”, “Главно раководство на НОФ”, “Више ракаводсто на НОФ” итн. Името на највисокото раководно тело на НОФ претрпуваше измени. При формирањето на НОФ името му беше “организационо раководство”, по спогодбата за обединување на НОФ со КПГ раководството одлучи, во ноември 1946 година, да се вика “Главен одбор на НОФ”. Активот на НОФ, на состанокот одржан на 20 мај 1947 година, на барање од КПГ, одлучи Главниот одбор на НОФ да се вика “Координативно биро”. На Првиот конгрес на НОФ, одржан на 13 јануари 1948 година името “Координативно биро” беше заменето со “Централен совет”. Со тоа име највисокото раководно тело на НОФ остана до расформирањето на НОФ.

За растурањето на организацијата на СНОФ за Костурско и Леринско пишува: “Со цел да ја принудат (КПГ - б. М.Ф.) да го корегира се јот став двете групи Македонци-партизани и активисти на СНОФ од Костурско и Леринско се отцепија од ЕЛАС и се придружија на партизанското движење во вардарскиот дел на Македонија...” (стр. 49). Отцепувањето го сметаа за противакција на Македонците против одлуката на КПГ за растурање на СНОФ. Оваа констатација не е точна. Групата македонски борци заминаа на Караорман уште пред расформирањето на СНОФ. Нивното отцепување од редовите на ЕЛАС му послужи на раководството на КПГ како повод за расформирање на организацијата на СНОФ.

Отцепувањето на групата Македонци од ЕЛАС и од СНОФ и нивното заминување на слободната територија во Вардарска Македонија беше самоволен акт кој се случи без знаење на раководството на СНОФ. Заминувањето на групата Македонци од околу 60 борци од Костурско и Леринско во Караорман според начинот и условите во кои се случи, беше непромислено, брзоплета и екстремна акција која му нанесе тешки и ненадоместливи штети на македонското националноослободително движење од егејскиот дел на Македонија. Тоа што го очекуваа иницијаторите не им се оствари, погрешни им беа калкулациите. Таа акција на отцепниците беше спротивна на политиката на организацијата на СНОФ. Неоправданоста на отцепувањето се потврдува и со фактот што на отцепниците им беше наредено од Главниот штаб на НОВ и ПОМ, лично од политичкиот комесар Цветко Узуновски-Абаз, да се вратат во Егејска Македонија, во редовите на ЕЛАС и да ја продолжат борбата под раководството на КПГ (види: Писмо од Цветко Узуновски-Абас, член на ЦК на КПМ до Добривоје Радосављевиќ, инструктор на ЦК на КПЈ, од 2 јуни 1944 година, во Архивот на Македонија). Последиците од отцепувањето беа навистина тешки. Односите на македонското НОД со КПГ и ЕЛАС крајно се заострија. Раководството на КП на Грција, поради нивното отцепување сосема неоправдано го окарактеризираа македонското НОД од Егејска Македонија како националистичко и автономистичко, а отцепниците ги оквалификува како контрареволуционери и предавници, и како

такви јавно ги осудија. Организацијата на СНОФ ја обвинија дека таа била поттикнувач на групата Македонци која се оддели од грчкото движење на отпорот. Веднаш, по налог на КПГ, единица на ЕЛАС ги уапси главните раководители на СНОФ на чело со секретарот Паскал Митревски и со употреба на сила ги растури сите организации на СНОФ. Во истовреме КПГ разви опасна кампања, водеше остра политичка пропаганда сред македонскиот народ против организацијата на СНОФ и нејзините раководители. Ги прошири своите напади дури и на истакнатите раководители од вардарскиот дел на Македонија. КПГ презеде и ред други политички, дисциплински и репресивни мерки против истакнатите македонски борци како: Коста Бошковски, борец и комунист, кој од многу ќотек од страна на грчките комунисти беше умствено растроен, а Коста Макриевски -учител од с. Косинец, Костурско, беше убиен од припадниците на ЕЛАС. КПГ забрани секаква македонска културно- уметничка дејност и други македонски национални манифестации. Неоправданоста и негативните последици од отцепувањето на групата македонски борци се гледа и од следново: Во моментот кога отцепниците заминаа на Караорман (мај 1944 година) во редовите на ЕЛАС кој дејствуваше на Костурско-Леринскиот регион во неговите редови служеа над 1.000 (илјада) македонски партизани. Во истиот регион во резервниот состав на ЕЛАС, служеа преку 2.000 (илјади) македонски борци. Околу 80 македонски села беа ослободени. Вреди да се нагласи дека на истиот терен имаше над 100 (сто) активисти-позадинци и раководители на организациите на КПГ, ЕАМ, ЕПОН, ЕА, ЕТА итн., а раководниот актив на СНОФ во Костурскиот округ, како и на СНОФ во Леринско го сочинуваа над 60 (шеесет) раководители и позадинци. Од сите овие многубројни борци-партизани и политички активисти на НОД во Костурскиот и Леринскиот округ само 5 (пет) позадинци на СНОФ, околу 20 (дваесет) борци на ЕЛАС и околу 35 (триесет и пет) македонски селани заминаа на Караорман. Таа е вистината за акцијата на отцепниците на која и придава толку големо значење.

(За тоа) “дека во септември 1943 година, во Костурско беше формиран македонскиот партизански одред “Лазо Трповски” во чиј состав влегуваа исклучиво Македонци, со својата агитација

и форма (се носеше петокрака ѕвезда) за разлика од другите единици на ЕЛАС, навистина беше одред што ги изразуваше стремежите на македонскиот народ” (стр. 56), авторот претерува. Се случи вака: на 6 октомври 1943 година, Околискиот комитет на КПГ за Костурско, донесе решение да се формира партизански одред кој ќе го носи името на загинатиот истакнат македонски борец и комунист Лазо Трповски. Тоа решение на Околискиот комитет на КПГ го спроведе Штабот на XXVIII полк на ЕЛАС, во кој јас Минчо Фотев бев заменик-началник на контраизвестителната служба. Одредот се формира на 10 октомври 1943 година (а не во септември), на подножјето на планината Малимади, во атарот на селото Д’мбени, Костурско. При неговото формирање одредот броеше 28 борци, беше составен од една партизанска група, повеќето селани од селото Смрдеш, Костурско, која порано дејствуваше на тоа подрачје во составот на ЕЛАС и од група Македонци кои штотуку беа дојдени од Бугарија. Одредот му припаѓаше на XXVIII полк на ЕЛАС и дејствуваше под негова команда. Одредот “Лазо Трповски” постоеше само два месеца, во декември 1943 година, беше расформиран, неговите борци беа вклучени во единиците на XXVIII полк кој дејствуваше во подрачјето на планината Вичо. Командир на одредот беше Наум Пејов кој по десет дена беше сменет. На неговото место беше поставен Димитар Тупурковски- Титан. Не е вистина тврдењето дека борците на одредот “Лазо Трповски” на своите капи носеле ѕвезда петокрака. Носеа значки на ЕЛАС, како и сите други единици на ЕЛАС.

Во книгата (стр. 58) авторот пишува: “Напор за создавање на единствена организација за сите Македонци во Егејска Македонија беше направен на заедничкиот состанок на окружните комитети на СНОФ за Костурско и Леринско, одржан на 28 јануари 1944 година, во селото Црновиште”. На состанокот дошло до големи разногласија и конфликти, бидејќи претставниците од Леринско не се согласиле со ставот на раководителите на Окружниот комитет на СНОФ за Костурско. Тие не се согласиле со предлогот, организацијата на СНОФ официјално да побара Грција да се организира на федеративен принцип, да биде составена од две федерални единици НР Грција и НР Егејска Македонија, како преодна етапа за

обединување на цела Македонија. Поради тоа што не можеа да се изедначат гледиштата за овие основни прашања, состанокот завршил со неуспех.

Ваквиот третман на состанокот одржан во с. Црновиште, Костурско, во јануари 1944 година, помеѓу делегациите на СНОФ од Леринско и Костурско, е чиста измислена работа. Целта на состанокот е изопачена /искривено прикажана - Л.Ф./. Не знам од каде го зел податокот, но доколку постои таков документ, тој е фалсификат. Целта на состанокот во с. Црновиште беше следната:

Во Егејска Македонија во тој период не постоеше единствена македонска организација, тоа не го дозволуваше КПГ. Затоа раководствата на СНОФ за Костурско и Леринско периодично одржуваа состаноци на свои делегации со цел да разменат информации за воено-политичката ситуација и економската положба во окрузите, за положбата и проблемите на народот, да разменат искуства за дејноста и активностите на двете окружни организации на СНОФ. Тоа е вистината на состанокот што беше одржан во селото Црновиште, на 28 јануари 1944 година.

Прашањето за формирањето на единствена македонска организација за цела Егејска Македонија го покрена Окружното раководство на СНОФ за Костурско уште од првиот ден на неговото формирање (октомври 1943 година) но, КП на Грција тоа барање категорично го одбиваше како што го одбиваше и барањето да се формираат посебни македонски единици во составот на ЕЛАС.

Прашањето за федеративното уредување на Грција, односно за создавање на “НР Егејска Македонија” никогаш не беше покренато ниту дискутирано. Тоа е фантазија на тие што го тврдат тоа. Не само од субјективни туку и од чисто објективни причини не можеше тоа да се оствари. Во тоа време (1944) македонското население изнесуваше едвај една третина од вкупното население во егејскиот дел на Македонија. Уредувањето на Грција на федеративен принцип не зависеше само од КП на Грција, туку и од другите политички партии на Грција кои го сочинуваа националноослободителниот фронт на

ЕАМ, како и од другите општествено-политички и демократски институции на Грција. Што се однесува за создавањето на "НР Егејска Македонија" тоа не зависеше само од волјата на КПГ и ЕАМ туку и од надворешните фактори од антихитлеровската коалиција, од големите сили кои непосредно живо беа заинтересирани за судбината односно единството на Грција. Зошто Македонците од Егејска Македонија да бараат создавање на НР Егејска Македонија (нешто историски неостварливо) кога македонскиот народ си создаде, благодарејќи и на заедничката борба со другите југословенски народи и народности, врз основа на АВНОЈ ските одлуки, Народна Република Македонија во рамките на федеративна Република Југославија.

За состанокот на двете делегации на СНОФ (костурска и леринска) одржан во с. Црновиште, во Институтот за национална историја во Скопје се одржа состанок (за реконструкција на настанот) во октомври 1985 година на кој учествуваа околу 20 поканети учесници, организатори и раководители од егејскиот дел на Македонија. Сите дискутанти го оспорија тврдењето на Ристо Кирјазовски дека на состанокот во Црновиште било покренато прашањето за создавање на НР Егејска Македонија.

Се поставува прашањето: на кој начин би дошло до обединување на цела Македонија доколку се создадат две посебни македонски републикп во две федерации.

(За тоа) дека "пред појавата на организацијата на НОФ на територијата на Егејска Македонија дејствувале локални организации, дека активистите и агитаторите на Политичката комиисија пристапиле кон формирање на локални организации, во Костурско ја обновија организацијата на СНОФ, а во Леринско СОФ од времето на НОВ, додека во Воденско се формира нова организација ТОМО, која и претходеше на организацијата на НОФ." (стр. 103). Тоа се претпоставки, произволни заклучоци. Никаква обнова на СНОФ и СОФ не беше направена и никакви локални организации не постоеја се до формирањето на НОФ (23 април 1945 година). Што се однесува за формирањето на некаква организација на ТОМО во Воденско дека и претходела на организацијата на НОФ, тоа

нема никаква основа. Историчарите треба да ги проучат случаите со ТОМО и МАО.

Организацијата на МАО беше формирана по одлука на КПГ. Одлуката да ја спроведе му беше доверена на Ѓорѓи Урдов-Џоџо (втор секретар на Окружниот комитет на КПГ за Воденско). МАО е грчко име, Македоники апелефтеротики органоси, што значи Македонска ослободителна организација, а не Македонска антифашистичка организација како што ја именуваат Вангел Ајановски и Ристо Кирјазовски. Христо Андоновски, од Боденско, учесник во ЕАМ, ЕЛАС и НОФ, новинар и публицист, во рецензијата на трудот: "Светли ликови од Егејска Македонија, 1945-1949" од Ташко Мамуровски напиша дека "организацијата на МАО беше ефемерна организација која никогаш не се прошири надвор од градот Воден, не смее да се претерува".

(За тоа "дека англиските дипломатски претставништва и службите во Грција, со помош на грчката полиција создадоа извесни шанси за создавање на автономистичко движење во Егејска Македонија во кое беа вклучени главно авантуристички елементи, контрачетници, соработници на окупаторот, познати гркомани, агенти на грчката полиција и сл." Во Егејска Македонија во периодот на НОФ и ДАГ немаше никакви шанси за постоење на автономистичко движење. Во времето на НОФ и Граѓанската војна во Грција имаше само некои поединици-авантуристи, односно автономисти, довчерашни соработници на окупаторот и агенти на американската известителна служба. Тоа беше се. Меѓу наброените автономисти се наведени "некои познати гркомани". Каде се чуло гркомани да бидат активни автономисти?

Во врска со крвавиот (грчки) монархофашистички терор врз македонскиот народ. Организационото раководство на НОФ, на својот прв работен состанок, одржан на 21 мај 1945 година, заседе став покрај другите фактори на отпор да се формираат и вооружени групи кои ќе им се спротивставаат исклучително на монархофашистичките банди и злогласните предавници на македонскиот народ. Вооружените групи на НОФ имаа задача да ги нападнат вооружените банди доколку тие ги нападнат

македонските села, за да ги спречат грабежите и теророт врз македонското население, ништо друго. Со оглед на тоа дека на теренот секојдневно крстареа монархофашистичките вооружени банди и жандармериските одреди, вооружените групи на НОФ беа задолжени и за безбедноста на илегалците, односно за раководителите на НОФ, НОМС и АФЖ. Со дејствувањето и акциите на вооружените групи на НОФ раководеа секретарите на околиските односно на реонските одбори на НОФ. Во тие тешки моменти немаше друг излез за да се заштити животот, честа и имотот на Македонците од грчките терористи. Злото требаше да се спречи организирано, со контрамерки. Овој став на НОФ за дејствувањето на вооружените групи, КПГ остро го осудија. Животот, односно праксата потврди дека вооружените групи на НОФ одиграа позитивна улога за спречување на терористичкиот бран. Ниту еден напад на монархофашистичките банди врз недолжното македонско население не минуваше без соодветна казна. Од друга страна, оружената самоодбрана ги охрабруваше и револуционаризираше широките народни маси за посмели и поголеми борбени акции. Ете таа е вистината за вооружените групи на НОФ во 1945 година.

НОФ никогаш не дојде во судир со КПГ во однос на формата на борбата, политичка или оружена. Во врска со Граѓанската војна во Грција сметам за потребно да кажам дека НОФ нема никаква историска одговорност, бидејќи стратегијата и тактиката, формите на дејствувањето на револуционерното движење за борба против непријателот, ги определуваше КП на Грција. Навистина по иницијатива на НОФ постоеја вооружени групи раководени од организацијата, но, тие имаа одредена задача за самоодбрана од нападите на монархофашистичките банди, да ги бранат животот, честа и имотот на невиното население од џелатите и пљачкосувачите.

Констатираното: “Бидејќи КПГ уште од почетокот т.е., по Договорот од Варкизе не се ориентира, односно не се определи за оружено пресметување со непријателот, како што тоа го стори организацијата на НОФ, спротивно на својот став, беше принудена да дозволи нејзините членови да се јават на повикот за регрутација, да стапат во владината армија”, и тоа не е

вистина. Организацијата на НОФ никогаш не направи компромис со непријателот, никогаш не дозволи нејзините членови да стапат во владината армија. Во пролетта 1945 година, по воспоставувањето на стариот ненароден режим во Грција, воените власти започнаа да ги регрутираат младите за отслужување на воениот рок, за консолидирање на грчката владина армија. Бидејќи во спроведувањето на владиниот терор директно учествуваа и единиците на грчката армија, во врска со проблемот за регрутација на младината во владината грчка армија, НОФ го зазеде и го спроведе следниов став: НОФ, НОМС и АФЖ апелираа до македонската младина ниту еден Македонец да не се јави на повикот на грчките воени власти за регрутирање, т.е., да не стапува во грчката армија. Организацијата на НОФ не смееше да дозволи македонската младина да служи во грчката монархофашистичка армија и да учествува во акциите за физичко истребување на сопствениот народ; на своите родители, браќа и сестри. Тоа беше главниот мотив зошто НОФ зазеде став да ја спречи македонската младина да стапи во грчката армија. Овој став Организацијата не го измени. Јасно е дека КПГ го осуди тој став на НОФ. Но, очигледно е дека КПГ и ЕАМ не сакаа да ја разберат суштината и оправданоста на тој став. Сите грчки комунисти и некои Македонци кои се одѕваа на повикот за регрутација, кои го подржуваа ставот на КПГ, ја почувствуваа трагедијата во озлогласените концентрациони логори на островите Макронисос, Ѓуре ч други.

Основната причина за негативниот однос, односно за непријателскиот став на КПГ спрема организацијата на НОФ е во тоа што македонското националноослободително движење за прв пат откако Егејска Македонија падна под доминација на грчката држава, против волјата на КПГ, се здоби со своја политичка национална революционерна организација, со свое самостојно национално раководство, која ќе се бори за национална и социјална слобода, за целосно решавање на македонското национално прашање и за обединување на македонскиот народ. (Во Егејскиот дел на Македонија.) Како што е познато НОФ повторно го актуализира македонското национално прашање залагагајќи се за афирмација на македонската национална посебност како и борбата за слобода

и националните права. НОФ се бореше и бараше од КПГ и ЕАМ како единствен политички, национален и легитимен претставник на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија. Имено тие се основните причини. КПГ и ЕАМ од чисто големогрчки и шовинистички причини не сакаа организацијата да ја признаат како таква, тие не признаваа македонско национално прашање.

Разногласијата и судирите помеѓу НОФ и КПГ произлегуваа од различни причини. Како што изнесовме погоре, НОФ организираше вооружени групи за да им се спротивстават на терористичките и монархофашистичките акции на монархофашистичките банди и на жандармеријата. Беше против регруатацијата на македонската младина во грчката армија. КПГ не се согласуваше со овие ставови и тие беа повод да ја напаѓа организацијата на НОФ. Но, тоа што најмногу го вознемируваше и го погодуваше раководството на КПГ беше фактот дека 80% од македонските комунисти ги напуштија редовите на КПГ и се зачленија во македонските организации на НОФ, НОМС и АФЖ. Само од логорот за бегалците од ЕЛАС во Булкес, АП Војводина, во март 1946 година, околу 500 Македонци - борци на ЕЛАС масовно и организирано ја напуштија КПГ и преминаа во редовите на НОФ. На сите предизвици, напади, обвинувања, клевети, и уште што не друго од страната на КПГ против организацијата, раководството на НОФ ладнокрвно се воздржуваше, избегнувајќи да се конфронтира. Единствениот и најправилен одговор на НОФ беше доследно следење на зацртаната политика т.е., одбрана на вистинските интереси на македонскиот народ.

За спогодбата за обединување на НОФ и КПГ. Може да се каже, дека оваа спогодба е крупен историски настан за македонското националноослободително движење од егејскиот дел на Македонија. Неговите организации НОФ, НОМС и АФЖ беа признати и со тоа беа нормализирани односите на македонското НОД со прогресивното демократско движење на грчкиот народ, раководено од КП на Грција. Вистината за Спогодбата е како што следува: По признавањето на НОФ од КПГ се создадоа благопријатни услови за постигнување на спогодба за нормализирање на односите на солидна основа. По тежок и

макотрпен пат, конечно во октомври 1946 година, беше постигната Спогодба за обединување на НОФ и КПГ. Сакам да напоменам дека при финалните разговори за утврдување на условите под кои ќе се изврши обединувањето организацијата на НОФ не беше застапена. Раководството на НОФ учествуваше само на прелиминарните разговори.

Категорично изјавувам дека сите услови наведени во книгата не се точни. Тоа го тврдам бидејќи од меродавни фактори бевме лично запознати (Паскал Митревски, Илија Димовски-Гоче и Минчо Фотев) со содржината на Спогодбата. Условите во Спогодбата беа:

1. НОФ останува самостојна организација, единствен легитимен претставник на македонскиот народ од Егејска Македонија, а во глобала ќе се раководи од КПГ.

2. Организациите на НОМС и АФЖ ќе постојат како составни делови на НОФ.

3. НОФ ќе издава свој весник - орган на Главниот одбор.

4. Македонските комунисти од Егејска Македонија членови на КПЈ, автоматски стануват членови на КПГ.

5. Сите партизански одреди на НОФ ќе се обединат со ДАГ, а воено-политичките кадри на НОФ ќе се распоредат на соодветни командни должности во воените штабови на ДАГ.

6. Секретарот на Главниот одбор на НОФ, Паскал Митревски се поставува за член на Секретаријатот на Покраинскиот комитет (Македонско биро) на КПГ за Егејска Македонија и Тракија.

7. Членот на Главниот одбор на НОФ, Ѓорѓи Урдов-Џоџо се поставува за член на командниот состав на Главниот штаб на ДАГ.

8. Членот на Главниот одбор на НОФ и секретар на НОМС Минчо Фотев се поставува за член на Секретаријатот на

Покраинскиот комитет на ЕПОН за Егејска Македонија и Тракија.

По запознавањето со содржината на Спогодбата, на 19 октомври 1946 година, Паскал Митревски, Илија Димовски-Гоче и Минчо Фотев веднаш заминаа, преку Албанија, на територијата на Егејска Македонија. Паскал Митревски директно од Албанија, со специјален курир на КПГ од Корча, замина во седиштето на Главниот штаб на ДАГ во планината Хаша за да се сретне лично со врховниот командант на ДАГ Маркос Вафијадис, и да ги уврдат критериумите за практичното спроведување на Спогодбата, а Илија Димовски-Гоче и Минчо Фотев заминаа за Леринскиот и Костурскиот округ за да ги запознаат и другите членови на Главното раководство и окружните раководства на НОФ со содржината на Спогодбата за обединување на НОФ и КПГ. Но, истовремено да подготват терен за спроведување, до враќањето на Паскал Митревски од Главниот штаб на ДАГ. Можам да кажам и тоа дека договорачите, (Од југословенското и македонското партиско и државно раководство.) односно застапниците на НОФ му дадоа на раководството на КП на Грција на чие чело беше Никос Захаријадис, големи овластувања и права над организацијата на НОФ. Довербата, овластувањата и правата раководството на КПГ крајно ги злоупотреби, организацијата на НОФ постојано ја ставаше пред нови искушенија и го кочеше нејзниот нормален развој.

Во многу случаи не се точни историските датуми. На пример (дека) “преговорите за обединување меѓу НОФ и КПГ почнаа во мај, а завршија на 21 ноември 1946 година, кога конечно е потпишана Спогодбата за обединувањето” (стр. 156). Спогодбата беше постигната во октомври 1946 година. Оттогаш почна нејзиното практично спроведување, но никогаш во целост не беше спроведена бидејќи КПГ тоа постојано го одлагаше.

Р. Кирјазовски пишува (с. 160): “Грчката страна почнувањето на преговорите го условуваше со исклучување на Гоче (Илија Димовски - б. М.Ф.).” Случајот со суспендирањето на Гоче од ДАГ го постави врховниот командант на ДАГ Маркос

Вафијадис. Имено, кога Паскал Митревски се сретна со Маркос Вафијадис во седиштето на Главниот штаб на ДАГ (септември 1946 година) за да се договорат за практичната примена на Спогодбата, Маркос категорично побара Илија Димовски-Гоче да биде отстранет од редовите на ДАГ. На настојувањето од секретарот на Главниот одбор на НОФ Паскал Митровски, Гоче да остане во ДАГ бидејќи тој претставува посебна фигура во македонското НОД, Маркос одби со следната мотивација: "Политбирото на ЦК на КП на Грција донесе решение со кое јавно го осуди како автономист, расцепник и соработник на Англичаните, а тоа решение раководството на КПГ не го повлече. Јас како член на Политбирото на ЦК на КПГ сум должен да го почитувам тоа решение и во никој случај не смеам да го дезавуирам". Таков е случајот со суспендирањето на Илија Димовски-Гоче.

Активот на НОФ се состана на 20 мај 1947 година на планината Караорман, дури го возвишува (со важност) на земската конференција и прва масовна манифестација. Ако сакаме објективно да ги согледаме работите, резултатите од донесените одлуки и решенија, времето, местото, начинот на донесувањето и условите под кои се одржани, намерите и целите, би требало да се напише цела студија, а тоа ќе оставиме да го направи оној историчар кој ја сака вистината. Пред се, работата и одлуките на Активот јасно ги покажаа поткопувачките намери на КПГ спрема НОФ. Исто така јасно се видоа и разбивачките намери и дејноста на македонските сепаратисти и дисиденти против морално-политичкото и националното единство на Македонците и нивната секташка политика. Нема да претерам ако кажам дека беше вистински заговор против НОФ и му нанесе тешки последици на македонското НОД во егејскиот дел на Македонија. Ценејќи по начинот на кој Активот беше свикан и стилот на работата на тој собир, наполно им одговараше на организаторите за да ги постигнат своите поставени цели. Активот не го свика Главното раководство на НОФ туку Михајло Керамитчиев лично, во согласност со Покраинскиот комитет на КПГ за Македонија и Тракија. Во тоа време Главното раководство го сочинуваа 6, а не 9 члена. Тие беа: Паскал Митревски, Михајло Керамитчиев, Ѓорѓи Урдов-Џоџо, Павле Раковски, Евдокија Балева-Вера и

Минчо Фотев. Паскал Митревски одејќи за Солун во седиштето на Покраинскиот комитет на КПГ за Македонија и Тракија, да се договори и да ги утврдат критериумите за спроведување на Спогодбата за обединување на НОФ и КПГ, провокативно беше изолиран речиси цели четири месеци. Откако заврши работата на Активот на НОФ, се врати во седиштето на Координативното биро на НОФ, Ѓорѓи Урдов-Џоџо се наоѓаше во седиштето на Штабот во ДАГ за Западна и Централна Македонија. Тој не беше поканет, а ниту известен за да учествува на состанокот на Активот. И Минчо Фотев не беше известен за свикувањето на Активот. Тој дозна од секретарот на Окружниот одбор на НОФ за Костурско Ламбро Чолаков, откако тој беше известен дека треба да учествува во работата на Активот. Речиси сите учесници во работата на Активот, освен најблиските истомисленици на Михајло Керамитчиев, не беа запознати од кои причини се свикува Активот, и кои се проблемите што ќе ги третираат, итн. Речиси сите учесници, освен сепаратистите, се интересираа и бараа да дознаат зошто го нема во работата на Активот секретарот на Главниот одбор на НОФ Паскал Митревски. Одговарајќи на прашањата Михајло Керамитчиев изјави: “Прашањето за Паскал Митревски е работа на раководството на КПГ.” Сите заинтересирани учесници (на собирот) на Активот, во врска со Паскал Митревски ги упатија на претставникот на КПГ за Македонија и Тракија Георгиос Естеријадис-Петрос кој ја следеше работата на Активот. Кога делегатите се обратија (со прашање) до него, тој нервозно и грубо им одговори: “Паскал Митревски од Скопје повеќе не може да раководи, неговата метла престана да мете. НОФ веќе му припаѓа на КПГ.” По таа изјава од претставникот на КПГ, се создаде напната атмосфера и се заостри ситуацијата помеѓу учесниците на собирот. Ситуацијата навистина стана експлозивна. Сепаратистите, предводени од Михајло Керамитчиев, се обидуваа да ги смират духовите на револтираните учесници, со изјавите дека “се ќе биде в ред и дека треба да имаме доверба во КПГ”.

Решенијата и ставовите на Активот на НОФ, наметнати од раководството на КПГ и од Михајло Керамитчиев кои и нанесоа тежок удар на организацијата на НОФ, беа:

1. На сите раководители-претставници на организацијата на НОФ во КПГ, ЕПОН и ДАГ им престанува функцијата во раководните тела и органи на НОФ, НОМС и АФЖ.

2. Главниот одбор на НОФ да се преименра во Координативно биро на НОФ кое ќе го сочинуваат 5 члена, на чело со секретар.

3. Кадровското прашање на НОФ е проблем на раководството на КПГ.

4. Организацијата на НОМС се расформира, а македонската младина ќе се зачленува во грчката младинска организација ЕПОН, но, може да членува и во НОФ.

5. На АКЕ (Земјоделската партија на Грција) и се признава правото да формира свои организации во македонските села.

6. Избраа Координативно биро на НОФ, како највисоко тело на Организацијата, од 5 члена: Михајло Керамитчиев - секретар, Вангел Ајановски-Оче - одговорен за организациони прашања, Павле Раковски - одговорен за АГИТПРОП, Ламбро Чолаков - одговорен за финансиите и Евдокија Балева-Вера секретар на АФЖ за Егејска Македонија. Беше донесено и решението Вангел Ничев да биде инструктор на НОФ за Источна Македонија, а Минчо Фотев да остане член во Секретаријатот на Покраинскиот комитет на ЕПОН за Егејска Македонија и Тракија. По еден месец, поради судир со политиката на Михајло Керамитчиев, тој беше разрешен од функцијата, а на неговото место за член на Секретаријатот на Покраинскиот комитет на ЕПОН, беше поставен Тодор Ковачев-Виктор. Решенијата на Активот беа тежок удар за Организацијата, висински заговор против НОФ и воопшто против македонското НОД.

По (состанокот) на Активот на НОФ Организацијата падна во тешка криза. Раководството на КПГ наместо да ја помага организацијата на НОФ и да ја зајакнува нејзината улога, на што се обврза со Спогодбата за обединување, таа постапи спротивно. Со односот и мерките што ги преземаше против НОФ имаше за цел да ја дискредитира, и да ја дисквалификува

Организацијата. Што се однесува за отстапките и компромисниот однос на Михајло Керамитчиев, тоа е општопознато. Неговата недоследност и неодговорност, неговите болни амбиции да дојде на кормилото на Организацијата, е тоа што го натера да ги направи наведените отстапки.

Последиците од решенијата на Активот на НОФ можат да се групираат во 6 точки:

1. Положбата во Организацијата битно се измени, крајно се заостриja внатрешните меѓусебни односи. Со изборот на Координативното биро организацијата на НОФ практично се лиши од своето централно раководно тело, односно ја изгуби раководната улога и можноста да решава за сите прашања од својот домен и да креира своја политика, се разбира во рамките на глобалната стратегија на КПГ и на Привремената демократска влада на Грција. Координативното биро практично стана извршен орган на КПГ. Неговата улога и овластувањата се состоеја само формално да покренува иницијативи што ќе и ги предлага на КПГ за надлежно решавање, и да се грижи за практичното извршуавање на задачите поставени од КПГ.
2. Со создавањето на ДАГ, потребите на македонското НОД налагаа да се прошири составот на Главното раководство на НОФ и да му се дадат поголеми права и овластувања. Но, спротивно на тоа, КПГ не само што го намали составот туку и му ја одзеде раководната улога на Главното раководство на НОФ, самостојно да решава за проблемите од својот домен.

3. Кадровското прашање на НОФ и АФЖ беше исклучително во надлежност на раководството на КПГ. За секое преместување, односно поставување на некој активист на повисока функција на НОФ решаваше соодветен партиски орган на КПГ или се бараше согласност од партискиот комитет. На предлог од претставникот на КПГ Георгиос Еретријадис-Петрос, Координативното биро се согласи на сите раководители на НОФ кои се на служба во ДАГ да им престане мандатот (на функцијата во НОФ). Тој став на КПГ, Координативното биро во никој случај не смееше да го прифати, затоа што со тоа организацијата на НОФ практично ги прекина сите врски со

иљјадници македонски борци, со нивниот живот и нивните проблеми во ДАГ. НОФ преку своите претставници, преку својот воено-политички кадар мораше да биде присутна во ДАГ и да биде во постојан непрекинлив однос со македонските борци, во интерес на морално-политичкото единство и јакнењето на нивниот борбен дух. Само така НОФ можеше да се грижи и правилно да дејствува за решавање на проблемите на македонските борци во ДАГ. Неприкосновено беше правото на сите партизани членови на НОФ да се во постојан контакт со својата матична политичка организација, бидејќи таа беше еден од главните фактори за создавање и развивање на ДАГ. Бројот на македонските борци во ДАГ беше 40% од вкупниот нејзин број. Главнината на силите на ДАГ се наоѓаа и војуваа на тлото на егејскиот дел на Македонија (на Грамос, Вичо, Кајмакчалан и Пајак Планина, т.е., во Костурско, Леринско, Воденско и Гуменџиско). На Грамос и Вичо беше главниот фронт на двете завојувани страни, тука се водеа најтешките крвави борби. Седиштето на Главниот штаб на ДАГ и Привремената демократска влада на Грција беше во Преспа. Во Костурско и Леринско беше најголемата населена слободна територија со околу 80% македонско население. Според тоа, организацијата на НОФ како единствен политички претставник на македонскиот народ најрешително и најефикасно ја помагаше ДАГ, директно учествуваше на првата борбена линија на фронтот, и мораше да биде присутна во ДАГ за да гради цврсти односи и да ги јакне врските меѓу македонските народни маси и ДАГ.

4. Координативното биро на НОФ го потврди предлогот на претставникот на КПГ Георгиос Еретријадис-Петрос (и реши) да се расформира македонската младинска организација на НОМС, а македонската младина да се зачлени во грчката младинска организација на ЕПОН. Како последица од тоа организацијата на НОФ се оддалечи од животот и проблемите на македонската младина, од највиталната и борбена сила на македонскиот народ.

5. Координативното биро на НОФ го прифати ставот на КПГ во македонските села да се формираат организации на Земјоделската партија на Грција. Македонските селани немаа

потреба да се зачленуваат во таа партија, НОФ доследно ги застапуваше нивните интереси. Постоењето на организацијата на Земјоделската партија на Грција во македонските села само ја комплицираше положбата на македонските селани. Очевидно беше дека присуството на Земјоделската партија во македонските села, им беше потребно на КПГ и на ЕАМ за да имаат свои политички позиции во базата. Со постоењето на двете политички и организациони позиции (македонска и грчка), во македонските села практично се ставаше клин во морално-политичкото единство на македонските земјоделски маси и со тоа вештачки се создаваа противречностите. Со оглед на тоа дека македонското население во егејскиот дел на Македонија скоро 80% го сочинуваа земјоделци, некои раководители на КПГ инсистираа организацијата на НОФ да биде раководена од Земјоделската партија (на Грција).

6. За македонското НОД беше од витален интерес помеѓу НОФ и другите прогресивни демократски партии и организации на грчкиот народ да се воспостават тесни врски и програмирана меѓусебна соработка на рамноправна основа. Само така НОФ можеше да се афирмира и да добие општогрчко признание како демократски и револуционерен фактор во земјата, како единствен легитимен претставник на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија. Единствено така можеше правилно да се согледаат проблемите од заеднички интерес и да се усогласат ставовите за сите прашања, да се отстрани секоја противречност, секое недоразбирање и да има ефикасни координирани акции. Меѓутоа, таква соработка немаше, бидејќи КПГ не сакаше организацијата на НОФ да ја афирмира како автентична рамноправна национална и политичка организација. Од тие причини раководството на КПГ го прекина процесот на единство врз договорените принципи предвидени во Спогодбата за обединување. Затоа ги отстрани претставниците на НОФ, Паскал Митревски и Минчо Фотев од покраинските комитети на КПГ и ЕПОН, а Ѓорѓи Урдов-Џоџо од Главниот штаб на ДАГ. Сите тие функциите ги добија со Спогодбата за обединување на НОФ и КПГ.

Со прифаќањето на ставовите на КПГ од Активот на НОФ, односно од Координативното биро, НОФ од масовна сенародна

централизирана организација се претвори во децентрализирана секташка организација одвоена од борбениот дел на македонскиот народ, ограничена во најтесни рамки да ги извршува задачите добивани од КПГ.

По (заседавањето на) Активот на НОФ следуваа остри мерки против сите оние македонски кадри кои изразија незадоволство од неговите ставови и решенија. Имено, преку 40 раководители на НОФ, претежно младински раководители на НОМС, кои беа разрешени од должностите и обвинети како контрареволуционери и фракционери, беа испратени да служат во ДАГ, а некои од нив беа изолирани и спроведени во грчките логори во НР Албанија. Решенијата на Активот на НОФ не само што и нанесоа тежок удар на Организацијата туку штетно се одразија во развојот на НОД и оружената борба на ДАГ.

Против разбивачкиот однос на раководителите на Покраинскиот комитет на КПГ спрема НОФ, голем број раководители и активисти најостро реагираа и бараа да престанат прогонувањата, и да продолжи прекинатиот процес на единство врз договорените принципи на Спогодбата. Борците комунисти и приврзаници на НОФ бараа од раководството на КПГ и НОФ да ги запрат сите негативни појави, поткопувачката дејност на некои раководители на КПГ против НОФ како: Георгиос Еретријадис-Петрис, Еврипидис Капетаниос-Панос, Кирјакос, Теодорос Евтимидијадис, Танасиос Џогас-Спирос и други. Беше побарано анулирање на решенијата од Активот на НОФ, да се спречи деструктивната дејност на сепаратистите и да се вратат на своите должности сите раководители кои неоправдано беа деградирани и отпуштани.

По тешките искушенија, по макотрпен пат, со големи напори дојде до свикување на Првиот конгрес на НОФ (13 јануари 1948 година) и Организацијата успеа да ги совлада големите тешкотии, да ги зацврсти своите позиции и да ја продолжи историската мисија.

Едно од основните програмски начела на НОФ беше во своите организации да ги обедини сите Македонци, дури и луѓе од

други народности кои живееја во Егејска Македонија. Тие доколку ги прифаќаа програмските начела и цели на НОФ имаа право да се зачленат во организацијата. Новите луѓе кои Ристо Кирјазовски ги нарекува полемичари (с. 220) беа Македонци, борци во ДАГ и членови на КПГ во која членуваа сите македонски комунисти и самиот Ристо Кирјазовски. Освен тоа, со делото на НОФ раководеше КП на Грција, што и беше доверено од договорачите на Спогодбата за обединување на НОФ со КПГ. Вистина е дека некои Македонци-комунисти, членови на КПГ меѓу кои и авторот на предметнава книга (Р. Кирјазовски), традиционално, ортодоксно и стрикно ја следеа линијата на КПГ спрема НОФ и спрема македонското национално прашање. Таа состојба кај македонските комунисти претставуваше противречност. Во тој период кој беше многу тежок, можеа да настанат некои порадикални измени од таа категорија македонски "комунисти" затоа што луѓето и веруваа на линијата на КПГ. Но, независно од тоа новите луѓе, за кои зборува и кои ги напаѓа Ристо Кирјазовски, ја прифатија линијата на НОФ и затоа беа избрани на конгресот на НОФ.

(За) судирот помеѓу Михајло Керамитчиев - претседател и Паскал Митревски - секретар на Централниот совет на НОФ Кирјазовски заклучува (с. 223): "Од изјавите на раководителите на НОФ и другите документи се гледа дека судирот во редовите на македонското раководство се должи на различните ставови во однос на крајната стратешка цел на македонското ослободително движење. Михајло Керамитчиев, Вангел Ајановски-Оче и другите стари раководители на НОФ, сметаа дека како резултат на победата на револуцијата Македонците можат и треба да добијаат право на самоопределување, додека Митревски го бранеше ставот за полна рамноправност во рамките на грчката држава." Ваквата констатација е многу површна и наивна. Во виорот на Граѓанската војна, за време на вооружената борба на живот и смрт во текот на 1948 година, по отстапувањето на ДАГ од планината Грамос, кога со несигурност се гледаше на победата на револуцијата, кога основната преокупација на Привремената демократска влада, на КПГ, на ДАГ и на НОФ беше до максимум да се мобилизира сиот борбен потенцијал на македонскиот и грчкиот народ, би било апсурд и криминал да се води расправа во организацијата

на НОФ како и на кој начин ќе се решава македонското национално прашање. По победата на револуцијата во Грција јасна беше перспективата од страна на НОФ како ќе биде решено македонското национално прашање. Би било илузорно да се верува дека решавањето на македонското национално прашање зависеше од ставот на Михајло Керамитчиев, Вангел Ајановски-Оче итн. Судирот беше предизвикан од малубројната сепаратистичка група предводена од Михајло Керамитчиев. Причините беа во тоа што тие со својата секташка политика ги губеа раководните позиции и влијанието во НОФ, а поттикнати од дисидентите на македонското НОД, се впуштија во безумно напаѓање и го разбиваа единството во редовите на НОФ. Ваквиот однос на сепаратистите најпосле ги доведе самоволно да ја напуштат борбата на ДАГ во најтешките моменти на Граѓанската војна во 1948 година, и да го напуштат теренот на Егејска Македонија. Говорењето за правилното решавање (на македонското прашање), односно за правото на Македонците на самоопределување им служеше како параван да ги сокријат вистинските причини за нивниот секташки и разбивачки однос. Во секој случај тенденцијата е јасна. Имам впечаток дека се работи за свесен обид да ги заштити носителите на негативните појави во организацијата НОФ предизвикани од сепаратистите и дисидентите во Македонското НОД.

Авторот пишува (стр. 253): "На 25 септември и 3 октомври 1948 година, Секретаријатот на Извршниот одбор на НОФ одржа седница на која се расправаше за распоредувањето на работата на суспендираните раководители на НОФ Паскал Митревски, М. Керамитчиев, Илија Димовски-Гоче и Вангел Ајановски-Оче. Решено е М. Керамитчиев, Илија Димовски-Гоче и Вангел Ајановски-Оче да заминат во Југославија со задача да регрутираат борци за ДАГ од редовите на македонската емиграција во Југославија. Оваа одлука донесена од Секретаријатот на НОФ, всушност диктирана од самиот Захаријадис, беше спроведена." Тврдењата не се вистинити. Првиот Пленум на НОФ е одржан на 8 август 1948 година. По одлуката на Пленумот, односно на Политбирото на ЦК на КП на Грција, од раководството на НОФ беа суспендирани Паскал Митревски и Михајло Керамитчиев. За распоредување на

Паскал Митревски и на Михајло Керамитчиев на нови должности по нивното суспендирање од раководството на НОФ, лично одлучија, Никос Захаријадис и Василис Барџотас. За Паскал Митревски беше одлучено да стапи во редовите на ДАГ, како обичен борец. Тоа ја прифати одлуката изјавувајќи: "Јас сум комунист, каде ќе ме распореди партијата, таму ќе одам". Истото решение важеше и за Михајло Керамитчиев но, тој одби да го прифати решението изјавувајќи дека на него опасно влијаат авионите и топовските гранати. Тоа го потврди со изјавата дека има и епилептични напади. Во врска со Гоче и Оче, не е вистина дека беа суспендирани на Првиот пленум на НОФ, никаква расправа не се водеше за нивно распоредување на нова работа. Не е вистина дека Михајло Керамитчиев и Вангел Ајановски-Оче беа испратени во Југославија од Захаријадис за да регрутираат нови борци за ДАГ од редовите на македонската емиграција.

За тврдењето дека "најновата акција на КПГ (се однесува на промената на раководстивото на НОФ - б. М.Ф.) предизвика нов револт и уште посилна недоверба кон КПГ што се манифештираше со напуштањето на редовите на НОФ и ДАГ од Македонците". Исто така КПГ по резолуцијата на Информбирото против КПЈ и ФНР Југославија, определувајќи се за резолуцијата, отворено почна да ја напаѓа Југославија и да презема ригорозни мерки против НОФ. А погоре беше наведено дека Михајло Керамитчиев, Гоче и Оче биле испратени во Југославија со задача од Захаријадис да регрутираат борци за ДАГ од редовите на македонската емиграција. Како е можно, од една страна, според тврдењето на Кирјазовски, Македонците да ја напуштаат организацијата на НОФ и ДАГ, од друга страна, суспендираните раководители на НОФ како фракционери на КПГ да ги испраќаат во Југославија со задача да ги регрутираат македонските емигранти како нови борци на ДАГ? Како е можно да се спроведува таква задача за регрутација во Југославија кога КП на Грција остро ја напаѓа Југославија од позицијата на Информбирото? Тоа е апсурд!

Во врска со евакуирањето на малолетните деца во народнодемократските земји, авторот заклучува дека "предизвикала контраакција на атинскиот режим, беше

образложена со мотивот за спасување од ужасите на војната. Но, (и дека) тоа не беше единствениот мотив. Со оваа акција раководството на КПГ имаше за цел да ги поврзе родителите на евакуираните деца со ДАГ, да ги ослободи од грижата спрема децата за да може да ги мобилизира во регуларните единици и во помошните служби на ДАГ, што уследи веднаш по евакуирањето на децата". Нереален и наивен заклучок. Имено, евакуацијата на децата се изврши на барање на самите родители, Тие загрижени за животот и опстанокот на своите деца поради тешката положба во која се наоѓаа, бараа излез и начин за да ги спасат од ужасите на војната и од варваризмот на монархофашистите. Родителите и без тоа беа тесно поврзани со ДАГ. Голем број од родителите и нивните постари синови веќе беа борци на ДАГ. Некои од евакуираните деца беа сирачиња, нивните татковци беа загинати како борци на ДАГ или беа стрелани од монархофашистите. Меѓу евакуираните деца имаше и такви чии родители беа во затворите или интернирани, поради нивното учество во НОД. Според тоа, за какво поврзување на родителите со ДАГ мисли авторот?

Познато е дека монархофашистичката армија го евакуираше населението од оние села што не можеше целосно да ги контролира и народот го собираше во градовите каде условите за живот беа крајно тешки и мизерни. Монархофашистите тоа го правеа со цел да ги прекинат врските на народот со ДАГ и помошта што и ја даваше. Единиците на ДАГ преземаа оружени акции да ги одземат од валканите раце на монархофашистите кои мислеа да ги претворат во јаничари. Евакуацијата на децата во услови на Граѓанската војна беше голема хумана работа, илјадници деца се спасија од ужасите на војната. Организацијата на НОФ, особено АФЖ, беа најактивни во организирањето и во спроведувањето на таа благородна хумана акција. НОФ и АФЖ ги преземаа сите можни мерки за нивно прифаќање, сместување, воспитување итн. За секоја група од 10 деца беше одредена посебна негувателка, беа одредени македонски учители, ја следеа нивната работа и се грижеа за условите под кои децата живееја, организираа посети од нивните мајки итн. Ете таа е вистината за евакуацијата на децата.

За работата и решенијата на Вториот конгрес на НОФ. На измислени работи и претпоставки, изразито тенденциозно, како секогаш така и во овој случај (авторот) ја изопачува вистината и дава погрешен третман на работата и целите на конгресот на НОФ, со неоправдани тешки обвинувања. Не му е познато дури и местото каде е одржан Вториот конгрес на НОФ. Тврди (с. 287) дека бил одржан во с. Пепле Леринско. Тоа не е вистина. Вториот конгрес на НОФ се одржа во Преспа, во селото Нивици, Леринско. Коментирајќи за работата и решенијата на Вториот конгрес тврди дека "една од целите на свикувањето беше да ја поттикне антијугословенската кампања", крајно субјективно и тенденциозно тврдење. Вториот конгрес на НОФ беше свикан во многу тешко време и мошне сложени услови. Монархофашистичката армија интензивно се спремаше за уништувачки удар на ДАГ. Информбировската кампања во најшироки размери и во најостра форма ја напаѓаше Југославија, најсигурниот пријател и најголем помагач на ДАГ, а КПГ на најразлични начини вршеше притисоци против НОФ да ги прекине национално-моралните и духовните врски со НР Македонија, односно со Југославија. Конгресот не беше свикан за да прокламира нов став за македонското прашање, ниту да покрене антијугословенска кампања (како што тврди на стр. 291), ниту беше прекинат револуционерниот националноослободителниот процес на НОФ. И покрај тешките искушенија што ги трпеше од КПГ, организацијата на НОФ до крајот на своето постоење остана доследна на своите изворни принципи, на националноослободителните идеали и самопрегорно се бореше и раководеше со борбата на македонскиот народ на живот и смрт до последниот можен момент. Инсинуациите, разните шпекулации и подметнувањата на Никос Захаријадис за македонското национално прашање и за организацијата на НОФ, авторот на недостоен начин и ги припишува на Организацијата, ја напаѓа и обвинува. Често пати ја поистоветува политиката на КПГ, односно нејзините ставови со ставовите на НОФ. Тоа не е правилно.

Вториот конгрес на НОФ беше свикан да ги консолидира своите редови, да ја зголеми и да ја интензивира својата акциона способност, да даде нов поттик и елан на борбениот македонски народ во борбата против монархофашистичката

армија за конечна победа. Организацијата на НОФ со својата самопрегорна борба, со масовното учество на македонскиот народ во вооружената борба на ДАГ итн., успеа да ги прошири и да ги зацврсти своите позиции во народнодемократското оружено движење на Грција и да се афирмира како важен воено-политички фактор во земјата. НОФ учествуваше рамноправно во Привремената демократска влада на Грција, имаше свој министерски ресор - раководеше со Дирекцијата за националните малцинства. Имаше и свој претставник во Воениот совет на ДАГ, свој одговорен претставник во Главниот штаб на ДАГ со статус на помошен политички комесар итн. Претседателите на Костурскиот и Леринскиот Народноослободителен одбор (Народен совет) беа членови на Централниот совет на НОФ, а добар дел од членовите на ЦС заземаа одговорни воено-политички функции во ДАГ. Ристо Кирјазовски на сето тоа гледа како на тактички потези на Никос Захаријадис. Јасно е дека доследно ги брани мислењата на сепаратистите и на дисидентите на НОФ.

Со конгресната резолуција (стр. 291) не беа наречени предавници, разбивачи итн., оние раководители на НОФ кои не се согласија со Резолуцијата на ИБ туку оние борци кои самоволно ја напуштија организацијата на НОФ, оружената борба на ДАГ и територијата на Егејска Македонија. Иницијативата за тој став беше од 400-те делегати на Конгресот, од единиците на ДАГ од кои многумина од нив, по Конгресот, херојски загинаа во борбите против монархофашистичката армија на легендарните планини Вичо и Грамос. Во врска со Вториот конгрес на НОФ сакам уште да нагласам дека по барање од раководството на НОФ, НОФ на НР Македонија ги достави сите потребни материјали за нормално одвивање на конгресната работа, испрати голем број афиши кои го симболизираа братството и единството, односно заедничката борба на македонскиот и грчкиот народ против монархизмот.

Прашањето на организацијата на НОМС во врска со нејзиното расформирање. Тврдењето дека со Спогодбата за обединување беше решено да се расформира младинската организација на НОМС не е вистинито. Напротив, Спогодбата предвидуваше изрично НОМС да постои. Во тоа време јас бев секретар на

НОМС за Егејска Македонија и лично бев запознат од договорачите на Спогодбата со условите во неа. Како секретар на НОМС бев овластен за спроведувањето на Спогодбата по однос на НОМС. Тврдењето дека раководството на КПГ успеало организацијата да ја стави под своја контрола (стр. 327), е погрешно. КПГ во тоа никогаш не успеа и затоа инсистираше таа да се расформира. За расформирањето на НОМС согласност беше постигната меѓу Михајло Керамитчиев и Георгиос Еретријадис-Петрис, член на секретаријатот на Покраинскиот комитет (Македонско биро) на КПГ за Егејска Македонија и Тракија и член на ЦК. Таа согласност за расформирање на НОМС ја потврди и Активот на НОФ, на 20 мај 1947 година.

Тврдењето дека со одлука на Активот на НОФ "Тодор Ковачев-Виктор и Ташко Хаџијанев беа делегирани за членови во Обласното биро на младинската организација на ЕПОН за Македонија", е измислица, Активот го потврди условот во Спогодбата кој гласи: "Минчо Фотев, секретар на НОМС се поставува за член на Покраинскиот комитет на ЕПОН за Македонија" (види: Вангел Ајановски, Егејски бури, стр. 242), а во јули 1947 година, по расформирањето на НОМС, односно по разрашувањето на Минчо Фотев, тој беше заменет од Тодор Кочев-Виктор. Ташко Хаџијанев никогаш не беше делегиран од НОФ за член на Обласното раководство на ЕПОН. Наведеното дека во Централниот совет на ЕПОН биле избрани: Минчо Фотев, за секретар, Пандо Вајна, Ташко Хаџијанев и други (с. 329) е погрешно. Во Централниот совет беа избрани Минчо Фотев за секретар, Пандо Вајна и Тодор Кочев-Виктор итн.

КПГ, односно нејзиниот генерален секретар Никос Захаријадис, откако се послужи со разни средства и го употреби својот личен авторитет, не успеа организацијата на НОФ да ја сврти кон своите грчки политички хоризонти за македонското прашање, и да ја вклучи во антијугословенската кампања од позициите на ИБ. Тоа се должи пред се на цврстата приврзаност на македонските комунисти и борци, воопшто на македонскиот народ и на националноослободителните цели и идеали на организацијата на НОФ. Се должи и на морално-политичката, националната и духовната приврзаност на Македонците од

егејскиот дел на Македонија кон НР Македонија. Тврдењето дека Захаријадис ја зел под своја контрола организацијата на НОФ е негова претпоставка. Захаријадис ја следеше работата на НОФ, а никогаш не ја зеде во своите раце. Имено, тој неуспех го натера генералниот секретар на КПГ да ја формира организацијата КОЕМ за да ги оствари политичките цели во однос на македонското прашање. Еве како Захаријадис го мотивираше формирањето на КОЕМ: “НОФ го претставуваше македонското ослободително движење. Всушност ги изразуваше стремежите на македонскиот народ да се борат и да извојуваат ослободување и национално востановување. Но, во историјата на народноослободителната борба на македонскиот народ постоеше една основна празнина со тоа што во народнореволуционерното движење не дејствуваше раководното јадро. Таа празнина беше причина да се создадат сериозни опасности во движењето. КОЕМ ќе ја пополни таа празнина и доследно ќе се бори за правата на македонскиот народ, за неговата слобода.” Тоа беа празни фрази, чиста демагогија на Захаријадис со цел да ги доведе во заблуда македонските комунисти, да ги привлече, односно, да ги вовлече во водите на својата политика, во прв ред против НОФ. Ако КПГ на чело со Захаријадис навистина му мислеше добро и му беше наклонета на македонското националноослободително движење, ако беше принципиелна и како комунистичка партија доследна на интернационалистичките комунистички обврски, уште во 1941 година, веднаш по окупирањето на земјата од германските, италијанските и бугарските фашисти ќе му дадеше можност на македонскиот народ да формира свои македонски национални ослободителни организации, ќе ја афирмираше македонската нација, неговата борба за своите национални права и слободи, ќе го актуелизираше македонското национално прашање и ќе се залагаше за негово правилно и целосно решавање. КПГ, спротивно на тоа, ги растури македонските организации како што беше случајот со СНОФ во Костурско и Леринско, остро ја напаѓаше организацијата на НОФ при нејзиното формирање, со цел да ја дискредитира и да ја дисквалификува итн, итн. Во врска со организацијата на КОЕМ ќе кажам неколку зборови. Главната цел и намера на КПГ, и лично на Никос Захаријадис беше со нејзиното формирање да создаде нов политички субјект, нов

таканаречен македонски раководен центар сообразен со идеолошко-политичките принципи на КПГ за македонското прашање и со јасна антијугословенска тенденција. КПГ се стремеше организацијата на НОФ да ја исфрли на последниот колосек, да ја дисквалификува. Тоа на КПГ и на Захаријадис лично не им успеа. Македонските комунисти не ја прифатија организацијата на КОЕМ, затоа таа не уживаше никаков авторитет кај македонските народни маси.

во кратките податоци за поважните личности има многу неправилности.

Пандо Шиперков во Првата ударна бригада од Македонија под Грција беше комесар на баталјон, а не командир на чета. Тој беше во чин капетан на ЈНА, во ДАГ беше командант на баталјон и унапреден во чин потполковник.

Крсто Мангов не беше само секретар на скружниот одбор на НОФ и претседател на Народноослободителниот одбор за Костурско туку беше и член на Извршниот одбор на ЦС на НОФ и повереник (владин претставник) во ПДВ на Грција за прашањата на локалната народна власт.

Ѓорѓи Урдов-Џоџо по директива од КПГ ја формира организацијата МАО, а не Вангел Ајановски-Оче.

Евдокија Николова-Балева-Вера не беше само секретар на АФЖ за Егејска Македонија туку беше и потпретседател на ЦС на НОФ, прв потпретседател на Сегрчкиот сојуз на демократските жени на Грција (ПДЕГ), кандидат-член на Секретаријатот на Меѓународната демократска федерација на жените.

Минчо Фотев не беше само раководител на НОМС. Тој беше еден од основоположниците на НОФ во Егејска Македонија, член на Организационото раководство (Главен одбор) на НОФ, член на Партиското повереност на КПМ за Егејска Македонија, член на Извршниот комитет на ЦС на НОФ и помошник политички комесар на Главнот штаб на ДАГ.

Ташко Хаџијанев претставен како член на Обласниот комитет на ЕПОН делегиран со решение на Активот на НОФ и член на Извршниот одбор на Централниот совет на НОФ. Тоа не е точно. Тие функции тој никогаш не ги заземаше.

Лазо Поплазаров е претставен како инструктор, како секретар на Главниот одбор на НОФ од Егејска Македонија. Тој тие функции никогаш не ги извршуваше. Беше секретар на НОФ за Леринскиот и Воденскиот округ и член на ЦС на НОФ.

Наум Пејов е претставен како директен учесник во НОБ од Егејска Македонија од 1941 година. Тоа не е вистина. Тој од есента 1941 до септември 1943 година беше во Бугарија, редовен ученик во Битолската бугарска гимназија.

Михајло Керамитчиев е претставен како командант на една партизанска единица на Славомакедонската ослободителна војска уште од 1943 година. Тоа не е вистина. Во 1943 година во Егејска Македонија не постоеше посебна македонска војска. Михајло Керамитчиев во НОБ во Егејска Македонија е од февруари 1944 година. Тој од 1941 до октомври 1943 година, студираше во Софија.

Васко Караџа е претставен како директен учесник во НОБ уште од 1941 година. Не е вистина. Тој од 1942 до 1943 година, беше редовен ученик во Битолската бугарска гимназија

Николаос Коларис е претставен како соработник на окупаторот, воен злосторник и предводник на вооружената монархофашистичка банда. Тоа е невистина и е голема неправда. Коларис е од град Хрушишта каде што јас сум роден (Минчо Фотев). Тој е мирен и поштен човек, нема никаква врска со тоа што е напишано. Соработник на окупаторот, опасен злосторник и џелат, предводник на вооружената монархофашистичка банда беше Францискос Коларис-Цевос, доселеник од Мала Азија во с. Горенци, и долги години живееше во градот Хрупишта.

Скопје, ноември 1986 година
Минчо Фотев,

ул. “Мито Хаџивасилев-Јасмин” бр. 6, влез III, стан 2, Скопје

# ЗА МИХАИЛО МИНОСКИ

Михајло Миноски е роден во с. Долгаец, Прилепско, на 18 октомври 1938 година. Магистрира на Филозофскиот факултет при Универзитетот “Св. Кирил и Митодиј” во Скопје (1975), додека со звањето д-р по историски науки се стекнува на Филозофскиот факултет во Белград (1981). Од 1986 год, па се до пензионирањето работи како наставник на Институтот по истрорија на Филозофскиот факултет во Скопје.

Објавил над 200 научни трудови (книги, статии, соопштенија рецензии и др.) од областа на историските науки. Негови позначајни објавени книги се: Ослободителните движења и востанија во Македонија (1564-1615), 1972 (212 с.); Политиката на Австро-Унгарија спрема Македонија и македонското прашање (1878-1903), Скопје, 1982, (376 с.); Федеративната идеја во македонската политичка мисла (1887-1919), Скопје, 1983 (372 с.);САД и Македонија (1869-1919), Скопје, 1994 (227 с.); Авнојска Југославија и македонското национално прашање (1943-1946), Скопје, 2000 (398 с.); Македонија во меѓународните договори, I, (1913-1940), 2006 (618 с.), Македонија и Бугарија, историски соочувања, Скопје, 2008 и др.

Михајло Миноски е член на Советот на Центарот за стратегиски истражувања (ЦСИ) при МАНУ. Тој е добитник на државната награда “11 Октомври” за 2008 година за животно дело во областа на науката.

## ЗА МИНЧО ФОТЕВ

Минчо Фотев (1922-1987) е роден во Хрупишта, Костурско. Потекнува од истакнато работничко революционерно семејство. Уште како младинец се приклучува на Сојузот на комунистичката младина на Грција, а подоцна и КПГ. А својата дејност неколкупати издржува и затворски казни. Веднаш по италијанската окупација на западниот дел на Егејска Македонија активно се вклучува во движењето на отпорот и е еден од неговите водечки личности – меѓу другото бил и офицер во обавештајната служба на ЕЛАС. Подоцна, за време на Граѓанската војна (1946-1949), тој е еден од основачите на македонскиот НОФ и член на неговиот Главен одбор, претседател на НОМС од неговото основање, помошник комесар на Главниот штаб на ДАГ, член на Главниот одбор на КОЕМ. Во септември 1949 година водечките македонски раководители, меѓу кои и Минчо Фотев, се обвинети од страна на КПГ и прогласени за главни виновници за поразот на ДАГ, а подоцна и интернирани во СССР. Минчо Фотев поминува две години во московскиот истражен затвор “Љубљанка” за да конечно биде осуден на 10 години робија во Сибир (Варкута). Во 1956 година, по нормализирањето на односите меѓу КП на СССР и КПЈ, тој заедно со другите раководители на НОД од егејскиот дел на Македонија се ослободени и репатрирани во НР Македонија. Умира 1987 година во Скопје.

**КРАТЕНКИ**

АФЖ АНТИФАШИСТИЧКИ ФРОНТ НА ЖЕНИТЕ
ГШ ГЛАВЕН ШТАБ
ДАГ ДЕМОКРАТСКА АРМИЈА НА ГРАЦИЈА
ЕАМ НАЦИОНАЛЕН ОСЛОБОДИТЕЛЕН ФРОНТ
ЕДА ГРЧКА ДЕМОКРАТСКА ЛЕВИЦА
ЕЛАС ГРЧКАНАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНА АРМИЈА
EON НАЦИОНАЛНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА МЛАДИТЕ
ЕПОН НАЦИОНАЛНА СЕГРЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА НА МЛАДИТЕ
ПГ ЗЕМЈОДЕЛСКА ПАРТИЈА НА ГРЦИЈА
ИБ ИНФОРМБИРО
ЕППЕ ЦЕНТРАЛЕН КОМИТЕТ НА ПОЛИТИЧКИТЕ БЕГАЛЦИ ОД ГРЦИЈА
КЗ КРИВИЧЕН ЗАКОН
KNOJ КОМАНДА НА НАРОДНАТА ОДБРАНА НА ЈУГОСЛАВИЈА
КОЕМ КОМУНИСТИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА НА МАКЕ ДОНЦИТЕОД ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА
КПГ КОМУНИСТИЧКА ПАРТИЈА НА ГРЦИЈА
КПЈ КОМУНИСТИЧКА ПАРТИЈА НА ЈУГОСЛАВИЈА
КПМ КОМУНИСТИЧКАПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА
МАИ ЕДИНИЦИ ЗА ЗАШТИТА НА ВНАТРЕШНОСТА
НРМ НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НОБ НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНА БОРБА
НОВ НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНА ВОЈСКА
НОД НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ
НОМС НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛЕН МЛАДИНСКИ СОЈУЗ
НОФ НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛЕН ФРОНТ
ОК ОКРУЖЕН КОМИТЕТ / ОКОЛИСКИ КОМИТЕТ
ОКНЕ КОМУНИСТИЧКА МЛАДИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ГРЦИЈА
ООН ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ
ПБ ПОЛИТБИРО

ПДВ ПРИВРЕМЕНА ДЕМОКРАТСКА ВЛАДА НА ГРЦИЈА ФОРМИРАНА 1947 ГОДИНА НА ГРАМОС, КОЈА НИКОЈ ДРУГ НЕ ПРИЗНАВА ОСВЕН ТАА САМАТА СЕБЕСИ.

ПЕЕА ПОЛИТИЧКИ КОМИТЕТ НА ОСЛОБОДУВАЊЕ

ПЗ ПРИНУДЕН ЗАКОН

ПДЕГ СЕГРЧКИ ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА ЖЕНИТЕ

ПО ПАРТИСАНСКИ ОДРЕД

ПОЈ НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНА ВОЈСКА НА ПАРИСАНСКИ ОДРЕДИ НА ЈУГОСЛАВИЈА

СНОФ СЛАВЈАНОМАКЕДОНСКИНАРОДНООСЛОБОДИТЕЛЕН ФРОНТ

УДБ УПРАВА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ

ЦК ЦЕНТРАЛЕН КОМИТЕТ

ЦС ЦЕНТРАЛЕН СОВЕТ.